# МАКЕДОНСКА ДИПЛОМАТСКА РАПСОДИЈА



**Ристо Никовски**

Скопје 2026

*Комшијата е како сол, а роднината е како шеќер. Без сол не се може!*

МАКЕДОНСКА ДИПЛОМАТСКА РАПСОДИЈА

Published by:

Risto Stefov
Publications
Toronto, Canada

Copyright © 2026 by Risto Nikovski

rstefov@hotmail.com

e-book edition

***
April 25, 2026
***

# Содржина

МЕСТО ВОВЕД ........................................................................................ 5
ШТО Е ТОА ДИПЛОМАТИЈА? ........................................................... 13
ВАЖНОСТА НА ДИПЛОМАТСКИОТ ПРОТОКОЛ..................... 18
АГРЕМАН ................................................................................................ 22
ДИПЛОМАТСКИ БИСЕРИ .................................................................. 27
ОБИД ДА СЕ СРЕДИ И ПРОФЕСИОНАЛИЗИРА МНР ............... 33
КАДЕ СМЕ И ШТО МОРАМЕ ДА НАПРАВИМЕ ЗА ОДНАПРЕД? ........................................................................................ 40
КОЈ И ЗОШТО ЈА ДЕВАЛВИРА НАШАТА ДИПЛОМАТИЈА?.. 58
ПОГРЕШНИ ЗАМИСЛИ НА МНР Н. ДИМИТРОВ НА АЛСАТ . 63
НЕПОТРЕБНИ ДИПЛОМАТСКИ ГРЕШКИ .................................... 68
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ГЛИГОРОВ ВО ЛОНДОН ............................. 72
МНР МИТРЕВА ВО ПОСЕТА НА МОСКВА................................. 75
ОДБРАНА НА НАШИТЕ ИНТЕРЕСИ .............................................. 80
ПЕРИПЕТИИ СО РЕФЕРЕНЦАТА ОД ООН................................... 83
СОРАБОТКА СОПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРЃЕ ИВАНОВ ............... 88
МЕМОРАНДУМ ..................................................................................... 90
МАКЕДОНИЈА И РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА..................... 95
МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛГОТИ ............................................................. 98
ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД НИВИЦИ ........................................................ 113
ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА....................................................... 117
УЛОГАТА НА ДОПИСНИЦИТЕ ОД СТРАНСТВО ...................... 119
УЛОГАТА НА ТАЈНИТЕ СЛУЖБИ ВО РУШЕЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА .................................................................................. 121
МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА ................................................... 128
СУДИР СО МНР, ПАСКАЛ МИЉО ................................................ 145
ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР КАКО ЗАВРШЕН ЧИН НА ГОЛЕМОАЛБАНСКИОТ ПРОЕКТ ........................................... 149
15 ГОДИНИ ОД ОХРИДСКАТА ТРАГЕДИЈА.............................. 156
БЕЗ УНИТАРНОСТ, НЕМА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА............. 163
ДЕТАЛНА АНАЛИЗА НА ТИРАНСКАТА ПЛАТФОРМА ........ 168
ЗОШТО СЕ БАРА ДВОЈАЗИЧНОСТ? ............................................ 185
ДРЖАВИ И ОФИЦИЈАЛНИ ЈАЗИЦИ............................................ 191
Фотографии ................................................................................................ 194

КАКО ФУНКЦИОНИРА СВЕТОТ – ДРЖАВНИОТ УДАР НА ЦИА ВО УКРАИНА ........ 217
ДОСТРЕЛИ НА СИНГАПУР, ИНДОНЕЗИЈА... И НАШИ МИЗЕРИИ ........ 220
КИНЕСКА (САМО)ДИСЦИПЛИНА ........ 226
ЈАПОНСКА ДИПЛОМАТСКА МАНИПУЛАЦИЈА ........ 229
НЕШТО И ЗА ФИДЕЛ КАСТРО ........ 230
АМБАСАДОР БЕЗ АКРЕДИТИВИ ........ 240
КОГА ЌЕ ТЕ ОСТАВАТ БЕЗИМЕН! ........ 242
КИНЕСКИ ИМПРЕСИИ ........ 244
ПРИКАЗНИ ОД ЏАКАРТА, ПЕКИНГ, ТИРАНА И МОСКВА .. 249
СЕ ПОЖОЛТУВА ЛИ НА ЖОЛТОТО МОРЕ? ........ 256
СО РУСКА „ЛАДА“, НА РАБОТА ВО КУБА! ........ 257
ШЕГИ ОД ЛОНДОН И ТИРАНА ........ 262
АКО САКААТ РИБА, ПРВО ДА ЈА ФАТАТ! ........ 265
ПОЕНТИ ОД РАЗНИ ДЕСТИНАЦИИ ........ 267
КУСИ ДИПЛОМАТСКИ ПОРАКИ, СО ТРАЈНИ ПОУКИ ........ 278
ИНТЕРЕСНИ МИСЛИ ........ 289

# МЕСТО ВОВЕД

Во 2025 година, Македонија е навистина во многу тешка положба, којашто може да се оцени дури и како трагична.
Следната, пак, 2026, ќе биде по многу што одлучувачка за опстанокот и на државата, и на македонскиот народ. Причините се многубројни, при што воопшто не е спорна крајно негативната улога на меѓународниот фактор. Меѓутоа, одговорноста зошто е сè така лошо е – наша, и само наша. Кај нас, на пример, не се сфати, и сè уште не се сфаќа дека клучниот проблем на државата е надворешнополитички, што значи дипломатски.
Ако е така, а апсолутно е така, тоа значи дека и решенијата, не само што можат, туку и мораат да бидат – дипломатски. А тие се специфични, и посебни. Ако одиш по поинаква патека, како што правиме ние – никаде не се стигнува. А, основно правило на дипломатијата е – реципрочност. Го напуштиш ли тој принцип, како што постојано правиме ние – поразот е загарантиран. Нашата трагедија е што цело време нè водат некадарни, многу често и нечесни луѓе. Сетете само што се случи со приватизацијата на огромниот општествен капитал?
За да можат политичарите меѓу себе да раскусурат сè и да ги купат за ситни пари, намерно ги осиромашија и практично ги уништија најголемите фирми. Добар дел од нив така останаа – неупотребливи (ОХИС, МЗТ, Стаклара...). За ситен ќар, беше уништено националното богатство создавано со децении.
Паралелно, неспособните и искомплексирани наши лидери, им дозволуваа на странците да ни прават што сакаат.
Тие, пак, не ја пропуштаа шансата, ги исполнуваа интересите на институцијата што ја застапуваа и така градеа кариери – на наша сметка. А некои од нив, откако ќе им завршеа мандатите, за да си ја оплакнат совеста – стануваа наши пријатели. Тогаш, отворено ни велеа дека тие немале избор бидејќи си ја вршеле работата, а нам не ни ставале пиштол на слепоочница туку самите, доброволно, сме ги прифаќале нивните диктати.
Главниот наш проблем е што никогаш, по распадот на Југославија, немавме прави лидери ниту сопствена политика, камоли

стратегија. Цело време, слепо ги исполнувавме барањата на странците. А без сопствени политики, базирани на прецизно разработени стратегии за секој сегмент од општестеното живеење, ниту една земја нема шанси за одржлив, камоли брз развој. Додека странците прецизно знаеја што сакаат во однос на Македонија, ние немавме поим што ни се случува!

На самиот почеток на самостојноста, впрочем, тоа и не беше сосем лесно да се открие. Никој не можеше ни да претпостави дека вистинската цел на странскиот фактор била разнебитување на Македонците и нивна бугаризација!?

Сега, тоа е неспорна и видлива финална процедура, со единствена намера – дефинитивно затворање на „Македонското прашање“.

Во тој процес критичен период беше власта на СДСМ и ДУИ, од 2017 до 2024 година, кога се потпишаа предавнички договори со Бугарија и со Грција, а следуваа и катастрофалните протоколи со Софија. Капак на сè беше Тиранската платформа.

Сега новата власт нема голем избор, а ние сме на потег.

Неопходни се, ама и неизбежни, радикални чекори. Мора да се пресечат крајно негативните и погубни тенденции за македонскиот народ. Во спротивно, и како народ, ама и како македонска држава, ќе завршиме – на ѓубриштето од историјата.

Практично, Македонија мора што поскоро да го откаже вториот протокол со Бугарија, потпишан во јули 2022 година.

Тоа е единствен излез за да отпадне средновековниот ултиматум за апсолутно неприфатлива промена на Уставот, со внесување непостоечки Бугари во него. Само така ќе стане неупотреблива и самата преговарачка рамка, со којашто Македонија нема никогаш ни да се приближи до ЕУ, камоли да стане членка.

Судбината е во наши раце. Ако не сме спремни и кадарни да се соочиме со предизвиците, држава не сме ни заслужиле. До таму стигнавме.

*.*.*.

Генерално, од дипломатијата зависи дали државата ќе ги исполни своите надворешнополитички амбиции. Ако се знае дека, сите овие години по распадот на Југославија, клучните интереси на Македонија се концентрирани на надворешнополитички план,

логично е прашањето – дали барем сме се обиделе да градиме и структурираме соодветна дипломатија? Одговорот е, категорично – НЕ!
Всушност, во условите во коишто објективно се наоѓа земјата, нашата дипломатијата не треба да се ангажира само на реализација на некакви надворешнополитички амбиции туку, пред сè, мора да се бори за одбрана на опстанокот на македонскиот народ, та и на самата македонска држава, коишто се сериозно загрозени. Потешка задача – здравје.
Заради тие објективни причини, мораме да бидеме свесни дека императивните задачи со коишто е соочена нашата дипломатија – ги надминуваат нејзините објективни капацитети и е неизбежно нејзино итно кадровско зајакну вање. За почеток, тоа е можно само со ангажирање странски експерти. Помош ни е апсолутно потребна, и тоа не е никаква срамота. Напротив. Колку играчи на Реал Мадрид не се Шпанци?
Најдобро решение, коешто не смее да се одлага, е од одредени земји да се бараат угледни пензионирани амбасадори од кариера, или врвни експерти за меѓународно право, пензионирани во ООН, ЕУ, НАТО, ОБСЕ, Судот во Хаг... коишто би можеле да ни помогнат. Македонија нема избор – мора да успее. Во спротивно...

*.*.*

Еве и мала илустрација, како Македонија до сега се однесуваше на меѓународната сцена.
Силно расплакан, малиот Трајче дошол дома и мајка му, видливо загрижена, го прашала – што се случило? Липајќи, низ солзи, Трајче одговорил – ме истепа Петре. Прво, мајка му го тешела да не плаче, а потоа му рекла – знаеш сине, ние мора да се однесуваме христијански, а тоа значи дека на лошо треба да се враќа – со добро. Само така светот може да оди напред. Затоа, ти на Петре ќе му однесеш колаче! Не доаѓаа предвид, вреснал Трајче, продолжувајќи да плаче.
Тој одбивал упорно, ама мајка му била понастојчива и го натерала така да постапи. Иако не му било право, отишол Трајче со колачето, ама набргу се вратил уште порасплакан.

На зачудената мајка, одвај ѝ објаснил дека на Петре многу му се бендисало колачето, и – за да добие уште едно, му удрил нов ќотек.
Оваа приказна како да ја симболизира улогата која веќе 35 години ја игра Македонија на меѓународен план.
Таа постојано јаде ќотек, а за возврат дава колачиња (знаме, устав...). Никако да сфати што ѝ се случува. Никогаш не тропнавме на маса, иако многу пати имавме зошто, ама и мораше бидејќи речиси сите аргументи секогаш беа на наша страна. Сè што ќе ни фрлаа, како на кучиња – голтавме и не се буневме. Случаи, едно чудо.
При приемот во ООН, на пример, ни се наметнуваа неприфатливи уцени, со коишто се игнорираше и Повелбата (Уставот) на светската организација, а ние си молчевме; ни наметнаа деструктивна Привремена спогодба со Грција, со единствена цел да се отвори пат и за трајна, во Нивици, со која сега нè дотолчија... а ние, како да бевме – отсутни; цело време нè блокираа политички, ама и физички – ни ја затвораа и границата, за да нè присилат да капитулираме, не возвративме; нè уценуваа и ни поставуваа ултиматуми за да нè уништат, а ние како да не забележувавме дека тоа се однесува на нашата држава, а не на некој друг; на самитот на НАТО во Букурешт (2008), пак, јасно ни ставија до знаење дека прво мора да се прекрстиме и национално обезглавиме, а дури потоа ќе можеме во алијансата и во ЕУ... Пак никому ништо. Ние, отсутни.
Сепак, по НАТО во Букурешт (2008), како привремено да се освестивме и во Судот во Хаг покренавме апликација против Грција. Добивме одлична пресуда. И, место секаде со неа да тропаме на маса, ја ставивме во фиока и ја заборавивме.
Се разбира, повторно под диктат на странците. Како да се уплашивме од победата бидејќи сите главни меѓународни фактори – ја игнорираа. Не одговараше на нивните намери и планови во однос на Македонија. Нашиот прием во НАТО и ЕУ, без да се прекрсти државата, а тоа значи и народот, не овозможуваше бришење на Македонците. Американците, пак, пресудата ја

нарекуваа – „мислење на Судот“! Кој знае, можеби кај нив судовите донесуваат мислења, а не пресуди?
Најстрашно од сè е тоа што ние ги смета(в)ме САД за наши големи пријатели и партнери, дури стратегиски, а тие цело време ги тераат своите интереси, и нè разнебитуваат како народ! Невиден аматеризам и недокваканост. Македонија е одличен пример дека, кога јадеш ќотек, а за возврат даваш колачи – не ти гине нова казна. Ако продолжиш така, прашање е само кога дефинитивно ќе те скршат. Ние, токму во таа насока се движиме. Нашата борба за членство во ЕУ, е точно таков случај. Кога се однесуваш аматерски на меѓународната политичка сцена, која е исфарбана со сите бои, не ти гине пораз.
Предавничките договори со Бугарија и Грција, и катастрофалната Тиранска платформа, нè удрија по глава со целата своја тежина. За возврат, на странските креатори на овие политики, коишто бесрамно ни ги наметнаа погубните решенија, ние повторно им нудевме – колачиња! Првокласна глупост е на лошо да одговараш со добро, иако тоа може да изгледа – христијански. Во политиката, а особено во дипломатијата, клучно правило во односите меѓу државите е реципроцитетот. Кога тоа се прескокнува на своја штета, се покажува врвна некомпетентост која води директно во пропаст.
Светот е многу далеку од времето кога на лошо ќе може да се враќа со добро, и така да се решаваат проблемите. Сè уште сме во период во кој владее силата, во кој доминираат моќните и богатите, а демократијата, човековите права и сличните флоскули се само празни зборови, масовно злоупотребени од силните. Ништо повеќе. Тоа мора да го знаат сите, особено политичарите и дипломатите на послабите земји.
Како и дипломатијата, и политиката е комплицирана задача. Ако не ја разбираш, лесно губиш, а често излегуваш и смешен. Проблемот е што секогаш мораш да читаш и меѓу редови. Без тоа си – неписмен. Токму така. Таа секогаш има и таен или прикриен дел. Најчесто – скриена намера. Не е ретко, вистинската цел на некоја конкретна политика, да нема никаква врска со јавно прокламираната. Затоа се вели дека политичарите едно зборуваат,

друго мислат, а сосема трето прават. Така било, ама и ќе остане уште долго време.
И денес, макијавелизмот е актуелен како и пред 100 и повеќе години, што значи дека целта ги оправдува средствата. Иако, целта треба да ги одредува, а не и да ги оправдува средствата.
Договорот за пријателство и соработка со Бугарија (2017), беше потпишан со отворена уцена од Софија, а под жесток притисок и диктат на Вашингтон, Париз и Брисел, којшто е маргинален фактор, ама за нас значаен – на сметка на фундаменталните интереси на Македонија. Особено тоа важи за протоколите коишто следуваа, нагласено за вториот. Тоа е класичен пример за состојбите во меѓународната политика. Македонија е понижена на непристоен начин, а тоа не само што се толерира од „нашите“ политичари туку се истакнува и како мудар потег! Тоа секако му одговара на странскиот фактор, а дали е некој третиран на недостоен начин, игнориран, и дали му се загрозени универзалните интереси – воопшто не е важно. Впрочем, ако не сме способни да се браниме самите, кој треба? Другите? Такво нешто е можно само ако си нечиј вазал.
Кога ќе погледнеме аналитички наназад, станува сосема јасно дека наша историска грешка беше што никогаш немавме своја политика, камоли стратегија, за тоа што сакаме да го постигнеме, туку секогаш го правевме тоа што ќе ни го кажеа и наметнеа странците! Тоа е нашата трагедија којашто и нè доведе до ова дереџе. Тоа покажува дека немавме и немаме лидери, а без нив – нема напредок во права насока.
Нема проблем во светот којшто не може релативно бргу да се реши. Секогаш е клучно прашањето – кој ќе попушти, кој ќе даде концесии, кој ќе отстапи од своите (легитимни?) права? Околу тоа се кршат сите копја. Сосема логично и исправно, сите се борат за тоа што сметаат дека им припаѓа, по која било основа. Никој не сака да витка ’рбет, да жртвува свои интереси. Компромисот е секогаш излез ама тешко, многу тешко се наоѓа. Балансиран, кој ќе одговара на двете или на повеќето инволвирани страни, речиси е невозможен. Затоа, жртва – мора да има.

Најчеста дефиниција за компромисот е дека секој го добива тоа што не го сака. Добро е ако е така, и ако тој не е еднostран и асиметричен, а најчесто – е. Меѓутоа, останува прашањето колку е тој функционален, колку ги решава проблемите, дали ќе го издржи судот на времето... Факт е дека медијатори во речиси сите спорови се претставници на големите сили. По правило, секогаш и секаде, тие поаѓаат пред сè од сопствените интереси и никогаш не се правични кон спротивставените страни. Преку Метју Нимиц како медијатор, Македонија е класичен доказ за тоа.

# ДИПЛОМАТИЈАТА КАКО ЗАНАЕТ

# ШТО Е ТОА ДИПЛОМАТИЈА?

Заедно со проституцијата, дипломатијата се смета за еден од најстарите занаети. Друштвото секако не е најсреќно, ама такво е преданието. Пред неколку илјади години, се појавувале луѓе кои ги решавале проблемите меѓу постоечките структури. Со текот на времето, тие се наречени – дипломати.
Бројни се историските извори коишто тврдат и докажуваат дека, во бројни сериозни и тешки ситуации, низ коишто минувал светот, нивната улога била исклучително важна.
Многу такви настани го носат дури и името на дипломатот којшто помогнал да се реши проблемот. Еден таков случај е – „Ичков мир", склучен меѓу Србија и Турција, во 1806 година. Ичко бил Македонец.
Има многу дефиниции што е тоа дипломатија. Зад терминот се криjат опширни научни дела, а разработени се и бројни теории. Во пракса, меѓутоа, дипломатијата се сведува на чист – занает. По сите прочитани книги, студии, дисертации, расправи и теории, најважно е – искуството. На крајот од денот е така бидејќи само (мал!) дел од дипломатијата е рутински, а најголем број од предизвиците, со коишто се соочуваат дипломатите, се – уникатни. Теоријата секако дека помага ама, најчесто, не нуди конкретни решенија. Тие лежат во праксата.
Во последниве векови се покажа дека на меѓународната сцена е потребно постојано и нагласено ангажирање на дипломатијата. Денес, пак, светот е длабоко поделен по сите основи и, полека ама сигурно – оди прудолу. Вкупните состојби се влошуваат, а разликите од секаков вид без прекин се продлабочуваат. Заради различните интереси, конфронтациите и недоразбирањата се постојани и создаваат сè потешки проблеми. Неправдите се насекаде, во секој сегмент од меѓународните односи. Тие се толку присутни што мирот, безбедноста и рамноправната соработка меѓу државите стануваат – невозможни, и покрај сите до сега постигнати меѓунардни договори за да биде поинаку (Повелбата на ООН, дипломатските конвенции, Универзалната декларација за човекови права...). Извесно е дека вкупните состојби, и понатаму

ќе се влошуваат. Според сите показатели, светот во 2025 година не само што не е концентриран на барање решенија за огромните предизвици, туку нема ниту размислувања, да не зборуваме за обиди, проекти, патокази... за надминување на оваа небиднина. Најдобар доказ дека е така е фактот дека богатите се сè побогати, а сиромашните сè посиромашни. Тоа не може да трае, а така е бидејќи дипломатијата потфрлила.
Деновиве (2025), на интернет, се појави дел од студија која ја правел тим од американски лекари и психолози, а била објавена во The New England Journal of Medicine. Во приложената статистика се тврди и следното – светот има околу 7,8 милијарди луѓе; 11% се во Европа, 5% во Северна Америка, 9% во Јужна Америка, 15% во Африка и 60% во Азија; 49% живеат на село; 12% зборуваат кинески, 5% шпански, 5% англиски .... а 62% на свој јазик; 23% немаат каде да живеат (тоа се 1,8 милијарда луѓе!); 15% се неисхранети; 13% немаат чиста вода за пиење; 70% немаат пристап до интернет, ама 75% имаат мобилни телефони; 17% се неписмени; 33% се христијани, 22% се муслимани, 14% се индуси, 7% се будисти, 12% се од друга религија и 12% се нерелигиозни; само 8% од луѓето се постари од 65 години...
Замислете дека дури 92% од луѓето не доживуваат 66 години!? Бројките не се длабоко загрижувачки, туку алармантни, иако не се дава другата страна на медалот – како е поделено светското богатство? А од тој податок, главоболката ќе биде уште потешка! Ова е добра илустрација за светот во којшто живееме.
Но, да се вратиме на нашата тема. И во XXI век, дипломатијата е многу развиена во светски размери, и се наметнува како важен фактор, иако сè уште не се посветува соодветно внимание на решавање на клучните состојби, коишто се пред малку елаборирани, а недостасуваат главно екологијата и климатските промени. Тоа го диктираат потребите оценети како приоритети, што се наметнати од најбогатите. Повод, ама не и причина за тоа, е брзиот техничко – технолошки развој, којшто вклучува и нови нуклерани оружја коишто, пак, ја загрозуваат и општата безбедност. Заради сето тоа, дипломатијата добива сè поголемо значење на мултилатерален план. Безбедноста се наметнува како

клучен проблем а, во нејзини рамки, како современ предизвик се појавува тероризмот. Екологијата е исто така постојана тема ама, сѐ заедно, изгледа како таа многу повеќе да е причина за реторика, отколку за преземање конкретни активности, иако состојбите се крајно загрижувачки. Тука е и енергетската криза, којашто се појави пред повеќе децении, ама сега се актуелизира и како резултат на руската интервенција во Украина, којашто создаде огромни последици, не само во Европа.
Се реактивираат веќе отпишаните нуклеарни централи, се продолжува користењето на фосилните горива, каков што е јагленот и слично. А, сето тоа е – антиеколошко! Разоружувањето, пак, коешто долго време беше важна тема иако сите, постојано, се наоружуваа, сега ретко се спомнува. Ама, трката во наоружување продолжува со несмалена брзина. Враќањето на Доналд Трамп за претседател на САД, означи директен повик до членките на НАТО да ги зголемат трошоците за одбрана од два и пол, на пет проценти од бруто домашниот производ. Причина за тоа се американските економски потреби, вкалкулирани во огромниот воен сектор. Тоа значи нова и незамислива трка во наоружување.
Паралелно, во контекст на војната во Украина, и ЕУ започна да одвојува огромни суми за нови оружја. Овие индикатори во никој случај не најавуваат убави времиња за светот. Оружјето се купува за да се искористи. Не за да се чува.
Факт е дека мултилатералниот дел, олицетворен во Организацијата на обединетите нации, Европската Унија, НАТО, ОБСЕ, АСЕАН и многу други, се трансформира и во еден вид меѓународна бирократија, којашто тешко се контролира. Тоа се комотни, исклучително добро платени позиции, а ангажираните дипломати влечат потези со кои ги бранат и своите лични интереси. Во полу шега, ама не далеку од вистината, се зборува дека главна задача на мултилатералците е да се организира нова меѓународна конференција, и тоа на што подалечно и поегзотично место! Темата и целта, и не се важни. Ќе се измислат. Важно е да има шетање. Ова е секако и карикирање, ама не е спорно дека има и вистина.

Доказ за тоа е и податокот што комесарката (министерка) во ЕУ, поранешна премиерка на Франција, како советник си го вработила својот фризер!

*.*.*

Дипломатијата е алатка за реализација на надворешната политика на секоја држава, и тоа не е спорно. Факт е, меѓутоа, дека таа е и отворен канал за најширока комуникација за секоја земја, со светот. Дипломатско–конзуларните претставништва (ДКП), културните и информативните центри, коишто се дел од дипломатските мрежи, се канал преку кој државите создаваат широки можности за меѓусебна комуникација. Тоа често се дополнува и со трговски и туристички претставништва.
рока мрежа контакти, за да обезбедат што повеќе релевантни информации. Тоа е креативната дипломатија. Разговори со функционери на земјата домаќин секогаш се бараат на одредена тема, било по сопствена иницијатива, било по барање од МНР. Пред секој таков разговор е потребна детална подготовка. Во зависност од интересот којшто постои, треба да се оди и во детали, какви што нема во медиумите. Од соговорникот ќе зависи што и колку ќе каже. Тоа не мора да бидат никакви големи тајни ама, во секој случај, овие разговори носат одреден доверлив карактер. Истото важи и за информациите коишто и ние му ги даваме на соговорникот.
Повторно, не мора да се работи за никакви тајни туку само за квалификувана анализа на нашите политики, со детали коишто не се вртат во јавноста. Така се доаѓа до содржајни информации корисни за двете страни.
При тоа, важна е оцената – зошто се спроведува одредена политика, која е нејзината суштина и најглавно – цел.
Така, длабински се заокружуваат сите информации коишто се верглаат низ медиумите, ама без клучните показатели.
Тука доаѓа до израз способноста и подготвеноста на дипломатите – да ги уточнат токму тие детали. Според тежината и комплексноста на поставените прашања, што произлегува од познавањето на материјата, зависат и добиените одговори.

Во продолжението на овој дел, ќе елаборираме неколку компоненти на дипломатијата, коишто се важни и малку или недоволно познати во јавноста, ќе прикажеме конкретни случаи, и пошироко ќе се задржиме на детали од функционирањето на дипломатската служба, со посебен осврт на нашата дипломатија.

# ВАЖНОСТА НА ДИПЛОМАТСКИОТ ПРОТОКОЛ

По правило, дипломатскиот протокол се потценува како нешто техничко и неважно. Всушност, тој е нервниот систем на службата. Преку него се манифестираат, демонстрираат, ама и пласираат најделикатните прашања од односите меѓу државите. Преку протоколот најлесно се чита дали меѓу одредени држави има недоразбирања, несогласувања, отворени прашања... Односите меѓу две земји, на пример, најдобро ќе ги оцените преку нивото на разменетите делегации, и преку динамиката на посетите. Кога се заострија односите меѓу Турција и Израел заради Палестинците, турскиот амбасадор во Тел Авив беше намерено седнат на пониско столче во нивното МНР. Анкара веднаш ги прекина односите. Има повеќе такви случаи.
Со меѓународниот протокол, пак, се регулираат многу формални прашања од односите меѓу земјите. Тоа воопшто не значи дека протоколот е само форма, иако често се добива таков впечаток. Тој игра исклучително значајна улога, зад која практично се крие содржината на дипломатијата.
Протоколот има нагласено значење во меѓународната комуникација бидејќи, на прецизен начин, токму тој дефинира многу конкретни прашања од исклучителна важност за соработката и односите меѓу земјите. Без протоколарните норми, меѓународните односи би биле во хаос, оставени на импровизации, коишто би воделе во недоразбирања и конфликти. Тоа потсетува на шегата за возниот ред на возовите.
Некој прашал – што ќе ни е возен ред, кога сите возови доцнат? Токму затоа, му одговориле – ако го немаше, како ќе знаевме дали и колку доцнат? Во голема мера, истото важи и за протоколот. Без него, немаше да има ред и поредок и немаше да се знаат грешките. Од начинот на кој една земја протоколарно ги третира претставниците на друга земја, било дипломати или делегации, најлесно може да се согледа нејзиниот вкупен однос кон другата страна. На прв поглед, и не изгледа многу важно како се пречекани гостите и од кого, кој ги прима, каде се сместуваат, што посетуваат..., ама тоа се клучни факти преку коишто се оценува се

друго. На крајот од денот, на многу суптилен начин, токму протоколот помага да се разберат сите аспекти на односите меѓу земјите. Преку него се одредува и рамката на односите, а кога таа се знае, се друго е полесно.
Според протоколот, а така е и во Повелбата (Уставот) на ООН, сите држави се еднакви, било да се работи за најмалата или за најголемата. Во практика, меѓутоа, не е баш така и, како и во социјализмот, некои се поеднакви од другите. За таквата ситуација, во добар дел се виновни малите земји коишто доброволно, самите им даваат повеќе права на поголемите и поразвиените. Големите и моќните, пак, тоа го злоупотребуваат и се наметнуваат како да се тие неприкосновени, и така се однесуваат. Објективно, некаква целосна рамноправност во пракса и не е возможна бидејќи разликите според моќноста, големината, важноста... се огромни.
Според протоколот, кога во земјата доаѓа странска делегација, домаќин треба да биде личност од исто ниво со шефот на делегацијата, а треба да биде примен и барем на едно ниво повисоко (ако доаѓа министер, треба да го прими потпретседател на влада или, евентуално, премиерот; ако дојде заменик-министер, тогаш треба да го прими и надлежниот министер...). Во принцип, тоа правило не важи во земји каква што е Македонија. Така е бидејќи е прашање дали и кога во Македонија ќе дојде претседател (освен тие што се главно „британски кралици“), премиер, та и министер – било од САД, Франција, Велика Британија, Германија...? Многу ретко. Од големите и важни држави, ни доаѓаат само ако треба да нѐ убедат за да извршиме самоубиство, со промени на името и Уставот, за договорот во Нивици... Во такви прилики, доаѓаат дузина премиери и министри. Затоа, кога од главните светски фактори ќе ни дојде некаков заменик, помошник, директор и сличен функционер, којшто не е таму ниту меѓу првите 100, та и илјада личности, кај нас, и нам сличните, го примаат сите – претседателот, премиерот, спикерот, министри...
Факт е дека малите земји, заради малата самодоверба и недостаток на самопочит, многу често непотребно се самопонижуваат со својот однос кон странците. Само колку пати нам ни се случувало, и се уште ни се случува, да ни дојде некое, да не речеме –

референтче од некој од важните центри и кај нас да го примаат сите највисоки функционери. Очигледно е дека треба да бидеме толерантни и флексибилни, но мора да се има и мера. Ние нема да го менуваме светот, ама... Инаку, се демонстрира понизност.
Со нашето титрање на некакви референтчиња на највиско ниво, само им ставаме до знаење на нивните врвни раководители дека нема потреба тие да доаѓаат кај нас, бидејќи ќе добијат ист третман како и референтчињата. Достапноста на нашите врвни раководители на бројни странски ниски функционери покажува кое ни е нивото, до каде ни е дострелот... Сето тоа е јасен сигнал за центрите надвор од земјата – што точно сме заслужиле. Врз основа на тие сознанија, тие понатаму и (ќе) не третираат.
Заклучокот е дека – рамноправни сме какви што не сме, а такви и ќе останеме уште многу долго. Така е бидејќи со светот уште долго ќе владее аргументот на силата, а не некаква демократија или слични флоскули. Со тоа ќе мора да се живее, ама ќе мора да се направи и некаков обид, за да се воспостави некаков ред, за да не изгледаме како недоветни. Рамни на големите не можеме да бидеме, ама треба да се направи некаков ред врз достоинствени принципи, и тие да се почитуваат.
На мултилатерални настани, формалната еднаквост меѓу државите се почитува малку повеќе, ама и таму не многу. На самит, на пример, прв меѓу претседателите или премиерите е тој што е најдолго на таа функција а не претседателот од најголемата, најсилната или најбогатата земја. Формално, тој можеби и ќе го отвори настанот, ама веднаш потоа сите предности и погодности повторно ги имаат најмоќните.

*.*.*

Кога веќе го анализираме протоколот, ќе спомнеме и неколку финеси коишто не ги знаат и многу искусни дипломати. Имено, доколку амбасадата се остави без ниту еден дипломат во земјата на приемот, тоа значи формално прекинување на односите. Затоа, во случаи кога во Амбасадата има еден дипломат – амбасадор или вршител на работите, кој треба да ја напушти земјата на приемот, по која било основа, треба да се бара или да дојде дипломат од МНР, кој би го заменувал или, во најлош случај, да се одреди

привремен вршител на работите од редовите на административците (доколку ги има!). Нелегален начин да се избегне оваа ситуација е МНР на земјата на приемот да не се информира дека единствениот дипломат привремено ќе ја напушти! Но, да не се лажеме. Домаќините тоа секако ќе го дознаат и ќе биде срам за земјата што постапила така!

*.*.*

И едно друго правило е важно, коешто исто така не мора мнозина да го знаат. Општо е познато дека амбасадорите, кога се во официјална функција, имаат право на возилото да виорат и знаме на својата земја. Меѓутоа, кога во земјата на приемот е во официјална или работна посета претседателот на сопствената држава, премиерот или министерот за надворешни работи, право на знаме на возило имаат тие, а не амбасадорот!

*.*.*

Еве и една протоколарна „ситница", којашто е исклучително важна за дипломатите. Со оглед дека ѓаволот е секо гаш во детаљот, протоколот треба да им обрнува внимание и на амбасадорите, ама и на сите други дипломати, дека чашата со вино секогаш се држи за дршката! Никогаш за чашата. Спротивно, чашата со коњак се држи за нејзиното дно! Објаснувањето е дека коњакот така се загрева! Стручно кажано – се шамбрира, по француски – се доведува на собна температура (chambre – соба), и така станува уште попријатен за пиење! Тоа секако се учи во големите дипломатии, ама не и во „малите". Ова не се неважни ситници. Напротив.

Искусните диломати веднаш забележуваат кога некој не ги знае тие општи правила, и веднаш го сметаат за – аматер.

# АГРЕМАН

Терминот „агреман“ често се спомнува во јавноста, која сигурно малку знае што е тоа. Впрочем, процедурите се многу интересни и имаат извонредни нијанси, веројатно непознати и за добар дел од дипломатите! Кога државата ќе одреди кандидат за амбасадор, таа мора да бара согласност од другата држава дека нејзиниот кандидат е прифатлив.
Тоа не е секогаш чиста формалност, иако е во огромен број на случаи – така. Најчесто, прашаната земја нема ништо против предложениот кандидат и – дава согласност. Потоа, прифатениот кандидат може да ја преземе функцијата.
Општа, иако непишана дипломатска практика е агреманот да се даде во рок од околу четири недели. Доколку тоа не се стори, се смета дека барањето е одбиено, односно дека кандидатот не е прифатлив. Се се одвива премолчено.
За одбивањето на агреманот, нема обврска да му се јави на барателот. Доволен е поминатиот рок. Одбиената страна, пак, не може да бара објаснување. Тоа е дискреционо право на државата од која е баран агреманот, и тоа сите го почитуваат. Во таков случај, треба да се предложи нов кандидат за амбасадор, односно да се бара нов агреман.
Друго правило е дека земјата барател не смее да го објавува името на својот кандидат за амбасадор, се додека не е добиен агреманот. Со самото објавување на неговото име се става на знаење дека за барателот проблемот е решен и амбасадорот е (веќе) – одреден! Во таков случај, иако тоа не се случува често, земјата од која се бара агреманот – не го дава! Со објавување на кандидатот, нејзината функција е нарушена. Оспорено е нејзиното право да одлучува.
Има индикатори дека, барем во последно време, има поголема толерантност при давањето агреман, иако непишаните правила остануваат. На пример, не е ретко рокот на давање агреман да се продолжува до петтата, шестата недела, па и подолго, без оглед дали се работи за веќе објавени имиња на амбасадори, или за други причини. Одолговлекувањето со агреманот е речиси секогаш некаква порака за барателот.

И ние имаме негативно искуство во барање агремани. Тоа е случајот со Љ. Фрчкоски. Тој беше одреден за амбасадор во САД, и јавно промовиран во медиумите ама, агреман – не доби. Силен е впечатокот дека незадоволството на Вашингтон не беше заради предвремено објавување на неговото име, туку заради неговата вклученост во претходни афери. Таа причина се спомнуваше и во нашите медиуми, по одбивањето на агреманот.
Случајот ме потсети на информацијата која своевремено ја добив од првиот британски амбасадор во Македонија, Тони Милсон. На почетокот на 1997 година, по завршувањето на мандатот тој се врати во Лондон, набргу по сменувањето на Фрчкоски од позицијата министер за надворешни работи. Сè уште работев во Лондон и кога се видовме, прво го прашав – зошто го сменија Фрчкоски? Без да трепне, ми одговори – заради криминал! Ако е тоа точно, а го знаел и Милсон, можело ли тоа да не го знаат Американците? Тој, сигурно го дознал тоа – од нив.
Слични случаи имаше и во соседството. Во 1990-тите, во Хрватска било објавено името на новиот амбасадор во Германија и кога побарале агреман, останале со кратки ракави! Германците, навредени од постапката, не го прифатиле предлогот. Прецизна порака – правилата мора да се почитуваат.
Има и друг пример, од поранешна Југославија, нагласено интересен за нашата земја. И сега Софија врши невидена политичка и дипломатска агресија врз Македонија, ама тоа не е ништо ново во меѓусебните односи. Затоа поминуваме низ период на крајно затегнати односи. Тие одамна не признаваат дека постоиме како народ, тврдат дека македонски јазик е дијалект на бугарскиот, и слични будалштини. Следнава епизода покажува дека така било и пред години.
На времето, за нов југословенски амбасадор во Бугарија беше предложен професорот Кирил Миљовски. Заради познатиот однос према Македонија и Македонците, Бугарија одолговлекуваше и не даваше агреман. Не го прифаќаа Миљовски само заради тоа што беше Македонец! Но, Тито јасно му порача на бугарскиот диктатор Тодор Живков – ако сака во Софија да има југословенски амбасадор, тоа ќе биде Миљовски! Доколку не сака, тоа е веќе

негова одлука! Агреманот беше веднаш даден и, од 1967 до 1971 година, Миљовски беше југословенски амбасадор во Софија! За наша среќа, Тито беше светски лидер и знаеше како треба да се постапи.
Темава за агреманите е започната да се пишува во Москва, на 18 март 2006, и е инспирирана од барањето агреман за новиот македонски амбасадор во Руската Федерација, којшто требаше да ме наследи. На 31 јануари 2006, во Амбасадата стигна телеграма од МНР со која се бара агреман за новиот амбасадор, а претходно, што би било нормално, немаше никакво известување од МНР дека ми се прекинува мандатот и дека треба да се вратам, по помалку од 20 месеци поминати на функцијата! По логиката на нештата, телеграмата требаше да се врати, со коментар дека веројатно се работи за некаква грешка бидејќи во Москва имаме амбасадор, а Русите сигурно нема да прифатат да имаме – двајца! На авторот на оваа книга, мандатот му се прекинуваше предвреме, без воопшто да биде известен! Формално тоа беше заради пензионирање, иако условот се исполнуваше дури во мај. Причините беа – политички. Впрочем, ниту еден амбасадор не бил вратен ни пред тоа, а ни потоа – заради пензионирање. Судирот беше започнат пред заминувањето за Москва, и ваквиот расплет беше очекуван. Не се знаеше само каква причина ќе биде искористена како повод. Избрзувањето, пак, и очигледната некоординација, беа резултат на изборите во 2006-тата година. Партијата на власт СДСМ, којашто беше сигурна дека ќе ги загуби изборите, што и се случи, сакаше во Москва да испрати свој човек пред да ја напушти власта.
Така, од барањето за агремен, дознав дека ми се прекинува мандатот! Македонски мизерии, што друго! Имав причини и да ја игнорирам нотата ама, сепак, веднаш наредив барањето да се проследи до рускиот МИД (МНР).
Но, и Москва не беше задоволна што по само неполни две години се менува амбасадорот. Ним им одговараше што јас бев дипломат од кариера, какви што тие преферираат да бидат амбасадорите акредитирани кај нив, додека агреман се бараше за – новак, без никакво дипломатско искуство.

Честото менување амбасадори е проблем за секоја држава, а особено за една велесила, каква што е Русија. За нив тоа не е само протоколарна процедура. Покрај другото, треба да се организира и прием кај претседателот Путин, заради предавање на акредитивите!
Поминаа повеќе од четири недели и агреман се уште немаше! Во Скопје се нервираа. Изгледите дека ќе одбијат беа мали, ама со ова одолжуваше, Русите јасно ставија до знаење дека не се задоволни од нашата постапка. Сигурно не им пречеше многу ниту фактот дека нашите медиуми го објавија и името на кандидатот. Главна причина секако беше тоа што се повлекува амбасадор со долго дипломатско искуство, а се праќа – почетник. Во принцип, тоа е навреда за земја како Русија.
Отприлика во исто време, за амбасадор на Македонија во САД беше одреден Љ. Јордановски, кој претходно беше претседател на Собранието, што значи втор човек во државата. Логично е прашањето – дали Москва, која е исто така голема и важна светска сила, може да биде задоволна – кај нив почетник, а во Вашингтон висока политичка личност?
Кога ќе се стави сѐ на маса, јасно е зошто Москва долго не даваше агреман. А кога од Скопје се загрижија зошто нема агреман, им беше објаснето дека секако ќе го дадат ама на овој начин го изразуваат своето длабоко незадоволство.
По долго чекање, агреманот беше даден.
Испраќањето амбасадор во друга држава е порака, и тоа важна. Со личноста којашто си ја избрал, покажуваш како ја третираш другата земја и, поточно, значењето што ѝ го придаваш. Дека е така, потврда е и случајот којшто ми го раскажа новиот романски амбасадор во Москва. Во јануари 2004, тукушто избраниот претседател на неговата земја, Басеску, за време на посетата на Москва, го уверувал рускиот претседател Владимир Путин дека односите со Русија за нив имале приоритетен третман и дека затоа е тука, во прва посета во неговиот мандат. Ако е така, реагирал Путин, зошто тогаш за амбасадори ни испраќате еколози и космонаути?

Факт е дека тогаш романски амбасадор беше нивниот прв космонаут, кој пред летот во вселената долго претстојувал во Русија и одлично зборуваше руски. Ама – толку. Веднаш по посетата на Басеску, космонаутот беше повлечен и беше пратен искусен дипломат од кариера, којшто беше поблиску до 70-тата година од животниот век отколку до 60-тата. Приказнава е негова. Тој уште кажа дека Басеску му рекол на Путин дека никогаш во историјата, освен по Втората светска војна, Молдавија не припаѓала на Русија. Нагласил дека историски, тоа е романска територија, која ќе мора да се врати. И, заклучил – кога, тоа е друго прашање. Има индикатори дека тоа станува актуелно.

# ДИПЛОМАТСКИ БИСЕРИ

Коча Поповиќ беше врвен југословенски политичар.
Потекнува од богато белградско семејство, студии завршил во Париз, бил учесник во Шпанската граѓанска војна...
Левичарските идеи рано го однеле кај комунистите, и во партизаните кај Тито. Бил воен командант, а по војната бил на повеќе врвни функции, вклучувајќи и претседател на Сојузното Собрание (Парламент), што значи втор човек на државата. И тогаш, низ Белград се возел со спачек (Ситроен).
На помладите, коишто не знаат што е тоа, да им кажеме дека тоа беше мал, шармантен француски автомобил, од класата на фиќо.
Од 1953 до 1965 година, Поповиќ бил министер за надворешни работи на Југославија.
Во септември 1961 година, веднаш по првата, основачка Конференција на неврзаните земји, којашто беше одржана во август во Белград, сојузниот секретар (министер) за надворешни работи, Коча Поповиќ, заминал на Генералното собрание на Обединетите нации, во Њујорк. Секоја година, тоа започнува со работа во третиот вторник во септември, кога таму се собираат бројни претседатели, премиери, министри... и трае цела година.
Била планирана средба и со американскиот претседател Џон Кенеди. Средбата требало да трае 20 минути. Американскиот интерес бил – самитот на неврзаните и улогата на Југославија.
Новинарите во Белата куќа ја игнорирале средбата, не очекувајќи ништо значајно, и продолжиле да играат карти.
Поминало пола саат, 45 минути, саат, саат и пол... средбата сè уште траела. Новинарите во паника – што се случува? Поповиќ излегол по еден час и 35 минути и не им дал никаква изјава на сега веќе крајно заинтересираните новинари коишто го опколиле. По повеќе години, случајот го разјасни познат новинар на белградска „Политика“, пријател на Коча Поповиќ.
Кенеди го дочекал со зборовите – господин министер, Вие сте комунист и имате решенија за сите проблеми. Помогнете ми како јас да ги решам американските! Без двоумење, да не кажеме збунетост, Поповиќ му одговорил – Вие сте католик, господин

претседател, и Вам воопшто не Ви е потребна мојата помош. Религијата Ви нуди спас и излез од секоја ситуација!
Кенеди видел дека пред себе има личност и врвен соговорник, што значи дека се можни разни теми за разговор.

*.*.*

На оваа тема имам и лично искуство. Според протоколот, при врачувањето на акредитивите на британската кралица Елизабета Втора, на церемонијата во Бакингемската палата, освен сопругата, можеше да ме придружуваат уште четири дипломати. Во мај 1994 година, меѓутоа, кога се случи тоа во Лондон, освен амбасадорот, кој беше прв македонски во Обединетото Кралство, во нашата Амбасада, отворена во декември претходната година по британското признавање на Македонија, имаше само уште технички секретар! Други дипломати сè уште – немаше. Затоа, на врачувањето во придружба на амбасадорот беше само сопругата Сузана.
Откако ги прими акредитивите, кралицата го започна разговорот со прашање – господин амбасадор, кога очекувате Амбасадата да се комплетира и со други дипломати?
Ваше Величество, ѝ беше одговорено, се чувствувам како најдобар македонски дипломат во Обединетото Кралство, бидејќи други нема! Нормално, кралицата не очекуваше таков одговор и почна да се смее! Тоа не траеше кусо! Таа е секогаш сериозна и, практично, никој од надвор не ја видел да се смее. Нема ниту таква слика. Реакцијата очигледно ѝ се бендиса.
Тоа ја промени целата церемонија која вообичаено трае 12 минути, и тоа во секунда. Се приклучи и сопругата, а разговорот долго треше. Маршалот на дрворот, надлежен за протокол, постојано тропаше со вратата, ама кралицата го игнорираше.
Аудиенцијата траеше цели 28 минути! Кога излеговме, пред салонот чекаа три следни гости, меѓу нив и еден нов амбасадор. Приемниот ден на кралицата беше нарушен.
На крајот од мандатот, иако тоа воопшто не беше пракса, побаравме проштален прием кај кралицата. Рутински, барањето беше одбиено со објаснување дека тоа не е пракса.

Секретарот напиша нова нота, дека знаеме за праксата, ама дека се работи за првиот македонски амбасадор. Бев примен на 10 јуни 1997 година, на денот на роденденот на нејзиниот сопруг, принцот Филип! Додека траеше приемот, кралицата кажа дека во 12:00 часот ќе има топовски салви во негова чест. На крајот, добив на подарок урамена нејзина слика со принцот Филип, на која беа и нивните потписи. Не треба да има никаква дилема дека таа се сеќаваше на шегата и дека тоа беше основа да се прекрши праксата до која тие строго се држат.
Ова се добри примери дека во секоја ситуација треба да се има самодоверба, да се реагира на директен и оригинален начин, кој и да е во прашање од другата страна. Тоа се цени.

*.*.*

Слично е искуството и од средбата со челичната леди Маргатер Тачер, поранешна долгогодишна премиерка на Обединетото Кралство (1979 – 1990). Во тој период, по многу што, таа беше најголемиот светски државник којшто остави длабоки траги! За време на службувањето во Лондон, на почетокот на 1995 година, побарав средба со неа. Иако беше надвор од власта, нејзиното општествено влијание беше сè уште силно. Беше планирано средбата да трае 20-тина минути, ама од нејзините простории излегов по цели 100 минути, и покрај честите тропања со вратата, сега од страна на шефот на нејзиниот Кабинет.
Тачер ме пречека со текст на масата пред неа, од „Њујорк тајмс", посветен на проблемот со албанскиот универзитет во Тетово. Рече дека Албанците во Македонија сакаат да учат, ама власта не им дозволува! Убав пречек, зарем не? Ѝ беше одговорено дека се работи за наша голема грешка. Дека нелегалниот универзитет, за којшто таа сега чита, сигурно ќе биде наскоро легализиран, дека издадените дипломи ќе бидат признаени, а штетата која сега ѝ се нанесува на земјата е огромна. Нагласив дека, многу логично, исто како неа, сите проблемот го сведуваат на тоа дека некој сака да учи, а друг не му дава. Заклучив: сепак, мадам Тачер, во основа проблемот не е образовен туку политички! Се работи за умешна манипулација и злоупотреба на образованието. Во прашање се големоалбански тенденции и ова се само обиди да се разбие

Македонија, за да се обединат сите Албанци од регионот во една држава. Посочив дека, по распадот на Југославија, тоа е една од најопасните тенденции на Балканот, којашто ќе трае и ќе се проширува.
На Тачер, очигледно, ѝ се бендиса почетокот на разговорот, кога јас не се обидував да ја бранам својата земја, туку критички ги поставив работите, коишто со „Тетовскиот универзитет“ токму така и се развиваа.
Разговорот продолжи за состојбите и за војните на просторот од поранешната федерација. Отворено беа осудени екстремните политики на Милошевиќ и Туѓман, како носители на распадот на Југославија, и беше потенцирана позитивната улога на Македонија, која не доби ништо за својата конструктивност. Во тој контекст, Тачер оцени дека Југославија била вештачка творба, создадена по Првата светска војна. Се согласив дека во тоа има некаква вистина, ама додадов дека мора да се води сметка дека и по Првата, а особено по Втората светска војна, создавањето прво на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, коешто потоа премина во Југославија, во 1929 година, беше единствено решение и за регионот, ама и за Европа. Без тоа немаше да има мир на стариот континент. А, непомирливоста на балканските „племиња“ се виде и во војните коишто следуваа по распадот на федерацијата.
Потоа Тачер премина на критика на комунизмот и оцени дека повеќе народ убија комунистите, отколку што загинаа во двете светски војни! Се согласив дека е така и дека, токму заради тоа, и слични бесмислици, тој систем неодамна се распадна, и тоа како кула од карти. Меѓутоа, додадов, не смее да се заборава дека тој систем беше замислен да победи во најбогатите земји, а успеа во најсиромашните; дека, по правило, власта во комунистичките земји ја зедоа догмати, бирократи и кариеристи, и затоа беше таа екстремно злоупотребена; погрешни луѓе ја извитоперија суштината на системот, и тоа на катастрофален начин. Не е спорно дека вкупните резултати од комунизмот се неприфатливи и трагични, меѓутоа, што е неспорно, ама и најважно, идеолошката поставка на самиот систем е рамна на христијанството!

Разговорот беше неспорно интересен, аргументиран од двете страни со неспорни факти, иако соговорниците имаацелосно спротивставени идеолошки позиции.
После средбата, веќе како познајници, со Тачер разговаравме и на повеќе приеми. Од еден, имам и слика со неа.
Се сретнавме и на вечерата којашто ја приредуваше кралицата Елизабета Втора во Гилдхол, прекрасната зграда на лондонската општина, по повод 50 години од победата над фашизмот. Тогаш во Лондон се одржа импозантна прослава на којашто беше и нашиот претседател, Киро Глигоров. Заедно бевме на вечерата и, додека ние чекавме во холот пред салата, пристигна мадам Тачер и веднаш ни пристапи нам, иако имаше многу народ. Повторно се водеше интересен разговор. Таа навистина беше светска личност.
На вечерата, на масата спроти нас седеше потпретседателот на САД Ал Гор, несудениот американски претседател, којшто изборите во 2000 година ги загуби на нечесен начин, преку малверзации во Флорида, иако имаше 500 илјади гласови повеќе од Џорџ Буш, помладиот. На вечерата свиреше Шкотската гарда, со гајди, и кога на Ал Гор му реков дека и ние во Македонија имаме гајди, тој се изненади, и се интересираше дали потеклото има некаква врска со Шкотска?
По вечерата, Глигоров раскажа дека во 1979 година, непосредно пред таа да стане премиер на Обединетото Кралство, како водач на опозицијата (1975 – 1979) Тачер ја посетила Југославија. Како претседател на Сојузното собрание, Глигоров ѝ бил домаќин. Тој нагласи дека Тачер сигурно никогаш не го заборавила приемот кај Тито којшто ѝ одржал – лекција. Во тој период главен светски настан беше состојбата во Родезија, денешен Зимбабве, кога белецот Јан Смит, на чело на апартхејдот во земјата како премиер, беше под силен притисок на домородното население, предводено од црнецот Нкомо, за промена на власта. Цел свет беше против Јан Смит, и само Обединетото Кралство го поддржуваше.
Затоа Тито го започнал разговорот со прашање – како, госпоѓо Тачер, ја објаснувате вашата поддршка за Јан Смит?
Таа почнала да зборува дека состојбите во Родезија биле кревки, дека ако дојдело до смена на власта ќе било тешко да се одржи

стабилноста на државата, дека... Тито реагирал со – не Ве разбирам, госпоѓо Тачер! Таа почнала да објаснува што сè се случувало во последно време во Јужна Африка и дека, во тие услови, развојот во Родезија е од значење и за целиот регион, дека не смее да се ризикува... Тито, повторно ја прекинал со – не Ве разбирам, госпоѓо Тачер!

Тогаш, Тачер почнала да ги елаборира британските интереси во Родезија, а Тито веднаш ѝ рекол – сега Ве разбирам, госпоѓо Тачер! Така, кога Тачер ни пријде во Гилдхол, најверојатно, не ме препозна само мене, со кого долго „расправаше“ пред месец дена, туку и Глигоров, којшто беше сведок на нејзиниот прием кај Тито.

# ОБИД ДА СЕ СРЕДИ И ПРОФЕСИОНАЛИЗИРА МНР

Додека работев во Тирана (1998 – 2002), на некоја редовна регионална средба, во посета дојде Илинка Митрева, како штотуку назначена привремена министерка за надворешни работи. Тоа беше за време на воената криза во 2001-та. Се знаевме од порано. Свесен дека таа нема дипломатско искуство, во една прилика ја прашав – ако сака, во еден меморандум, можам да ги наведам моите согледби како треба да функционира Министерството. Би се обидел да ги уточнам приоритетите и главните елементи на коишто мора да внимава како министерка, како и клучните работи на коишто треба да биде посветена за нормално функционирање на институцијата, а сè во интерес на државата. Прифати, без размислување. Набргу ѝ пратив текст од четири-пет страници. Тогашното нејзино министерување траеше кусо, неполни седум месеци (од 13 мај до 30 ноември 2001), ама беше јасно дека на блиските избори во 2002-та, со сигурност ќе победи нејзината партија СДСМ и, најверојатно, таа повторно ќе биде – МНР. Тоа и се случи и таа повторно ја презеде должноста на 1/11/ 2002.
По цели четири и пол години, на 1 септември 2002, се вратив од Тирана и бев без формален ангажман во МНР. Кусо по нејзиното поставување, Митрева ме повика и ми предложи да бидам државен секретар. Тоа е трета функција во министерствата, веднаш по министерот и неговиот заменик.
Додека овие двајца се претставници на политичките партии коишто ја имаат власта, и ги поставува Собранието, државните секретари, коишто порано се нарекуваа потсекретари, по правило се професионални кадри од министерствата. Нив ги именува Владата. Според светската пракса, тие не треба да бидат претставници на политичките партии коишто се на власт, туку најстручни лица од самите министерства. Јас веќе бев потсекретар во нашето МНР (од 1992 до 1993), во периодот на најжестоката борба за меѓународно признавање на Македонија. Митрева веднаш ми кажа дека е тоа нејзин избор, дека во партијата имало повеќе заинтересирани за таа позиција, но дека таа била упорна и успеала да се избори за нејзиното решение.

Простор за размислување – немаше. Можеше само да се заблагодари за изборот и укажаната доверба и, во интерес на куќата и државата, да се уточни начинот на соработка. Токму тоа беше и направено бидејќи во времето на претходниот министер се случија не само големи злоупотреби од секаков карактер, туку и сериозни криминали, коишто мораше да се расчистат. Еве и еден конретен пример. Во претходниот период беа купувани возила Мерцедес за сите ДКП. Не знам како, ама случајно откривме дека едно од тие возила останало во Скопје! Одвај го пронајдовме! Се возело – илегално! Со лажни таблички! За неверување, нели?
Со Митрева беше договорено дека ќе работиме на надминување на сите слабости, и МНР ќе го структурираме за да биде врвна институција во државата, каква што и треба да биде. Договорено беше да се создаваат врвни професионалци, којшто ќе можат да се носат со сите светски дипломати.
Така и почнавме. Проблемите и злоупотребите беа бројни и не беше лесно да се расчистуваат. Еве уште еден поразителен податок – во нашите ДКП беа испратени едно чудо „дипломати" без знаење на ниту еден странски јазик!
Полоша дипломатија – здравје. Тоа е исто како за шофер да поставиш некој што не знае да – вози! Затоа беше замислено една од првите акции да биде проверка на знаењето на странски јазици на сите во МНР – биле тие во земјата, или биле во странство. Втората акција требаше да биде оцена на квалитетот на работата на сите ДКП. Третата...

Се разбира, веднаш започнаа проблемите. Сите што беа загрозени заради својата нестручност, а беа бројни, се свртеа против ваквите намери. А сите тие не беа тука дојдени по редовен пат, туку беа од некого донесени. Тоа зема такви размери, што го вклучи и самиот врв на владејачката СДСМ! Притисокот да не се крева прав стана неподнослив и Митрева, сигурно против своја волја, мораше да попушти. Таа немаше маневарски простор и мораше да ги следи интересите на партијата, што ги оневоможи договорената кадровска професионализација и расчистувањето со криминалот.

Така растеше и отпорот против мене како носител на промените и, полека ама сигурно, останував сè поизолиран.
Запрепастувачко беше сознанието дека огромен дел од „напиканите“ во МНР не ја исполнуваа основната потребна квалификација – да знаат странски јазик! Подобро ќе беше да беа неписмени, ама да зборуваа барем англиски! Господ знае дали тие луѓе имаа некакви други вредности, освен врските со важни политичари. А да пратиш во Лондон дипломат којшто не знае англиски, е исто како на фудбалски натпревар да ставиш голман којшто пред тоа не видел топка, камоли да ја фатил!
Еве и една епизода од тој период. Една вечер, тукушто се вратив дома од работа, некаде околу 20:00 часот, а редовно беше така, заѕвони телефонот. Плачејќи, се јави службеничка од финсиската служба на МНР и ми рече дека во вестите на А1 Телевизија било објавено нејзиното име, дека е суспендирана од работа заради криминал. Молеше да се спречи веста, да не се повторува во следните вести бидејќи таа ништо не украла.
Веднаш ја побарав Биљана Секуловска од Телевизијата и ѝ објаснив дека има индикации за криминал, коишто треба да се испитаат и да се докажат, и затоа потпишав суспензија за неколку службеници. Нагласив дека главни носители на криминалот се лица од врвот на Министерството, а не вработените во финансиската служба. Оценив дека тоа што го направиле со објавување на веста е надвор од сите правила и етички кодекси, дека се работи за пресумпција на невиност, дека ако ги тужат ќе платат огромни оштети... Пледирав веста да не се повторува бидејќи не им доликува.
Секуловска ми врати – што ако веста ја дала министерката Митрева? Кој и да ја дал, ѝ реков, таква вест не смее да се објавува во нормална држава. Веста не се повтори.
Утредента ме повика Митрева, а со неа беше и шефицата на нејзиниот Кабинет, како сведок. Почна одоколу дека некој ја спречил веста која зборува за борбата која МНР (и партијата, де) ја води против криминалот и праша – кој може да биде тоа?
Реков дека јас ја спречив веста да се повторува и ги наведов причините коишто беа неспорни и недискутабилни.

Беше нервозна и со остар тон се интересираше – кого сум прашал така да постапам? Одговорив дека за нешто што е правно издржано, неспорно и чесно – никого не прашувам. Тука веќе почна да пука филмот. Некаде во средината на 2003 година веќе бев свесен дека нама простор за професионално и ефикасно делување.
Капак на сè беше кога за заменик-министер донесоа некој си претставник на партијата на Бошњаците, којшто немаше поим од дипломатија. Подоцна, како амбасадор во некоја од арапските земји (Катар?), го вратија заради финансиски криминал.
Каква стратегиска глупост. Кога главните проблеми на државата – името, признавањето... сè од дипломатски карактер, кога се доведува во прашање опстанокот на македонскиот народ којшто треба национално да се разнебити преку прекрстување на државата, за заменик-министер за надворешни работи да ставиш претставник на некаква минорна и речиси непостоечка партија, дури и неписмен за проблематиката, во најмала рака е – саботажа на каузата.
Тоа, меѓутоа, не беше изолиран случај. Такви будалштини се повторуваат многу пати и насекаде, сите овие 30тина и повеќе години на македонски Голготи, по распадот на Југославија.
Финалето беше кога Бујар Османи, Албанец, очигледно под директива од надвор, беше поставен за МНР!
Арно ама, со неговото „унапредување" не завршија нашите небулози, глупости и, ако сакате – обиди за македонско самоуништување. За неговата заменичка беше поставена исто така Албанка, којашто претходно била учителка по англиски јазик, ако не се лажам – во некое селско училиште! Будалите немаат рогови – како нас се!
Ваквите кадровски решенија во МНР се апсолутна потврда дека странците се директно вмешани во организирањето на нашето елиминирање на меѓународен план, ама и на внатрешен план, преку класична саботажа на фундаменталните интереси на македонскиот народ. Не треба да има никакви сомнежи дека зад сето тоа цврсто стојат – САД. Едноставно, нема друга сила која би можела така да се однесува. Со Албанци на чело на МНР,

Македонија била целосно подготвена за капитулација на македонизмот. Кој ќе го направи најлесно и најбезболно тоа предавство, ако не Албанци?
Ова не се саботажи. Тоа е преблага квалификација. Ова се мали државни удари, менаџирани од надвор, за полесно дефинитивно затворање на „Македонското прашање“. Согласноста на македонските имбецили, пак, вака да нѐ манипулираат, нема потреба да се коментира. Само да потсетиме дека во ниту едно министерство, никогаш немало ниту ќе има Албанци – министер и заменик. Ставени се во МНР, таму каде што треба да се води војна за спас на македонскиот народ!
За да се капитулира најлесно, нели. Со вториот протокол што го потпиша Бујар Османи со Бугарија, токму тоа и се случи.
Ова се тешки македонски мизерии ама тоа е и нашето интелектуално и професионално ниво. Затоа сме и на ова дереџе.
Ни останува само да се обидеме да ги дефинираме мотивите коишто им овозможуваа на нашите „политичари“ однесување дијаметрално спротивно на нашите фундаментални интереси? Спротивно и на најпростата логика. Сите наши небулози, правени во текот на 30 години независност, во никој случај не се резултат само на незнаење. Улогата на странскиот фактор е неспорна, ама нивните цели во никој случај немаше да бидат постигнати, ако не беа нашата некадарност, недостаток на достоинство и самопочитување, комплексите и спремноста да се прифаќаат туѓи диктати, ултиматуми и уцени.
Денес е неспорно дека уште пред распадот на Југославија, странскиот фактор имал прецизно сценарио за разнебитување на македонскиот народ, свесен и за нашите неспорни, погоре наброени – „квалитети“. Целта е исто така неспорна – дефинитивно затворање на „Македонското прашање“. Фактот, пак, што ние не го разбравме тоа на време, е само наш проблем и не е, и не може да биде никакво оправдување.
Така дојде и мојата оставка, чинам во јуни 2003. Тоа беше удар за власта. За да се реваншираат, се обидоа јавно да ме дискредитираат. Преку медиумите, започнаа да ми подметнуваат

измислени работи, меѓу другото дека неовластено сум преговарал за името со американска делегација!
И напишав писмо на Митрева дека моја вина не можат да најдат никаде, и затоа треба веднаш да престанат да се обидуваат да ме оцрнат во јавноста. Нагласив дека, официјално, оставката ја дадов од лични причини ама, ако тие продолжат со измислени напади, ќе ја информирам јавноста зошто навистина се повлеков.
Аргументите коишто ќе ги презентирам, потенцирав, нема да бидат многу пријатни за власта. Така прекинаа.
Сепак, спомнувањето дека неовластено сум преговарал за името, не е без никаква основа. Како државен секретар, имав средба со американска официјална делегација, која ја предводеше нивната поранешна амбасадорка во Тирана, со која добро соработувавме. Дојдоа да бараат да потпишеме меѓусебен договор, со кој ќе се обврземе дека нивните граѓани, се мислеше пред сѐ на воени лица, коишто ќе направат кривични дела на наша територија, нема да ги даваме на Меѓународниот кривичен суд во Хаг. Тоа е нереципрочен, еднонасочен договор, којшто САД го наметнуваат на држави како Македонија, за да ги заштитат своите граѓани.
Разговорите коишто ги водев беа само начелни и им реков дека кога веќе од нас бараат вакво, не многу принципиелно барање, коешто е во спротивност со меѓународната пракса, ред е и тие да покажат разбирање во врска со нашето уставно и историско име, коешто е крајно нелегално оспорено.
Тие воопшто не беа среќни што јас го спомнав името, како некаква реципрочна отстапка и, очигледно, се пожалиле на повисоко ниво за мојот „безобразлук“. А, откако нашите мудреци ме „обвинија“ во јавноста дека неовластено сум „преговарал“ за името, реагирав и јавно објаснив дека се тоа бесмислици. Наведов дека е факт дека во разговор со американска делегација сум го спомнал проблемот со името и сум барал нивно разбирање и поддршка, меѓутоа, не само јас, како официјална личност, туку и секој граѓанин има не само право, туку и обврска во секоја прилика да се бори за нашето име кое е силеџиски оспорено. Тоа беше нова мат позиција за власта.

По оставката, останав нераспореден, без задолженија, ми дадоа некаква никаква канцеларија... Но, не губев време.
По подолго време, повторно имав можност да се занимавам со сериозни прашања, а не со секојдневно гаснење пожари, и војна со недокваканi. Започнав да пишувам меморандуми со анализи на најактуелни теми од нашата надворешна политика и да ги доставувам до сите врвни личности во државата. Беа обработени проблемот со името, медијацијата на Нимиц, односите со соседите, развојот на ситуацијата на Косово, положбата на нашите малцинства и што треба да презема нашата држава, соработката со дијаспората, евроинтеграциите...
По околу една година, при крајот на летото 2004, повторно ме повика Митрева и ми предложи да бидам амбасадор во Москва! Тоа беше гром од ведро небо и повторно понуда којашто не се одбива! Во меѓувреме, власта беше жестоко критикувана во медиумите дека за амбасадори испраќа аматери а не професионалци. Во јавноста беше познато дека, конкретно за Русија, дури тројца високи фунционери на СДСМ, тотални дипломатски аматери – ја одбиле понудата.

## КАДЕ СМЕ И ШТО МОРАМЕ ДА НАПРАВИМЕ ЗА ОДНАПРЕД?

Жалосен е фактот дека и во 21 век, по распадот на Југославија, Македонија сè уште војува за опстанокот на македонскиот народ, којшто е на отстрел. Тоа е клучен проблем, на којшто нашата дипломатија мора целосно да му биде посветена. Тоа е главна задача и за државната политика. Во периодот од 2017 до 2024, воопшто не беше така. Македонија, предводена од СДСМ којашто, пак, беше контролирана од ДУИ – капитулира! Државата и народот беа предадени, понижени и посрамени во бројни ситуации (договори и протоколи со Бугарија, Нивици, Тиранска платформа...). Нивните наследници, ВМРО ДПМНЕ, ќе мора да вложат огромни напори, ако сакаат да ја извлечат државата од ќор-сокакот и темниот тунел без излез, во којшто е фрлена во однос на идентитетските прашања и обидите да стане членка на ЕУ. Излез секако има, ама само преку радикални мерки. Безизлезни ситуации – нема. Има само луѓе коишто така се чувствуваат.

Овие предизвици ќе потраат, а наше е кога ќе започнеме енергично да ги отстрануваме. Откако ќе се решат тие, нашата дипломатија ќе треба речиси целосно да се концентрира на економските потреби. Кога политички целосно ќе се етаблираме на меѓународната сцена, дипломатите ќе треба да бараат – странски инвестиции, зголемување на нашиот извоз, секаква помош за нашите фирми, развивање на научно–техничката соработка, обезбедување на што поголема странска помош и фондови за развој на државата... Тоа е поле коешто нема граници и ангажманот на нашите дипломати ќе биде од огромно значење за земјата. Тогаш полесно ќе се цени и нивниот конкретен придонес.

Наша трајна определба мора да биде копирање на туѓите искуства, коишто можат да ни користат. И денес, кога во земјата ќе се дефинира некој проблем, МНР треба да испрати циркуларна телеграма или електронска пошта до сите ДКП, со конкретни и детални прашања за коишто треба да се бараат одговори од институции во земјите на прием, за нивните искуства и начини на коишто тие ги решиле или ги решаваат нашите предизвици. Тоа е

една од улогите којашто трајно треба да ја игра нашата дипломатска мрежа во странство.

*.*.*

За разлика од сите други државни служби, дипломатската се одвива и дома, ама и во други земји, преку ДКП коишто се распрскани низ светот. Стара пракса е државите да се признаваат меѓу себе и да воспоставуваат дипломатски односи. Тоа се технички прашања, доколку нема причини за поинакво однесување. Дипломатските односи и не мора веднаш да се воспостават ако, на пример, се работи за оддалечени земји, од различни хемисфери. Ако веќе се воспостават, и има интерес, следува отворање ДКП – канал за официјална комуникација. САД, на пример, имаат 290 дипломатски мисии низ светот, додека Франција има и повеќе – 332. Македонија има – 62! Бројот на мисии е резултат на надворешнополитичките интереси и амбиции на секоја земја, ама фактор се и финансиските можности. Дипломатијата е скапа работа.

На билатерален план, ДКП служат како директна врска меѓу двете земји и работаат на развивање на меѓусебните односи. Прво се отвораат амбасадите и, ако има потреба, се оди и на отворање конзулати, обични или генерални, а можно е и отворање културни и информативни центри. Откако ќе се отворат амбасадите, логично е да се разменат и амбасадори.

Кадровски, ДКП се димензионираат според значењето на државата во која се. Ако се знае дека дипломатијата е пред сè привилегија и алатка на големите и на развиените земји, станува јасно дека малите и сиромашните држави имаат ограничен број на ДКП и, обично, тие се со мал или минимален број на дипломати и помошен персонал. Тоа го одредува и нивиот реален капацитет за извршување на секојдневните задачи.

Поголемите американски амбасади низ светот, на пример, имаат повеќе вработени отколку што има вкупно нашето Министерство за надворешни работи! Таква е, на пример, нивната Амбасада во Лондон. Кога ќе се знае тоа, сè друго станува јасно. Сепак, тоа не значи дека малите и сиромашните држави се декор во меѓународната дипломатска арена. Тоа во никој случај не ја

намалува нивната улога и значење за сопствените земји. И мала, ама добро обучена професионална дипломатија, може да биде од голема корист. Впрочем, потребите и интересите на малите и сиромашните држави се помали и полесно се извршуваат.
Клучен услов за успешна дипломатијата се – министерствата за надворешни работи. Од нивната организираност и функционирање директно зависат резултатите на ДКП.
Впрочем, таму и се подготвуваат дипломатите. Мора да се знае дека моќните и развиените држави или, поточно, сите добро организирани, на своите ДКП секојдневно им испраќаат куси ама богати прегледи на најважните информации од сопствената држава, за главните настани во светот, како и селектиран дел од добиените телеграми од другите ДКП, коишто можат да бидат интересни за нив. Меѓу обезбедените информации, најчесто се и прегледи за случувањата во ООН, во Њујорк, којшто се смета за светски дипломатски центар.
Тоа се настани од интерес за целиот свет, коишто дипломатите треба нагласено да ги знаат, иако ООН полека ја губи својата улога во светската политика.

Со оглед дека информираноста е главна одлика на секој дипломат, јасна е предноста која ја уживаат колегите од моќните земји. Добрата информираност е прва карактеристика, преку која се селектираат соговорници и пријатели, и во земјата домаќин и меѓу странските колеги, што е клуч за успех во работата. Втората потребна карактеристика е – аналитиката. По првиот разговор, и по првите искажани оцени, искусните дипломати знаат со кого си имаат работа. И, веднаш – те запишуваат или те отпишуваат. Предноста на дипломатите од големите и развиените држави не е само во нивната информираност. Тие добиваат и детални инструкции од своите МНР на што треба да посветуваат особено внимание, што да испитуваат кај земјата на акредитација, што да проверуваат, какви иницијативи да покренуваат, за што да бараат поддршка... Во целина, кога дипломатите на овие држави се на служба во ДКП, и не мора да бидат многу самоиницијативни бидејќи од нив постојано се бараат соодветни анализи и информации и така се тие цело време ангажирани.

Во малите и сиромашните држави, како нашата Македонија, состојбите се сосема различни. Ние, ем располагаме со мали ресурси ем, што е најважно, немаме доволно искуство како тоа да се надомести бидејќи ни недостасува соодветна организација. За многу нешта, преку кои нашите диломати би ги зголемиле своите објективни капацитети дури и за 50 проценти – не се во прашање пари туку, пред сѐ – добра организација. На пример, и во земјите како Македонија не е тешко да се организира снабдување на сите ДКП со соодветни информации – треба само да се знае како. Исклучително корисно би било, подготвените информации за ДКП да се дистрибуираат и до членовите на Владата и до други високи функционери. За сите нив, тоа би била огромна помош и заштеда на време. Без соодветна организација, работите се дуплираат. Место едно лице во МНР да го чита светски познатиот „Економист", и од него да го издвои најактуелното и со електронска пошта да го испраќа тоа до сите ДКП, за коишто тоа може да биде важно, треба сите одвоено да го читаат магазинот! Клучниот проблем е што најголем дел од нашите дипломати и нема да го читаат овој светски познат и корисен неделник, којшто третира теми од цел свет. Така, тие нема да знаат за актуелности, ама и за факти и аргументи, коишто би требало да им се познати. Тоа е хендикеп. А финансиските можности диктираат дека не можат сите ДКП да се претплатат на магазинот! Не сум сигурен ниту дали МНР е претплатено, за масата диломати таму да може да го чита? Сега е можна и електронска претплата, која би се користела и од вработените во МНР и во ДКП?
Само на прв поглед може да изгледа дека ова се ситни пречки за поефикасно и поквалитетно делување. Напротив.
Во нив лежи суштината дека е потребен иновативен ангажман на сите вработени во МНР и во ДКП. Затоа, клучно е пред сѐ да се селектираат најквалитетните кадри за работа во МНР. Само со најдобрите се успева – во сѐ, а сега дипломатијата ни е клучна. Многу е веројатно дека нашите дипломати во ДКП не примаат никакви селектирани информации. Речиси е сигурно дека тие немаат поим што се случува во ООН. Инструкциите, пак, што да се работи, на што да се посвети внимание, што да се бара од

надлежните во земјата на акредитација... веројатно се ретки, дури и – незамисливи. Освен во исклучителни прилики.
Исклучително е важно МНР редовно да врши оцена на работата на ДКП. За да се знае каде сме, има ли резултати и кој колку вреди. Без тоа, нема напредок. Оцените треба да бидат барем на годишно ниво. Треба да се оценува и работата на секој вработен во нив, што е задача на шефот. Секое ДКП ја чини државата сериозни средства, и затоа мора да се бара и резултат. Во наши услови, вработените во ДКП се – привилегирани, и затоа треба да се контролира нивната работа. Имаат пристојни примања, бесплатни станови, сè им е речиси без царини и даноци... И, ако во такви услови немаат резултати... Покрај тоа, во денешни услови, од нивниот ангажман зависи и иднината на земјата.
Силен е впечатокот дека, барем во голем дел, кај нас сè е оставено на самите дипломати. Тие треба сами да се снаоѓаат, што е сериозен хендикеп. Тоа е, меѓутоа, и силен предизвик за нив – максимално да читаат за да бидат информирани, неуморно да истражуваат за темите коишто се актуелни и во сопствената и во државата на акредитација, ама и глобално... Колку од нашите дипломати го прават тоа е – друго прашање. Клучен проблем е што дел од нашите амбасадори немаат искуство, и не се подготвени за квалитетно извршување на функцијата. Тоа важи и за (добар?) дел од дипломатите, и директно се рефлектира и врз ДКП, ама и на дипломатијата во целина.

*.*.*

Додека информираноста е капиталот на дипломатите, анализите се нивната основна алатка. Поточно, тоа е – зборот. Врз таа основа тие меѓусебно се ценат, а тоа е и главниот критериум врз кој тие меѓусебно се избираат. Уште на првиот состанок се согледува и кој е добро информиран, и кој е добар аналитичар. Така, веднаш се одбираат корисни соговорници, било меѓу претставниците на земјата домаќин, било меѓу другите дипломати.
Јавните информации се одличен индикатор за темите коишто се од интерес во конкретната земја. Ако темелно се следат јавните гласила, може да се најде речиси сè што е релевантно за земјата домаќин. Преку нив, се доаѓа и до работи коишто се сметаат за

доверливи, иако за таа цел мора да се чита и меѓу редови, и да се прави мозаик од повеќе елементи. Обично, тоа се сегменти коишто излегле од контрола на властите, и можат да бидат насока во која треба да се истражува. Тие елементи се одлична основа, ама и повод за разговори на официјално ниво заради прецизирање и дополнително елаборирање на протечените информации. Се разбира, доколку се тие од посебен интерес за сопствената земја.
При следењето на јавните медиуми, освен стриктната селективност на расположивите информации, мора да се води сметка и за нивната употребливост. Настани, или афери, коишто се актуелни, дури и драматични за земјата домаќин, не треба да импресионираат и за нив долго и широко да се информира сопственото МНР. Тоа треба да се одбележи кусо, да се даде соодветна анализа за целта и актерите, дали е вклучен странски фактор... Потоа, треба да се следи развојот. Ако тие настани немаат некаква позначајна врска со сопствената земја, третманот мора да биде – соодветен.
Доколку тие настани се на кој било начин поврзани и со сопствената земја, тогаш третманот мора да биде адекватен. Инаку, и врвни дипломати „паѓале“ на силни афери што ја треселе земјата домаќин, коишто немале врска со сопствената, а тие опширно известувале за нив.
Освен контакти со функционери на земјата домаќин, вклучувајќи и од политичките партии, исклучително корисни се и врските со новинари, аналитичари, интелектуалци... Посебно значење има и размената на информации и анализи и со колегите од дипломатскиот кор.

*.*.*

Како резултат на нивото на нашата дипломатија, секој дипломат мора да биде свесен дека, кој и да биде амбасадор, во најголем дел своите работни задачи треба да си ги одредува – самиот, и според описот на своето работно место, ама и пошироко. Во нашите ДКП има малку дипломати и горе-долу, сите треба да работаат – сè. Тоа значи дека самоангажирањето и самоиницијативата мора да бидат главни мобилизатори. Не треба да се чекаат само задачи од амбасадорот.

Во богатите и моќните држави, како и кај тие со подолга државотворна традиција, по правило, дипломатијата е занает којшто се почитува и признава. Дипломатите се главно професионалци, коишто во МНР градат животни кариери и така го учат занаетот. Во добар дел од државите, во дипломатските коридори речиси и да нема нафрлувања од страна, врз која било основа. Тоа многу често важи и за самите амбасадори коишто, во најголем дел, се дипломати од кариера. Исклучоци се можни ама тие не се чести. Во САД, на пример, има амбасадори коишто се политички избраници, често и од самиот претседател. Трамп, се чини, го прави тоа дури и – помасовно. Меѓутоа, во принцип, во нивните ДКП има едно чудо врвни професионалци коишто им ја олеснуваат функцијата на новодојдените. Впрочем, и така избраните американски амбасадори не се извадени од нафталин туку се признати и докажани општествени работници со широки и практични искуства, спремни за секоја функција. Тие секако не се медицинари. Какви што има кај нас.
Сосема спротивно, кај малите, недоволно развиени и сиромашни држави (најмногу по дух, искуство и знаења), каде дипломатијата е атрактивна функција, амбасадорите често не се професионалци. Меѓу „дојденците“, обично, може да се најде сè и сешто, главно – нереално амбициозни лица.
Македонија е пример за таква дипломатија. Недостига објективна кадровска политика, во која нема лични и партиски интереси и слични злоупотреби, кога се избираат најдобрите.
На времето беше познато дека амбасадорите се одредуваа со политички договор меѓу партиите. Тоа беше директно игнорирање на улогата на државата, што во Кривичниот закон се нарекува – злоупотреба на службената должност! Затоа имавме и едно чудо срамни скандали. Во Анкара, на пример, за амбасадор испративме директор на поштата во Битола!
Замислете го неговиот разговоро со „султанот“ Ердоган! Ако го снимиле, што е веројатно, би требало барем нам да ни го прикажат филмот.

*.*.*

Вистинската дипломатија не е во министерствата за надворешни работи, каде ангажманот е во добар дел чиновнички, туку во ДКП, каде се градат вистинските дипломати.
Таму се учи занаетот. Меѓутоа, пред да се оди за првпат во ДКП, потребни се добри претходни подготовки дома. Секое МНР мора да има развиен систем за подготовки на дипломатите, било преку испити, курсеви, предавања...
Познато е дека во САД, дипломатите се одредуваат каде ќе работаат околу една година пред заминувањето на должност. Покрај другите подготовки, тие се обврзани да го учат и јазикот на земјата домаќин! Во подготовките, не се дозволени импровизации. Тие мора да бидат осмислени, а на дипломатите да им се одреди новата должност барем шест месеци пред заминување. Така се намалува периодот на загубено време.
Пред упатувањето на должност, на пример, амбасадорите коишто не се од кариера, туку се уфрлени во службата, би било неопходnо да бидат упатени на интензивни подготовки, во траење од најмалку недела дена. Тие подготовки би ги воделе поранешни амбасадори, со подолго искуство, можеби најдобро – веќе пензионирани! Би се реализирала конкретна, добро осмислена програма. Овие подговотвки би требало да се организираат на практична, а не на теоретски основа. Најдобро би било системот да се сведе на импровизирање на една амбасада, со симулирање на нејзините активности. Тоа би можело да се организира и за повеќе амбасадори истовремено.
Воопшто не би било лошо такви работилници да се организираат и за дипломатите на пониско ниво, и не само за тие што првпат одат на служба во ДКП. Ако тоа се воведе како постојана пракса, низ која би врвеле сите дипломати, од голема корист би било на нив да се канат и истакнати амбасадори од странство, вклучувајќи и пензионирани, како техничка помош. Дел од активностите би можеле да бидат и во вид на дебати на одедени теми.
Сепак, личното самоизградување не може со ништо да се замени. За таа цел, мора да се читаат многу дипломатски книги, пред сè мемоари на светски познати дипломати, министри за надворешни

работи, политичари. Еве само неколку – Ли Кван-Ју, Кисинџер, Бејкер, Холбрук, Аренс...

*.*.*

Југославија беше посебен случај. Нејзината дипломатија беше од светски ранг. Во Сојузниот секретаријат за надворешни работи имаше развиен систем за усовршување на дипломатите, со испити за секоја повисока категорија.

Најдобар доказ за тоа беа врвните експерти коишто беа признаени и ценети и во Организацијата на обединетите нации, каде тогаш се прекршуваа голем дел од светските проблеми. Без оглед дали се работеше за правни аспекти, за разоружување, за економски развој, за земјоделство... во сите релевантни области учестваа општо признати и врвно ценети претставници на Југославија. Државата не беше голема ама водеше активна меѓународна политика и дури се наметнуваше како важна светска дипломатска сила. За таквиот статус на државата, во голема мера придонесуваше личноста на Тито, вклучувајќи ја и неговата улога во Движењето на неврзаните држави. Тој навистина беше лидер од светски ранг и како таков го примаа и го признаваа сите. Малку е познато дека Тито патуваше без пасош, бидејќи се сметаше за граѓанин на светот. Може само да се замисли каков проблем беше тоа за САД – да дозволат тој да влезе без пасош!? А, го канеа!

*.*.*

Бидејќи конкретните примери се секогаш најдобри, еве го и личното искуство. На почетокот од кариерата во Сојузниот секретаријат за надворешни работи (ССНР) на Југославија, во Белград, започната во далечната 1971 година, една цела година поминав во полагање разни дипломатски испити. Покрај англиски јазик, на потребно дипломатско ниво положив и француски.

По година дена интензивно учење, при крајот на 1972, се спремав да заминам на работа во ДКП. Размислував каде и што, свесен дека до некое од најголемите ДКП, коишто се обично во главните и, најчесто, најразвиени земји – тешко се стигнуваше.

Конкуренцијата беше голема и, за разлика од другите републики, коишто одлучно ги поддржуваа своите кандидати, Македонија не покажуваше интерес за нас, поситните „риби“. Скопје се

ангажираше само кога беа во прашање – амбасадорите. Или, за „свои“ деца. Тоа беше сериозна грешка.
Еве и конкретен пример: кога кај еден помошник-министер, Хрват, се интересирав за одредено место во една голема амбасада, објавено на конкурс, тој одлучно, да не речам грубо, ми одговори – тоа е планирано за Хрват! Таква „резервација“, нека биде и „планирање“, не беше ниту замисливо од ниту еден Македонец на висока функција во Секретаријатот, ако беше друг Македонец во прашање. Сите тие беа прво и главно – поголеми Југословени од сите и, што е клучно, се плашеа за своите кариери, да не ги прогласи некој за македонски националист! Комплекси, што друго!
Поентата е дека бев заинтересиран за голема амбасада само заради можноста таму да се учи занаетот. Во барањето соодветно решение, стана јасно дека има можност да се оди само во Кина, каде во Амбасадата имаше 10 дипломати, исто како и во Лондон, Париз, Вашингтон... Беше познато дека условите за живот во Пекинг беа тешки, и затоа интересот да се оди таму беше – мал. Местото беше трет секретар, иако можев без проблеми да конкурирам и за втор.
Во тој период, во ССНР се подготвуваше и новиот амбасадор за Лагос, Нигерија, инаку Србин од Војводина. Тој доаѓаше од политиката, а не беше дипломат од кариера. Се запознавме и воспоставивме многу добра комуникација.
Човекот беше од секој аспект без замерка, освен што немаше дипломатско искуство и знаења. На крај, ми предложи да одам со него во Лагос, како прв секретар. Тоа место беше празно и тој бараше соодветен кандидат, со кого заедно би работел.
Предизвикот изгледаше голем – ама не беше вистински. Место прв – решив да одам за трет секретар!
Свесен дека од симпатичниот Србин од Војводина нема што да се научи во дипломатијата, а ниту од другиот дипломат, кој веќе работеше во Нигерија, а тоа беше мојата главна задача во тој период, решив да одам во Пекинг. И разликата во плата не беше мала, а да не зборуваме за статусот со којшто се почнуваше. Во секој случај, тоа беше исклучително мудар потег. Во Пекинг имаше што и од кого да се учи. Многу други колеги од

генерацијата, заради повисок статус, одеа во помали ДКП во коишто немаа од кого да учат, и никогаш не се развија во вистински дипломати.

*.*.*

Веќе нагласивме дека главна задача на дипломатите се контактите, особено со функционери од земјата на прием.
Кога се тие на повисоко ниво, и кога се вршат врз основа на инструкции од сопствената земја, мора темелно да се подготвуваат. Најдобро е да се спреми и потсетник, во којшто би се нотирале приоритетните прашања коишто треба да се покренат. Оптимално би било ако на соговорникот му се остави кус документ, на пример во вид на ед мемоар, во кој би се прецизирале изнесените ставови ама и очекувањата по разговорот, доколку ги има. Тоа е врвна дипломатија, без импровизации. По правило, на средби на високо ниво, амбасадорот го придружува уште еден дипломат којшто води белешки за разговорот. По враќањето во Амбасадата, тој подготвува соодветна белешка за главните елементи а, по потреба и во договор со шефот, и телеграма за МНР.

И во сите вакви и слични ситуации, клучна е способноста да се постават соодветни прашања. Како што вели народот – на паметни прашања, тешко се добиваат мудри одговори!
На дискретен и софистициран начин, соговорникот треба да се наведе најпрецизно да ги елаборира нивните ставови. За таа цел, ако е опортуно, треба да се делат и комплименти.
Било за соговорникот, било за нивните политики. По вакви разговори, исклучително е важна и последователната анализа, кога се прави детална белешка од разговорот. При тоа, може да се согледаат многу важни детали, коишто претходно не паднале во очи. Сето ова е важно бидејќи искусните политичари се многу вешти во избегнувањето конкретен одговор.

*.*.*

Праксата на оставање документ после разговор со висок функционер, треба да ја користат и политичарите. Особено во ситуација во каква што денес (2025) се наоѓа Македонија, во врска со блокадите и уцените од страна на Бугарија, политиките на ЕУ во

однос на нашето членство, и на слични теми. Практично, ние сме под жестока бугарска агресија врз фундаменталните интереси на македонскиот народ, којашто е широко поддржана од странците, и нашата борба се сведува на обид за преживување. Затоа, по сите формални состаноци во Брисел, Вашингтон, Париз, Берлин... по разговори со важни гости од странство, на сите соговорници коишто се на високи позиции, треба да им се дава било Меморандум, било ед мемоар, во кој би биле прецизирани нашите ставови, барања и очекувања. Само така може да се бориме за правда и излегување од ќор-сокакот во кој сме фрлени, во голема мера и со наша активна, ама предавничка – улога. Само на тој начи другата страна ќе има некаква улога/задача/обврска... да ги следи нашите проблеми и очекувања и, евентуално – да помогне, во рамките на своите можности и интереси. Ако не се остави некаков докуменет, средбата била во голема мера само губење време. По неа, соговорникот сигурно нема да се навраќа на нашите предизвици.

*.*.*

Доколку амбасадорот е сам на средба, или доколку разговара во некој друга прилика (на прием, вечера...) со некој висок функционер, или колега амбасадор, а добиената информација е релевантна за сопствената земја, тогаш МОРА веднаш по разговорот, или во првата можна прилика, да се забележат основните елементи. Ако е нешто особено важно, тоа треба на лице место да се запише. Ако е потребно, и со привремено одвојување настрана. Ако тоа не е можно, треба да се запише најдоцна кога ќе се дојде до колата, пред да се тргне, или да се застане на првото можно место... Истото важи и за сите други дипломати во слични ситуации. Исклучително е битно да се нотира оригиналната формулација на соговорникот бидејќи и покрај најдобрата меморија, финесите на добиеното се губат и се разводнуваат со текот на времето. Тоа е клучно, особено кога се работи за чувствителни прашања.
Воопшто не е незгодно дури и на лице место, веднаш, да се запише точната формулација. Во одредени прилики, може дури и да се

праша – нема да ми замерите ако го запишам ова што ми го кажавте. Тоа го прават сите искусни дипломати.
Во вакви прилики, кога се работи за важни пораки, за да нема можни недоразбирања, може и да се праша – ако добро Ве разбрав, можам да ја известам мојата Влада дека вие се согласувате/подржувате/немате ништо против/се залагате за...
Повеќе часови по разговорот, или утредента, нема шанса прецизно да се забележат главните елементи кои можат да бидат исклучително важни за сопствената земја.
Ќе има колебање – дали тој рече веднаш или наскоро; дали тие имаат само разбирање или го подржуваат тоа; дали ќе се ангажираат во иста насока или со интерес ќе го следат развојот...

*.*.*

Добиените информации, ДКП треба да ги селектираат по степенот на корисност за сопствените институции, а потоа и по степенот на доверливост. Нивото на доверливост го одредува шефот.
Телеграмите кои носат ознака доверливо или строго доверливо мораат да се испраќаат со крипто заштита.
Без тоа – нема доверливост. Смешно е кога телеграми, коишто носат ознака доверливо, се испраќаат отворено!
Бесмислено е и кога со степен на доверливост се означуваат информации кои се добиени од јавните гласила. Ова не е редок случај, ама е чист аматеризам! Ова важи и за случаи кога доверливи документи веќе се објавени во медиумите.
Со самото тоа, тие го губат степенот на доверливост.

Во принцип, ниту една телеграма испратена до МНР не треба да биде подолга од една страница. Информацијата треба да биде навистина телеграфска! Инаку, се губи смислата. Сепак, ако мора да се премине на втора страница, тогаш треба на почетокот на текстот да се даде кратко резиме, во пет, шест реда. МНР не смее да се загушува со небитни информации. Затоа, мора да се информира кусо, со оцена и со јасни поенти, со што ќе се овозможи оперативност и во функционирањето на дипломатијата, и на раководството на земјата. Предност мора да има квалитетот на информирањето, а не квантитетот.

*.*.*

Кога шифрираните, ама и другите телеграми и електронски пратки од ДКП пристигнуваат во МНР, се врши нивна селективна дистрибуција. Според употребливоста, тие треба да стигнат до највисоките функционери за коишто информацијата може да биде релевантна, во нивната работа.
Општа пракса е сите што прочитале доверлив документ – да се потпишат на него. Тоа важи и во амбасадите. Тоа е начин да се обезбеди доверливоста и да може да се бара изворот, ако тајната „избега“.
Во организираните земји, највисокото раководство на земјата секој ден има избор од најважни телеграми примени од ДКП. Најчесто е тоа во вид на еден или повеќе билтени.
За време на Југославија, се дистрибуираше црвен билтен, со најважни телеграми, а имаше и син, со помалку важни.
Имаше и економски билтен. Периодично, се правеше статистика на телеграмите објавени во билтените. Тоа беше одреден индикатор за нивото и квалитетот на работата на ДКП, и нивна своевидна категоризација. Не е познато дали кај нас има таква пракса? Ако нема, треба да се воспостави.
Изворно ми е познато дека, барем на времето, на работната маса на премиерот на Бугарија секое утро се наоѓал избор од 10-тина најважни телеграми добиени од амбасадите.

*.*.*

Факт е дека дипломатите комуницираат со својата централа, МНР, преку телеграми, белешки и анализи коишто мораат да бидат максимално – куси! Нив треба да ги читаат лицата коишто се најзафатени во државата и немаат време ни да ги погледаат а камоли да ги читаат. И ако не се куси, тие ја губат својата функција. Ова не е совет само за дипломатите: пишувајте што покусо и поконцизно, ама – разбирливо!
На оваа тема има и приказна, поврзана со Ленин, што не мора да биде точно. Тој пишувал некому писмо и му нагласил – извини, немам многу време и затоа ќе бидам – опширен! Објаснувањето е сосема точно.
Пледирањето за кусо, ама разбирливо известување, потсетува на праксата на јапонскиот дневен весник Асахи Шимбун, којшто во

1970-тите имаше тираж од преку 10 милиони. Пракса на весникот беше сите текстови да бидат – куси. Чинам, имаа и ограничување на бројот на карактери кои можат да се искористат во еден текст. Објаснувањето беше мошне карактеристично за овој далекуисточен џин – поарно е, и поекономично, новинарот да потроши два и три дни повеќе во сублимирање на текстот отколку еден, два, три... милиони читатели, непотребно да потрошат неколку секунди повеќе во негово читање!
Не минути, секунди! Логиката е чиста и неспорна. Таму, времето е – пари. Воопшто не чуди зошто на тоа се сетиле (токму) Јапонците! Во 1960-тите години, Јапонија го направи првото светско економско чудо на Далечниот Исток. По Втората светска војна, во којашто таа беше на погрешната страна и тешко оштетена, Јапонија бргу се консолидира и почна забрзано да се развива. Така беше благодарејќи на човечкиот капитал со којшто располагаа. На почетокот на 1960-тите години, се оценуваше дека според економскиот развој, Југославија беше на ниво на Јапонија. Каде стигнаа тие потоа, е добро познато.

*.*.*

Една од редовните обврски на сите ДКП е да го следат третманот на својата земја во локалните медиуми, и за тоа редовно и со оцена да известуваат. Мора да се знае дека власта во сите земји има специјален однос со медиумите.
Никаде нема целосно слободни медиуми! Во прашање е само процентот на – (само)контрола! Врвот на цензурата е токму – само контролата. Во одредени земји, третманот во медиумите на земји како Македонија е резултат на конкретни брифинзи од политичарите, дури и на директно дадени задачи како да пишуваат. Нагласено, таква е состојбата во соседните земји.
Во случајот на Македонија, така е во Албанија, Бугарија, Грција... Генерално, никаде не се пишува многу за Македонија, ама тоа мора внимателно да се следи. Има и соодветни сервиси за press clipping, коишто обезбедуваат целосен увид во домашните јавни медиуми, на која било тема. Препорачливо е за таа услуга да се направи претплата. Тоа мора да биде обврска, на пример, во САД, ама и во Канада, како и во сите европски држави. Сите текстови

објавени за нашата земја, поединечни или во склоп на теми за регионот, нашите ДКП треба да ги архивираат и да ги чуваат. Копии од позначајните објавени текстови треба веднаш да се проследуваат до МНР.
По некое време, преку МНР, сите овие текстовии треба да се испраќаат во Архивот на Македонија.
Третманот на нашата земја во медиумите е (најчесто!) најдобар индикатор за односот на земјата домаќин кон нашата земја. Во голема мера, медиумите ги манифестираат размислувањата, ставовите, оценките, плановите... на раководството на земјата домаќин, или на значајни и влијателни средини, кругови, лоби групи... Ова нагласено важи за соседните земји при што не треба да се исклучи и можноста одредени пораки за нашата земја, макар како најава, особено за посуптилни проблеми, да ни бидат упатени токму преку локалните медиуми. Тоа е стара и традиционална дипломатска пракса. Како што вели народот – ти кажувам ќерко, сети се снао.
Темелното следење на јавните медиуми во земјата на приемот претпоставува и брзо реагирање на сите некоректности и/или неточности, биле тие намерни или не, кои се објавени во нив, во врска со сопствената земја. Тоа може да биде во вид на демант, дообјаснување, допрецизирање... дури и во вид на протест, ако има индикатори дека тоа се прави намерно, или се повторува. Според објавеното, се одлучува дали треба да реагира шефот на ДКП-то, или некој од другите дипломати, особено ако има официјално прес-аташе.

*.*.*

Има уште една трајна задача за дипломатите на земји како Македонија. Тоа е повремено да се проверува во локалните книжарници дали има објавено книга посветена на нашата земја, или за Балканот, без оглед дали во книгата има и дел за нас. Ако се појави такво нешто, треба да се купуваат по неколку примероци и да се доставуваат до МНР. Еден примерок може да остане во библиотеката на МНР, еден да се даде на Универзитетската библиотека и еден, евентуално, на Библиотеката на МАНУ. Кога е некаде објавена книга за Македонија, врвно би било да се задолжи

некој од МНР да направи кус осврт на истата, тој да се дистрибуира и во МНР, и до релевантни институции (претседател на државата, спикер, премиер, до одредени министерства, ИНИ...). Корисно би било кус осврт да се објави и во јавните медиуми, за да се дознае пошироко дека има такво нешто. Тоа би било успех и за МНР, и за соодветната амбасада, и корисно за земјата.

*.*.*

Големите сили, и не само тие, не избираат начини како да ја зајакнат својата меѓународна позиција. Нивните дипломатии работат турбо, на секој план, и на своите држави им обезбедуваат драгоцена помош за реализација на националните интереси. Не треба да биде спорно дека тие многу често ги користат, поточно – злоупотребуваат, и своите тајни служби заради постигнување на зацртаните цели. Длабински, тие ги следат сите чекори не само на своите противници и ривали, туку и на своите партнери. Беше откриено, на пример, дека американските служби го прислушкувале телефонот на германската канцеларка Ангела Меркер! Така, врз основа на сите расположиви елементи, тие градат непогрешлива слика за односот на која било друга земја кон нив. САД, на пример, водат стриктна евиденција и статистика како секоја земја гласа во ООН, во однос на нивните иницијативи и интереси. Може да се каже дека за Вашингтон е тоа клучен показател кој им е пријател, а кој не. На времето, тој индикатор го одредуваше и нивото на помошта која тие ја доделуваа на другите земји. Веројатно и сега е така. Малку се знае, на пример, дека шефот на американската Мисија во ООН, со звање амбасадор, е член на американската Влада, со која раководи претседателот на САД! Најчесто е така, иако не кај сите претседатели. Затоа, воопшто не е случајно што се САД главен фактор и во СБ на ООН, и во Организацијата во целина. Тоа се покажа и при нелегалното суспендирање на нашето име во СБ на ООН.

*.*.*

Познато е дека и сите земји ги прислушкуваат странските дипломатски мисии, особено амбасадорите и дипломатите коишто се бават со разузнавачка дејност. Сите се веќе навикнати на тоа. Едните се трудат што повеќе да ги заштитат информациите до кои

дошле, односно нивниот трансфер до сопствената земја, а земјата домаќин настојува да дознае што повеќе за работата на странската ДКП.
Познат е примерот од пред доста години, кога новоизградената американска амбасада во Москва, која ја градеа сами и со материјали специјално донесени од Америка (секоја тула била одвоено спакувана), никогаш не беше вселена бидејќи Русите успеале да вградат прислушни апарати.
Или, уште еден случај од Москва, од времето на биполаризмот и советско-американскиот ривалитет. По некој повод, Никита Хрушчов му подарил скапо пенкало на американскиот амбасадор, коешто тој го држел на својата работна маса. Но, пенкалото не било обично: во него бил вграден предавател! Амбасадорот, веројатно горд на подарокот, не ја спровел обврзувачката безбедносна процедура и кога американската безбедност открила што има во пенкалото, стана голем скандал.

## КОЈ И ЗОШТО ЈА ДЕВАЛВИРА НАШАТА ДИПЛОМАТИЈА?

*(Октомври, 2014)*

Дипломатијата е елитна служба на секоја држава. А во услови кога сме ние меѓународно оспорени, МНР мора да биде водечка институција За големите држави, дипломатијата е силна алатка за реализација на нивното влијание на светската сцена. За малите, пак, тоа е начин за преживување и опстанок. Случајот со Македонија е крајно специфичен, и сигурно ќе се изучува на светско ниво бидејќи нелегално ни е суспендирано уставното име, наметната ни е некаква референца и, без никаква основа, оставени сме без целосен меѓународен правен легитимитет. Тоа дава призвук на привременост на државата а плус имаме и блокада и уцена од Брисел, што присилува на логичен заклучок дека – ништо не е случајно!

Токму затоа, на најенергичен начин, мора да направиме сѐ за што побрз излез од ќор-сокакот.

Нашиот предизвик е – да се биде или не! И за државата, уште повеќе за македонскиот народ. И, што правиме ние? Ја сечеме дипломатијата, за да заштедиме! Просто да не веруваш! А, за надминување на судбоносните предизвици со коишто сме соочени, мора да се вложува колку треба, без да се брои, за да се надмине безизлезот во кој сме фрлени, и со наша вина.

Не треба да имаме никакви дилеми дека, во моментов, за државата Македонија нема поголем приоритет отколку решавање на проблемот со името. Без тоа, загрозена е иднината на земјата, и од надвор и од внатре. Во ултиматумот на Вашингтон и Брисел – прво (промена на) името, потоа членство во НАТО и ЕУ, се крие нивната визија за државава којашто за нас е апсолутно неприфатлива. Веќе нема и не треба да има никакви дилеми – прекрстувањето на државата е заради разнебитување на македонскиот народ.

Овој проблем е посериозен, поопасен и позаканувачки и од сиромаштијата, и од невработеноста, и од ровитите меѓуетнички односи... Сите тие се и во функција на името бидејќи, ако не се

реши тоа, истите уште повеќе ќе се заоструваат, што веќе се случува, и земјата ќе оди во неповрат!
Токму затоа нашите „партнери“ го држат проблемот со името отворен! Од тие причини, неговото решавање или, барем, премостување, налага концентрирање на сите расположливи кадровски, политички и финансиски капацитети. Тука нема место за штедење.
Проблемот со името е крајно сложен и затоа е актуелен веќе речиси четврт век. Од главните фактори е дефиниран како политички, за да ги игнорираат неговите правни димензии. Така е бидејќи правото е на македонска страна а во политиката одлучува – силата којашто е, нормално – кај другите. Бидејќи Грција и нејзините пријатели намерно го интернационализираа проблемот, и тој сега има меѓународен карактер, решението мора да се бара на максимално проширен дипломатски начин, што е наш тежок хендикеп. Затоа, носител на сите наши активности мора да биде – Министерството за надворешни работи.
И, место сè да биде сконцентрирано во нашата дипломатска служба, таа секојдневно да зајакнува и да биде во постојана офанзива, ние ја девалвираме! Како некому да му пречи?! Директно работиме во корист на сопствената штета.
Како поинаку да се толкува фактот што веќе подолго време немаме амбасадори во Вашингтон и Москва, од неодамна и во Берлин а во голем дел од ДКП има само по еден или (дури!) два дипломати, кои не можат ништо суштинско да направат!
Да се плаќаат огромни кирии, возачи, секретарки... со еден дипломат – е недомаќинско фрлање пари. Амбасадите треба да бидат или функционални, а тоа значи кадровски опремени, или да се затворат. Трето – нема. Сегашново дереџе не води никаде. Си купил скап автомобил, ама не го возиш – за да заштедиш бензин!
Во нашите услови, да држиш амбасадори и дипломати во Скопје за да заштедиш на платите е чиста глупост. На времето, генијалниот Емерик Блум кој, од неколку гаражи, од сараевски „Енергоинвест“ направи систем од преку 50 модерни и светски признати фабрики, кога зборувал за штедење апелирал – да, мора да се штеди, ама

никако на тоалетна хартија! Инаку, ќе шириме реа и сите ќе нè избегнуваат! Како да сакал нешто и нам да ни порача?
По избувнувањето на кризата околу Украина, која целосно ја промени безбедносната и геополитичката слика на Европа, во разговор со висок претставник на руската Амбасада во Скопје, беше иницирана потребата од зголемен интерес на Москва за регионот. Беше потенцирано дека ако досега и имаа некакви обѕири кон тоталната американска доминација на Балканот, веќе нема простор за било каква апстиненција.
Беше заклучено дека тоа би било корисно и за нив, ама и за Македонија. Мртов ладен, дипломатот праша – а што правите вие во однос на Русија? Немате ниту еден дипломат во Москва! Завршена приказна.
Во дадените услови, кога сè ни зависи од меѓународниот фактор, кога основниот и главен проблем и предизвик за земјата е од дипломатски карактер, ние ниту можеме а уште помалку смееме да го кратиме буџетот на МНР. Во ситуација кога е во прашање судбината на земјата, дури и половина од Буџетот да се потроши за отворање на перспективите за опстанок – не би било никаков ерес. Напротив. Тоа само би спасило да не се потрошат во иднина два, три... пет... буџети – за воени и слични потреби. Дали е тоа разумно или не, нека ценат читателите, ама без да ја заборавaат 2001-та.
Под итно, императив за Македонија е со најспособни кадри да се екипираат сите наши релевантни амбасади и мисии а другите, од коишто нема потреба, ниту резултати, да се затвораат! Во Каиро, на пример. Мора да се ангажира целиот дипломатски персонал што може да помогне. За што побрзо и поквалитетно решавање или, макар, премостување на нашата меѓународна изолираност, крајно време е и во Владата и во МНР, да се ангажираат и странски експерти.
Тоа е клучен услов, ако сакаме да успееме. Исто како што направивме и со апликацијата во судот во Хаг. И, брилијантно победивме! Во спротивно...
Се разбира, и горното е само под услов ако сме спремни паралелно да градиме политика, ама да развиеме и стратегија – што и како

треба да преземеме за да успееме. За однапред, што би рекол Мисирков. Без стратегија, ќе се вртиме во круг.
Не треба да заборавaме дека од 2008-та, од самитот на НАТО во Букурешт, времето веќе не работи за нас. Судбината е во наши раце, а нашето МНР како да спие. Македонија не може да ги надминува своите исклучително сериозни, итни и решавачки за судбината на земјата меѓународни проблеми, со испраќање на партиски војници за амбасадори. Како во Хрватска, на пример. Не може поштар (та бил и директор) да се праќа во Турција. Одредувањето конзули за амбасадори во Москва и Берлин е навреда за тие земји. Во една прилика Москва три месеци не даваше агреман за нашиот нов ама неискусен амбасадор, што инаку се прави за месец дена. Демонстрираа незадоволство. Објективно, нашата меѓународна позиција полека ама упорно слабее. Со тоа ни се ограничува и онака претесниот маневарскиот простор за изнаоѓање прифатливо решение за проблемот со името на државата. А ние, место да го вклучиме алармот и да преземеме сè што е можно за да го промениме таквиот развој – како да сме на друга планета. Додека не е – предоцна, мора да се посвети потребното внимание на овој наш клучен проблем, со итно менување на оваа неумна политика на индоленција.
*P.S.* Интересно е дека на нашиве „глобалисти“, коишто се агресивни кон сè што прави власта, воопшто не им пречи кастрењето на нашите дипломатски капацитети! Ако го кренеа гласот и против оваа самоуништувачка пракса, веројатно и властите ќе се досетеа нешто да преземат! Дали (сосема случајно!) нивното молчење коинцидира со интересите на Вашингтон и Брисел – нашата дипломатија да не бранува, за да не им прави дополнителни проблеми? За нив, впрочем, исто како и за САД, НАТО, ЕУ... не е спорно дека треба да се прекрстиме, да свиткаме ’рбет, што логично претпоставува и дека дипломатија не ни треба. Особено ефикасна.
*P. P. S.* Оваа колумна е објавена во 2014 година. И денас (2025) ситуацијата со нашите ДКП е речиси – иста! Во многу од нив нема амбасадори, бројот на дипломатите е минимален, а проблемите со

коишто е соочена државата на меѓународен план, ако не се и посериозни – се исти како и тогаш.

## ПОГРЕШНИ ЗАМИСЛИ НА МНР Н. ДИМИТРОВ НА АЛСАТ

*(Декември, 2017)*

Никола Димитров како МНР е дел од Влада којашто се чини спремна по секоја цена да го реши грчкиот проблем со нашето име. Обидите да се излезе од ќор-сокакот се секако позитивни, ама тоа во никој случај не смее да биде на сметка на фундаменталните интереси на македонскиот народ.
Некои политичари веќе се изјаснија дека треба да се витка ’рбетот, што е неприфатливо кога е во прашање националниот идентитет на сопствениот народ. Тоа важи за тие што се чувствуваат Македонци. За другите, нема проблем. Во долг интервју на ТВ Алсат, Димитров кажа доста работи кои се крајно дискутабилни.
1. Прашан дали се засегнати идентитетските одредници, Димитров одговори – „предметот на овој спор – нашето име, имплицира страв и токму поради појавените нејаснотии, мораме да најдеме начин да го покриеме тој страв, зашто ќе нема решение“.
Димитров е во право дека проблемот со името имплицира страв заради идентитетските прашања, ама тука нема никакви нејаснотии. Целта е неспорна. Секому треба да му е јасно дека името е идентитетот. Го смениш ли, идентитетот отиде јабана. Стравот објективно постои бидејќи заканата е апсолутно реална. Што заговара Димитров – дека стравот треба да се покрие, за да се дојде до решение? Како да се покрие? Да замижиме ли и да виткаме ’рбет, или да се правиме недоветни, за да се реши случајот? Така звучи мислата. Ако е така, го обравме бостанот. Македонија не смее самата да се залажува бидејќи последиците ќе бидат фатални за народот.
2. Димитров вели – „на Атина ѝ е во интерес да се направи дистинкција меѓу државата Македонија и нејзината провинција Македонија и таа дистинкција треба да биде што е можно поприфатлива за нас, а прифатлива и за нив. Прашање е исто така, каде сè ќе се применува таа дистинкција“?
Во Грција НЕМА провинција со име Македонија и мнозина погрешно го користат тој термин. Тоа најмалку треба да му се

случува на Димитров! Таму има вкупно 13 региони од кои три се: Западна Македонија, Централна Македонија и Источна Македонија и Тракија. Во административна смисла, провинција е многу повеќе од регион. Овие региони, пак, така се именувани во август 1988 година, кога за прв пат Грција започна официјално да го користи името „Македонија“. Целта беше повеќе од јасна – по распадот на Југославија, којшто веќе беше извесен, да го доведе во прашање нашето уставно и историско име! Прво, сите региони имаат географски ознаки (Западен, Централен...), што значи дека тие веќе доволно се разликуваат од државата Македонија и додатна дистинкција воопшто не е потребна. Второ и клучно, имињата ниту на региони, ниту на провинции, не можат да бидат во никаква колизија со името на која било држава. Особено и нагласено во нашиов случај, кога државата тоа име го користи многу, многу подолго од регионите. Држава и регион немаат никаква врска меѓу себе. Значи, Грците веќе го решиле и проблемот со географска додавка (Западна, Централна...) и сега сите непотребно губиме време. Трето, политичката одредница „република“, прецизно ги дефинира границите на државата...

3. Димитров, пак, воопшто не смее да прифаќа да разговара – „каде и како таа дистинкција ќе се применува“.

Таквите манипулации на Нимиц, како и игрите на Атина, покажуваат дека зад сцената има и скриени намери. Тоа се „пакетите“ на медијаторот, коишто единствено можат да се однесуваат на дискретна, нека биде и индиректна промена на националниот идентитет на македонскиот народ, на игнорирање на македонскиот јазик, и сè друго што логично следува. Прифатената „дистинкција“ нема во никој случај да се однесува на, и да завршува само со името на државата, туку и многу пошироко. Тоа е всушност и главната цел на наметнатиот проблем со името – да се избрише македонскиот народ. Никој не треба да биде слеп на тоа, а најмалку МНР.

4. Паралелно, Македонија не смее да ја толерира грчката максималистичка позиција на ерга омнес. Треба веднаш и јавно да им се каже дека врз таа основа нема разговори.

Не сме ние во војна поразени за да мораме да трпиме сè и единствена опција да ни биде целосна капитулација.
5. Димитров рече – „не решавањето на прашањето создава неизвесност, а за стабилноста, за иднината на РМ, важно е да ги отвориме вратите на НАТО и ЕУ. Тепајќи се со Грција нема да успееме. Тоа го испробавме изминатите години“.
Дел од тоа е секако точно, ама зошто министерот со ниту еден збор не спомна зошто е така? Кој ги создава неизвесноста и нестабилноста? Ако веќе не сака никого да обвини, што е само по себе непростлива грешка, барем да спомне дека – името ни е нелегално оспорено, дека не се почитува хашка пресуда, дека НАТО и ЕУ, игнорирајќи меѓународно прифатена обврска на Грција, произлезена од Привремената спогодба, ни поставија блокада, уцена и ултиматум, со грубо користење сила... Зошто нашите клучни аргументи не се спомнуваат? Зошто ја истакнуваме само силата и можностите на противниците, а своите алатки ги игнорираме?
Неизвесноста не ја создава Македонија, туку САД и ЕУ. Тие ни ја блокираат и иднината, сакајќи да постигнат нецивилизациски добивки преку наше прекрстување. Впрочем, ние никогаш не се тепавме со Грција. Ние бевме само жестоко тепани од Атина и нејзините сојузници. Ние сме класична жртва а не предизвикувач на судири, како што изгледа, ама и се чини, според зборовите на Димитров.
За разлика од Димитров, кој е очигледно спремен за капитулација и затоа како да гази на јајца, Коsијас не нè остава во дилеми. Порачува дека името има четири сегменти, вклучувајќи ги и идентитетот на народот, јазикот...
6. Димитров мора да знае дека во резолуцијата 817/93 на СБ на ООН никаде не се вели дека мора да има решение кое ќе биде по волја на Грција. Таму се бара „надминување на разликата околу името“. Зошто ние да не го известиме СБ дека се покажа невозможно да се надмине разликата и дека нашето име не претставува никаква закана за безбедноста на регионот? Поминаа 25 години и немаше ниту еден безбедносен инцидент меѓу двете земји. Медијацијата целосно се потроши и крајно време е да се

прекине и да ни се врати уставното име во ООН, бидејќи Македонија секојдневно трпи огромни штети.
Тоа е начинот за решавање на ова прашање бидејќи договор со Грција, во кој би биле вклучени и минималните интереси на Македонија, едноставно не е можен. Тие сакаат само наше откажување од самите себе и ништо помалку.
7. Димитров вели – „посредникот може да има дилема дали првично да излезе со рамка, која ќе биде флексибилна и ќе може да се дополнува, или со пофинална форма на предлог како документ што ќе врши директен притисок, но ќе носи и поголем ризик поради можноста да биде отфрлен од една од страните“.
Посредникот околу тоа може да има дилема ама Димитров во никој случај не смее. Ние веќе имаме еден „рамковен договор“ кој го уништува македонскиот карактер на државата веќе 16 години и таква глупост не смее да се повтори по никоја цена. Освен, ако некој сака и е спремен да прифати да нè урнисуваат на рати.
Предлогот на Нимиц ќе дојде од Стејт департментот, исто како и Привремената спогодба и Охридскиот рамковен договор, а не од ООН. Тоа значи целта може да биде само иста – да се кутне Македонија. Истото тоа ни се случува веќе четврт век и ако не сме ја научиле лекцијата, заслужуваме – казна. Народот вели – ако некој по втор пат се сопне на ист камен, треба да ја скрши ногата. Било какво „рамковно“ решение од Нимиц може да биде само ужас без крај за нашиот народ. Негово постепено уништување, со докажаната американска стратегија.

8. Димитров вели – „Имам претходно лично преговарачко искуство...“. Зарем е можно министерот да не знае дека е во прашање медијација а тој, како и другите, бил само – офицер за врска со медијаторот? Поточно – поштар. Тој и сите имаат номинација од претседателот на државата за делегати кај медијаторот, а не за преговарачи. Ништо повеќе. Ако биле „преговарачи“, впрочем, според сите правила морале да имаат и платформа за преговори. Без тоа би биле боси по трње. Во дипломатијата, преговори без платформа водат само неписмени. А нашиве ниту имале такво нешто, ниту можеле да имаат. Никој не

може да ги овласти да преговараат за името на сопствената држава. Медијацијата е сосема друга приказна.
Второ, во резолуцијата 817/93, врз основа на која се води медијацијата, никаде не се спомнува зборот – „преговори“. Привремената спогодба, во која тогашниот МНР Стево Црвенковски го прифати тој термин, е наша катастрофална грешка. Таа нема никаква врска со медијацијата одредена од СБ на ООН. Привремената спогодба, договорена од С. Црвенковски во Њујорк, ги руши нашите фундаментални интереси. Таа ни беше грубо наметната од САД (дури и булдожерот Холбрук беше инволвиран) заради руинирање на нашата позиција во спорот, и сега се злоупотребува, како божем посилна од резолуцијата на СБ на ООН. Во дипломатијата, клучно што треба да направи кој било министер е да го одбере речникот што е поповолен за неговата земја, а не тоа што му одговара на противникот. Изразите „преговори“ и „преговарачи“ се на наша штета и во директна корист на Грција, и се голем срам за Димитров.
Очигледно е дека нашите офицери за врска со Нимиц, формално – пратениците на претседателот, сами се нарекуваат преговарачи бидејќи тоа им ја крева улогата и тие стануваат важни личности. А ако е точно дека Димитров бил преговарач, како што тврди, значи се договарал со Гркот, нели? Зошто тогаш тој никогаш не ни кажа што договориле туку немаше поим со каков предлог ќе излезе медијаторот? Ако тој нешто договорил, ќе им кажеше барем на власта што е во чантата на медијаторот, ако не и на народот. Најпросто речено, и неговата, и улогата на неговите претходници и наследници беше и останува да му ги пренесуваат ставовите на Владата на Нимиц и од таму неговите сугестии или прашања, без никакво овластување што било да договараат. За интересите на државата, ич не им е гајле.
9. Сепак, овие наши „поштари“ имаа и одговорна улога – да го убедуваат Нимиц да бара за нас поволни решение.
Арно ама, тие ништо не постигнаа, во споредба со нивните грчки колеги, коишто го шетаа Нимиц и низ Грција.

## НЕПОТРЕБНИ ДИПЛОМАТСКИ ГРЕШКИ

Дипломатите мора да бидат свесни дека нивниот главен алат се зборовите, а клучно за нивниот успех е начинот на којшто ги користат. Тоа важи и за пишаниот и за изговорениот збор. Дипломатскиот речник е исклучително прецизен, и не дозволува никакви импровизации. Впрочем, дипломатите по тоа и се разликуваат од другите. Нашата досегашната пракса е – никаква. Крајно лоша. Не само кај дипломатите, туку и кај политичарите. Примери за тоа има – безброј.
Главни причини се недораснатост, неискуство, неспремност постојано да се учи...
Има повеќе дипломатски грешки коишто не би смеело да ни се случуваат. Така, ем демонстрираме аматеризам, ем се дискредитираме и срамиме. Еве и примери – се јавува дека нашиот премиер, министер за надворешни работи...
„се сретнал“ со американската амбасадорка. Тие неа ја примаат, како и сите други амбасадори. Дека оваа пракса не е случајна, зборува и фактот што таков третман не добиваат и другите амбасадори! Значи, принципот им е јасен ама, кога е во прашање нашиот неизбран гувернер, американскиот амбасадор, тој не важи. Во една прилика, кога Заев како премиер „имаше средба“ со американската амбасадорка, иако не беше прецизирано во вестите, јасно беше дека таа се одржала во нивната Амбасада! Веста требаше да гласи – „амбасадорката го прими премиерот Заев“! Како вистинска гувернерка, де.
Третиот случај е кога Пендаровски, како претседател, во октомври 2021 беше во посета на Атина. Посетата ја нарекуваа – историска, иако таа беше најмалку таква. Покрај другото, и заради случајот кошто никој не го коментираше, бидејќи не беше ниту забележан од наша страна. Премиерот Мицотакис, апсолутно намерно, го дочека Пендаровски на скалите од Владата и се поздрави со него додека беше три скали повисоко! Самиот претседател, ако имаше доволно искуство, немаше да пружи рака додека не се искачи на истото скалило. Сцената беше навредлива ама грижливо режирана.

За споредба, се сеќавам на времето од почетокот на 1990-тите години, кога жестоко се боревме за секое дипломатско признавање на нашата Македонија. И јас бев во повеќе мисии, како пратеник на претседателот Глигоров – во Кина, Јапонија, Индонезија, Велика Британија, Шпанија..., исто како и Димитар Мирчев и други колеги, во други земји. Кога Мирчев беше во Загреб и требаше да се сретне со претседателот Туѓман, хрватскиот протокол му обрна внимание дека тој не може да носи пеперутка вратоврска бидејќи Туџман има обична! Со други зборови, претседателот не може да биде инфериорно облечен од гостинот! Му дале друга вратоврска за да бидат на исто ниво!
По целосната независност, на пример, честа грешка и на највисоки функционери беше и сè уште е, дека Македонија е млада, нова држава! Така, директно се девалвираме самите себе. Македонија е држава од 1944 година, со тоа што до 1991 година беше дел од федерација, а по нејзиниот распад – стана независна држава. Ништо помалку од тоа. Нова или млада не може да биде држава која постои 80-тина години.
Сличен случај е и медијацијата на Нимиц околу нашето име. Со резолуција на Советот на безбедност, за нашиот прием во ООН, на крајно нелегален и агресивен начин, прво ни беше суспендирано нашето историско и уставно име, заменето со некаква референца, а паралелно ни беше наметнато, поточно – подметнато и да разговараме за нашето име – со друга земја. Името, во никој случај, не беше нешто во што можеше да се меша светската организација. Меѓутоа, политиката на сила тоа го овозможи. Набргу, разговорите се претворија во медијација, посредување на Нимиц, што не е спорно. Меѓутоа, нашите неписмени политичари, новинари, експерти... започнаа процесот да го нарекуваат – преговори!
Поголема глупост од наша страна, здравје. А, со резолуцијата на СБ на ООН, од нас се бараше – „да се разговара заради надминување на пројавената разлика“. На сите им одговараше ние да преговараме за нашето име, освен – нам.
Впрочем, тоа беше и целта на меѓународниот фактор (САД) за да се прекрсти државата и да се разнебити народот. И, место ние со

сите сили да го избегнуваме тој израз и да им го оспоруваме и забрануваме на сите – самите го користевме!
Будалите немаат рогови, нели? Сличен случај беше и нашето користење на навредливата кратенка од референцата од ООН – пјРМ. Ние не смеевме да ја користиме ниту целата референца – „поранешна југословенска Република Македонија", бидејќи со тоа го кршевме сопствениот Устав, иако во неа беше и нашето уставно име!
Место тоа, масовно се користеше нејзината бесмислена и навредлива кратенка! И тоа целата со големи букви, место првите две „п" и „ј" да бидат мали. Тоа е клучна разлика која покажува дека референцата не е замена за името. Малите букви, како што пропишува резолуцијата на СБ на ООН, не може да бидат дел од името. А, кога се користат големи букви за целата кратенка, тоа имплицира дека референцата е – ново име за земјата!
Дипломатијата е прецизна работа, а малите умови не можат да ја разберат. Душманите, пак, референцата ја претворија во бесмислена кратенка за да се избрише името Македонија и тоа воопшто да не се спомнува. И, истата почнаа да ја користат и нашите „генијалци" – политичари, новинари, „експерти" и слични дунстери. Поразително, нели? И, уште нешто. Со Привремената спогодба (1995), којашто ни ја наметнаа САД, нашата позиција во спорот беше крајно десеткувана. Сè што не можеа да ни сместат во резолуцијата 817 на СБ, при приемот во ООН, ни напикаа во оваа спогодба.
И, што направија нашите аматери? Ја ратификуваа во Собранието, иако таква обврска немаше во спогодбата! Грција не направи таква глупост, тие се доволно паметни и искусни.
Најверојатно, на таква наша капитулација инсистирале нашите „стратегиски партнери", коишто и ни ја подметнаа спогодбата. Тоа беше наша непростлива историска грешка.
Со тој парадоксален чин, одлично осмислен од нашите манипулатори, на најофицијален начин, македонската држава се согласи и прифати дека името и е – спорно! Така, практично се отвори патот за негово менување. Странците, особено Американците, знаат што прават.

Беше просто неверојатно како тоа можеше да му се случи на еден искусен политичар како Стојан Андов, којшто тогаш беше претседател на Собранието? Како можеше тој да ја стави спогодбата на ратификација? Не е спорно дека во државата имаше бројни политички и дипломатски аматери, ама Андов не беше еден од нив. Таков беше, на пример, тогашнинот МНР Стево Црвенковски, којшто можеби имаше други вредности, ама немаше поим за дипломатија. Во повеќе прилики, лично сум се уверил во тоа, иако тој вешто се прикриваше.
Тој ја преговараше и Привремената спогодба во Вашингтон со која, покрај другото, се отвори и простор за нашата капитулација во Нивици, за финален договор со Грција. Ако има привремена спогодба, нели, мора да следува – трајна. Нашите аматери не разбираа ништо од сето тоа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ГЛИГОРОВ ВО ЛОНДОН

Во мај 1995 година, се одбележуваше 50-годишнината од победата над фашизмот. Започна во Лондон, од каде светските политичари заминаа за Париз, и продолжија за Москва, каде што заврши процесијата. Подготовките во Лондон започнаа некаде во февруари, ама без никакви информации за јавноста. Тогаш ги канеле претседателите на учесничките во антифашистичката коалиција. Во неврзан разговор, словенечкиот амабасадор Шинковец, спомна дека нивниот претседател Кучан, бил поканет! Утредента, прва задача беше да се бара информација од Форин офисот (МНР) – зошто македонскиот претседател Киро Глигоров не е поканет, а тој е единствен што бил и учесник во војната?
Ни дадоа детални инфорамции за планираниот настан, ама без јасен став околу поканата на нашиот претседател, иако ние инсистиравме токму на тоа. Немаа аргуменети да не го канат, ама нешто остана неразјаснето. Нашите прашања дали има некакви причини, или пречки, да не биде поканет, иако повторувани, останувaa неодговорени.
Веднаш го известивме и Скопје, со препорака околу тоа да се разговара и со нивниот амбасадор Тони Милсон, и да се врши притисок покана да ни биде испратена бидејќи нема никаква причина Глигоров да не учествува. Во Лондон, пак, започнавме широка акција на мобилизирање на нашите пријатели, за да помогнат како лобисти.
Бргу констатиравме дека не беа поканети ниту претседателите на Босна и Херцеговина, Хрватска и Србија – Изетбеговиќ, Туѓман и Милошевиќ. Парламентарци пишуваа писма до премиерот Џон Мејџор, истакнати јавни личности телефонираа и убедуваа на разнни места... сите со цел и Глигоров да биде поканет бидејќи веќе беше јасно дека е тој ставен во иста група со Милошевиќ. Ние ,пак, на Форин офисот им се качивме на глава, преку посети на разни нивоа и со порака дека прават непростлива грешка и неправда кон Македонија, којашто нашиот народ нема никогаш да ја разбере и оправда.

Војната во Босна беснееше, Туџман во Хрватска диктаторски се однесуваше, Милошевиќ беше главен душман за Западот... Времето врвеше, а Глигоров сè уште го немаше на листата на поканети. Нашата загриженост растеше, паралелено со неизвесноста. Во никој случај не смееше да се дозволи Македонија да не биде присутна на еден таков настан бидејќи немаше никакви причини за тоа. Лично му напишав писмо на премиерот Мејџор. Така беше сè до една средба во Форин офисот, кога дипломатот Дејвид Слин што го испраќаше амбасадорот по разговорот, кога веќе бевме надвор од зградата, во доверба кажа дека Глигоров ќе биде поканет и се бара поволен момент тоа да се стори. Потврди дека тројцата други постјугословенски лидери – нема да учествуваат на настанот. Остана нејасно дали Слин беше овластен да ми го соопшти тоа, или беше негова иницијатива? Индикативно е што тоа го стори пред зградата, каде сигурно не се прислушкува!
Така и беше, ама проблемите продолжија. Во утврдувањето на протоколарните детали околу престојот на Глигоров, јасно ни ставија до знаење дека на колата која ќе ја користи нема да може да биде нашето знаме (со Македонското сонце, кое Грците го нарекуваат Вергина), коешто беше оспорено при нашиот прием во ООН во 1993. Се најдоа во небрано, кога веднаш им беше реплицирано дека во тој случај, претседателот ќе ја користи колата на амбасадорот – со знаме! Тоа не можеа да ни го оспорат.
Но, тоа роди нов проблем – Амбасадата немаше шофер. Штедевме! Амбасадорот возеше сам, а на протколарни обврски го возеше техничкиот секретар, Крсте Ропајков кој, меѓутоа, не беше искусен шофер и не доаѓаше предвид да го вози претседателот. Сосема разбирливо, Форин офисот одби шоферот од нивната кола да ја вози нашата.
Што сега? Да се бара шофер од надвор ем немаше време, ем беше ризично. Изборот падна на мојот син Александар, одличен и искусен возач, а целата одговорност ја презедов – јас. Никој од делегацијата не знаеше кој го вози претседателот, иако знаеја зошто амбасадорот се вози во доделеното возило од домаќините, а претседалот во амбасадорското. На крајот, пред да заминат, седевме во хотелот каде што беше сместена делегацијата, и тогаш

им раскажав за проблемите со шоферот и кој го возеше претседателот.
А Александар, не само што беше на ниво на задачата туку и се надмина себеси. За тоа подетално пишував во книгата „Дипломатски одблесоци“.

# МНР МИТРЕВА ВО ПОСЕТА НА МОСКВА

На крајот од декември 2005 година, МНР Илинка Митрева дојде во Москва, во работна посета. Русите беа рестриктивни во поглед на нашите посети на високо ниво бидејќи, како што ни велеа: ќе дојдете, ќе се сликате и – ништо после тоа! Ни ставаа на знаење дека нашиот однос кон нив бил потценувачки, за разлика од ЕУ, САД и другите западни земји, кон кои бил сосема поинаков. По средбите со нив, како ни велеа, вие ќе извршите сè што ќе договорите! Со нас – ништо!
Тоа беше во голема мера точно и беше резултат на нашето постојано и продолжително игнорирање на Русија, заради нашата „заслепеност“ од ЕУ, НАТО, САД... Сепак, во контактите со нив, ние ги браневме нашите позиции. Во обидите да се организираат посети, на пример, изнесувавме аргументи дека нивото на односи зависи од двете земји, дека ниту Русија не покажува поголем интерес за Македонија, ниту иницира активности коишто понагласено би ги приближиле двете земји...
Посетата на Митрева, иако се одлагаше и се условуваше со одредени содржини (потпишување спогодби...), се реализира бидејќи и Москва сакаше да одржува контакти со нас.
Свесна дека понагласено заладување на односите и недостаток на средби на високо ниво, и нив не им одговара. Не беа спремни за посета на нашиот претседател или премиер, на пример, иако ние речиси инсистиравме Бучковски да дојде во посета. А средбата на министрите за надворешни работи, иако е значајна, може да се смета и за рутинска и затоа не мора да има пошироко влијание врз односите.
Нешто пред посетата на Митрева, на иницијатива на новиот прозападен претседател на Украина, Јушченко, во договор со грузискиот претседател Саакашвили, донесен на функцијата од страна на САД, во Киев се одржа состанок на претседателите на – „новите демократии“. Оскудните информации зборуваа дека носители на идејата беа структурите на НАТО. Русија не беше (соодветно) поканета.

Реакциите на Москва за оваа конференција, на која учествуваше и претседателот Б. Црвенковски, беа нагласено негативни. За Кремљ тоа беше антируска акција која требаше да ги сплоти сите сили кои имаат нерасчистени сметки со Русија. Во целина, на Македонија таму не ѝ беше местото.
Иако од самиот почеток беше јасно дека се работи за невообичаен состанок, и затоа треба добро да се размисли за евентуалното учество, кај нас тоа не беше случај. Во вакви ситуации, по доверливи канали, од сите релевантни амбасади, МНР и Кабинетот на претседателот бараат оценки и коментари за состанокот, се испитува кој сè ќе учествува и сл. Амбасадата во Москва, иако испраќаше информации за руските ставови, воопшто не беше консултирана од МНР за релевантноста на нашето евентуално учество на конференцијата. Најверојатно, не беше консултирана ниту која било друга амбасада. Во прашање е погрешна и лоша македонска пракса.
После конференцијата, што е право, во руското МНР на никаков начин не ни покажаа дека се незадоволни од нашето учество на конференцијата во Киев, иако тоа нам ни беше јасно.
Единствено на директорот на ГП „Маврово“, во Москва, додека бил на преговори за изградба на објект во Санкт Петербург, висок функционер на локалната власт му рекол дека ако Македонија сака да работи во РФ не треба да учествува на конференции кои се антируски конфигурирани! Тоа кажува сè! Не сметаа дека треба официјално да изразат незадоволство бидејќи, нели, секој учествува каде што мисли дека треба, ама ни пратија најсуптилна порака. Бизнис.
На софистициран начин, незадоволството на РФ беше манифестирано и при посетата на Митрева. Прво, делегацијата ја сместија во хотел иако пракса беше министрите за надворешни работи да бидат сместувани во вила. Се оправдаа дека вилата била во ремонт! Кога почна да се реализира програмата, без никакво објаснување, МНР Лавров ја избегна тет-а-тет средбата со Митрева, иако беше предвидена.
Разговорите и со Лавров и со претседателот на Комисијата за надворешна политика на Думата (Парламентот), Константин

Касачјов, беа приказна за себе. Тешко е да се каже кои беа причините но, и во двата случаја, Митрева не покажа спремност за отворен разговор... Ги изрецитира нашите ЕУ и НАТО амбиции, кои очигледно често ги повторувала, без да има предвид дека е во Москва.
На средбата со МНР Лавров, во своето излагање, таа воопшто не го спомна албанскиот фактор ниту во Македонија, ниту на Балканот, освен кратката констатација дека ние ќе подржиме секакво решение за Косово, какво ќе договорат Белград и Приштина.
Лавров веднаш ја праша токму за Албанците. Тоа беше логично бидејќи ако нешто сакаа да слушнат Русите од нас, тоа се нашите оценки за Косово, за албанскиот фактор на Балканот, за Албанците во РМ... Впрочем, и во подготовката на посетата, Амбасадата сугерираше дека токму тоа е главниот руски интерес. И на директно поставеното прашање, Митрева не кажа – ништо. Како да не го разбра!
Апсолутно истата ситуација се повтори и во Думата.
После излагањето за состојбите во земјата и во регионот, при што албанскиот фактор не беше воопшто спомнат, и Касачјов постави скоро идентично прашање како и Лавров.
Повторно ескиважа без да се каже нешто што би имало каква било политичка и аналитичка тежина.
Што може да се заклучи од горното? Прво, Русите се назадоволни од нашиот однос кон нив бидејќи, заслепени од ЕУ, НАТО и САД , нив целосно ги игнорираме. Факт е дека и тие нас нѐ третираат на ист начин, ама тоа е другиот дел одприказната. Клучно е прашањето – кој кому е попотребен?
Второ, во политичката соработка со нас, нивен главен интерес се нашите оценки и ставови во врска со Косово, и со улогата на албанскиот фактор во РМ и во регионот. И, ако ти ги игнорираш тие нивни (легитимни, нормални, објективни и директни) интереси и не си спремен нешто да кажеш, оцениш, процениш, гласно да размислуваш... тогаш се поставува прашањето – а која е целта на средбата? Каква е меѓусебната доверба ако ти не сакаш ништо да кажеш за прашање кое го интересира соговорникот? Впрочем, која

е тогаш логиката на одржување на политички дијалог на високо ниво?
Иако оценките дадени во јавноста, според редовниот калап, беа позитивни, посетата само го потврди дотогашното сознание дека во Македонија нема никаков интерес за Русија, и дека е таа далеку од нашите хоризонти. Многу погрешна политика, од секој можен апсект.

*.*.*

Како претседател на Комисијата за надворешна политика на Собранието, во одвоена посета на Москва дојде и Теута Арифи, еден тежок албанаски екстремист и националист.
Од целата посета, во сеќавање ми остана само нејзината искреност. Ми рече – му велам на Али Ахмети, штета што немаме услови да направиме и во Грција нешто слично како во Македонија, со војната во 2001-та!
Страшно, нели? Не треба и да спомнуваме дека, и да имале услови да прават во Грција нешто слично како кај нас во 2001-та, сосема е сигурно и извесно дека таму ќе доживеале тежок и заслужен пораз.
Кога веќе ја спомнавме Теута Арифи, преку реплика којашто ја открива како личност, да потсетиме дека таа беше и потпретседател на Владата, кога објавуваше и колумни во „Дневник“. Во нив, таа јавно се залагаше Македонија да го признае Косово како независна држава, иако беше нелегално отцепено од Србија со употреба на сила, а за Приштина, ние требаше да останеме со референцата од ООН! Значи, Косово за нас – држава, а Македонија за нив – недефинирана територија! И, никому ништо! Ниту Владата реагираше, ниту некој друг се спротивстави јавно на една ваква тешка провокација, и тоа од лице на највисока државна функција! Затоа сме на ова дереџе.
И, уште нешто за неа. По функцијата во Владата, таа стана градоначалник на Тетово. Нејзиниот наследник Касами, јавно објави дека во нејзиниот мандат имало преку 200 лица коишто земале плата од општината, а не оделе на работа! Кажа дека некои од нив дури биле и на работа во странство! Катастрофа, што друго?

И, што мислите? Нешто се случи потоа? Апсолутно ништо. Можете само да замислите колку народни пари се исплатени на тие „преку 200 лица“ коишто кој знае колку време биле платени за неработа?! Прво, тој што го овозможил тоа требало да црвоса во затвор и, второ, сите што незаконски примиле пари, морале да ги вратат, и тоа со камата. Добро, де, ќе речете, тоа важи за сериозни држави, не за нашата! Како инаку ќе си продолжиме прудолу да пропаѓаме?

## ОДБРАНА НА НАШИТЕ ИНТЕРЕСИ

Кога работев во Лондон, весникот „Јуропиан“, којшто паралелно се издаваше во повеќе центри на ЕУ, постојано ја користеше бесмислената кратенка за нашата земја, изведена од референцата од ООН. Двапати им напишав писмо за тоа, ама не реагираа. Претпоставував дека таму има силно грчко влијание. Видов не видов, побарав средба со главниот уредник.
Прифати. Откако се поздравивме го прашав – како се чувствувате во УКОГБАНИ? Се разбира дека тоа го кажав со англиска нагласка. Ме гледаше збунето и реагираше со – извинете, ама не Ве разбирам. Бев упорен – ништо посебно, продолжив, само ме интересира како Вие лично се чувствувате во УКОГБАНИ?
Настана непријатна тишина. Човекот ме гледаше веќе збунет, сигурно не знаејќи што да мисли. Оставив да поминат непријатни минута, две, гледајќи се еден, друг – пред да продолжам.
Потоа му објаснив – UKOGBANI значи **U**nited **K**indom **O**f **G**reat **B**ritain **A**nd **N**ortern **I**reland (Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска). Додека му се осветлуваше лицето, јас продолжив – господине главен уредник, самите се уверивте колку е неразбирлива ама и бесмислена кратенаката на државата во која живеете. Знаете, истото важи и за кратенаката fYROM, за мојата земја Република Македонија, која е уште побесмислена бидејќи нам ни е со сила наметната и ништо не значи, ама Вие бескрупулозно често ја користите во вашиот весник. Мислам дека сега Ви е јасно како се чувствувам јас, ама и сите други Македонци кога го читаат вашиот весник.
Човекот стана и ме замоли да почекам. Сега, јас бев збунет. Се врати со десетина новинари од весникот и на сите, пред мене, им го раскажа нашиот претходен разговор. Од тогаш, та сè додека бев во Лондон, весникот „Јуропиан“ никогаш не ја употреби навредливата кратенка. Потоа – не знам.

*.*.*

Нашата Амбасада во Москва не личеше ниту на автобуска станица во некое зафрлено село. Беше срам некого да примиш во неа, а доаѓаа во посета и амбасадори на големи земји. Претходниците,

коишто ги изнајмиле просториите, очигледно немале поим што е тоа амбасада. Инаку, јас ги изнајмив првичните простории во Лондон и ги опремив со мебел купен од спонзори. Уверен сум дека денес, мебелот којшто беше од врвен квалитет, купен по фабрички цени, е поубав и порепрезентативен од тогаш. Просториите беа на такво ниво што во нив можеше да се пречека и британската кралица. Конкретниот повод за овој текст е, сепак, нешто друго.
Освен официјалното возило за амбасадорот, имавме и една стара ЛАДА, за секојдневни потреби на Амбасадата. По некое време, открив дека руската државна Управа, која работи за нивното МНР и ни ги изнајмува просториите, ни наплатува и 100 долари секој месец, за паркирање на Ладата во дворот на зградата каде што беше и Амбасадата. Секретарката напиша нота до Управата со која ги известивме дека нивната Амбасада во Скопје не плаќа за паркинг и дека нема основа и тие да ни наплатуваат нам. Ни одговорија дека тоа не е можно и дека треба и понатаму да плаќаме.
Напишавме нова нота со која ги известивме дека пред нивната Амбасада во Скопје има 24 часа полициска заштита и дека, ако мораме да плаќаме паркинг за нашето второ возило, заради реципроцитет, и ние ќе бараме полициска заштита пред нашата Амбасада. По неколку дена нè известија дека се укинува наплатата за паркингот. Претходните 10-тина години, непотребно се плаќаше.

*.*.*

Во март 1999 година, се отвораше градилиште на „Гранит“ во Албанија, на патниот правец Корча – грчка граница.
Присуствуваа и премиерот Љубчо Георгиевски, и МНР Александар Димитров.
По церемонијата се вративме во Охрид заедно до алабанскиот премиер Пандели Мајко. Прошетавме низ градот и седнавме во една од кафетериите на плоштадот. По пат нашиот премиер ми рече дека американскиот амбасадор во Скопје им го пренел незадоволството и загриженоста на албанското раководство околу моите активности со Македонците во земјата.

Детално му објаснив на премиерот сè што правам, за и со Македонците во Албанија, нагласувајќи дека ништо од сето тоа не е во спротивност на какви било меѓународни стандарди и практики, сврзани со правата на малцинствата; дека ништо не правам тајно туку сè е отворено и јавно; дека сето тоа е нормално дипломатско дејствување, и соодветно за кое било демократско општество. Објаснив и дека сето тоа е во рамките на универзалните човекови права и додадов дека, за разлика од Албанците кај нас, Македонците во Албанија уживаат помалку од минимални малцински права. И тие малку права, тие ги уживаат единствено во деветте села во Мала Преспа, додека Тирана не признава дека Македонци живеат и на Голо Брдо, и на Гора... Всушност, малкуте права се дадени на територијална основа, за селата во Мала Преспа, заедно со Врбник, додека најголемиот број Македонци живеат во градовите – Тирана, Драч, Корча... Таму, тие се третираат како – Албанци! Заклучив дека македонската држава не прави ништо за овој дел од македонскиот народ.
Откако завршив со објаснувањето, го прашав премиерот – кажете ако мислите дека нешто правам погрешно? Кажете ако нешто треба да се менува? Јас само ги спроведувам државните и националните интереси. Ништо повеќе. Сметам дека вниманието коешто им го посветувам на Македонците и активностите коишто ги спроведувам се апсолутно неспорни, од кој било аспект, и се од голема корист за нашите таму. Многу работи се променети на подобро, многу нивни традиционални манифестации, било верски, било културни, се обновени и ќе се обновуваат, се решаваат и лични и заеднички проблеми... Само продолжи како и до сега, заклучи Георгиевски.

# ПЕРИПЕТИИ СО РЕФЕРЕНЦАТА ОД ООН

Во мојата дипломатска кариера, никогаш не седнав зад ознаката којашто ни следуваше како држава, по приемот во ООН – „поранешна“ и не знам каква, ама „Република Македонија“. Секогаш, кога одев на каков било поширок состанок, си носев натпис со големи и црни букви – REPUBLIC OF MACEDONIA, на лист хартија формат А4, свиткан на половина по должина, и со него ја покривав ознаката со референцата.
Таа беше секогаш поставена пред местото предвидено за мене. На најголем број од таквите средби, присутни беа и грчки амбасадори или дипломати, коишто секогаш реагираа.
Ќе почнам од Лондон. Пракса е во сите поголеми центри на амбасадорите да им се издава еден вид лична карта, која се нарекува – дипломатска легитимација. Во Лондон отидов на 3 септември 1993 година како дипломатски претставник бидејќи сèуште немавме дипломатски односи, коишто се реализираа на 16 декември истата година и набргу станав амбасадор. На шефот на протоколот на Форин офисот, нивното МНР, веднаш му ставив до знаење дека нивната дипломатска легитимација ќе ја примам само ако на неа пишува дека ја претставувам Република Македонија. Му обрнав внимание дека акредитивите ги предадов како таков и дека воопшто не би било коректно тие да ми го менуваат „стаусот“. Неговата реакција беше целосно дипломатска, значи неодредена, ама беше очигледнмо дека ја прими пораката. По неколку дена ми стигна легитацијата – со нашето уставно и историско име.
Втор карактеристичен случај беше кога ни стигна возилото АУДИ 100. Ја започнавме процедурата за регистрација и прво што проверивме беше дали е слободна таблицата – 1 МАК? Во Лондон е пракса амбасадорските автомобили да носат регистрации 1 FR, за Франција, 1 IT, за Италија, 1 ND, за Холандија... Ни одговорија дека е слободна и ги замоливме да ни ја чуваат бидејќи процедурата е во тек. Инаку, во Велика Британија може и да се купат регистарски таблички со букви и броеви по сопствен избор, за што треба добро да се плати.

Кога сметавме дека постапката е при крај, од Форин офисот ни јавија дека таква табличка не можеме да добиеме! Објаснување немаше, иако го баравме. Бидејќи имавме и други сознанија дека грчката Амбасада максимално ги следи нашите чекори, веднаш ни беше јасно дека тие имаат реагирано и го блокирале добивањето на договорената регистарска табличка. Друго објаснување апсолутно – немаше.
По повеќе телефонски разговори, направени во обид да се реши случајот, и откако наидовме на решителен одговор дека тој случај е за нив затворен, пративме нова нота во Форин офисот. Нагласивме дека Амбасадата имаше договорено регистерска табличка со – 1 МАК, дека од нам неразбирливи причини истата ни беше откажана, иако не е во употреба, и дека возилото на амбасадорот ќе го користиме без регистрација, сè додека не ни биде доставена веќе договорената табличка. За ден-два ја добивме.

*.*.*

Поинтересни се случаите од Тирана. Набргу по пристигнувањето, во февруари 1998, имаше состанок во Мисијата на ОБСЕ. Нивен амбасадор беше Германецот Герт Аренс, кого и ние добро го знаеме бидејќи беше активен и кај нас, во годините по осамостојувањето на Македонија, ангажиран за положбата на малцинствата во нашата земја. Поточно, за – Албанците. Лично се знаевме уште од периодот 1972 – 1976, кога и двајцата службувавме во Пекинг, Кина. На тркалезната маса, до мене седеше Александрос Маљас кого исто така го знаеме бидејќи беше грчки амбасадор во Скопје. По обичај, уште пред да седнам, го прекрив натписот со референцата со REPUBLIC OF MACEDONIA. Маљас веднаш реагираше. На Аренс му рече дека нашата земја е признаена под референцата, дека така се води и во ОБСЕ и дека тој моли тоа да се почитува. Аренс, којшто претседаваше со состанокот, го повтори истото.
Одговорив дека држава со натписот којшто беше ставен пред моето седиште – не постои. Тоа е некаква нелегална пракса којашто, евентуално, може да се користи само во рамките на ООН. Јас ја претставувам државата чие историско и уставно име е Република Македонија. Како таков ги имам предадено и

акредитивите на албанскиот претседател. Секаков мој понаков настап, и седење зад некаква измислена референца, значи дека сериозно го прекршувам Уставот на мојата земја. Уверен сум дека ниту еден од присутните во оваа сала, вклучувајќи го и почитуваниот колега којшто го покрена прашањето, не би подржале некој да го негира уставот на сопствената земја. Еве, ако има таков, нека крене рака.
Се разбира дека никој не крена рака. Аренс немаше никаков простор за каква било реакција и, едноставно, го продолжи состанокот како ништо да не се случило. На следните состаноци на ОБСЕ јас продолжив да ја прекривам референцата, а Маљас веќе не реагираше.
На друг состанок во Тирана, на НАТО, на којшто и ние бевме поканети заради учеството во програмата „Партнерство за мир“, ја продолжив истата пракса. Претседаваше Грк, којшто веројатно беше дојден заради состанокот, бидејќи не го познававме. Тој инсистираше да го тргнам „покривачот“ врз референцата и откако јас одбив со истото објаснување, тој не беше спремен да попушти. Не го отвораше состанокот и се закани дека нема да го одржи. Откако видов дека нема шега и дека може да се случи потежок инцидент, станав од тркалезната маса, си го земав натписот REPUBLIC OF MACEDONIA, тој со референцата го фрлив под маса, и седнав на столица којашто беше покрај ѕидот, каде имаше и други дипломати.
Гркот го отвори состанокот а јас, без никаква потреба – шест пати се јавив за збор. Не можеше да не ми даде. Во сите шест прилики верглав – Република Македонија смета дека тоа и тоа е многу добра иницијатива, искрено ја подржува и се надева на целосен успех. Македонија е заинтересирана и за свое поголемо ангажирање во проектот... Во сите шест дискусии, по три, четири пати повторував де Македонија, де Република Македонија. Гркот речиси ќе експлодираше, а најголем дел од амбасадорите ми климаа со глава, се криеја да не се види дека се потсмеваат.
На друг состанок на НАТО, исто така во Тирана, дојдов после некаков непријатен случај и, кога се отвораше состанокот, кога нè претставија со референцата – не реагирав, иако тоа ми беше

редовна пракса. Секогаш, кога кој било ќе ја користеше референцата – јас реагирав дека таква држава не постои и ги молев да кажат на која мислат. Овој пат премолчив и се јави турскиот амбасадор Мурат, со кого имавме одлична соработка. Господа, рече, Турција ја признава Македонија под нејзиното уставно име и тоа молам да се почитува. Потоа се сврте кон мене и продлжи – Ристо, македонската Влада тебе те плаќа за да ги браниш вашите интереси, а не мене!
Веднаш се јавив за реплика и реков – почитуван и драг колега Мурат, ја имаш мојата голема благодарност што им стави на знаење на сите дека името на мојата држава е Македонија, а не некаква бесмислена референца. Драг Мурат, тоа зборува и за тебе дека си човек со достоинство којшто го почитува и достоинството на другите. Игнорирањето на уставното име на која било држава не може никому да му служи на чест.
Тоа зборува за тие што го прават тоа. За жал, во случајот на Македонија тоа често се случува.
Интересно беше и кога на почетокот од 2002 година, премиерот Илир Мета, придружуван од повеќе министри, ги собра амбасадорите за да ги брифира за претстојните локални избори во Албанија. По неговото излагање, следуваа прашања и меѓу првите се јави германскиот амбасадор, со кого бевме добри пријатели. Праша кога можат да се очекуваат првичните резултати, за да не се случи како во „поранешната...“ кога резултатите беа објавени по два, три месеци? Факт е дека тоа се случи кај нас! Веднаш реагирав – господин премиер, би го замолил почитуваниот колега да објасни на која држава мисли бидејќи таква не постои!
Германецот кој седеше десетина места десно на тркалезната маса, сега гледаше кон мене и гестикулираше извинување.
Кога се виде дека нема повеќе прашања, кренав рака и прашав – господин премиер, во врска со прашањето што го постави почитуваниот колега којшто ја претставува и поранешната Германска Демократска Република, или Источна Германија, ве молам за ваша процена околу очекуваната излезност на овие избори? Настана општа смеа. Мета се криеше речиси под маса да

не се гледа дека се смее. Германецот, пак, овој пат со прст ми се закануваше.
Со тоа заврши и состанокот. Во салонот пред конференциската сала, застанав со поголема група амбасадори меѓу кои на САД, Грција, Италија, Франција... Последен ни се приклучи германскиот и веднаш, пред сите, ми се обрати – Ристо, те молим извини! Со користењето на референцата направив невидена глупост. Те молим прости ми и за извинување те канам утре на ручек во хотел „Рогнер“! Се радувам, му одговорив, што си свесен за грешката, секој греши и го примам извинувањето, а поканата за ручек со задоволство ја прифаќам.

# СОРАБОТКА СОПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЃОРЃЕ ИВАНОВ

Откако Ѓорѓе Иванов беше избран за претседател на Македонија, бев член на неговиот Совет за надворешна политика. Редовно му праќав меморандуми, со анализи на одредени актуелни теми од надворешната политика, најчесто сврзани со негирањето на нашето уставно и историско име.
Подолу, во прилог, е еден од нив. Кога се чита овој Меморандум, испратен до претседателот на 10 август 2009 година, мора да се знае следното:
1. Пратен е по самитот на НАТО, одржан во април 2008, кога САД за прв пат отворено го презедоа менаџирањето на проблемот со името, и ни поставија јасен ултиматум – прво (промена на) името, потоа членство во алијансата, што автоматски значеше и во ЕУ. Во исто време, за американски амбасадор во Скопје дојде Филип Рикер, којшто на дневна основа нѐ малтретираше со оваа уцена. Од тогаш, САД веќе не криеја дека прекрстувањето на Македонија и бришењето на Македонците е – чисто нивен проект.
2. Како резултат на новата ситуација, Американците веќе директно ни кажуваа дека нивна главна замерка беше – знаеме што не сакате, но не знаеме што сакате. Кажете.
Нашите не излегуваа со никакви предлози бидејќи беше тоа период кога Македонија немаше никаква политика, камоли стратегија за овој наш клучен проблем. Сите беа свесни дека околу името можат само да загубат, и ништо да не добијат.
Затоа молчеа и проблемот го држеа под маса. Полошо решение – немаше.
3. Следуваше посетата на премиерот Груевски на Вашингтон, на почетокот на 2011, кога тогашниот потпретседател Џо Бајден, заедно со Хилари Клинтон, отворено му порачаа – или ќе го промениш името на државата (значи, и идентитетот на народот) или си готов. Тој не беше спремен да капитулира и да биде запаметен како предавник на својот народ, и знаеме како заврши. Неговата смена беше класичен државен удар, во странска режија. Чија, погодете сами.

4. Доколку се замеа во обѕир предлозите содржани во приложениот Меморандум, ќе имаше барем простор за разговори и, макар делумно, времето ќе работеше – и за нас.
5. Објективно, можноста да се прифати „север“ по името, и во заграда, беше никаква. Исто како и додавките „Скопје“ или „Вардар“, а тие се спомнуваа како решение и во медиумите. Сите тие беа неприфатливи за Вашингтон, и за Атина, иако таа не одлучуваше. Наше беше, меѓутоа, даинсистираме на нив. Тие опции не доаѓаа предвид бидејќи со нив не беше можна модификација на националниот идентитет на Македонците. Промената на името мораше да биде направена на таков начин што терминот (името) „Македонија“, од што произлегуваат и „Македонците“ – ќе биде девалвиран и релативизиран. Од „Северна Македонија“, неизбежно произлегуваат и измислените „Северномакедонци“, што во никој случај не ни бега. Прашање е само на време кога тоаќе ни биде наметнато.
Нашето настапување, пак, со спомнатите предлози, ќе нè ставеше во активна позиција и тоа максимално ќе го намалеше маневарскиот простор и на САД и на Грција.
6. Нашето игнорирање на проблемот, беше нашиот најголем хендикеп. Да потсетиме дека еден од нашите премиери, пред Груевски, имаше кажано дека проблемот со името не е меѓу неговите 10 приоритети. Катастрофална грешка! А мораше да биде прв, барем формално, додека паралелно, без одлагање, се извршуваат сите други дневни државни обврски. Токму затоа заглавивме во Нивици.
7. Да спомнеме и дека соработката со Иванов заврши откако во една колумна оценив дека американскиот амбасадор во Скопје, Филип Рикер, се однесува како неизбран гувернер! Тоа воопшто не беше спорно, ама беше неприфатливо за САД! Рикер тропал на маса и кај премиерот и кај претседателот, барајќи тие да реагираат и да се дистанцираат од колумната, со други зборови – да го одбранат! Се разбира, тие одбија. Свесен дека врз претседателот се врши притисок – поднесов оставка на членство во неговиот Совет за надворешна политика.

## МЕМОРАНДУМ

*За:* Претседателот на Републиката, проф. д-р Ѓорѓе Иванов *Тема:* Што е оптимално, ако терминот „северна“ е неизбежен?
Според многубројните најави, „северизацијата“ на државата изгледа неизбежна. Ако е така, тоа бара навремени, поточно итни активности, за да не ни се повтори лошото искуствотo од Охридскиот рамковен договор. За да се избегнат какви било непредвидливи последици, предложеното решение мора претходно да биде испитано од сите можни аспекти. Во спротивно, нашиот народ и држава можат трајно да останат хендикепирани на меѓународната сцена. Можат да се направат непростливи историски грешки.
Со цел да се спречат сите можни негативни импликации, од прифаќањето на „северна“ (во која било верзија), треба да се консултираат релевантни домашни експерти, а професионални мислења мораат да се добијат и од реномирани поединци и институции од странство. Решението на проблемот има нагласена меѓународна димензија која, засега, никој кај нас доволно не ја познава. Проблемот е од фундаментално значење за земјата и ништо не смее да се остави недоволно истражено или недефинирано. Со максимална дискреција, овие мислења треба да се бараат веднаш, а не кога ќе ни гори под нозете а притисокот ќе биде неподнослив. Колку и да чини тоа, пари не смеат да се штедат.
Според расположливите информации, старо/новиот предлог на Нимиц ќе биде „Република Северна Македонија“.
Тоа е крајно лош и понижувачки предлог, кој ќе нè направи измислени „Северно Македонци“. Дури и полоша би била комбинацијата „Северна Република Македонија“. За среќа, Атина не е свесна за тоа, а кај нас мнозина сметаат дека е тоа подобро решение. Со такво решение (со сигурност) би останале безимени: бесмисленото име би ни биле трите збора заедно. Републиките можат да бидат демократски, независни, социјалистички… не северни или јужни. Како бесмислена измислица, таа синтагма, сета заедно, би се претворила во навредлива – глупост.

Значи, мора да се заземе авторитативен став дека промена на името според двете спомнати решенија – не доаѓа предвид.
И тоа, јасно да му се каже на Нимиц (пред сè на САД), бидејќи е далеку над нашата црвена линија, го доведува во прашање националниот идентитет на македонскиот народ и го навредува неговото достоинство. Силен аргумент може да биде и фактот дека тоа нема шанса да помине на референдум, кој е неизбежен, та и цела влада да го фали.
Поради тоа, и со наша максимална флексибилност, решението мора да се бара само со додавка на името „Македонија“, која никако не смее да биде негов дел. Нејзина цел би била географско прецизирање на локацијата на земјата, во истоимениот регион. Тоа е веќе огромна наша отстапка.
Додавките на крајот (Скопје) и (Вардар), се секако најдобри решенија. И двете имаат своја позадина и се реални: првиот е главниот град кој, иако апсолутно непотребно, повторно географски ја дефинира државата. Вториот потврдува дека државата се наоѓа во Вардарскиот дел на истоимениот регион.
Ако Нимиц, и особено тие што се кријат зад него, тврдо останат на „северизацијата“, тогаш треба да се инсистира дека таа, евентуално, исто така може да биде само во вид на додавката на името (не дел од него), и тоа како – (север).
Никако (северна). (Северна) која? – Македонија? Индиректно, повторно тоа би се свело на „Северна Македонија“ и Грците секако би инсистирале секаде така да се користи. Ако е додавката (север): кој (север)? Нема јасен одговор. Објаснувањето би било дека државата Република Македонија се наоѓа на (север) во регионот Македонија. Тоа е точно, и неспорно.
Треба да се инсистира и (север) да биде со мала буква. И на англиски, тоа автоматски би значело дека не е дел од името, туку додавка!
Во аргументацијата мора да се инсистира дека и оваа додавка (север) е виртуелна, измислена и наметната бидејќи регионот Македонија не е поделен на северен и јужен. Меѓутоа, таа е најмалку лоша во споредба со другите можни („северни“) предлози. Во тој контекст, за да ја зајакнеме својата позиција, во

разговорите треба да инсистираме и Грција да користи додавка – југ, за својот дел од регионот Македонија.
За да има логика нашиот дел. Тоа ќе ги стави во дефанзива и ако обвинуваат дека тоа би отворило пат за наши претензии, мора да им се предочи дека е апсолутно обратно – нивниот иредентизам спрема нашиот дел е многу пореален, од секој аспект. За тоа има и релевантни докази. Треба да им се нагласи дека е факт дека регионот е поделен а само нивното инсистрање на (север), води кон потребата и од (југ). Ние сме против означување на „север“ и „југ“ од регионот, ама тие сакаат. Тоа би била наша офанзивна позиција која ќе инсистира и на нивна, а не само на наша флексибилност.
Ако само тие бараат, само ние и ќе мораме да попуштаме. Треба да се натераат и тие да се бранат.
Нашето инсистирање и тие географски да го прецизираат својот дел од регионот Македонија, не само што е логично туку и апсолутно реално и потребно. Тие без никаква основа бараат да се преименува една држава и не можат аргументирано да бранат географско лоцирање и на нивните истоимени региони.
Овие размислувања се релевантни само под услов дека нема и не може да има каков било додатен пакет, со кој сè би се девалвирало и искривоколчило. Пакет со додатни објаснувања, транскрипции и ограничувања, значи само **директно мешање во нашите внатрешни работи** (какви пасоши и слично).
Место пакет, би била новата Трајна спогодба, во замена за Времената од 1995, во која само би се прецизирало дека се работи за додавка на историското и уставно име на државата, како географска одредница. Тоа треба најавторитативно да им се каже прво на САД, а паралелно и на Нимиц.
Од Нимиц, под итно мора да се бара објаснување што мислел со својата последна изјава: „… името е единствената работа за која се разговара и македонските граѓани треба да бидат спокојни во врска со информациите дека се преговара и за идентитетот и јазикот на нацијата. Знам дека земјата има свој идентитет и јазик (дали случајно употребил: земјата, не народот?) и никој не може да го оспори тоа“. Меѓутоа (според „Форум“ од 10 јули 2009, стр. 7), тој

продолжил: „постојат одредени прашања за референциите во врска со тоа, за англиската транскрипција, но никако во однос на националноста или јазикот сами по себе“…. Ако е ова точно, тогаш или тој не знае што зборува (а знае), или нас нè смета за идиоти (поверојатно). Тој ни порачува дека ќе бидеме амнестирани од гиљотина, ама главата ќе ни ја отсечеле!
треба, кое нема да спречува наше најмасовно користење само на името „Македонија“, како што тоа го прават сите други држави (на конференции, на дресови на спортските репрезентации, на дефилеа…): *Англиски:* Republic of Macedonia (north) *Француски:* Republic Macedoine (nord) *Руски:* Република Македонија (север) *Шпански:* Republica Macedonia (norte) *Скопје, 10 август 2009*

# ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ

# МАКЕДОНИЈА И РАСПАДОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Распадот на Југославија, јасно покажа дека, надвор од Федерацијата, македонска државане не е прифатлива за главните меѓународни сили. Пред сите други, очигледно – за САД. Воопшто не беше случајно што не наидовме на нормално и логично меѓународно признавање, иако бевме единствената југословенска република којашто без војна дојде до независност. Напротив, веднаш почнаа да нѐ уценуваат со името, организирано да го спречуваат нашето меѓународно етаблирање, да ни ја блокираат границата... Сето тоа беше надвор од меѓународните правила, пракси, принципи... Нѐ дотераа до таму што на крајно нелегален и варварски начин ни го суспендираа уставното и историско име од меѓународна употреба! Со тоа беше флагрантно прекршена Повелбата (Уставот) на Обединетите нации – и никој не реагираше.

Како потврда дека е тоа точно, зборува и фактот што подготовките за да се спречи меѓународното етаблирање на независната македонска држава, започнаа уште пред распадот на Југославија. Во август 1988 година, со нова административна поделба, Грција за прв пат почна официјално да го користи името – Македонија. Тогаш, три региони од Егејска Македонија ги добија имињата Западна Македонија, Централна Македонија и Источна Македонија и Тракија.

Имињата на тие три региони беше основата врз која ќе се оспори нашето име – Македонија!

Никој нека не се залажува дека проблемите тогаш ни ги создаваше Грција, или дека сега е носител – Бугарија. Тие се само алатки во рацете на Вашингтон, крајно не принципиелно подржан од Брисел. Од самиот почеток, целта беше евидентна – дефинитивно затворање на „Македонското прашање“, иако ние немавме капацитети тоа веднаш да го разбереме и сфатиме. Сепак, тоа не треба да важи и за самиот врв на државата.

Во „Фокус“ од 24/4/2025, во неговите „Белешки од годините на независност“, Денко Малески објави разговор со Брент Скокрофт, тогашен советник за национална безбедност на претседателот

Џорџ Буш постариот, од посетата на Вашингтон, реализирана од 8 до 11 ноември 1992 година, кога бил во придружба на претседателот Киро Глигоров. Во Белата куќа, Скокрофт започнал разговор за промена на името, со констатација дека – „многу држави го сториле тоа“. Направил мала пауза, откако Малески му рекол дека – „сите до една, тоа го сториле од своја добра волја, а не под принуда“. Скокрофт заклучил – „Тоа се прави кога е во прашање опстанокот на една држава“.
Иако тогаш, како потсекретар, бев втор човек во Министерството са надворешни работи, веднаш до Малески, бидејќи заменик-министер немаше, немав никакви информации за овие разговори. Практично, Скокрофт зборувал во име на претседателот Џорџ Буш, и со неговото предупредување – „за опстанокот на државата“, максимално ја прецизирал политиката на САД кон Македонија. Пораката е јасна – мора да го смените името, ако сакате да опстанете.
А тоа е неспорна американска политика – којашто упорно и посветено се спроведува до денес.
Таквата американска политика стана уште појасна при нашиот прием во ООН кога, во Советот за безбедност, крајно нелегално ни го суспендираа уставното и историско име од меѓународна употреба. Тоа можеше да го направат само САД, и никој друг. Нашите стратегиски партнери, де.
Денес (2025), со гордост можеме да констатираме дека и покрај сите усилија, жестоки притисоци, нецивилизациски пречки, уцени, ултиматуми, блокади... коишто секојдневно ни ги поставуваа(т) главните светски фактори, тие не успееја да го уништат македонизмот. Напротив, доживееја сериозен неуспех, иако беа целосно поддржани од нашите соседи, коишто се нивни пулени и сателити, Токму затоа, свесни дека времето работеше за Македонија, тие ја прилагодија регионалната политика. Сѐ започна на Косово, во 1999 година. Тогаш, САД решија забрзано да го завршат процесот на постјугословенско средување на Балканот. Во прашање беше – трилогија. Првиот дел беше отцепувањето на Косово од Србија, којшто успешно заврши.

Вториот дел беше обидот за отцепување на трите општини со албанско население од Јужна Србија, во 2000 година, кој заврши со целосен неуспех.
Крајот на трилогијата беше кај нас, во 2001-та. Треба да ни биде кристално јасно дека, ако не беше војната на Косово во 1999, немаше ниту теоретски шанси да се случи 2001-та кај нас. Тие се наменски и целно поврзани. Тоа беше класична агресија од Косово којашто, на крајот, беше релативно неуспешна за организаторите, ако се имаат предвид првите пет соопштенија на ОНА. Првичната цел им беше „ослободување на албанските територии од македонска окупација“, и отворање на патот за Голема Албанија, што не беше веднаш постигнато!
Тоа е едната страна од медалот. Втората страна е нашиот невиден срам и понижување коишто ги доживеавме со поразот во војната. Армијата на Македонија, со офицерски кадар наследен од ЈНА којашто имаше светски рејтинг, беше поразена од ракатка терористи. Оправдување нема, и не може да има. Сепак, најголем дел од вината паѓа на плеќите на тогашниот претседател Борис Трајковски. Како главен командант на воените сили, тој дозволи да се случи нашиот катастрофален пораз. Тој беше под големо влијание на американските генерали, коишто ровареа низ Македонија (МПРИ) и бескомпромисно го манипулираа. Тој им веруваше, за што нема никакво оправдување, за на крај, откако максимално го злоупотребија – да го пуштат низ вода! И него, ама и нас со него.
Влијание врз апсолутно погрешните постапки на претседателот и врховен командант, секако имаа и неговите религиозни убедувања. Можеби тој сметаше дека – Господ ќе нè спаси? Во секој случај, неговата улога во војната е крајно негативна, и еден ден тоа ќе мора да се утврди. Војната и ОРД се меѓникот после кој земјата тргна прудолу на начин којшто е речиси нереверзибилен. Вината е главно негова.
Сè што ни се случуваше по 2001-та е резултат токму на нашиот срамен воен пораз.

# МАКЕДОНСКИТЕ ГОЛГОТИ

*(Август, 2017)*

Темата е стара веќе преку 25 години и е излитена ама сè уште актуелна бидејќи една мала држава како Македонија, е жртва на интереси и агресивни политики на една суперсила, чија цел е урнисување на вековниот македонски народ. Просто е неверојатно некој да биде толку упорен и преку четврт век да се обидува да постигне нешто што е неприродно, нецивилизациско, нехумано, нелегално и со непредвидливи последици кои можат да бидат катастрофални за мирот и безбедноста не само на Македонија и на Балканот, туку и за цела Европа. Стариот континент не може да биде стабилен, ако неговиот југ врие. Дали е тоа можеби и целта на силата од преку океанот? Ова што ни се случува сите овие години, не ни го прави кој било туку САД, во обид да го постигнат невозможното.

Да се разнебити еден народ, колку и да е тој мал, навистина нема никаква логика камоли некаква смисла на почетокот на 21 век. Без оглед на интересите кои се во позадина. Но, таква е политиката која се базира врз аргументот на силата. Таа е стара колку и светот, и нема сомнение дека ќе трае уште долго.

Така доаѓаме до клучното прашање – а, зошто сакаат да нè урнисаат како народ, преку промена на името на државата?

Кои се причините кои водат во една таква безумност, која повеќе наликува на 19 или 18 век? Што ќе се добие, ама што може и да се загуби со бришењето на македонскиот народ?

Иако неприфатливи, причините се јасни. Тие се дел од светската геополитика како директна рефлексија на регионот, конкретно на Македонија. На тапет е „Македонското прашање“, коешто сметаат дека треба дефинитивно да се затвори. Долго време, Македонија била бурето барут на Балканот. Аспирациите кон македонскиот народ, што логично значи и кон неговата територијата, биле и сè уште се актуелни, од речиси сите негови соседи. Затоа, иако сосема погрешно, во Вашингтон се сметало дека со прекрстувањето на Македонците и нивна бугаризација, ќе се реши

проблемот. Паралелено, тоа би гарантирало и долга американска доминација на Балканот! Начелно, може да изгледа и така.
Ама, во пракса, можеме да бидеме сигурни дека тоа ќе биде отворање на Пандорината кутија. За тоа, веќе има потврди.
Само тоа може да биде позадината на сите наши Голготи, на коишто сме изложение по распадот на Југославија. Друга причина – нема и не може да има. Отако ја снема Југославија, Вашингтон очигледно сметаше дека независната македонска држава ќе ги повампири сите стари соништа и аспирации на соседите што, на еден или друг начин, и се случи. Затоа, логично е прашањето – кој прв почна? Или, чија беше идејата да не се признава независната македонска држава, поточно – македонскиот народ во неа? Дали поводот, и причината, беше Грција? Или тоа беше изворна американска политика, креирана од нејзините политички планери, и базирана врз претпоставките дека аспирациите и историските синдроми на соседите неизбежно ќе се вратат? Или политиката за неутрализирање на независната македонска држава, а имплицитно тоа значи и на разнебитување на Македонците, се појави и растеше паралено, иницирана од повеќе страни, заради заеднички интереси?
Но, да не ги заборавиме и тајните служби. ЦИА, на пример, одамна имаше анализи за распад на Југославија, во коишто секако имаше и дел посветен на Македонија, и на „последиците“ од нејзината независност. Тоа е своевиден показ дека ММЕ кој прв почна – сепак потекнува од преку океанот.
Прецизен одговар нема, а можеби и никогаш нема да се добие. Во секој случај треба да се истражува. Засега, врз основа на огромен број докази, може само да се тврди дека главните менаџери, сепак, биле во Вашингтон, а не на Балканот. На некој начин, тоа го потврдуваат потезите коишто се повлекуваат од самиот почеток, сврзани со признавањето на независната македонска држава. Тоа се правеше со перфектна прецизност, почнувајќи од циркусот во СБ, при приемот на Македонија во ООН. Тоа го трасираше патот, и сè потоа беше обична рутина.
Не е спорно дека кај нашите соседи, уште пред да се растури Југославија, започнаа комбинаториките против неизбежната

независна македонска држава. Во Грција, на пример, тоа се случи во август 1988 година кога, со новата администрстивна поделба на земјата, започна официјално користење на името Македонија, коешто до тогаш беше – забрането. Тоа беше основата врз која се оспори нашето име.
При крајот на 1980-тите и почетокот на 1990-тите, Бугарија беше и самата во превирања и нема податоци дека и таа почна порано да се подготвува за пост-југословенскиот период. Софија прва ја призна назависна Македонија, ама не заради некаков политички прагматизам, туку со единствена цел да се спречи нејзино, евентуално, враќање во некаква нова југословенска федерација, и за да се спречи влијанието на Србија. За да нема недоразбирања, Софија веднаш ги реактивира своите стари историски синдроми и, паралелно со признавањето, свесна дека македонската приказната не е завршена, истиот ден изјави дека не признава македонски народ и јазик. А ако за нив нема македонски народ, тоа значи дека признаа втора бугарска држава! Не воспоставија веднаш ниту дипломатски односи, што е најнормално во такви ситуации. Чекаа да видат дали ќе издржи новата држава, и не сакаа да избрзаат, за да не си ги намалат шансите за учество во поделбата, доколку дојде до распарчување на Македонија.
Под Милошевиќ, во Србија цутеше национализам и присвојувањето на Македонија беше масовно – и во јавноста, и меѓу политичарите. Се тврдеше дека во земјава има 500 илјади Срби, и дека Македонија не може сама, пред сè заради Албанците. Фала му на Бога – една од клучните грешки на Милошевиќ беше увереноста дека Македонија ќе им падне во скут, како зрела крушка! Инаку, тој сигурно ќе преземеше соодветни чекори! Македонија е негов голем пораз.
И Албанија не беше во позиција премногу да се експонира, заради длабоките превирања во земјата, ама не треба да има дилеми дека и тие калкулираа и планираа. Тоа го правеа во договор со Албанците во Македонија. Како последица, нагласено и непринципиелно инсистираа на референцата од ООН, со што директно ја негираа државата. Во Тирана, и официјално, и јавно, постојано и нагласено се зборува(ше) за албански територии во

Македонија. Нивните пет минути дојдоа во 2001 година, кога врз Македонија започна воената агресија од Косово. Првите пет соопштенија на ОНА беа дека целта на војната е ослободување на албанските територии.
Сето тоа беше во договор и под менаџмент на САД и, откако Вашингтон се увери дека тоа нема да успее, целта на војната ја променија – за човекови права. Никаде во светот, до сега, таква војна – немало. Војните се или за ослободување, или за освојување. Трето нема.

*.*.*

Клучниот проблем со којшто се соочува Македонија како држава, и македонскиот народ како етнос, е недостатокот на единство. Голготите низ коишто врвиме веќе четврт век се пред сѐ резултат на нашата длабока национална поделеност. Нема ниту лидери, ниту мотивирачка сила коишто ќе го сплотат народот, и ќе бидат инспирација сите заедно да се борат за себе и за своите права, и ќе повлечат напред во создавање атмосфера на самопочитување и самодоверба.
Такво нешто – нема. Тоа е секако директна последица на историјата низ која сме врвеле, ама нема никакво оправдување што сѐ уште се мразиме меѓу себе. Факт е дека секогаш сме биле под нечие ропство, под закани од соседите, заради нивните нескриени аспирации и кон народот и кон неговата територија. Не е спорно дека директна последица на тоа се и длабоките поделби меѓу Македонците. И странските тајни служби играле важна улога во поделбите на македонското национално ткиво заради сопствени интереси, меѓутоа, одамна моравме сето тоа да го надминеме. Нѐ делеле за полесно да нѐ контролираат и искористуваат, ама зошто дозволуваме тие манипулации сѐ уште да се присутни и силни и денес?
Тие времиња поминаа, и никакво оправдување веќе нема. Разединетоста зборува за нашиот примитивизам, за нашата незрелост, себичност, тесноградост, за недостатокот на достоинство...
Сега, кога имаме сопствена држава, приоритет мора да ни биде максимална промоција на нашите досегашни достигнувања. Мора

да имаме јасна стратегија за јакнење на националните чувства, за создавање услови за соодветно воспитување и образование, за креирање национална програма за зајакнување на самочувството... Доста го прифаќавме водството на другите. Доста ни импонираше туѓото, на сметка на сопственото. Доста преферираме странски производи, место домашни. Доста бевме поголеми католици од папата...
Да се гордееме со годините поминати во Југославија, кога македонскиот народ доживеа целосна афирмација и огромен развој, да се радуваме на независната македонска држава, кога имаме своја валута, репрезентации...
Просто е неразбирливо дека, по толку години независна држава, ние немаме лек за надминување на историските поделби. Недозволиво е што никој не се занимава со тие проблеми коишто се, по многу нешта – суштински. Еден од начините како да се надминат овие состојби е форсирање на – спортот. Постигнатите резултати се неверојатно мотивирачки, длабоко емотивни, најсеопфатно обединувачки и со најшироки дострели. Допираат до секого.
На времето, слично постапи Источна Германија, којашто не беше пошироко меѓународно призната, како и Куба, којашто беше под постојана американска закана. Слободно може да се оцени дека, преку спортот, овие држави го освоија светот.
За нивните резултати се зборуваше, се пишуваше, се емитуваше... На олимписките игри, на светските првенства... тие беа меѓу најдобрите. Од нивните искуства Македонија треба да учи. Секако дека не можеме да ги постигнеме нивните дострели, ама треба да се обидеме. Во спортот мора многу да инвестираме бидејќи тој може да ни донесе самодоверба.
На времето, некој имаше оценето дека Македонците имаат силно национално чувство, ама немаат доволно изразена национална свест. Не сум стручен тоа да го анализирам ама, се чини, во тоа може да има некоја вистина. Еве повод за тие што се разбираат, да развијат соодветна стратегија за зајакнување на македонизмот и преку силна национална свест.

*.*.*

Државите се општествени заедници со стриктни правила на однесување. Ако во нив не е сѐ регулирано, преку Устав, закони... следува хаос кој не води кон добро. Сега, Македонија има своја држава и може сама да ги решава сите проблеми. Арно ама, со војната од 2001-та, која во основата беше агресија од Косово, во директна режија на САД (МПРИ...), македонската држава беше рекомпонирана на начин кој требаше да ја промени позицијата на Албанците во земјава, од малцинство во државотворен народ, рамен на мнозинскиот македонски народ. Тоа е суштината на американската политика на Балканот. Играат на картата на Албанците и за да ја обезбедат трајно нивната лојалност, за возврат им ја подаруваат Голема Албанија. Исто како и Мусолини, во Втората светска војна. Тоа е проект, којшто ќе има долгорочни катастрофални последици за регионот. Вашингтон, пак, за тоа не дава ни пет пари. За нив е важно да ги постигнат сегашните краткорочни цели, а за опасностите коишто ќе следуваат – нека му мислат други.
Сегашната американска политика неизбежно ќе води во конфронтација на Албанците и со Грците, и со Црногорците, и со Босанците, дури и со Бугарите, а не само со Србите и Македонците. Нивните апетити секако ќе растат и тоа ќе носи реални опасности за целиот регион. Висока цена ќе платат и Американците бидејќи, во моментот кога ќе почуствуваат дека повеќе не им се потребни, Албанците ќе ги – отпишат. За ова тврдење има и историски докази. За време на Втората светска војна, и по неа, главен пријател на Тирана беше – Белград. Со Информбирото, таа алијанса прекина и главен адут на Албанија стана – СССР. И таа идила заврши и Албанија се најде во прегратката на – Кина. Откако и тоа заврши, на ред дојдоа Американците. Колку ќе трае оваа романса, никој не знае.
За живо чудо, со војната од 2001-та, САД и Албанците (УЧК) не ги постигнаа првичните задачи и цели. Тие се сведуваа на – „ослободување на албанските територии во Македонија“, што значеше и распад на нашата држава. Затоа следуваше „Планот Б“, срочен во Охридскиот рамковен договор (ОРД).

Целта остана, само беше променета техниката и тактиката за реализација. Не треба да има никакви дилеми дека, според расположливите информации подготвени од тајните служби на САД и Велика Британија – а) војната од 2001-та кај нас беше дел од војната за ослободување на Косово, од 1999 година. Целта беше решавање на „албанското национално прашање“; б) погледнато од друга страна, доколку не беше војната за Косово од 1999 година, немаше никакви шанси да се случи 2001-та кај нас. Таа беше само третата фаза, по неуспешниот обид во Јужна Србија, со Медвеѓе, Прешево и Бујановац; в) ОРД е американски документ, донесен од нивниот агент Фровик и прво подметнат за сеалбански договор во Призрен, меѓу терористите на ОНА, ДПА на Џафери и ПДП на Имер Имери.
Со ОРД, во голема мера се девалвира македонскиот карактер на државата. Тоа се случи и формалноправно, а уште повеќе во пракса. Македонската држава беше од корен редефинирана ама крајната цел, формалното изедначување на Македонците и Албанците во управувањето со државата, а со тоа и отворање на патот за федерализација, со паралелна бугаризација на Македонците – не беше постигнато. Затоа се појави „Тиранската платформа“ (2017), којашто беше само логично продолжување на ОРД.
Албанците, каде и да се, кога се работи за националното прашање – знаат што сакаат и сите се на иста линија. Нема и не се можни разногласија. И во Македонија, и пошироко, решавањето на нивното национално прашање го постигнуваат – милиметар по милиметар. Македонските политичари, пак, заинтересирани само за власта, било да ја добијат, било да не ја изгубат, постојано им даваат непринципиелни отстапки и концесии коишто, најчесто, се – неповратни, и катастрофални за македонизмот. Еден од најеклатантните примери за тоа е законското регулирање на користењето на државното знаме на Албанија! Сега, на отворен и безобразен начин се означуваат „албанските територии“ во земјава, преку делумно спроведување на законот – без паралелено користење и на македонски знамиња. И никому око не му трепнува! Законот, пак, во никој случај не смееше да се прифати

таков каков што е. Контрола нема и Албанците максимално го злоупотребуваат. Заради мир во куќата, Македонците молчат и си ги чуваат фотелјите.
Сега (2017), претседателот Ѓ. Иванов нѐ потсетува дека двајца поранешни претседатели на Бугарија и Грција ни порачале дека со македонизмот нема да можеме да дојдеме до Брисел. Ако е така, зошто тогаш го потпишавме ОРД? Или, уште подиректно, зошто потпишавме бесмислен договор за „пријателство“ со Бугарија? Бугаринот беше Плевнелиев, а кој беше Гркот?
Договорот со Бугарија е наша македонска капитулација, ама не е и крај на светот. Впрочем, тој може и да се отповика. Има отказен рок од година дена. Дали некој ќе се осмели тоа да го стори, е друго прашање. Во принцип, тоа е тешко, а можеби и не доаѓа предвид? Сепак, многу пострашно е евентуалното прифаќање на најавениот закон за албанскиот јазик. Со него, иако неформално, треба да се федерализира државата.
Барањето во „Тиранската платформа“ за двојазичност на целата територија на државата, беше обичен политички блеф. На Албанците не им треба нивниот јазик да се користи во Берово и во Штип. Со тоа само ја замајуваа јавноста, за да го добијат тоа што го сакаат. Нивната цел е албанскиот јазик да го користат албанските функционери кога зборуваат во име на државата! На албански да зборуваат министрите Албанци во, и во име на Владата, да го користи претседателот на Собранието во раководењето со законодавниот дом и во сите други слични прилики. Кога тоа ќе го постигнат, а се на добар пат, тогаш државата станува двојазична. А бидејќи во светот нема унитарна држава која е двојазична, тогаш, формалноправно и Македонија ќе биде – федерација.
Држава на два рамноправни народа кои имаат и право на отцепување. Следните чекори, за да се официјализира тоа, ќе бидат само обична техника и тактика.
Кога се гледа351 наназад, сѐ е јасно – сѐ што правеа Албанците по распадот на Југославија, преку Илирида, војната од 2001-та, ОРД, „Тиранската платформа“... цело време имаа само една идеја – „Голема Албанија“, диктирана и менаџирана од Тирана, ама со

голема поддшка на САД. Вашингтон играше на каратата на Албанците на Балканот, а тие максимално го користеа тоа. Токму благодарејќи на САД, и тој сон им се остварува.
Со независноста на Косово, проектот е веќе преку 70 проценти реализиран. А во однос на Албанците, Вашингтон, како наш голем „стратегиски партнер“ – ја жртвува Македонија како непотребен пешак во партија шах. Така е, зашто сите ние спиеме како заклани. Ова, да не беше жалосно, ќе беше смешно. Во секој случај е – трагично.
Каде е сега Фрчкоски и другите наши генијалци кои се правеа важни додека во Охрид се структурираше ОРД, а тој им беше грубо подметнат од американските агенти на ЦИА, на чело со Фровик? Фрчкоски нè уверуваше дека претседателите на комисиите во Собранието, во случај кога се Албанци, седниците ќе ги водат на македонски јазик.
Тоа беше апсолутно нормално бидејќи официјален јазик во државата, и според ОРД и според Уставот – е македонскиот. Бидејќи претседателите на комисиите настапуваат во име на државата тие мора да го користат македонскиот јазик. Кога дискутираат во лично или во партиско име, нема никаков проблем да се обраќаат на својот мајчин јазик. Ама, не и во име на државата.
Полека, полека како што веќе спомнавме, тоа клучно правило се избриша. На агресивен начин, Теута Арифи и други го променија тоа суштинско правило, ја срушија позицијата на македонскиот јазик, и го руинираа уставниот карактер на државата. Тие ја постигнаа целта, додека сите македонски овци во Собранието, и во врвот на државата – спиеја. Се разбира дека тоа беше само преодна етапа. Сега – дојде и сметката. И спикерот, и министрите... сите ќе зборуваат на албански. Нема веќе македонска држава, признале и сфатиле ние, или не. „Нашите“, сè уште се отсутни и ништо не им е јасно.
Барем така се однесуваат. Сепак, нивните спонзори од Вашингтон и Брисел веројатно ги убедиле и Заев и бандата околу него, дека министрите и спикерот треба да зборат на албански и дека тоа не е никаков проблем?! И во право се – додека е некоја жена малку

трудна, ништо не се гледа ниту забележува. Арно ама, се запрашал ли некој што ќе значи овој закон по некое време?
СО ЦЕЛОСНА ОДГОВОРНОСТ МОЖЕ ДА СЕ ТВРДИ ДЕКА ДВОЈАЗИЧНОСТА, СО ТЕКОТ НА ВРЕМЕТО, ЌЕ ЈА НАПРАВИ МАКЕДОНИЈА НЕФУНКЦИОНАЛНА ДРЖАВА. Во такви услови – федерацијата ќе биде дури и решение. Албанците веќе немаат никаква обврска да го учат македонскиот јазик, а тоа значи ниту да го зборуваат. Или, поточно, неизбежно ќе биде – колку ќе го учат тие македонскиот, исто толку, ако не и повеќе, ќе мораме и ние да го учиме албанскиот. Ако сакаме да се разбереме. Ако не, никому ништо. Двата јазика ќе бидат еднакви и правата и обврските на сите ќе бидат – исти. Сосема намерно, американските креатори на Охридскиот рамковен договор, во него не ја дефинираа улогата на македонскиот јазик. Тој мораше да биде прецизиран како обединувачки фактор. Се разбира, доколку неговите креатори замислуваа Македонија да опстои како унитарна дражава. Очигледно, тоа не беше случај. А што правеа нашите „експерти“ додека се подготвуваше договорот, е прашање кое нема одговор. Тие немаа поим што се случува, и какви политики и решенија се реализираат, клучни за иднината на Македонците.
Како резултат на овој закон, во која било државна институција, Албанецот ќе има право да зборува и пишува на албански и ако шефот сака да го разбере, ќе мора да го знае и тој јазик. Ако не, нема да биде квалификуван за функцијата. Со еден збор, државата нема да може нормално да функционира бидејќи нема да биде возможна меѓусебна комуникација. Тоа ќе значи дека заедно не можеме, и дека ќе мора да се бара чаре. Албанците имаат опција, ние немаме.
Ако се одвојат деловите каде што се Албанците мнозинство, остатокот на државата не може да функционира како една целина. И, да немаме никакви илузии – сето ова што ни се случува не е воопшто случајно. Тоа е американска политика зацртана уште кон крајот на 1980-тите години, која упорно и посветено се спроведува по распадот на Југославија. Нашата бугаризација е логичен дел од сето тоа.

Неспорен факт е дека сè што се случува во земјава, по распадот на Југославија, е по диктат на САД, а ние не ги знаеме нивните финални планови за и околу Македонија.
Засега е јасно само дека македонштината и за нив не е прифатлива. Ништо повеќе. Тие веќе успеаја албанското малцинство политички да го изедначат со македонското мнозинство, но не е јасно што ќе ни наметнат потоа? Дали вештачката федерација, откако ќе се прекрсти државата? Како таа ќе функционира? Дали ќе биде албанско–бугарска? Ќе се задржат ли истите граници?
Пропадна опцијата, актуелна при крајот на 1990-тите, дефинирана преку официјалниот албански документ – „Платформа за решавање на албанското национално прашање“.
Со неа беше планирано дека, преку зголемениот наталитет, масовно поддржан од џамиите и политичарите, Албанците постепено ќе станат и најбројни во државата и така ќе се реши проблемот. Меѓутоа, прво се намали нивниот наталитет и, второ, масовно се иселија. Најверојатно, сега се тие и под 20 проценти од вкупниот број жители, со што сите нивни нелегално остварени права врз таа основа, паѓаат во вода.
Арно ама, тие не се предаваат, а САД упорно работаат на бришење на Македонците преку нивна бугаризација.
Додека договорот со Бугарија е менлив и може да се откаже, законот за албанскиот јазик лесно може да биде погубен за Македонија и Македонците. Кога тој ќе се усвои, назад нема да има. Стекнатите права, особено од страна на Албанците, се – иреверзибилни. Деновиве, кога се подготвува таа атомска бомба врз Македонија, никој не се вознемирува.
МАНУ, не треба ниту да се спомнува. Тие го отспаа договорот со Бугарија и ветија дека ќе се огласат – кога ќе го видат текстот потпишан?! Каква будалштина! Зошто да не се изјаснат година дена по потпишувањето? Тогаш ќе имаат доста други реакции, за да не се заморуваат! Храмот на науките и искуствата треба да дава насоки, да упатува и ориентира а не да анализира нечии шкрабаници. Можеби е поарно што не се изјаснуваат и околу јазициве. Од каде па тие да знаат зошто албанскиот јазик не треба да биде прв во државава?

Ако веќе долго време успешно ги влечат за нос тие од БАН, зошто да не им го дозволат тоа и на Албанците?
Тешко е чувството дека современата македонска држава, по 73 години битисување, под палката на новата власт полека ама сигурно – издишува. Стотици илјади животи се дадени за оваа слобода која ја уживаме ама која, очигледно, не знаеме да ја сочуваме. Албанците во Македонија не бараат човекови или граѓански права, што би било сосема во ред, туку трета албанска држава. Сакаат да станат нејзини газди, а по ниту едно меѓународно право, пракса или принцип – немаат основа за такво нешто. Тоа значи федерализација на Македонија на мала врата, проект на кој тие упорно работат, со отворена, сесрдна и директна американска поддршка и помош. Ни повеќе, ни помалку, таквиот статус ќе им отвори и можност за отцепување со политички средства, доколку таквиот потег им одговара на Американците. Токму за таа цел, Албанците сакаат целосно редефинирање на Македонија, за што нема никаква основа ниту во домашното, уште помалку во меѓународното право. Основната намера е анулирање на унитарниот карактер на Македонија, којшто беше гарантиран со Охридскиот рамковен договор (ОРД). Тој е творба на САД, ама сега тие молчат бидејќи во него нема никаква основа за двојазичност. Работаат спротивно од тоа што го ветиле во Охрид. Тоа не е ништо ново.
Истото ни го направија и со Привремената спогодба со Грција. Преку неа, тие крајно ја девалвираа нашата позиција во спорот со името, а единствената наша корист – Атина да не нè попречува во интеграциите – тие самите ја укинаа.
Тоа се случи на Самитот на НАТО во Букурешт (2008)! Ние толерираме невидена бесрамност и макијавелизам од страна САД, коишто така се однесуваат кон Македонија веќе цели 25 години. Ние, пак, нив упорно ги сметаме за „стратегиски партнери“. Поголема глупост, здравје.
Основно правило на демократијата е владеење на мнозинството, со нормално почитување на правата на малцинствата. Во Македонија се прави невиден експеримент на штета на мнозинството, и никому ништо. Македонците, поделени од кога било, ќе се изедат меѓу

себе, а бродот тоне. Во борбата за власт, добар партнер им е и самиот ѓавол, ако помогне да ја постигнат целта. Тие воопшто не сакаат и да помислат дека казната за нивното предавничко однесување – сепак ќе ги стигне.
Невидена измама е дека двојазичноста е дел од ОРД, на што се повикуваат сега сите кои манипулираат со државава. Каде се сега јавно да реагираат Фрчкоски и другите наши „умници“ кои се правеа важни дека го структурирале ОРД, а тој им беше грубо подметнат, како кукавичко јајце, од агентите на ЦИА, Фровик, Пердју и слични типови, и има катастрофални последици за земјата? Фрчкоски јавно нè уверуваше (тешеше или лажеше?) дека во име на државата, како што е според Уставот, Албанците ќе зборуваат на македонски јазик. Ако е така според ОРД, и според новиот Устав, користењето на албанскиот јазик не можеше да стигне до таму. Според Уставот, официјален јазик во државата е македонскиот. Затоа, во име на државата, може да се зборува само на македонски јазик. Тоа клучно правило, веќе се игнорира во Собранието.
Се промени таа клучна пракса и се девалвира позицијата на македонскиот јазик, преку флагрантно кршење на Уставот. Албанците ја постигнаа недостижната цел, додека пратениците Македонци – спиеја. Сите тие, почнувајќи од претседателите на Собранието, заедно со партиските шефови што го дозволија тоа, треба кривично да одговараат за соучесништво во непочитување на Уставот и уништување на македонштината. Тирана и Вашингтон сега ни ја испорачаа сметката: и спикерот, и министрите... сите ќе зборуваат на албански. Ако Владата е двојазична, таква е и државата. Тука не може да има дилеми.
Воведувањето двојазичност во Македонија неизбежно значи крај и на нејзиниот македонски карактер. Впрочем, токму затоа е и замислена. Македонизмот ќе замине во историјата. Двојазичноста, недвосмислено значи дека унитарниот карактер неповратно се трансформира во федеративен, на два рамноправни народа, а тоа значи и две држави. Затоа и се воведува. Нема унитарна држава со два јазика. Такви се само федерациите или конфедерациите, какви

што се Белгија, Швајцарија... Така, малцинството кај нас добива трета албанска држава, што е надвор од сите меѓународни узанси. Кога американскиот булдожер ги турка своите интереси, правните норми никаде не важат. Нашата хашка пресуда, на пример, целосно ја игнорираат. Американците ја нарекуваа – „мислењето на судот“!? Нелегално ги бомбардираа Србија, Сирија, Либија... Со законот се отвора технички процес на правно етаблирање на федералниот статус, што формално ќе следува по кусо време. Неговото имплементирање неизбежно ќе води во промена и на името на државата, кое ќе мора да ја отсликува новата реалност (Албанско-словенска федерација, на пример), а неизбежно ќе наметне и замена на сите симболи – знамето, грбот, химната... сè до дводомно Собрание...
Ревидирани ќе бидат и сите домашни политики, почнувајќи од структурата на Буџетот... Ова е само етапа кон финалното рушење на македонската држава. Деталите ќе следуваат. Нормално, апетитите на Албанците – ќе растат. Разликата меѓу унитарна држава и федерација е – огромна.

*.*.*

Договорот за пријателство со Бугарија претставува тежок пораз на македонските национални аспирации, за коишто се положени огромен број животи. Но, тој може и да се откаже и да не важи по година дена. Дали ќе се најде јунак за таков потег е друго прашање. Може и да се игнорира, како што беше случај со декларацијата од 1999 година, којашто имаше слична содржина, иако Бугарите, поддржани од Вашингтон и Брисел, со него постојано (ќе) ни мафтаат. Законот за албанскиот јазик, меѓутоа, иако за измама на јавноста се нарекува „закон за јазиците“, е нешто многу пострашно од договорот со Бугарија. Тој ја уништува единствената македонска држава. Нелегитимните права на Албанците (ќе) имаат траен карактер, а тоа значи дека федералниот карактер на земјата ќе биде иреверзибилен исто како и третата албанска држава.
Македонија веќе одеше кон тотално нефункционална држава и благодарејќи на ОРД, ама сега тоа ќе се максимализира преку двојазичноста. По многу што ќе станеме втора Босна.

Малцинството ќе (ни) диктира како да се организира државата, што е невидено и не чуено во светски размери.
Кога веќе министрите ќе зборуваат албански во Владата, а тоа сигурно ќе биде наскоро, никој нема да може другите Албанци да ги натера да зборуваат на македонск каде било, ниту да го учат јазикот. Ним ќе им одговара и да не се разбираме, за да имаат отворен пат за отцепување, или за комплетна федерализација на државата, во зависност од интересите на САД и од состојбите во регионот. Нека нема дилеми дека една од главните цели на законот за албанскиот јазик е создавање на нефункционалност на современата македонска држава. Да се види дека не можеме заедно. Со оглед дека Албанците имаат опција, ние сме и нивна, ама нагласено американска колатерална жртва. Ова е финална фаза на процесот започнат со ОРД, во 2001-та. Тоа што ние се правиме на удрени, за сите манипулации коишто САД ни ги прават со државава, е наш проблем.
Претседателите на Бугарија и Грција, коишто јавно ни порачаа дека во евроатлантските системи можеме само без македонштината, веројатно тоа го сториле намерно, за да ни ја откријат политиката која ја водат Вашингтон и Брисел, и да се подготвиме, макар психолошки. Дека е тоа точно, најдиректно и најконкретно ни потврдува и паралелната акција на Албанците и САД за двојазичноста на Македонија. По автоматизам, и таа ја брише македонштината како основна карактеристика на земјава. Со новиот закон, кога албанскиот јазик ќе се изедначи со македонскиот, државата ќе се ребрендира во нешто ново. А тоа е нов чекор кон нејзино прекрстување, разнебитување на народот и формално отпишување на македонскиот јазик, што неизбежно (ќе) следува. Впрочем, министрите Албанци одамна комуницираат со светот – на албански. И, никому ништо.

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД НИВИЦИ

Ова не е длабинска анализа на катастрофата од Нивици. Се работи за една нејзина последица, којашто погоди огромен дел од нашето население, а нашата дипломатија комплетно и историски се посрамоти. По предавничкиот договор, следуваше и крајно неодговорно однесување на власта. Тие со прст не мрднаа, иако огромен дел од граѓаните останаа без лични документи – лични карти, пасоши, возачки и сообраќајни дозволи. Капитулантите, коишто го потпишаа, и надлежните институции, како да заборавија дека истиот мора и да се спроведува, откако влезе во сила (18 февруари 2019). Тоа значеше дека сите лични документи на нашите граѓани мораа да бидат сменети, согласно со новото име на државата, во рок од пет години, поточно до 17 февруари 2024 година. На тој ден, пак, стотици илјади граѓани немаа добиено нови документи.

Заради катастрофални грешки на власта, луѓето не можеа да патуваат во странство! Пасоши, на пример, со старото име на државата се издавале сè до јуни/јули 2021, со важност од 10 години! Така правеле во МВР, иако морале да знаат дека во февруари 2024 година, по околу две и пол години, истите ќе можат да се фрлат во ѓубре! А луѓето плаќале – за 10 години!

Ова е првиот дел од приказната, и е само вовед во дипломатијата. На неписмените македонски политичари, јавно им предложив дека проблемот може да се реши лесно и едноставно – со упатување нота во Атина! Со неа, на професионален дипломатски начин, ќе се објаснеше дека не сме во можност да ги замениме личните докуменети на граѓаните во рок предвиден со договорот бидејќи немаме технички можности за тоа. И, со напомена, дека најбргу што е можно ќе ја исполниме преземената обврска, за што на време ќе ги известиме! Тоа не можеше никој да го оспори.

Предложеното решение, заедно со нацрт-нота, беше објавено и на интернет-порталот „плусинфо.мк“, и во дневниот весник „Нова Македонија“. Во колумните беше посочена и можноста да се консултираат експерти од други МНР – дали предлогот држи вода, или авторот забегал. За секој случај, предлогот, и нацрт–нотата, по

електронска пошта беа пратени и во кабинетите на претседателот на државата и на МНР.
Никој не реагираше. Ако не веруваа дека така може да се реши исклучително тешкиот проблем со којшто се соочуваа нашите граѓани, можеа да проверат кај некоја пријателска држава. Ништо не преземаа а, крајно непотребно, маса народ беше долго малтретирана, додека тие од власта се однесуваа како слонови во стаклена менажерија.
Доколку се испратеше предложената нота во Атина, грчката страна немаше да има простор за каков било приговор, или какво било оспорување на нашата реакција, иако е сигурно дека ќе беа – револтирани. И да реагираа, тоа ќе беше беспредметно. Без никакви проблеми, ние тоа ќе го игнориравме и/или ќе им јавевме дека ние немаме друг избор бидејќи не можеме граѓаните да ги оставиме без документи!
А, според договорот од Нивици, за секој проблем во реализацијата, двете страни можат да бараат или интервенција на генералниот секретар на ООН, или да одат на Судот во Хаг. Ако Атина преземеше такви чекори, тоа ќе траеше подолг период а, во меѓувреме, ние ќе го решевме проблемот.
Впрочем, Грците се искусна дипломатија, која знае што е што. А ако реагираа неконтролирано и агресивно, можевме и моравме да им вратиме дека тие немаат спроведено ништо од спомнатиот договор, од минималните и симболични нивни обврски. Не ги менуваат патните знаци, не ги ратификуваат трите меморандуми... Впрочем, и без да се бунат, треба да ги потсетуваме да ги исполнат обврските...
Во овај случај се посрамоти и целата наша дипломатија.
Било дипломатите од Скопје, а уште повеќе тие по разните ДКП. Ако имаше барем малку професионализам кај нив, тие требаа и мораа да се заинтересираат во земјите на акредитација, со барање совет како да се постапи. Така, ќе се вклучеа во решавање за проблемот, којшто беше од чисто дипломатски карактер. Впрочем, на дипломатите коишто нешто разбираат од занаетот, веднаш мораше да им биде јасно дека сè може да се реши со една нота.

Затоа, ова е класично потфрлање на нашата дипломатија, и доказ дека кај неа владее крајна нестручност.
Доколку и нашата дипломатија, барем преку лични иницијативи, се вклучеше со консултации со надлежните правни експерти во тамошните МНР, неизбежно ќе се дојдеше до истиот заклучок како треба да постапиме. За тоа не е потребна никаква инструкција од МНР, иако и таа ќе беше апсолутно логична и нормална. Ако имаше професионализам. Така, ќе се надминеа сите дилеми. И сите ќе профитираа.
Власта ќе добиеше поени, а граѓаните ќе се ослободеа од едно чудо непотребни и тешки малтретирања.
Место да се постапи професионално, МНР Бујар Османи ја повика на разговор грчката амабасадорка!? Тоа беше недозволиво срамна грешка, резултат на мизерен аматеризам.
Потегот личеше на подлизурковски однос, ако не и нешто пострашно, што не треба да изненадува од тогашното раководство, особено од самиот министер, којшто не ги бранеше македонските интереси. Може дури да се каже дека во сето тоа имаше и елементи на саботажа! Што бараше, на пример, Османи од амбасадорката? Или, што очекуваше? Ниту таа, ниту кој било друг во Грција не можеше да прифати никакво, нека биде и најофицијално барање за продолжување на терминот на нашата обврска! Во слични ситуации, никој нема таков мандат, не само во Грција. Тоа е меѓународен договор и Атина нема никаков маневарски простор за какви било толкувања, особено на нивна штета. Договорот е ратификуван во нивниот Парламент и за какви било промени или прилагодувања, потребна е долга и тешка парламентарна процедура, на која мора да ѝ претходат и дипломатски чекори координирани меѓу двете земји, со потпишување некаков анекс... Тоа е невозможна задача, дури и да беше Грција целосно спремна да ни излезе во пресрет. А сигурно не беше.
Заради тоа, барањето на Османи беше – крајно бесмислено, и надвор од умот. Се демонстрираше тотална дипломатска неписменост. Можеме само да замислиме како течел разговорот со амбасадорката и каква лекција добил Османи. Дали тој ја разбрал,

е сосема друго прашање. Сигурно е само дека се посрамотивме, како држава која не знае што прави. Со нашата нота, пак – ем ќе ги ставевме пред свршен чин, ем ќе ги оставевме без маневарски простор, ем проблемот ќе се решеше. Нотите се дипломатски ракети, дронови, топови...
Така е, бидејќи со нотата ние само ги известувавме, и од нив не баравме – ништо! Нивните евентуални реакции, воопшто не нѐ обврзуваа. Ние само ќе користевме наше легитимно право и неспорна дипломатска техника. Арно ама, нашите предавници не сакаа да се замерат на своите „пријатели“ во Атина. Можеби имале и зошто?
Во земји со дипломатско искуство, МНР испраќа циркулар до сите ДКП во којшто бара во земјите на акредитација да се побараат совети како да се постапи.

# ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА

Бескрајни се можностите на дипломатијата во областа на економијата. Деновиве (март, 2024), се продаде веројатно до сега најскапиот изграден стопански објект во државата, фабриката ФЕНИ, во Кавадарци. Не сум сигурен под кое име работеше на крај, ама беше во стечај и сопственик стана Комерцијална банка. Се градеше некаде при крајот на 1970-тите години, и чинеше преку 500 милиони тогашни долари. Проценето од ракав, тоа се веројатно барем милијарда денешни долари. Според расположливите информации, ја купи турска фирма, сигурно за мали пари. Ако ние бевме организирана држава, во барањето купувач за ФЕНИ ќе беше вклучена и целокупната наша дипломатска мрежа. Тоа ќе значеше и можност за поуспешно завршување на случајот.

Што можеше да се случи, ако нашите ДКП во најразвиените држави, и не само во нив, огласот за продажба на ФЕНИ го проследеле до министерствата за економија, за индустрија и за трговија, до стопанските комори, до инвестициони фондови, до разни фондации и слични институции...?

Впрочем, меѓу најголемите светски производители на никел се Русија, Канада и Австраликја, каде имаме и амбасади, и каде што можеше дури и да се посетат главните фирми, за да се стимулира нивниот евентуален интерес за купување.

Воопшто не е за потценување можноста дека ќе се јавеа повеќе заинтересирани за зделката. Сигурно е дека и без тоа биле дадени огласи и во странство, ама вака, можностите за подобар пазар се многу поголеми.

Дипломатите во нашите ДКП и самите можат да иницираат слични постапки, ако следат што се случува во земјата.

Проблем е што има недостаток од дипломатски знаења и искуства, а МНР не ја игра својата улога како што треба. Факт е дека, засега, нашите ДКП мора да се ангажираат главно политички, околу блокадите на Бугарија, зачленувањето во ЕУ... Дали, пак, тоа и се случува, е друго прашање. Меѓутоа, со оглед дека МНР е сега и за надворешна трговија, економската димензија мора сѐ повеќе да

доаѓа до израз. Во меѓувреме, треба директно да се комуницира со стопанските комори, здруженија, та и со поголемите фирми. Од нив да се бараат и предлози на што конкретно да се концентрираат истражувањата и контактите.

## УЛОГАТА НА ДОПИСНИЦИТЕ ОД СТРАНСТВО

До сега не ги спомнавме дописниците од странство, иако се тие компатибилни со дипломатите и меѓусебно се дополнуваат. Тие се исклучително важни за нашата земја, а ние многу малку ги имаме. Потребата за нив ја диктираат условите во коишто живееме. Со оглед дека нашите медиуми се сиромашни и не можат да си приуштат свои дописници од странство, тука многу проактивна улога мора да игра државата, преку својата информативна агенција МИА. Таа, пак, треба и мора да има најмалку 20-тина професионални дописници од за нас најважните светски центри, почнувајќи од соседните и Турција. Во ЕУ сакаме сите – и како јавност, и како држава, а често не знаеме за многу нешта што се случуваат во Брисел. Често, многу полесно и од дипломатите, важни информации можат да добијат – новинарите. На прес-конференциите, на пример, особено преку новинарските прашања, таму се дознаваат исклучително важни работи, до кои поинаку и не може да се дојде. Ако не си таму, остануваш покус за нешто важно. Македонија мора да го одврзе ќесето и преку МИА да организира дописници и од Брисел, Вашингтон, Париз, Рим, Берлин, Виена, Лондон... Клучно е МИА да не работи само врз комерцијална логика туку вестите од странство да бидат достапни и евтини за медиумите. Зошто да не и – џабе.
Кога работев во Лондон, во средината на 1990-тите години, се интересирав во нивниот Форин офис (МНР) како да доаѓаме до важни информации за сè што се случува во Унијата? Барав и канал за комуникација со нив, бидејќи бев сведок дека не сме во тек со тамошните настани. Одговорот беше дека на прес-конференциите во Брисел се пласирало речиси сè што било актуелно. Сега во Брисел имаме дури три амбасади, ама таму мора да имаме и силна новинарска екипа.
Судбината и како на држава и како на народ, сега ни се крои во Софија. Главно со наша согласност. Порано ни ја токмеше Атина. А ние, немавме и немаме постојани дописници кај нив, и не знаевме што се случува таму. Некое време, во Атина имаше дописник на МРТ, ама тоа не беше доволно.

Тоа е задача на МИА, со директно финансирање на државата, а информациите од дописниците да се користат што помасовно во земјата. Само така, и политичарите, ама и поголем дел од народот ќе бидат доволно информиран и ќе можат да заземаат исправни ставови. Комерцијалната логика не смее да доминира. Ова е важно прашање за нашата иднина.
Не може клучни информации од интерес за земјата, било од Атина и Софија, или од Тирана, Белград, Приштина, Брисел, Вашингтон, Париз, Лондон... да ни доаѓаат случајно, или од трета страна. Придобивка ќе биде и што дописниците ќе се специјализираат за соодветната земја и проблематика и по нивното враќање ќе бидат исклучително корисни аналитичари. Така се градат квалитетни кадри на долгорочна основа, какви нам традиционално ни недостасуваат.

# УЛОГАТА НА ТАЈНИТЕ СЛУЖБИ ВО РУШЕЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Тајните служби, деташирани во други држави, следат главно што се случува под маса. Не јавно. За таа цел имаат информатори од коишто добиваат информации од прва рака.
И тоа, што повеќе за меѓучовечките односи, за недоразбирањата и судирите во врвот на државата, за причините за нив, кој за што се залага, кој што и кого протежира, кој со кого е скаран, кој е зацапан во криминал... Се разбира, и за начинот на кој се спроведува власта. Секогаш е нагласен интересот за злоупотребите коишто се прават. Тоа се драгоцени податоци, коишто можат да се добијат само од инсајдери. Затоа постојат шпионите.
Врз основа на оцените и процените на тајните служби се утврдува и правецот по кој се движи државата и, клучното, дали е тој во интерес на нивните земји, дали кореспондира со нивните очекувања и потреби, или не. Кога тие тенденции се позитивни за нивните држави и им одговараат, улогата на тајните служби е пасивна и главно набљудувачка. Меѓутоа, кога тие движења и развојни насоки не кореспондираат со нивните интереси, тие започнуваат активности чија цел е нивно попречување и менување. Целта е „забеганите“ да се вратат на прав пат, или да се сменат. Тогаш се случуваат и „шарени“ и „кадифени“ револуции и се преземаат тајни, ама и јавни чекори за да се обезбедат сопствените интереси. Што мислите, колку легитимни влади срушиле тајните служби на главните светски сили, само во последниве 20-тина години?! Една беше и на Никола Груевски.
Класичен пример за улогата на тајните служби се и настаните на Косово, во 1999 година. Во 2000-тата, тие продолжија прво во Јужна Србија (Прешево, Медвеѓе, Бујановац), а потоа и кај нас, во 2001-та. Тоа беше војна во три етапи.
Клучен пресврт во историјата на Македонија, по распадот на Југославија, беше токму 2001-та. Независна Македонија има два главни историски периода – еден, од распадот на Југославија до војната во 2001-та и вториот, по неа, којшто може да се подели и на неколку под етапи. На пример – од 2001 до самитот на НАТО во

2008, потоа од 2008 до 2017, кога е потпишан договорот со Бугарија... По Букурешт (НАТО самит, 2008), САД отворено го презедоа водството за прекрстување на Македонија. Грција ја загуби водечката позиција.

*.*.*

Кусо и за војната во 2001-та. Мора да ни биде јасно дека настаните на Косово во 1999 година, не само што не беа случајни туку беа и замислени со пошироки импликации.

Иако сите се правеа дека не знаат што се случува на Косово пред да започне војната а таму, во меѓувреме, се вршеа интензивни подготовки за негово „ослободување“. Подоцна, се виде дека главни носители беа соодветните американски и британски тајни служби. Сепак, една од главните улоги ја имаше американското здружение на воени ветерани, МПРИ (Military Professional Resources Inc.). Тоа е приватна воена организација, којашто оперираше низ светот, под директиви на Стејт департментот и Министерството за одбрана на САД. Ги испраќаа во кризните жаришта, каде САД имаа свои интереси, а не смееја да се ангажираат како држава.

Ги испратија и кај нас, со формална задача – реформа на АРМ според НАТО стандарди, ама и со прецизна улога во косовската агресија во 2001-та.

Чинам дека кај нас дојдоа некаде во 2000 година. Проектот го започнаа кон крајот на 2000 и почетокот на 2001, со практично расформирање на нашите оперативни воени единици. По најголема „случајна случајност“ (?!?) тоа се случи токму пред да започне агресијата од Косово!? Уште поголема „случајност“ е фактот дека МПРИ беа на Косово уште од 1997 или 1998 година, подготвувајќи ја УЧК да ослободува. И, што се случи во 2001-та? На Косово, од каде што дојде агресијата врз Македонија, воените прашања и операции беа во рацете на МПРИ. Кај нас, пак, жртвата на оваа агресија, војската ја командуваа повторно личности од МПРИ. Не треба да има никаков сомнеж дека подобра „координација“ на воените акции против Македонија во 2001-та – не можеше да се замисли. Народски речено – кадија те тужи, кадија те суди. Исклучена е дури и помислата за грешка!

Значи, не треба да имаме никакви дилеми дека војната на Косово од 1999, беше и планирана, и замислена да продолжи прво во Јужна Србија, а потоа и во Македонија. Не е познато која им била крајната цел, и тоа веројатно ќе се дознае по 20-тина и повеќе години од денес (2025), кога ќе се објават американските тајни документи... ако се објават.
Сега, можеме само да претпоставуваме дека замислата била да се испитаат сите можности за побрзо создавање на Голема Албанија, којашто е очигледно главен американски проект во регионот, ама и што побргу да се затвори „Македонското прашање“! Останува нејасно дали намерата беше веднаш да се менуваат и нашите граници? Тоа се наметнува како императив, ама (ќе) зависи од регионалните услови. Потврда за овие планови е и огромната американска воена база на Косово – „Бондстил“. Извонредниот американски аналитичар Џефри Сакс, дури тврди дека Косово беше отцепено од Србија само заради потребите на САД да има база како „Бондстил“ во регионот.
Како што е познато, Белград се одбрани во 2000-тата, иако беше извршена масовна мобилизација на Албаниците во трите општини во Јужна Србија, Прешево, Медвеѓе и Бујановац. Со огромна помош од Косово и Албанија, и директна американска поддршка, не успеа нивното одвојување од Србија или, барем, обезбедување некаква поширока автономија.
Овие три општини, Албанците ги третираа(т) како „Источно Косово“, а не како Јужна Србија, што и се. Тоа кажува сѐ за нивните амбиции.
Во плановите околу Косово, очигледно била вклучена и судбината на Македонија. На проба требала да се стави барем нејзината издржливост за опстанок. Бројни индикатори потврдуваат дека организаторите, а тоа не се Албанците, очекувале брз распад на Македонија, што не се случи. Потврда за ова е фактот што во првите пет соопштенија на ОНА, целта беше – „ослободување на албанските територии во Македонија“. Тоа била прецизна задача за растурање на македонската држава. По некое време, меѓутоа, агресијата доби сосема друг карактер и стана – „борба за човекови права“. Тоа беше „Планот Б“ – државата постепено да се урниса,

ама овој пат преку Охридскиот рамковен договор. Тоа беше тест којшто, барем за одреден период, ја дефинира иднината на овој дел од Балканот.
Трансформацијата од „ослободители“, во „борци“ за човекови права, не можеше да се замисли, камоли да се очекува од страна на терористите на ОНА, како што на почетокот ги нарекуваше Џорџ Робертсон, генералниот секретар на НАТО.
Ако одлучуваа тие, „ослободителните“ намери немаше така лесно да се променат, во борба за човекови права. Тоа беше очигледна потврда дека целата операција ја диктираат – САД, и никој друг.
Иако со сериозни компликации, војната ја оствари главната цел – независноста на Косово. Нелегално, без согласност на СБ на ООН, мораше да бидат бомбардирани Белград и Србија. Со независноста на Косово, големоалбанскиот проект е веќе реализиран со преку 70 проценти. Јужна Србија и Македонија, коишто исто така беа дел од пошироко регионално прекројување во корист на Албанците, засега не успеа целосно. Арно ама, нивното финализирање продолжува. Особено во Македонија.
Со оглед дека немаме никакви индикатори, камоли информации, документи, факти или соодветни длабински анализи, можеме само да претпоставуваме дека САД очекуваа Македонија да се распадне како кула од карти, за потоа да прават што сакаат. За среќа, се пресметаа! Раскарани и поделени какви што сме, за сè и сешто, во 2001-та, сепак, покажавме дека не сме баш сосема за – никаде. Се виде дека распад или некаква поделба на државата не е можна, веројатно без трета балканска војна. Затоа, агресорите од Косово мораа да ги променат намерите. Им наметнаа – војна за човекови права.
Можеме да бидеме сигурни дека ОРД беше подготвен, макар во нацрт, уште пред да започне агресијата од Косово, како – „План Б“. Се знае – каде. Тој е дел од поширокото сценарио.

*.*.*

Еве уште еден доказ како САД ја уништуваат Македонија.
Прво, албанскиот екстремист, Артан Груби, го наместија за прв заменик-премиер, а потоа го промовираа и како главен во Владата. Се разбира, не случајно. Во неговата канцеларија, албанските

министри, сите под негова контрола – играа фудбал и кошарка, за максимално да ја деградираат македонската држава. Кога тоа се случуваше, македонските политичари ѕвереа низ прозор, а македонскиот народ – спиеше. На протестите за името, излегувавме 100-тина. Кога се појави проблемот со бездомните кучиња, излегоа – неколку илјади. Сè е јасно, нели?
Приказната за криминалецот Груби е долга. Овде ќе се задржиме само на еден негов катастрофален потег, за којшто воопшто не е јасно, ниту е објаснето – во која функција го презема? Официјално, тој немаше никакви овластување на тој план. Си имаше надлежен министер. Се работи за катастрофалниот договор којшто тој го потпиша со американската компанијата „Бехтел и Енка“ за изградба на патишта во Македонија, за цена од 1,3 милијарди евра! Тоа во никој случај не можело да се случи без директно менаџирање на американската амбасадорка! Нели сме констатирале дека нивните амбасадори се наши неизбрани гувернери? Еве доказ. Иако договорот беше потпишан без никаква документација, и без проекти, со цена којашто можела да биде извадена само од ракав, на македонската држава ѝ се поставуваа услови што сè мора да направи за реализација на истите. Мораа да се менуваат повеќе закони, само заради можна реализација на поразителниот договор. Тоа е случај каков сигурно немало во светот. Ако некој можел, ама и морал, да поставува услови – тоа е секако државата нарачател, а не компанијата изведувач. А еден од условите којшто ни е поставен е договорот да биде – таен. Во спротивно, ќе се видеше огромната измама. Изведувачот би можел да поставува услови само во случај ако ги прави патиштата – бесплатно. А не за огромна сума, којашто е измислена. Груби им се реваншира на САД за функцијата! Интересно е, меѓутоа, дека набргу потоа Груби беше пуштен низ вода – САД го стави на црна листа!
Неговата елиминација секако не е случајна. Очигледно се работеше ем за голем криминал, ем за сведок којшто може да биде незгоден! Предавниците секогаш така завршуваат.
Познато е дека „Бехтел и Енка“ не фигурира на ниту една берза. Причината е јасна – берзите стриктно внимаваат дали нивните

компании се корумпирани и сите случаи одлучно ги казнуваат. Најчесто, а многу веројатно и во нашиов случај, „Бехтел и Енка" работите ги добива со посредство на Стејт департментот и американските амбасади, што е веќе само по себе коруптивен зафат. Тоа е начин за да им се наметне нешто на малите и на сиромашните држави. Претходно, тие градеа на Косово и, на крајот, првично договорената цена, беше – повеќе од дуплирана! Не треба да имаме ни најмала дилема дека, на крајот, и во нашиов случај, вкупната цена сигурно ќе биде двојно поголема!
ВМРО ДПМНЕ, која како опозиција беше жестоко против договорот – кога дојде на власт немаше маневарски простор да го откаже. Објавија дека оштетата којашто би морале да ја платиме во случај на откажување – би била преголема.
Сметаа дека помалку штетно е договорот да се спроведе!
Американците се мајстори при потпишување договори.

# АЛБАНЦКИТЕ РАБОТИ – НА СМЕТКА НА МАКЕДОНЦКИТЕ

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

Албанската држава не ги признава малцинствата во земјата на универзален начин, како што е тоа секаде. Се признаваат само во местата или во зоните на раѓањето, и тоа само ако се таму мнозинство. Сите други припадници на националните малцинства, кои живеат во поголемите градови, каде што е концентриран и најголемииот дел од нив, немаат никакви права! Така, малцинските права на Македонците во Албанија им се признати во осум села во Мала Преспа и во селото Врбник, кое е во близина на грчката граница (припаѓа на Егејскиот дел од Македонија), коишто се целосно населени со Македонци. На Грците истите права им се признаваат во еден број села од јужна Албанија.
И на Голо Брдо, и во Гора, живеат главно исто така Македонци, коишто се претежно муслимани, ама албанската држава не ги признава како наше малцинство. По Втората светска војна тие беа признати на Голо Брдо и имаа три свои училишта на македонски јазик, коишто беа укинати по Информбирото, по прекинот на Југославија со СССР, во 1948 година. Тогаш Тирана ја следеше политиката на Москва.
Во прашање се крајно ограничени малцински права и заради тоа Албанија е под одреден меѓународен притисок, којшто намерно не е силен. Сепак го има, а повод за тоа се тамошните Грци коишто се добро организирани, а клучна е поддршката којашто ја имаат од Атина. За разлика од нив, зад Македонците не стои нивната матична земја.
Македонците во Албанија се приказна, оставена сама на себе. Тие имаат свои организации, коишто се обидуваат да се борат за нивните права, ама се без никаква поддршка од Македонија. За Скопје, тие како да не постојат. Исклучок беше нивното злоупотребување при изборите коешто, крајно непотребно, го правеше власта на Никола Груевски. Ги носеа со автобуси, за да гласаат за кандидатите на ВМРО ДПМНЕ.
Факт е дека оваа партија е единствена која покажува интерес и за нашите малцинства, и за дијаспората, што е за почит, ама епизодите со организираното гласање беа – срамни.

Сè заедно, малцинските права на Македонците во Албанија се речиси – никакви. Додека во Мала Преспа имаат некаков третман, останатите Македонци тотално се обесправени. Во Тирана, на пример, има еден цел кварт каде што се тие населени. Слично е и во Драч, Елбасан, Поградец, Корча...
Сепак, во најлоша ситуација се Македонците од Голо Брдо и Гора. Таму има десетици села со чисто македонско население, коишто зборуваат изворен македонски јазик, пеат прекрасни наши песни, практикуваат исти обичаи...
Со оглед дека другите Македонци коишто, по поделбата на Македонија во Букурешт во 1913 година, останаа во Бугарија и Грција, не се признати и немаат никакви права, признавањето на Македонците во Мала Преспа, од страна на Енвер Хоџа, се наметнува како позитивно решение, иако во крајно редуцирани рамки. Тоа мора да се почитува и, во дадените услови на наше генерално негирање, за нас има и пошироко политичко значење!
Во целина, Албанија спроведува софистицирана политика на асимилација на малцинствата, особено на македонското.
Без минимално образование на мајчин јазик, постепено се губи националната припадност. Тоа особено доаѓа до израз во последно време, откако изумираат бабите и дедовците, со чија помош се одржувал јазикот и идентитетот. Лично ми се познати случаи од Гора и Голо Брдо, каде постарите жени воопшто не знаеле албански, бидејќи не оделе по работа во градовите. За разлика од нив, мажите биле главно градежни работници и работеле низ целата земја. Таму, македонските деца се школуваат на албански јазик, којшто го учат на училиште, бидејќи претходно не го знаат. По дома, се зборува(ло) на македонски.
Во многу долг период на Голо Брдо, а истото во голема мера важи и за Гора, луѓето живееле во многу тешки општествено-политички услови. Сè до 1944 година, тие немаа своја матична, македонска држава, а Македонците не беа прифатени како посебен народ. Како последица на историските неправди, во тогашна Вардарска бановина, Македонците беа третирани како Срби и посрбувани. Затоа, сè до Втората светска војна, нашинците од Голо Брдо и од Гора, исто како и од Мала Преспа, не можеа да се декларираат како

Македонци. Такво нешто никаде не се прифаќаше. Компактноста и според религијата, на населението во Мала Преспа им ја олеснуваше ситуацијата. Во Голо Брдо и во Гора, пак, населението е религиозно измешано.
Има и православни и муслимани. Иако сите зборуваа(т) чист македонски јазик и меѓу себе немаа(т) никакви проблеми, предизвиците доаѓаа(т) од страна. Заедничко за сите беше само дека не беа – Албанци.
Православните, не можеа да се изјаснат како Македонци, а не се чувствуваа блиски до Србите, коишто ја имаа окупирано Македонија и беа традиционални противници на Албанците. Бугарија беше далеку и, барем во тоа време, не претставуваше некаква закана за нив. Не беше неважно и што бугарскиот јазик им беше најблизок од сите други, што секако играше некаква улога. Така, немајќи друг избор, за да се дистанцираат од Албанците, добар дел од Македонците, кога ќе ги прашаа – а, што сте вие? Одговараа – Бугари. Во настојување да се сочува националниот идентитет, макар и преку една ваква квази форма, тоа беше своевиден отпор спрема тивката албанската асимилација, којашто паралелно и упорно се спроведуваше.
Муслиманите, пак, знаејќи дека не се ниту Албанци, ниту Срби, ниту Бугари, а како Македонци не можат да се изјаснат бидејќи такви не се прифаќаа, а приморани некаде да се „сместат", често се изјаснувале како – Турци. Не знаеле ниту збор турски, освен турцизмите коишто се чести и во албанскиот, и во македонскиот јазик.
Импресивна е лукавоста на луѓето од Голо Брдо и Гора коишто не можеле да се изјаснуваат како Македонци, бидејќи такви никој не признавал, и затоа меѓу себе се нарекувале – нашинци!
Благодарејќи на таа своја итрост, во долгиот период меѓу двете светски војни, успеале да го одржат својот национален идентитет. Објективно, најголема опасност за нив била и останува албанската асимилација, особено заради исламот којшто е во Албанија доста раширен. На времето, таму немало нуту бугарска, а уште помалку турска опасност за асимилација. Токму затоа тие беа спремни да бидат сè друго само не – Албанци. Подобро беше да бидеш и

Бугарин, и Турчин, а најдобро Нашинец, отколку неопределен. Тоа неизбежно би водело во албанизирање. Сепак, „лукавоста“ имаше и своја негативна страна. Декларирањето како „Бугари“ и „Турци“, сакале луѓето или не, оставало траги во нивната свест, особено кај децата.

Тие траги ги има и денес. Најчесто, овие луѓе ја чувствуваат својата припадност на македонскиот народ но има и појави на одредено колебање околу тоа – што се навистина по националност? Страв, пак, останат во нивните коски од режимот на Енвер Хоџа, има кај сите Македонци, и православни и муслимани. Стравот ги нагласува овие недоречености.

Имам лични искуства со случаи кога луѓе коишто зборуваа чист македонски јазик, пееја прекрасни македонски песни, и неспорно беа Македонци... спомнуваа дека кога тие биле мали деца нивните родители и дедовци зборувале дека се – „Бугари“! Иако немале ништо бугарско, ниту тогаш, а уште помалку сега, останала трагата од „снаоѓањето“ на нивните предци да преживеат – како Македонци! Поретко се среќаваа „турските“ траги во потсвеста на луѓето, останати од времето, иако имаше и такви случаи. Од друга страна, пак, овие декларирања, чија цел била да се „спасат“ од албанизирањето, подоцна отворија простор за аспирации кон нив, особено од Бугарија. Во најново време, Софија тоа максимално го злоупотребува. Ние, се разбира, не се мешаме!

Меѓу двете светски војни, албанската држава беше слаба. По Првата светска војна, Голо Брдо било приклучено кон Албанија благодарејќи на меѓународно разграничување спроведено од американската Карнеџи комисија, се чини во 1921 година. Според приказните, коишто ги споделуваат постарите од Голо Брдо, американските емисари дошле во регионот и разговарале со луѓето што ќе ги сретнеле. Кај Голо Брдо, иако сите биле Македонци, најслучајно наишле на Албанка и одредиле тој дел да ѝ припадне на Албанија! Овие тврдења немаат додатна потврда, ама има и објаснувања дека Албанката била намерно донесена, поточно – подметната!

Со создавањето на македонската држава, во 1944 година, радикално се измени и ситуацијата на Македонците во Албанија.

Односите меѓу тогашната СФРЈ и Албанија беа многу пријателски, како резултат на заедничкото војување против фашистите, што отвори простор за решавање на проблемите на луѓето од Голо Брдо. Се отворија границите меѓу двете земји, целосно се врати македонскиот дух кај народот, и беа отворени три македонски училишта, во Крчишта, Пасинки и Врница. На Гора немаше речиси никакви позитивни промени.
И на Голо Брдо, „Македонската пролет" траеше мошне кусо, само неколку години. Со Информбирото во 1948 година, овој процес беше грубо прекинат. Следуваше страшната диктатура на Енвер Хоџа, којашто подигна кинески ѕид меѓу двете земји. Состојбите на Голо Брдо беа вратени многу години station наназад. Се прекинаа контактите со роднините преку границата, Македонците од албанската страна не смееле ниту да гледаат преку меѓата, на која била поставена бодликава жица. Далечината од 100-тина метри станала поголема од 100 километри.
Но, и во тие услови, луѓето се снаоѓале. Човечкиот гениј е неуништив. Се развил систем на размена на пораки преку границата, којшто одлично фукнционирал. Додека ги обработувале нивите, или ја чувале стоката од двете страни на границата, луѓето меѓу себе се информирале за најновите новости кај едните и другите. Така знаеле кој се родил и кој умрел, кој се венчал, и слично.
Заради опасноста која постоела, бидејќи оваа комуникација била строго забранета и луѓето не смееле ниту да гледаат преку границата, а кодошите на албанската страна биле насекаде, размената на информации се сведувала само на најнужното, на најглавните настани: раѓања, смрт, венчавки...
Најстрашното што останало кај народот од овој несреќен период е – стравот, којшто е длабоко навлезен во коските на луѓето. А тоа била и целта на тоталитарниот режим којшто бил немилосрден. И за најмали грешки и непочитувања на, воспоставените норми, следувале ригорозни казни. Не ретко се губела и главата или следувала (долгогодишна!) изолација во казнените кампови. Стравот навлегувал дури и во душите на луѓето, а тој, според универзалното искуство, тешко се искоренува. Ова правило се

потврдува и на Гора и на Голо Брдо: тие го носат длабоко во себе – до денес.
Стравот бил секогаш главно орудие на диктаторите и нивната „успешност“ најмеродавно може да се мери со нивото на втераниот страв во коските на нивните поданици.
Од тој аспект, Енвер Хоџа е веројатно еден од најуспешните!
Иако состојбите во Мала Преспа биле значително поподносливи од тие на Голо Брдо и Гора, Македонците и таму живееле во страв, којшто постои до денес. Во страв, впрочем, живееле и самите Албанци ама, со падот на тиранијата, нивната положба целосно се променила, што не е случај со малцинствата. Односот кон нив, власта малку го променила. Во тоа е разликата.
Во повеќе прилики имав можност да се уверам дека луѓето од Голо Брдо, и после десетина и повеќе години од падот на диктатурата и започнувањето на демократските процеси, живеат со страв. Тоа се чесни и вредни луѓе, целосно лојални на албанската држава. Ја почитуваат како своја но, иако знаат дека се Македонци, тие сè уште се плашат тоа јасно и јавно да го декларираат. А државата, на еден или на друг начин, директно или индиректно, отворено или прикриено... не им дава никаков простор за нормално етничко изјаснување, што воопшто не е случајно. Напротив, целта е тоа да не се манифестира ако не мора, и да му се остави на времето што побргу да го избрише.
Нивниот сегашен страв не е резултат само на тортурите од времето на диктатурата. За време на службувањето во Тирана (1998 – 2002) беше јасно и видливо дека исто како и при крајот на минатиот век, или на почетокот на овој, и во годините откако дојде демократијата, суштинските промени беа речиси симболични. Таа не беше сосема навлезена ниту во големите градови, камоли во внатрешноста на Албанија.
Таму, сè уште доминираа локалниот полицаец и, особено, претставниците на тајната служба, коишто беа насекаде. Тоа беше нагласено во деловите каде што живеат малцинствата, особено – македонското. При посетите на Требиште, на Голо Брдо, при разговорот со мештаните во некоја од кафеаните, со гаранција на

соседната маса ќе седнеше некој со кожна јакна, карактеристична за претставниците на СИГУРИМИ, нивната тајна служба.
Главната причина за стравот кај Македонците беше фактот што албанската држава, во целина, на малцинствата сè уште гледаше со огромни резерви, поточно со – недоверба.
На овој план, практично, Тирана немаше никакви намери суштински да менува нешто од времето на Енвер Хоџа. Само мудро се тактизираше, за да нема критики од западните партнери. Затоа, слободно може да се оцени дека во регионите на Голо Брдо и Гора, каде се концентрирани селата на Македонците, власта сè уште спроведуваше посебен режим, сличен на претходната тиранија. Тоа би можело да се дефинира и како начин за одржување на стравот кај луѓето, како превентива против нивно евентуално погласно национално изјаснување. Со други зборови, се правеше сè за да се продолжи тивкиот процес на асимилација. Кај огромното мнозинство, и во Голо Брдо и во Гора, немаше дилеми дека се Македонци. Работите очигледно се променија, кога Бугарија започна да нуди разни привилегии, вклучувајќи и пасоши, додека Македонија со прст не мрднуваше за потребите на овие луѓе. Клучен, ама и легален проблем е фактот што, освен минималистички признатите малцинства, сите жители на земјата, според албанскиот Устав и законите, се – Албанци, без можност национално поинаку да се декларират. Обесправени се главно Македонците и Грците, како најбројни! Според рашироното толкување на власта, тоа значи дека на сите други жители, на коишто не им е признат статусот на малцинство, им се забранува изјаснување на поинаков национален идентитет од – албанскиот! Точно – им е забрането! Пораката од власта до припадниците на малцинствата коишто не се признати, и коишто во огромен дел живеат во градовите, е јасна – избор, немате! Вие сте – Албанци. Ако поинаку се декларирате, го кршите Уставот!
Еве неколку конкретни примери за вистинската позиција на Македонците во Албанија. Во нашата Амбасада во Тирана, кога ги прашувавме луѓето од Голо Брдо и Гора, коишто доаѓаа по наши визи – кој им е мајчиниот јазик, тие без размислување, колебање или дилеми, одговараа – маке донскиот. Но, на следното прашање

– што се по националност, одговорот веќе не е спонтан, директен, нормален. Велат дека тие се Македонци но дека немаат право на избор бидејќи според албанските закони можат да бидат – само Албанци!
Познато им е дека тоа право им е признато на тие во Мала Преспа, ама не и ним. Не им е дозволено, ниту овозможено, да се декларираат како Македонци и затоа се плашеа дека секое нивно поинакво декларирање ќе значи кршење на албанскиот Устав и законите! Тоа потврдува дека албанската кампања во таа насока била огромна.
Ваквата реакција на луѓето, којашто беше масовна, потврдува дека тоа воопшто не беше случајно туку дека, во овие два региона, посветено и упорно, власта спроведува директна асимилација. Затоа се таму толку присутни и тајните служби.
Впрочем, воопшто не е возможно луѓето сами да дошле до заклучокот за кршењето на албанскиот Устав, ако се декларираат како Македонци! Има ли пострашно внесување на страв во коските на луѓето, освен со вакви предупредувања, подметнувања и закани? И, да не заборавaме, тоа се прави во период кога веќе нема тиранија во Албанија, и на власт се т.н. – демократи. Луѓето во Албанија не заборавaат дека главата се губела и за ситни прекршоци, а камоли за работи од овој калибар. Тоа значи дека по падот на диктатурата, во однос на малцинствата, многу малку работи се променија.
Ова се искуства од пред преку 20 години. Би било интересно да се испита сегашната ситуација, во светло на бугарската агресија врз Македонците во Албанија. Веќе видовме дека на последниот попис речиси осум илјади се декларираа како Бугари со, очигледна, толеранција на Тирана. Тие се главно од Голо Брдо и Гора. Веројатно и во Тирана мислат дека Бугарите се далеку и не можат да прават посериозни проблеми?!
За овие состојби е виновна и нашата држава, којашто не направи апсолутно ништо за овие луѓе. Никој од Македонија не се заинтересирал за нивната судбина. За време на службувањето во Тирана (1998 – 2002), преземени беа бројни активности, покренати беа многу иницијативи за да им се помогне. Во Скопје, меѓутоа,

немаше осет за тоа. Македонија можеше и мораше барем да бара и инсистира албанската држава да им овозможи слобода за национално изразување на луѓето од Голо Брдо и Гора, што е минимум демократија.
Имаше простор и за многу повеќе, со оглед на тоа што на Албанците во земјава им беше дадено сè, и што треба и што не треба. Никој немаше слух за тоа.
Заклучокот се наметнува сам – досегашната политика на албанската држава кон Македонците, и за време на диктатурата на Енвер Хоџа и потоа, е во голема мера иста.
Позитивно е што беше признато малцинството, ама толку. Ништо повеќе. А целта е неспорна – тивка ама упорна асимилација на Македонците на Голо Брдо, на Гора и во големите албански градови, каде живее најголемиот број од нив. Со судбината на Мала Преспа ќе се тактизира. Од една страна, таму ќе продолжи толерирањето на Софија во обидите за бугаризација на Македонците а, од друга страна, времето ќе работи на постепено асимилирање. Паралелно, дел од Македонците од Мала Преспа веќе се преселија во Ресен и пошироко низ Македонија, што е наша стретегиска грешка.
Со езерото, пак, тоа е туристички крај. Засега нема никаква соодветна инфраструктура, којашто неизбежно ќе се развива. Почне ли тоа, прашање е само на време кога регионот ќе биде преплавен од албански бизнисмени. Тоа нема да им пречи и на мнозинството Македонци, коишто така ќе добијат работа во новите хотели. Така ќе заврши македонскиот карактер на регионот. Засега, тие се оставени на самите себе и немаат никаква перспектива за некаков развој.
Албански претприемачи ќе се појават на теренот и, на чесен или нечесен начин, преку јавни или скриени договори со тамошните жители, ќе започнат процес на мешање на населението. Постепено, албанските дојденци ќе ја менуваат демографската слика на Мала Преспа. Насекаде, проектите за асимилација се реализираат во подолги периоди. Од тој аспект, сериозна грешка на Македонија е политиката на доселување на Македонците од Албанија. Мораше на секој начин да им се помогне за да останат на своите вековни

огништа, а не да се преселуваат во Македонија. Се празни делот којшто е неспорна македонска територија и прашање е само на време кога националниот состав на населението во Мала Преспа ќе биде целосно променет.
Така е кога една држава, каква што е оваа наша жалосна Македонија, нема никакви, камоли трајни и одржливи политики, да не зборуваме за стратегии, за ниту едно од клучните национални прашања. Како да не сме чуле за зборот стратегија. Како самостојна држава, Македонија ништо не стори не само за нашинците во Албанија, туку и за другите делови од нашиот народ коишто останаа во Бугарија, Грција... Да не ги спомнуваме предавничките договори со овие две соседни земји, со коишто и официјално се откажавме од тамошните Македонци!
За време на годините поминати во Тирана, македонската амбасада вложуваше нагласени напори да им се помогне на нашинците во Албанија. Тие беа веќе организирани во неколку друштва, коишто подоцна се обединија во Заедница на друштвата на Македонците во Албанија. Амбасадата беше секогаш отворена за претставниците на овие друштва.
Нивните лидери настојуваа да ги артикулираат барањата за малцински права, според европската пракса и стандарди, соработувајќи со претставниците на другите малцинства, особено со грчкото, коешто беше најорганизирано и широко поддржано од Атина.
Главна задача на Амбасадата беше да се намали, ако веќе не може да се спречи процесот на асимилација на Македонците преку зачувување и зајакнување на нивните национални чувства. Во таа насока, се организираа и курсеви за македонски јазик, се обновуваа старите верски и културни традиции и на макро и на микроплан... Обновена беше традицијата на масовно прославување на Божик и Василица (Стара Нова ѕодина), Ѓурѓовден и Илинден...
Една од најзначајните активности беше обновувањето на традиционалниот црковно-народен собир по повод Илинден, на местото на некогашната црква Свети Илија, блиску до селото Гиноец, на Голо Брдо. На 2 август 1999 година, точно после 32 години, таму се одржа навистина голем црковно-народен собир. Во

1967 година, истиот бил забранет од режимот на Енвер Хоџа. Тогаш, Албанија била прогласена за единствена секуларна држава на светот, сите религии биле забранети а верските храмови уништени или претворени во магацини. Клерот бил фрлен во затвори.
Со автобуси и комбиња, коишто ги организираше Амбасадата, на собирот дојдоа бројни голобрдчани од Тирана, Драч, Елбасан и од други места. Многу дојдоа и од Требиште, Клење и од другите села на Голо Брдо.
Повеќе стотици луѓе, со длабоки чувства ги доживуваа овие незаборавни мигови. Повозрасните не ги криеја солзите радосници што оваа вековна традиција е обновена. Возбудени беа и младите. Зборуваа дека тие толку имале слушано за собирите коишто се одржувале во минатото што, сега, не можат да веруваат дека тоа повторно се враќа!
На планината Дајти, којашто е блиску до Тирана, за Ѓурѓовден беше обновена и традицијата на заеднички излет на сите Македонци од Тирана, Драч и од други места. Се собираа повеќе стотици лица. Автобусите и комбињата повторно ги организираше Амбасадата. На обновените традиции, Македонците си канеа сега и пријатели Албанци. Голема заслуга, за сите овие активности, имаше друштвото „Мир“ во Тирана. Кимет Фетаху, како претседател на друштвото, Вита Која, Цветан Мазнику и другите заслужуваат искрени честитки за своето неуморно и постојано ангажирање за македонската кауза.

*.*.*

Во периодот од 1998 до 2002 беа исправени и грешките за Македонците во Албанија, коишто постоеја во нашиот визен режим. За да се постигне тоа, не требаше голема мудрост туку само да се следи што прави албанската држава за Албанците кои живеат надвор од земјата и, особено, во Македонија.
Кон средината на 1990-тите години, претседателот Сали Бериша донесе декрет со кој на сите коишто се по потекло Албанци, им се дозволува безвизен влез во земјата! Иако тоа беше спротивно на билатералниот договор за визниот режим меѓу Македонија и Албанија, кај нас никој не размислуваше за давање сличен третман

и на Македонците во Албанија. Тие работи обично одат на реципрочна основа и нашата држава можеше без никаков проблем да возврати на потегот. Арно ама, немаше кој! Во Скопје никој не се занимаваше со клучните национални прашања.
Врз основа на билатералната спогодба, Македонија можеше дури и да го оспори декретот на Бериша, иако тоа воопшто не би било мудро. Одговорна држава ќе одговореше со реципрочна мерка. Во нашата земја, сепак, имало реакции во однос на декретот на Бериша, ама од крајно периферен карактер. Тие се однесувале на случаи кога во Албанија патувале наши делегации. Во таквите ситуации, Албанците влегувале во земјата без визи, а Македонците, Турците..., сите други коишто биле дел од делегацијата – морале претходно да вадат и да платат визи. На тој начин, патниците од Македонија, на албанската граница, наидувале на нееднаков третман.

*.*.*

Веднаш по преземањето на должноста во Тирана во 1998 година, нашата Амбасада поведе иницијатива за олеснување на визниот режим и за Македонците во Албанија. Мотивот беше подобрување на комуникацијата на нашинците со матичната земја. Во периодот од 1998 до 2000 година беа направени длабоки промени во однос на визниот режим. Македонците во Албанија беа сосема поинаку третирани од матичната држава.
Прво, за разлика од дотогашната пракса на издавање едномесечни или, многу поретко, двомесечни повеќекратни визи, беше започнато со издавање шестмесечни. Ако се знае дека главни корисници на овие визи се луѓето од Мала Преспа, коишто работеа кај нас за парче леб, а една повеќекратна виза чинеше 20 долари, тогаш станува јасно какво олеснувањето беше во прашање. Со дотогашниот визен третман, оваа наша држава на директен начин ги казнуваше Македонците или, поточно – ги оданочуваше луѓето, коишто немаа никакви услови за каква било заработка во Албанија.
Паралелно, на луѓето од Голо Брдо започнавме да им издаваме тримесечни повеќекратни визи, како почеток на нова пракса. Порано тие ретко добиваа и на месец дена.

Дотогаш сите кои бараа наша виза мораа лично да дојдат во Амбасадата. Ние воведовме систем на т.н. поштари или курири, коишто носеа по 20, 30 и повеќе пасоши. Тоа го организираа македонските друштва, коишто ситно ја наплатуваа својата услуга, во што беа вклучени и патните трошоци за „поштарот“ до Тирана. Прво, се разбира, сите баратели на виза мораа да бидат членови на друштвата во коишто плаќаа симболична членарина. Сето ова беше извонредна привилегија во однос на претходните трошоци, кога секој мораше лично да патува по виза во Тирана. Покрај парите, луѓето губеа и најмалу еден ден за патувањето, а најчесто и два, бидејќи работата не можеше да се заврши истиот ден. Во добар дел така беше и заради бирократскиот однос на Амбасадата, кон нашите Македонци. И, не заборавајте, тоа се случуваше додека Албанците од Македонија можеа без визи, бесплатно и кога сакаат да патуваат во нивната матична држава.
Не треба да се потценува и моментот дека, за да се вклучат во механизмот за добивање виза преку „поштарите“, сите заинтересирани мораа да бидат членови на друштвата на Македонците! Така се помагаше и нивното организирање, а луѓето од Голо Брдо и Гора и формално се декларираа како Македонци.
Во 1999 започнавме и со одржување конзуларни денови во Мала Преспа. Наша екипа одеше таму и на лице место им издаваше визи на луѓето. Конзуларните денови се организираа повеќе пати годишно, при што се водеше сметка и кога им истекнуваат издадените визи.
И место луѓето да доаѓаат во Тирана, да се малтретираат, да трошат и да се соочуваат со нашите бирократи, Амбасадата отиде кај нив! Следниот крупен исчекор беше укинувањето на таксата која се плаќаше за визите и тие станаа бесплатни за Македонците од Албанија. На предлог, барање и инсистирање од Амбасадата, Владата во Скопје донесе решение овие визи да бидат бесплатни. Додека ја водевме оваа акција, некои од министрите во тогашната Влада, коишто ги молевме да ги поддржат нашите предлози, отворено ни велеа да не брзамо со таков чекор, да не си ја сечиме гранката на која седиме и сл. Тоа ни го зборуваа бидејќи Амбасадата се самофинансираше од конзуларните приходи! Дел од

тие приходи, испраќавме дури и за финансирање на други наши ДКП во светот! Тие забелешки ги отфрлавме со индигнација – ако работата на нашата Амбасада во Албанија треба да се финансира од парите на сиромашните Македонци за визите, тогаш поарно да ја затвориме!
Акцијата за укинување на таксата за визите не одеше ни лесно а посебно не брзо. Но одлучноста во нашата Амбасада во Тирана за тоа да го истуркаме беше цврста, и тоа го сторивме.
Впрочем, кај нас ништо не оди бргу, и затоа сме и на ова дереџе (и денес, во 2024 година, како и пред 10, и пред 20 години). Работи што нормално можат да се решат или да се завршат за само еден ден, ние ги тераме барем недела дена.
И, така со ред. За сè што во светот се потребни недела дена, нам ни треба – цел месец! А тоа што другите го постигнуваат за месец дена, нам ни се потребни – шест месеци... Затоа земјата споро напредува. Таквиот однос се манифестира во сите сфери на живеењето. Во Македонија, времето сè уште не е пари!
Конечно, по долги интервенции, убедувања и пишување писма и лично до министрите во Владата, за да го поддржат предлогот, кон крајот на 1999 беше донесена одлука за укинување на таксата за визите на Македонците од Албанија. Тоа беше голем настан за сите нив, та и за нас во Амбасадата.
Претходно, имавме бројни случаи кога Македонците доаѓаа во Амбасадата и нè информираа дека животна желба, особено на повозрасните членови на нивните семејства, е да ја посетат Македонија. Бидејќи се работи за најмалку четири а обично пет, шест или повеќе членови на семејството, кога ќе пресметале колку пари им треба само за визите, сè станувало – нереално.
Со воведувањето на бесплатните визи, се отворија нови перспективи, особено за нашинците од Мала Преспа и од Голо Брдо коишто, сместени покрај самата граница со матичната земја, добар или најголем дел од живеачката обезбедуваат работејќи кај нас. Во принцип, сите тие се крајно сиромашни и секој издаток за нив е – проблем. Меѓутоа, покрај финансискиот дел, уште поважен беше психолошкиот момент, чувството на луѓето кон матичната земја.

Иако бесплатните визи важеа и за нашинците од Гора, кај нив не е толку присутен интересот за работа кај нас. Тие се подалеку од нашата граница.
Нашинците од Албанија работат кај нас најчесто во градежништвото и во земјоделството. Тие масовно учествуваа во градбата на црквата Свети Пантелејмон на Плаошник, во Охрид, за која дури може да се каже дека е дело на мајсторите од Мала Преспа.
Повозрасните жители на Мала Преспа, кои поради скапите визи, немаа можност да дојдат во матичната земја, сега можеа да си го дозволат и тоа задоволство. За највозрасните, беше организирана посета на земјата баш кога се отвораше Плаошник. Присуствуваа на свеченоста и токму тогаш, и таму, на мнозина им беа врачени и нашите државјанства. Тоа беше прекрасна манифестација.

*.*.*

Во 2000 година обновен е и фестивалот на македонски фолклорни групи во Мала Преспа. Истиот бил традиционален сè до 1977 година и се одржувал во селото Шулин, освен последниот кој се одржал во селото Долна Горица. Традицијата беше продолжена во Пустец, каде се одржаа првите два фестивала, а потоа беше вратен таму каде што беше и прекинат – во селото Долна Горица.
Веднаш штом дознавме дека на времето имало фолклорен фестивал, се ангажиравме истиот да се обнови. Меѓутоа, тоа не беше лесна работа и бараше ем голем ангажман, ем доста средства. Така, и во текот на 1998, и особено во текот на 1999 година инсистиравме кај раководството на друштвото „Преспа“, во Мала Преспа, да преземат сè што можат за да се обнови фестивалот а Амбасадата ќе им помогне. Не успеавме.
Тешко одеше и во 2000 година, сè додека мојата сопруга Сузана не го разреши „Гордиевиот јазол“. Таа сугерираше што порано да го утврдиме денот на фестивалот и после тоа сè ќе се одвива во таа насока бидејќи ќе има цврста обврска – прецизен датум! Беше во право. Го одредивме 20 октомври, недела, и рековме дека не смее да има какво било отстапување од тој термин. Така и беше: фестивалот се одржа на 20 октомври, кога ни се погоди убаво време, иако малку студеникаво. Сè беше многу успешно.

Како гостинка ја донесовме незаборавната и ненадмината Васка Илиева, која ги воодушеви Македонците од Албанија. Кога грмнаа нејзините навистина прекрасни патриотски песни, никој не можеше да остане рамнодушен. Се разви бескрајно оро, се распеа народот а имаше и солзи радосници од повозрасната, многу напатена генерација.
Обновените врски со матичната земја и оживувањето на сопствената култура, кај нив разбудија најдлабоки чувства на радост и задоволство. За нив, како што и често ни кажуваа, сите овие манифестации значеа обнова на животот, повторно пулсирање, будење на самочувствието, кое е фундаментално за секое живо суштество. Фестивалот продолжи да се одржува и следните години.
Интересен детаљ е сврзан со вториот фестивал, во 2001 година. Отакако заедно со претставниците на друштвото „Преспа“, го утврдивме датумот и ја затворивме финансиската конструкција, ѝ пратив телеграма на тогашната министерка за култура Ганка Цветанова-Самоиловска, да дојде на фестивалот. Паралелно, и во нашите јавни гласила пуштивме вест дека ќе се одржи и кога. Утредента сабајле, телефонски ми се јави министерката Цветанова-Самоиловска, за да праша како може да помогне за фестивалот! Таа ја прочитала веста дека ќе има фестивал но сѐ уште не ја добила телеграмата – покана. Навистина редок гест од наш политичар! Обично, во вакви прилики, дури и кога е во прашање националниот интерес, за сѐ треба да молиш и, најчесто, да не наидуваш на некое разбирање Спротивно на сето тоа, министерката Цветанова-Самоиловска сама се јави да понуди помош! Не дека Министерството за култура било преполно со пари па не знаеле како да ги потрошат, туку од чисто професионални и патриотски чувства. Навистина, секоја чест за Ганка!
Најсрдечно се заблагодарив за понудената помош, ја информирав дека Амбасадата успеа да ја затвори финансиската конструкција и дека додатна помош не е потребна. Ѝ кажав и дека ѝ е испратена покана за фестивалот и дека ќе биде навистина убаво ако може да дојде. Министерката веднаш одговори дека секако ќе дојде и – остана на зборот. Ќе беше многу незгодно ако министерката од

медиумите дознаеше за фестивалот. Важно беше што и неа ја информиравме и ја поканивме да дојде.
На фестивалот во Пустец министерката Цветанова-Самоиловска рече дека сепак сака некако да помогне. Тогаш ја однесовме до црквата во Пустец, која беше срушена. Ѝ објаснивме дека народот е многу несреќен што е без црква. Самоиловска рече дека ќе направи сѐ што може за да помогне.
Тоа беше во октомври 2001. Во декември, таа нѐ извести дека успеала да издвои еден милион денари, околу 33.000 германски марки, за обнова на црквата!
И не само тоа. Веднаш по враќањето од фестивалот, министерката нѐ извести дека Министерството издвоило чинам околу 1.100 долари во денари, како помош за одржаниот фестивал. Парите одлично ни дојдоа за покривање на трошоците за фестивалот, но најважен беше гестот. Браво за министерката!
Убаво беше чувството дека не е само Амбасадата таа која се грижи за нашинците во Албанија, туку дека и надлежните во земјата го разбираат тоа и сакаат да помогнат.

## СУДИР СО МНР, ПАСКАЛ МИЉО

Во рамките на активностите на Амбасадата за разрешување на проблемите со кои се соочуваат Македонците во Албанија, а сѐ според позитивните и универзални меѓународни стандарди во оваа област, пред албанските официјални органи беше започната иницијатива за повторно отворање на училишта на мајчин јазик и за Македонците од Голо Брдо.
Бидејќи се работеше за крупно, пред сѐ политичко прашање, беше побарана претходна согласност од нашата Влада. Соогласноста ни беше набргу проследена од тогашниот МНР, Александар Димитров. Инаку сами одлучувавме за сите други иницијативи коишто ги покренуваше Амбасадата, бидејќи воопшто не беа спорни според меѓународната пракса. И ова прашање можеше така да се класифицира, меѓутоа мораше да се води сметка за албанската реакција.
Веднаш потоа е разговарано со министерот за образование и наука Етхем Рука. На почетокот на разговорот, на Рука му беше подвлечено дека се работи за официјално барање зад кое стои нашата Влада. Потоа, детално му беа изнесени аргументите за повторно отворање на училиштата на македонски јазик на Голо Брдо. Пред сѐ беше елаборирана универзалноста на правото на образование на мајчин јазик, која е веќе подолго време придобивка на целиот цивилизиран свет која, во денешни услови, никој не може да ја негира.
Потоа, што е особено значаен факт, Рука беше потсетен дека после Втората светска војна на Голо Брдо веќе работеа три училишта на македонски јазик, во Врница, во Пасинки и во Крчишта. Според тоа, беше заклучено, цениме дека е потребно да се започнат активности за враќање на ова право на Македонците на Голо Брдо бидејќи, покрај другото, тоа ќе придонесе и за зајакнување на довербата меѓу двата соседни и пријателски народа.
Рука внимателно ги слушаше аргументите, не зазема никаков став туку само рече дека за сето тоа ќе ги информира повисоките органи на власта бидејќи во конкретниот случај, сепак, не се

работи само за образовно туку и за прашање со поширока конотација.
Прашањето беше отворено и со претседателот Реџеп Мејдани, кој е тежок националист. Тоа му беше (силната) карта на која играше во политиката бидејќи, веројатно, немаше други? На Мејдани му беше нагласено дека не е логично во една држава како Албанија, која се стреми кон Европа и во која се гради демократско општество, малцинските права да се остваруваат само во одредени региони а не на најширока основа.
Муабетот со Мејдани никогаш не беше пријатен, особено кога ќе допревме некоја посуштинска и посуптилна тема од наш интерес. Тој беше секогаш преокупиран со позицијата на Албанците во соседните земји и негов идеал, судејќи според бројни негови изјави и изнесени ставови, беше и останува создавањето Голема Албанија. За другите тој никогаш немаше разбирање! Затоа, и за Албанија е добар фактот што Мејдани, како кандидат за претседател на Социјалистичката партија, на конгресот во декември 2003, доби само 61 глас, од вкупно 570.
Официјален разговор на оваа тема, веднаш беше баран и со МНР, Паскал Мињо. Бидејќи беше информиран за темата на разговорот, Мињо настојуваше што подолго да ја одложи средбата. Нам не ни се брзаше ама, одвреме-навреме, го потсетувавме неговиот кабинет дека сè уште чекаме на средбата. До разговор, сепак, дојде. Разговорот беше крајно непријатен. Мињо не беше спремен да разговара на таа тема. Откако го елаборирав проблемот и информирав дека е тоа став, односно барање на нашата Влада, крајно нервозно, Мињо рече дека тоа прашање за нив е – затворено. Му беше реплицирано дека нема затворени туку само решени или нерешени прашања. Ова е нерешено прашање кое бара решавање. Го потсетивме дека пракса на поранешнинот систем беше да ги затвора прашањата, без да ги решава и затоа крајот на тој систем беше доста предвидлив.
Тогаш Мињо, кој е инаку историчар и е без сомнение многу свесен за сите неправди и злоупотреби на историската наука на Балканот, се фати за друга теза. Рече дека и Бугарија тврди дека на Голо Брдо живеат Бугари и дека тие не сакаат да се мешаат во проблемите

кои постојат меѓу нас и нив. Веднаш му беше нагласено дека, прво, нема никаква логика преку цела Македонија, каде живеат Македонци, во регониот на Голо Брдо, одалечен 300, 400 км од Бугарија, да живеат – Бугари. Второ, како на историчар, нему му се без сомнение познати сите историски процеси кои се одвивале и во овој регион и сега е (крајно) време да се надминат некои злоупотреби и манипулации. Трето, на Голо Брдо веќе имало училишта на македонски јазик а тоа ги прави ирелевантни сите вештачки дилеми околу тоа прашање. Четврто, добра е неговата констатација дека и Бугарија има аспирации кон луѓето од овој крај, како наводни Бугари, бидејќи тоа потврдува, ipso facto, дека тие не се Албанци. Според тоа, нивни мајчин јазик не е албанскиот и тие треба да учат на својот мајчин јазик. Овозможете им го тоа! А, дали се Македонци или Бугари, лесно ќе се утврди на лице место! Му беше јасно нагласено дека ние, сепак, многу добро се разбравме и дека во една демократска земја, каква претендира да биде Албанија, тие луѓе треба да имаат право да учат на мајчин јазик!

Нервозата на Миљо – растеше. Тој немаше аргументи со кои би можел да се спротивстави. Му беше повторено дека и на двајцата ни е сосема јасно дека тие зборуваат македонски јазик но ако луѓето на Голо Брдо, сепак, го одберат бугарскиот за свој мајчин јазик, го уверував дека Република Македонија ќе пружи макар симболична помош за нивното образование на мајчин јазик! Нека биде тоа и – бугарски! Миљо веќе беше не само беспомошен туку и бесен.

Станавме и двајцата и тој скоро го истурка амбасадорот низ вратата, надвор од неговата канцеларија.

Во разговорот, и покрај тоа што и самиот е историчар, Миљо нагласено држеше остра, непопустлилва линија, водејќи сметка и за својата политичка кариера. Никој од албанските раководители не може, ниту смее да има какво било свое мислење или некаква флексибилност кон две основни прашања: кога се работи за албанското национално прашање, што неизбежно води до Голема Албанија, и кога се малцинствата во Албанија на дневен ред. Миљо директно потврди дека воопшто не е случајно тврдењето

дека единствената иднина која ја знааат историчарите е – минатото.
Впрочем, факт е дека и Господ ги толерира историчарите, и за тоа има прецизно објаснување – затоа што се тие единствените коишто можат нешто што дури и тој не може – да го менуваат минатото!
По враќањето во Амбасадата, на Миљо му напишав писмо, во кое ги елаборирав сите погоре изнесени ставови бидејќи тоа останува како официјален документ. Главна поента беше – нема затворени прашања туку само решени, или не решени. Сѐ што е нерешено а се затвора, еден ден неизбежно ќе експлодира.
Со овие потези беше отворено прашањето за школување на Македонците во Албанија на мајчин јазик, ама македонската страна не покажа интерес тоа да биде на маса и да биде на дневен ред во меѓусебните односи, сѐ додека не се реши. По моето ваќање, ова прашање веќе никој не го спомна! Македонската дипломатија и политика – немаат таква димезија! Во односите со Албанија има повеќе примери коишто ја потврдуваат оваа наша мизерија кога се во прашање фундаменталните интереси на нашиот народ.
Додека на Албанците во Македонија им се попушташе во сите сегменти и им се даваа права какви што не ужива ниту едно малцинство во светот, нашата власт ги имаше заборавено Македонците во Албанија. Можеше и мораше да се бара барем минимум реципроцитет. Арно ама – кој да бара?
За тоа се потребни лидери, а ние ги немаме. Сѐ заедно, тоа е резултат на погрешната кадровска политика – погрешни луѓе, на погрешни места. Тоа беше и главната причина зошто пропадна социјализмот. Кадровската политика во независна Македонија, пак, повеќекратно е полоша од таа во Југославија.

# ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР КАКО ЗАВРШЕН ЧИН НА ГОЛЕМОАЛБАНСКИОТ ПРОЕКТ

*(Ноември, 2016)*

Заев беше во Швајцарија и на средба со наши граѓани од албанска националност, рекол – „Мора да се оди преку ОРД ако веруваме во еднаквоста и рамноправноста. Рамковниот не е доволен и треба да се напуштат рамките. Зошто во 21 век, 25 години независна Македонија да има рамки и ограничувања“. Бил заедно со Зијадин Села. Ова е негова непростлива грешка, будалштина, како и многу други. На минатите локални избори, Села повикуваше: „Гласајте масовно за да го бетонираме фактот дека Струга е албанска“. Така стана градоначалник.

Заев сигурно е свесен што зборува ама, најверојатно, беспоговорно ги слуша своите странски ментори, коишто и го доведоа на власт за да ја растури македонската држава. Тој мора да (ни) одговори на следните прашања: а) во што не се еднакви Албанците, како што постојано тврдат? Поточно, во што се Македонците, Турците, Србите, Власите, Бошњаците... поеднакви од нив? б) зошто тие бараат надградба и ревизија на ОРД дури и нов договор, што значи повторно редефинирање на државата, ако не е во прашање федерализација? Поточно – трета албанска држава и право на отцепување?

в) зошто Артан Груби, на предизборен митинг, в(р)и(с)каше – УЧК, УЧК...? За соживот?

Заев сигурно не би можел да разбере зошто Косово цело време бараше статус на република, преку создавање постојани политички и безбедносни проблеми во поранешна Југославија? А, имаше своја влада, собрание, народна банка, академија на науките... значи сè што имаа и шесте републики во СФРЈ. Одговорот е прост – само заради правото на отцепување. И Албанците во земјава немаат никакви други проблеми, освен болните амбиции за федерализација на Македонија. Не се работи за никаква еднаквост, за никакви човекови права, туку за големодржавни амбиции и

право на отцепување. Мораме да учиме на туѓите искуства. Сопствените можат да бидат прескапи.
Зијадин Села не е сам во обидите за албанизирање на државава. Албанските лидери – а) го игнорираат законот за знамињата и ставаат огромни знамиња на Албанија, на 30 метарски столбови, кои означуваат само (албанска) територија; б) министрите и другите функционери, упорно и постојано го користат албанскиот јазик во службена употреба, дури и за меѓународна комуникација, што е флагрантно кршење на Уставот и законите; в) нелегални споменици се поставуваат низ земјата а министерот за одбрана (Бесими) неовластено и со униформирани лица од АРМ, им одаваше почит на загинати од ОНА; г) на ист начин се менуваа имиња на школи и улици; д) во повеќе училишта, албанската химна се свири на почеток на школската година; ѓ) Муса Џафери, како заменик-премиер, изјави дека иднината на државата е во федерализација! На наш трошок, тој сакаше да организира конференција на сите албански градоначалници од регионот;
е) Ермира Мехмети изјави дека е природно сите Албанци да сакаат да живеат во една држава, без да појасни дали е тоа природно и за Македонците, Србите, Хрватите, Бугарите, Турците... и што би значело тоа за регионот; ж) Ахмети, кој не прозборел јавно на македонски, што е тешка навреда и отворен шовинизам, бара Македонците да учат албански! Тој и не помислува да ги повика Албанците да учат македонски...
Ова се само мал дел од показателите каква политика водат албанските лидери во земјава. Што треба повеќе, та Заев и сличните на него да го разберат тоа?

Како премиер на Албанија, Сали Бериша изјавуваше дека албанските територии се од – „Превеза до Прешево и од Скопје до Подгорица“. Иницираше фудбалска лига на албански клубови од Балканот... Овие големоалбански политики се апсолутно дел од истото (американско) сценарио, во кое сме и ние. Ние се правиме отсутни и токму затоа нè прекрстуваат и однародуваат.
ОРД е потпишан и преземените обврски треба да се почитуваат. Меѓутоа, мораме да бидеме крајно внимателни и да не прифаќаме ништо повеќе од тоа, бидејќи добар дел од албанските лидери

отворено водат големоалбански политики. Ги трујат своите сонародници и не покажуваат ни минимум лојалност кон Македонија ваква каква што е – со македонско мнозинство. Впрочем, сте чуле ли некого, од врвот во Тирана или во Приштина, и при посетите на земјава, да им порача на нашите Албанци да бидат лојални кон Македонија? Такво нешто не се случило, ниту ќе се случи. А сите наши мудреци, кога ќе ги посетат Македонците во Мала Преспа, првата порака им е да бидат лојални кон Тирана! Токму затоа не треба да има никакви сомнежи дека политичка основа на сите барања за надградба или ревизија на ОРД, заради измислена и лажна нееднаквост, водат кон бришење на Македонија и Македонците, и финализација на Голема Албанија. Со независноста на Косово таа е веќе преку 70 проценти реализирана. Засега, остана само нашиот дел.
Ако не беше така, немаше да има никакви пречки да се рушат сите рамки кои ограничуваат, за што наводно се залага и Заев. Се разбира, доколку има такви. Арно ама, тој не согледува дека тие што ја водеа војната во 2001, продолжуваат со истата политика чија цел е уништување на македонскиот карактер на државата, иако волчјото крзно (ОНА) го сменија со јагнешко (ДУИ). Нашиот клучен проблем е што тоа го прават со сесрдна помош од САД, коишто ја менаџираа и 2001-та.
Македонските политичари, пак, немаат сила ниту тоа јавно да го кажат ниту, уште подобро, тоа да го расчистат директно со Вашингтон. Така, Американците, кои со своите политики 25 години се обидуваат да ги избришат Македонците како народ, „нашиве“ ги сметаат за – партнер!? Дури и стратегиски.

*.*.*

Што е, всушност, ОРД?
Прво, тој е замислен како „План Б“, по неуспехот на војната од 2001-та. Точно така – иако ние војната срамно ја загубивме, таа не успеа да ги постигне зацртаните цели, а тоа беше ослободување на „албанските територии“ во Македонија. Клучно е, меѓутоа, дека како држава, Македонија беше поразена од ракатка (шака) терористи. Тоа го отвори патот за ОРД. Историски, ОРД е штетен бидејќи ги игнорира фундаменталните интересите на мнозинскиот

народ и иднината на државата. Апсурдот е целосен бидејќи Албанците со него добија права, надвор од сите светски стандарди за малцинства, без да преземат ниту една обврска. Тој е така формулиран што овозможува ем малцинството да го манипулира мнозинството, ем државата по многу што да биде и да станува сè повеќе – нефункционална. Како очигледно добро испланирана последица на ОРД, Албанците постојано инсистираат на негова надградба! Тоа само открива зошто на Македонците им беше подметнат договор од типот на ОРД.
Факт е дека требаше да се исправат одредени неправди кон Албанците, наследени од поранешна СФРЈ, ама ОРД ја прекрои државата на начин кој овозможува малцинството да го блокира нејзиното функционирањето и да поставува ултиматуми, што секојдневно се случува. Албанците, пак, од ОРД го почитуваат само што тоа им одговара, сè друго – игнорираат.
Унитарниот карактер, на пример, постојано е на удар, и се стеснува речиси на дневна основа, што претставува сериозен предизвик за иднината на државата. И, место Македонците да бараат стриктно спроведување на Уставот, произлезен од ОРД, за да се надминат таквите негативни тенденции и злоупотреби – Заев бара проширување!? Катастрофа! Албанците, пак, инсистираат на двојазичност, консензуалност, коалиција на двете победнички партии... што нема никаква врска со ОРД и води директно во федерализација, иако чекор по чекор. И, замислете, овие јасни големоалбански политики, добиваат јавна поддршка од премиерот Заев!
Второ, суштината на ОРД е бришење на македонскиот карактер на државата преку дерогирање на мнозинскиот народ во „етничка заедница“, изедначувајќи го така со сите малцинства. Тоа отвора простор за федерализација, за да се овозможи легално отцепување на Албанците и финализација на големоалбанскиот проект. Овој план, упорно реализиран од Вашингтон, ја релативизира, та дури и анулира улогата на мнозинството кое е доминантен столб на демократијата.
Воопшто не е случајно, на приемр, што ОРД го потпишаа по две македонски и албански партии. Тоа треба да означува паритет меѓу

нив, иако Македонците се речиси три пати побројни. Репризата во Пржино, повторно по две партии, е замислена да биде нов „доказ“ за функционирањето на „новиот систем“. За да се постигне тоа, подметната ни е и кризава низ која предолго врвиме. Со прекрстување на државата и разнебитување на народот, Вашингтон ќе го затвори „Македонското прашање“ и однадвор, и одвнатре, преку бришење на македонскиот карактер на државата.
Трето, во основата, ОРД е мировен договор со кој заврши војната во 2001-а, која срамно ја загубивме, иако не го потпишаа „востаниците“. Одговорните за овој пораз, како и за самиот ОРД, нема да ги одмине судот на историјата, кој е безмилосен иако кај нас обично доцни. Во светската историја ниту еден мировен договор не бил официјално надградуван.
Во нашиов случај, намерно е подметнат како „рамковен“, за да може да се шири, а всушност неговата улога заврши со неговата имплементација во Уставот и законите. ОРД веќе нема никаква важност, освен – историска.
Неговите катастрофални последици веќе ги чувствуваме, а ќе следуваат и нови. Затоа сите барања за некаква негова ревизија или надградба се, едноставно – бесмислени.
Историјата не може да се менува. Ние можеме да зборуваме за промени на законите та дури и на Уставот, ама без никакво повикување на ОРД. Честото негово спомнување од Брисел и Вашингтон е чиста манипулација и додатен жесток притисок врз земјава, иако целосно без никаква основа. Наша непростлива грешка е што тоа се дозволува и се толерира.
Федерализацијата е застрашувачки предизвик, произлезен од овој погубен договор, којшто ни беше и смислен – токму за таа цел.
Четврто, апсолутно беспредметно е и постоењето на некаков секретаријат во Владата, на чело со заменик-премиер, којшто треба да се грижи за имплементација на ОРД!? Тоа е невиден анахронизам кој зборува за нашата недоветност ама и за итрината на другите кои така нѐ држат под вечен шах. И, замислете, тој фиктивен секретаријат вработува илјадници лица кои седат дома и примаат плата, во име на правичната застапеност на Албанците!

Толеранцијата на една ваква незамислива глупост создава нереална и нездрава политичка клима и стимулира поразителни активности. Петто, има разни мировни договори. Овој, Американците го крстија „рамковен“ – со единствена цел Албанците, поддржани од нив, постојано да бараат ширење на „рамката“.
Заев, пак, се фати во истата стапица од следните можни причини: а) веројатно, тоа од него го бараат странските ментори. Свесни дека тој ќе загуби на следните избори, целта им е да се врзат рацете на победникот. Така, албанска партија ќе може колку сака да поставува непринципиелни коалициски барања, за да продолжи кризата. Затоа сите албански политички субјекти сега излегоа со најекстремни националистички платформи, со закани и уцени – или ќе се прифатат нивните поразителни услови за Македонија, или нема влада. И тие, и Заев, сметаат дека – сега му е мајката; б) ако победникот нема доволно пратеници, Заев да избие во прв план и да формира влада преку коалиција, ако треба со сите албански партии; в) знаејќи дека ќе ги загуби изборите, што ќе значи и крај на неговата политичка кариера, Заев сака и државата да пропадне, заедно со него; г) во очај, тој се фаќа за сламка... Просто е неверојатно, и непростливо што дозволуваме еден заскитан во политиката да ни ја крои капата и нам и на целиот регион. Сепак, најчудно е што не реагира никој од неговите сопартијци. Тоа е тешка срамота за сите. На Заев му е јасно дека САД ни ја кројат капата и дека, во рамките на нивното сценарио, безбедносно сме загрозени само од внатре – од големоалбанскиот национализам којшто, по 2001-та, зема сѐ поголем замав. Не случајно тоа се прави преку злоупотреба на ОРД, којшто е симболот на современата македонска национална катастрофа. Залагањата за какво било негово надградување, се всушност обиди за ново кинење на македонското национално ткиво. Заев е донесен тоа да го реализира, што не е ништо ново. Наша клучна грешка, во сите години на независност, е што никогаш немавме своја надворешна политика, камоли некаква стратегија, туку секогаш ги слушавме странците што треба да правиме. И секогаш погрешно, и на наша штета. Затоа сме на ова дереџе. Во Швајцарија Заев имал и

други „бисери“. Оценил – „И не може сите да бидат лоши околу нас а ние да сме најдобри.
Ако сите се скарани со Македонија, проблемот е во Македонија“. Не знам вие, ама јас поголема глупост од оваа не сум чул долги години. Жртвата станува виновник. Елаборација не е потребна. Ова е навреда за секој наш граѓанин. Човекот не е со сите. Неговото залагање, пак, дека е „важно да се разбираме било на кинески, француски, албански та дури и на македонски“ е таква човечка, политичка и интелектуална мизерија, што не заслужува коментар. Сè заедно, Заев излезе поголем албански екстремен националист од сите други. Будалите немаат рогови!
Заев мора да биде казнет на изборите на 11 декември 2016. Недвосмислено и уверливо. Во спротивно, ќе докажеме дека не сме достојни за сопствена држава. Секој од нас е на потег и право на грешка – немаме. Во прашање е плебисцит – ќе не има или не. Ако си ја сакате државата – гласајте.

# 15 ГОДИНИ ОД ОХРИДСКАТА ТРАГЕДИЈА

*(Август 2016)*

Насловот навистина може да шокира ама, за жал, многу соодветствува на вистинската димензија на настанот и последиците кои следуваа и коишто допрва ќе ја манифестираат својата вистинска тежина и севкупност. Охридскиот рамковен договор (ОРД) го потпишавме, тој е преточен во Уставот и законите и од тоа нема бегање. Арно ама, крајно време е и Македонците критички и длабински да ги анализираат резултатите, да се преземат енергични чекори за прекинување на нелегалните негативни тенденции и сè да добие вистинско име, ако сакаме Македонија да успее.
Се смета дека Балканот живее со стари митови кои се пречка за побрзи општествени реформи. Во тоа секако има и вистина. Меѓутоа, истите тие наши западни „партнери“, кои ги критикуваат старите митови, заради нивни оперативни потреби ни создаваат нови. Класичен пример за тоа е ОРД. Потпишан на 13 август 2001 година, по неуспешната воена интервенција од Косово, организирана и менаџирана од САД, чија цел беше „ослободување албански територии“, тој стана симбол на ранливоста на Македонија, начин како постојано да нè држат за уши и метод како државата да се руши од внатре.
Со ОРД заврши војната од 2001-та, која срамно ја загубивме. Ако е така, а така е, како и секој договор од ваков вид, тој е за еднократна употреба и во конкретниов случај е целосно истрошен и реализиран со неговото преточување во Уставот и во законите на земјата. Сега, како чин и документ, тој е дел од историјата и ништо повеќе. Денес можеме да зборуваме само дали и овој дел од Уставот и законите се спроведува во пракса, и ништо повеќе. Впрочем, чул ли некој за надградување или дополнување на некој мировен договор? Такво нешто ниту имало ниту ќе има, незамисливо е и е надвор од умот. Таквите документи можат само да се ревидираат, целосно или делумно, како што се случи со Букурешкиот мировен договор од 1913. Во текот на Втората

светска војна, Белград се согласи нашиов дел од Македонија да стане независна држава, иако во 1913 го имаше добиено Србија. Македонскиот Хелсиншки комитет (извештај за јули/август), според „Дневник“ од 9 септември 2005, смета дека ОРД – „не е ниту закон или пропис, ниту меѓународен договор, а тој воопшто не е ниту правен акт. Не е заверен ниту кај нотар ниту во суд и со тоа не произведува никакво правно дејство. Не е усвоен во Собранието, ниту објавен во ’Службен весник’“! Значи, останува како (приватен?!) документ потпишан од четири политички партии и парафиран од претседателот на државата, заедно со некакви странски фактори (инаку организатори на војната) и – толку. ОРД нема никаква службена или државна димензија и е надвор од политичкиот систем. Вашингтон, пак, заедно со Брисел, Берлин, Париз...
арогантно, и без никакви скрупули, постојано ни го трескаат од глава, како ние да бевме агресори. Ни трубат дека ОРД е клучот за напредок кон ЕУ, та дури и за нашиот опстанок, дека тој треба да се спроведува што побрзо и поцелосно...
Секое спомнување на ОРД е неприфатлив притисок врз Македонија и треба со индигнација да се одбива. Кај нас никој не се однесува така. За жал, тоа се нивото и капацитетите на нашите политичари. Жалосно е, и смешно, што постојано дозволуваме, на секоја средба, ОРД да ни го плескаат во лице дури и Тирана, и Приштина, коишто беа дел од таа агресија!
Во најмала рака се однесуваме како да сме ние виновни за војната и затоа мораме да бидеме со наведнати глави! На овие треба остро да им се одговара дека им се нечисти рацете за агресијата, да си ги гледаат своите проблеми и да не се мешаат кај што не треба.
ОРД е дел од војната, поточно „Планот Б“, со кој САД го реализираат пропуштеното – „ослободување на албанските територии“. Сега без оружје, преку механизмите на ОРД, со нови (уставни) рекомпонирања на Македонија. Токму затоа договорот и го нарекоа „рамковен“ а не поинаку, за да можат да го злоупотребуваат. Сепак, основната грешка беше што Македонците беа уверени дека со ОРД се решени сите меѓуетнички прашања а САД го замислија и формулираа само како почеток на нови,

најчесто непринципиелни, барања на Албанците за финализирање на големоалбанскиот проект.
Текстот на договорот е американски. Исто како и – а) резолуциите од СБ на ООН со кои нелегално ни се суспендира името на државата (1993); б) Привремената спогодба (1995), со која максимално се девалвира нашата позиција во имагинарниот спор околу името; в) сите предлози на Нимиц, со кои се бришат македонскиот народ, јазик...; г) Пржино 1 и 2, коишто се нови суштински отстапки на македонскиот народ...
Сега е веќе очигледно дека ОРД е формулиран на начин со кој се задоволуваат максималистички апетити на Албанците, што целосно се поклопува со интересите на САД за затворање на „Македонското прашање“ и создавање Голема Албанија. Отворен е простор за перманентно поставување нови албански барања кои секогаш, се разбира сосема случајно, отворено се поддржани од Вашингтон, иако некогаш – премолчено! На тоа сме сведоци сите овие 15 години. Сосема сигурно е и дека така ќе продолжиме – уште поинтензивно!
Да потсетиме дека ОРД беше апсолутно едностран документ во кој Македонците се третираа како поразена страна дури, речиси, и како агресор. Во ОРД не беа спомнати, камоли нагласени ниту елементарните и минимални интереси на македонскиот народ. Сè што можеше да се стави во една таква „графа“, беше целосно игнорирано. Читајќи го ОРД, се добива кристално јасна слика за американските планови за иднината на Македонија. Главната цел е девалвација на македонскиот јазик. Ако САД сакаа да опстои македонската држава, тие ќе го прогласеа македонскиот јазик како обединувачки фактор, и сите да мора да го зборуваат и учат. Апсолутно не случајно, тој беше оставен како нешто недефинирано и – неважно.
Прокламираниот унитарен карактер во ОРД, како некаков modus vivendi на целосно уставно рекомпонираната држава, којшто беше единствен позитивен елемент за Македонците, долгорочно е речиси неодржлив и сигурно нефункционален – без македонскиот јазик. Всушност, тоа беше и намерата на иницијаторите на агресијата од Косово.

Нашите аматери, ама и блефери на преговорите во Охрид, „горди“ од „гарантираниот“ унитарен карактер на државата, не забележале дека зајакот лежи во македонскиот јазик и дека преку него во иднина ќе ја рушат Македонија, вклучувајќи го и унитаризмот. Сосема не случајно, македонскиот јазик не беше одреден како обединувачки фактор. ОРД целосно го промени уставниот поредок на земјата.
Ја анулира улогата на мнозинскиот народ и, на разни начини, ги промовира Албанците како фактор без кој ништо не може да се реши. Се врзаа рацете на мнозинството, и се овозможи малцинството да може (речиси!) сè – да блокира!
Дел од таквите методи беше веднаш воведен преку т.н. „Бадентеров принцип“, а другите беа оставени за постепено имплантирање, за да не се сетат Власите! Следуваше – а) нова административна поделба (со албанизирање делови) на земјата; б) подметнување пракса автоматски да формираат владина коалиција т.н. „победници“ во македонскиот и во албанскиот блок на изборите (што е чист федерализам); в) уцена за избор на консензуален претседател; г) барање за Буџет поделен по етнички клуч... и слични конфузии.
Апсурдот е целосен: место Македонците да се замислат и да бараат ревизија макар на одредени практики кои произлегоа од ОРД а се надвор од договореното или се дури и спротивни на тоа, имаме целосен молк од наша страна, и постојани нови нелегитимни барања од другата! Како никој наш да не се занимава со овој проблем?! Малкумина, кои се критични кон ОРД, бараат негово поништување, што е беспредметно. И да го прогласиме ОРД за неважечки, ништо не сме постигнале. Ни останува Уставот чија промена, во дадените услови, е – невозможна!
А Албанците, иако добија максимум, надвор од сите меѓународни стандарди, демонстрираат незадоволство, трубат дека ОРД е мртов, дека е потребна негова ревизија и надградување, та и нов договор! Зошто? За ново прекројување на државата, по нивни терк.
Од конференцијата на Попова Шапка, организирана по повод 15-те години на ОРД, пораката е – „рамковниот договор е фактор на мирот и натаму ќе се дополнува“! Се разбира, не мислат на самиот

договор туку на праксата, Уставот, законите..., што нема никаква врска со ОРД.
Во прашање е чиста иредента. Токму затоа новиот вицепремиер Фестим Халили рекол – „духот на ОРД е вграден во Уставот...“! Така, „духовите“ и „фантомите“ ни станаа секојдневие... А, ако и имаше некаков „дух“ во ОРД, тој апсолутно не беше за нови барања на Албанците туку, напротив, за почитување на македонскиот јазик и народ, на унитарниот карактер на државата и, пред сè, на улогата на мнозинството во земјата. Од овој „дух“ не остана ништо, ама воскрсна – монструм!
ОРД далеку ги надмина димензиите на војната. Предизвика суштински политички промени, за што немаше ниту основа, ниту реална потреба. Факт е дека имаше отворени прашања сврзани со статусот на Албанците, ама истите требаше и мораше да се решаваат на сосема поинаков начин, за што постоеја реални услови, и веќе се работеше на тоа.
Ова е само уште еден доказ дека ОРД е дел од пошироко (американско) сценарио. Паралелно, ова потврдува дека од наша страна го преговараа обични аматери, додека Албанците имаа и странски советници. Впрочем, и за срамниот пораз во војната, главно и пред сè, одговорноста лежи кај претседателот на државата и врховен командант на АРМ. Тоа сè уште никој не го разбира, ама и намерно се премолчува.
Со безрезервна поддршка од Вашингтон се врши постепена албанизација на делови од Македонија. Така Муса Џафери, како заменик-премиер, го најми стариот пријател Питер Фејт, кој е многу веројатен агент на ЦИА, да ни предложи нов ОРД. Во име на САД, тој им помагаше уште на почетокот на агресијата во 2001, во периодот додека Робертсон, генсекот на НАТО, сè уште ОНА ја нарекуваше и ја третираше како терористичка. Сигурно и тогаш Албанците убаво го плаќале Фејт, ама сега фрлаат државни пари – против клучните македонски интереси. Т.н. „анализа“ која ја направи Фејт, може слободно да се наслови – „Како Македонија да се прилагоди на потребите и аспирациите на Албанците (и Американците)“! Сè друго е споредно. Впрочем, исто како и во ОРД. Тоа е документ којшто е надвор од умот бидејќи отворено ги

покажува амбициите на САД, ама и на Ахмети, Џафери... целосно да се избрише сè што е македонско, што сè уште останало од карактерот на земјата.
Од една страна, ги имаме Македонците, коишто меѓусебно се колат, водат високи политики или се привремено отсутни, и затоа ништо не забележуваат, додека работите одат прудолу. Од друга страна, Албанците отворено ги игнорираат неколкуте решенија од ОРД кои обезбедуваат мир (унитарниот карактер на државата, на пример) а тоа што им одговара и што ја тера водата на нивната големоалбанска воденица, бесрамно го продлабочуваат, шират, толкуваат како им одговара – злоупотребуваат... Засега, тоа го прават филиграски и се на пат да го реализираат нивниот сон, сите да живеат во една држава. И, никој не реагира!
За да станат работите поразбирливи, да го погледнеме ОРД од неколку аспекти и во поширок контекст. Прашањата кои следуваат се наметнуваат сами од себе: а) зошто се случи ОРД? б) кој стоеше зад него, зошто го наметна и со какви намери и цели? в) зошто не беше потврден во Собранието? Само ако беше, ќе можеше да се зборува за негова имплементација, и тоа само во случај ако не беше преточен во Уставот и законите; г) чиј беше основниот текст? д) кој ја организираше војната во 2001 и зошто? ѓ) беше ли ОРД некаков „План Б“ откако, за живо чудо, не успеа војната?
е) што се бараше со првите пет соопштенија на ОНА, кои никаде ги нема? ж) зошто на Судот во Хаг, кога ѝ се судеше на Македонија преку Љубе Бошковски, му беа дадени лажни соопштенија на ОНА? Кој го толерираше тоа и зошто? з) што значи „ОНА“? Ако е „ослободителна национална армија“, може ли таа да се бори за „човекови“ или „етнички права“, како што нè уверуваа од Вашингтон и Брисел? и) што е ОРД во основата? Ако е мировен договор, како може сè уште да се зборува за негова имплементација? Мировните договори се за еднократна употреба, се реализираат и завршува примената. Со Букурешкиот (1913), ја распарчија Македонија и заврши приказната. Исто и со Версајскиот... и со сите други...
И, да не се залажуваме: клучното прашање е – кој стои зад сето ова? Албанците не се во никој случај моторот на сите овие процеси

против македонските интереси. Грција уште помалку, иако името на државата е цело време во позадината, во фонот и на ОРД, и на Букурешт (2008), и на прислушкувањето, и на Пржино... Ако јасно и гласно не го вепериме прстот кон Вашингтон и околу името, и околу сè друго, ништо не сме сториле.
Прашања има безброј ама одговорите, кои се јасни и едноставни, никој официјален не сака да ги артикулира. Затоа се вртиме во маѓепсан круг и пропаѓаме прудолу како народ.
Не смееме да заборавам дека Македонија сè уште не е рамноправен дел од меѓународната заедница на народите бидејќи, сосема намерно, државата е оставена без име. Во рамките на тоа сценарио, со кое живееме 25 години, мора да се гледа и ОРД бидејќи сега токму преку него се врши ерозијата на државата.

**БЕЗ УНИТАРНОСТ, НЕМА МАКЕДОНСКА ДРЖАВА**

*(Август, 2017)*

Унитарниот карактер на Македонија одамна е доведен во прашање. Моментално, тој единствено се манифестира преку улогата која ја има македонскиот јазик кој остана негов единствен столб. Токму затоа е сега тој на удар. Чекор по чекор, и тој се елиминира. Од едната страна, свесно и плански, а од другата (македонска), без да се сфати суштината. Затоа е сега целото внимание на Албанците, ама и на Американците, свртено кон двојазичноста. Таа неизбежно води во федерализација на земјата, за што нема никаква легална основа. За да се постигне таа, прашање е само времето што ќе биде потребно.
Албанците веќе не го учат македонскиот јазик, намерно се затвораат во гета, од друга страна, (ќе) сакаат да се вработуваат во државаната администрација, без да знаат македонски...
Меѓусебната комуникација ќе биде неможна, што (ќе) ја прави заедничката држава нефункционална. Така, тоа неизбежно води во федерализација. Тоа ќе биде фатално за Македонците бидејќи немаат никакви други опции. (Нај) голем дел од албанските политичари, пак, сè што правеа од распадот на Југославија, преку Илирида, војната од 2001-та, ОРД, „Тиранската платформа“... та се до денес, цело време имаат само една идеја – Голема Албанија. Благодарејќи на САД и тој сон им се остварува. А Вашингтон, како наш голем „стратегиски партнер“, без да трепне ги жртвува Македонците.
Нивниот амбасадор Бејли, ја руши Македонија од Скопје, и одлично си ја врши работата за која е платен. А, зошто „нашите“ му дозволуваат да ни прави ’ршум, не е негов проблем.

Во историјата, промената на карактерот на државата секогаш се правел или со војна, како што, со помош на САД, Албанците ни направија во 2001-та, или со револуција. Ова што сега се обидуваат да го постигнат, повторно со отворен американски ангажман, е нешто невидено во светската политика и дипломатија. Истото, на

пример, не важи за Унгарците во Романија и Словачка, за Русите во Естонија и Латвија...
За Ромите и Турците, та и за Македонците во Бугарија... По истата логика и Турците во Германија можат да бараат турскиот јазик да биде еднаков со германскиот. Или Арапите во Франција, арапскиот да биде барабар со францускиот... Во САД, на околу 60 милиони, или на 19 проценти од населнието, мајчин јазик им е шпанскиот, којшто нема никаков статус.
Единствен официјален е англискиот! Под диктат на САД, кај нас се прави невиден експеримент на штета на Македонците, и никому ништо. Бродот тоне а ние, по поделени од секогаш, ќе се изедеме меѓу себе.
Неспорен факт е дека македонизмот не се вклопува во американските планови за Балканот. Конкретните причини не ги знаеме, и можеме само да ги претпоставуваме. Затоа нè третираат како нешто недоречено или, поточно, како отворено прашање – коешто треба да се затвори! Со понижувачкиот договор од Охрид (ОРД, 2001) речиси целосно го избришаа македонскиот карактер на државата. Сега (2014 – 2017), на груб и нецивилизациски начин ја сменија власта на Груевски бидејќи не беше спремна да капитулира и да прифати прекрстување. Доведоа послушници кои не даваат ни пет пари за историските, стратегиските и фундаменталните интереси на македонскиот народ. По американски диктат, тие прифатија срамен и навредлив договор со Бугарија и, што е најстрашно, на пат се да го докусурат македонскиот карактер на државата преку нов закон за албанскиот јазик.
Ова што сега ни се случува не треба никого да изненадува. Тоа е сценариото кое упорно и неверојатно посветено, САД го спроведуваат веќе 25 години. Клучен дел од тоа е прекрстувањето на државата што, во дадениве услови, ќе се наметне како логичен и неизбежен чин бидејќи новата федерација во никој случај не може да остане ниту со сегашното име, ниту со сегашните симболи. Со еден мастраф, САД ќе го затворат „Македонското прашање“, коешто сметаат дека со векови го мачи Балканот. Паралелно, ќе го финализираат најголемиот дел од големоалбанскиот проект којшто

е речиси 70 проценти завршен со независноста на Косово. По распадот на Југославија, Албанците се главни американски партнери и сојузници на Балканот коишто, за возврат на своите локални услуги, ја добиваат премијата наречена „Голема Албанија“.
На ист начин, за време на Втората светска војна и Мусолини им се реваншира за нивната соработка: им го подари големоалбанскиот проект, кој се протегаше до Групчин.
Прекројувањето на поранешна Југославија се приближува кон крајот. Македонија е сега на ред. Прво, ја растурија БиХ, која од унитарна стана федерација, и прашањето е – дали истата формула сега ја применуваат и во Македонија? Потоа, Косово го отцепија од Србија, и создадоа втора албанска држава. Спротивно на сите меѓународни постулати, сето тоа беше направено со сила. Беа игнорирани Хелсиншките принципи коишто, божем, ги штити ОБСЕ коешто, пак, е активен учесник во злоупотребата на сила, според интересите на САД. Србија го загуби Косово ама, сепак, ја доби Република Српска, што е солидна компензација. Прикаската за БиХ не е завршена и тешко е да се предвиди што ќе следува. Можат да нѐ третираат дури и паралелно – како две нефункционални федерации!
Слободно може да се заклучи дека сето ова е продолжение на постјугословенското прекројување на Балканот, според плановите на САД. Албанците ја добиваат главната премија – да живеат сите заедно, а Македонците ја губат својата држава. Така се затвора и „Македонското прашање“ што ќе ги неутрализира историските синдроми и аспирации на соседите кон нашиот народ и кон ова парче земја. Голем хендикеп е што не знаеме, а никој не истражува, зошто македонизмот не е прифатлив за САД? Зошто САД направија сѐ за да ги прекрстат Македонците и зошто до сега не успеаја?
Не е јасно, на пример, кои се крајните планови и замисли на САД, за Македонија? Дали, веќе прекрстена, вештачката федерација која ја создаваат ќе ја здржат во истите граници? Како ќе функционира таа? Кои се другите опции на маса?

Бројни прашања немаат одговор. Сега се обидуваат да нѐ неутрализираат преку албанското малцинство, коешто политички го изедначуваат со македонското мнозинство, што не може да даде позитивни резултати, туку само да создаде хаос.
Планот, Албанците со време да станат и најбројни во државата и така, преку зголемениот наталитет, целосно да ја преземат, веќе не е реален. Наталитетот им се намали, а и тие масовно се иселија и сега се најверојатно под 20 процен ти. Затоа не дозволуваат попис. Немаат шанси ни обидите на САД за создавање некаква политичка нација којашто, со време, би станала доминантно – албанска.
Може да се тврди дека САД нема да се осмелат физички да ја делат Македонија бидејќи тоа не е возможно без нова балканска војна, пострашна од сите претходни. Сите соседи имаат свои есапи и во случај на делба сите тие ќе се активираат. И Србите и Бугарите започнаа да ги острат ножевите. За среќа, стравот ќе го чува лозјето, што е најдобра гаранција за територијалниот интегритет на Македонија. Меѓутоа, отворени се сите други опции.
По распадот на Југославија, политиките на САД за Балканот се – длабоко погрешни. Тие не се свесни дека најголеми проблеми во менаџирањето на регионот ќе имаат токму со – Албанците. Големоалбанскиот проект, кој упорно го реализираат, ќе им создаде несовладливи предизвици. Од таму ќе доаѓаат сите безбедносни ризици за Балканот.
Албанците се единствени околу националното прашање, што импресионира, ама на внатрешно–политички план сите нивни политички лидери, и во Албанија, и на Косово, и во Македонија, во борбата за власт, се гледаат преку нишан.
Тоа сѐ повеќе ќе ескалира бидејќи меѓу нив доминираат бескомпромисност, лични и партиски интереси, коишто се на сериозна штета на државата. Така беше неодамна во Албанија, сега е на Косово (лето, 2017)... Регионалните амбиции на Албанците веќе загрижуваат.
Со трета албанска држава во Македонија, која е на повидок, тие и ќе експлодираат. Албанските општини во Црна Гора и Јужна Србија (или Источно Косово, според албанската терминологија), ама и Чамирија во Грција, неизбежно ќе бидат дел од нивните

политички аспирации. Во Грција, сигурно веќе има околу 1,5 милион дојдени Албанци кои, порано или подоцна, ќе станат и политички фактор. Таму албанската мафија остварува огромни приходи, коишто лесно можат да се канализираат на политички план. Опасноста од нови албански војни, како нашата во 2001-та, и косовската од 1999, ќе бидат реална закана. За да го тргнат вниманието од домашните политички конфронтации, тие ќе прават проблеми во регионот. Во новите услови и САД ќе ја губат својата улога. Ем нема толку да им требаат на Албанците, ем интересите ќе им бидат различни. Голема е можноста, САД да си ги изгорат прстите од ексклузивното партнерство со Албанците. Што порано ја сфатат оваа опасност, тоа подобро за сите. Пред сè – за нив.
Во сите овие галиматијаси на Балканот, улогата на ЕУ е – жална. Додека регионот е под целосна американска политичка и безбедносна контрола, Брисел како да е од друга планета. ЕУ секако има сопствени причини за прекинувањето на процесот на проширување, ама бројни се индикаторите дека и на Вашингтон не му одговара преостанатите балкански држави бргу да станат нејзин дел. Состојбите во регионот, пак, дијаметрално би се промениле со отворањето на вратите на Унијата. Така, ем ќе се отворат перспективи за сите, ем ќе се намали манипулативниот простор на САД.
Законот за албанскиот јазик лесно може да биде погубен за Македонија и Македонците. Кога ќе се усвои, назад нема да има. Стекнатите права ќе бидат – неповратни. Двојазичноста е атомска бомба врз Македонија, а МАНУ никаде ја нема. За џабе ги плаќаме нејзините членови.
Под палката на новата власт (2017), по 73 години битисување, полека ама сигурно, современата македонска држава ја пее својата лебедова песна. Стотици илјади животи се дадени за оваа слобода која ја уживаме ама која, очигледно, не знаеме да ја сочуваме. Жалосно е што немаме лидер, државник кој ќе води и ќе каже – НЕ! на неправдите на кои сме изложени.

# ДЕТАЛНА АНАЛИЗА НА ТИРАНСКАТА ПЛАТФОРМА

*(Март, 2017)*

Албанците нѐ уверуваат дека платформата е легитимен политички чекор во рамките на Уставот. Ако е така, зошто не ја реализираат преку институциите на системот туку со ултиматум? Зоран Заев вели дека гледа позитивно на платформата, што не треба да чуди! Сериозна анализа на Тиранската платформа покажува дека е таа целосно противуставна, со јасни големоалбански намери, коишто во никој случај не смеат да се толерираат. Истите не се ништо ново.

Македонија е жртва на такви нагласени амбиции уште од 1990-тите. По агресијата од Косово и ОРД, тоа веќе се прави отворено, чекор по чекор, милиметар по милиметар, додека Македонците спијат. Сега се отворија картите. Сигурно, во договор со нивните американски партнери, се оценило дека дојде време за егзекуција. Прекрстувањето ќе биде – финалето. Албанските лидери не кријат дека резултатите од изборите им даваат „златна шанса" за да ги условат (уценат!)

Македонците. „Златната шанса" беше и главна причина зошто Тирана, директно и безобѕирно, се вклучи во играта. Тоа не смееше да се пропушти. Жалосно е, но мнозина кај нас тоа не го разбираат. Ако се прочита само првата точка од платформата, од вкупно седум, веќе сѐ е јасно: Македонија каква што е денес треба неповратно да се редефинира преку маргинализација на Македонците. Се инсистира на – „постигнување целосна рамноправност во согласност со Охридскиот договор (ОРД) и Уставот", што е чиста измама. Државата треба да стане бинационална, попрецизно – федерација, заради правото на отцепување. Сега ги имаат сите права, како и сите други граѓани, освен можноста за отцепување.

Тврдат – „Албанците се сметаат за државотворна нација", ама не кажуваат врз основа на што? Тоа нема никаква врска со реалноста. Во Уставот, кој го гласаа и Албанците во 2001-та, тие се третираат како „дел од албанскиот народ" што имплицитно значи –

малцинство ама, нека бидат и заедница, според користениот речник во Уставот. Меѓународната пракса диктира дека дел од некој народ во друга држава е, и може да биде, само – малцинство. Освен во федерациите, какви што се Белгија, Швајцарија, БиХ... Намерата на странците беше со таа формулација да се унапреди позицијата на Албанците, на сметка на Македонците ама, со тоа автоматски беше исклучена каква било нивна „државотворност“! Се пресметаа! Уставен статус како „делови од друг народ“, во Македонија имаат и Турците, Власите, Србите, Ромите и Бошњаците. Тоа значи дека Албанците немаат никаков ексклузивитет.
Во Преамбулата, прецизно е наведено дека во државата има еден народ, македонскиот, и „граѓани кои се делови од други народи“. Разликата меѓу нив е – огромна.
Овие факти ја покажуваат апсурдноста на платформата која ем го игнорира, ем го манипулира Уставот. Државата може да стане бинационална и федерација, или со нова војна (2001), или со револуција. Регуларна промена на Уставот е можна само по предлог на претседателот, Владата, или најмалку 30 пратеници, како и со собирање 150 илјади потписи за одржување референдум. Тоа не е партиска работа. А промена на Уставот, со прогласување на Албанците за конститутивен народ, Македонците нема никогаш да изгласаат.
Во првата точка од платформата се бара и – ...„поддржување секаква правна и уставна иницијатива што ја засилува националната рамноправност на албанското население“!? Што значи тоа? Да организираме масовно движење? Продолжува со барање за – „постигнување целосна јазична еднаквост“, односно во Уставот да се утврди двојазичност во земјата. Тоа е нова потврда дека во прашање е антиуставен ултиматум за целосна промена на уставната позиција на Албанците, поточно – федерализација. Во светот нема унитарна држава која е двојазична. Во САД има преку 60 милиони (19%) кои зборуваат шпански, а немаат ниту еден државен универзитет на својот јазик, камоли двојазичност! Тие се, нели, најдемократската држава во светот?

Се инсистира и на – „сеопфатна дебата за знамето, химната и државниот грб“, со цел симболите – „да ја рефлектираат општествената мултиетничност и етничката рамноправност“. Ова е директно игнорирање на мнозинскиот народ и на македонскиот карактер на државата. Впрочем, зошто да не го земеме и ние двоглавиот орел како заеднички симбол? Заедно и ќе го летаме, и сè ќе биде во ред?! И ова не е ништо друго туку обид за федерализација. И покрај користената формулација, Албанците сигурно не помислуваат во симболите да ги вклучат другите малцинства.
Првата точка завршува со инсистирање на резолуција во Собранието со која – „ќе се осуди геноцидот врз албанскиот народ во Македонија од 1912 до 1956“. Ова е тешка небулоза од повеќе аспекти: според Уставот, овде нема албански народ туку само дел од истиот, и тоа од 2001. Тоа значи дека терминологијата е чиста измилица, со подметнати кукавички јајца; нема историски факти за никаков геноцид врз Албанците, не само во Македонија туку и пошироко, а има бројни докази дека токму македонскиот народ бил жртва на геноцид и присилна асимилација, вклучувајќи и во Албанија. Насилство имало и од албанските балисти кон Македонците, а никогаш обратно; Македонија нема право, а уште помалку обврска, да ја оценува историјата на народ чиј мал дел живее во нејзините граници, а невидена будалштина е тоа да го прави и за период пред таа да постои како држава!? Тие работи се целосно измислени, и надвор од умот.
Како и сè друго, и ова воопшто не е случајно. Зијадин Села објасни дека целта на платформата е официјално да се верификува дека тие се староседелци во Македонија!? Со други зборови, додека Тирана, политички искалкулирано, не го признава нашето уставно и историско име, додека тврдат дека Македонците не постоеле (истиот З. Села) пред сторина години, сакаат да им потврдиме дека тие се староседелци во земјава! Маестрална идеја, ама тешко навредлива за Македонците.
Одговорно може да се заклучи дека во првата точка од платформата се сублимирани сите клучни големоалбански интереси кои се сведуваат на укинување на единствената

македонска држава и нејзино трансформирање, барем за почеток, во нешто како Славо–Шкиприја. Содржината и на другите точки е целосно комплементарна со првата.
Во втората точка се бара – „постигнување економска рамноправност“ на Албанците преку создавање непотребни нови институции. По ОРД и Бадентер, тие треба да ја направат државата сосема нефункционална. Се инсистира и на – „правична застапеност во органите на безбедноста, војската, разузнавањето и правдата“ како и во – „сите нивоа на централната власт, јавните служби и претпријатија“. Се настојува Албанците да се прикажат како обесправени, како тие да не се активен дел од системот преку кој мораат да ги реализираат своите интереси а не преку туѓи платформи.
Уцените со кои се наметнува платформата се најдобар доказ дека Албанците се свесни дека сето тоа не е само противуставно, значи нелегално, туку и нелегитимно.
Во третата точка тема е – „засилување на владеењето на правото“ вклучувајќи го и „непристрасното вршење на работата на специјалниот обвинител, без етнички и политички предрасуди“, спроведување на реформите, вклучувајќи го и Прибе за да заврши со – „целосно расчистување на судските постапки ’Сопот’, ’Бродец’, ’Монструм’ и ’Куманово’, преку анкетна комисија или независен меѓународен орган“. Просто неверојатно. Албанските партии се прават како да не се од тука, како да се некој маргинализиран сегмент од општеството, нешто како „пленумот на средношколци“, кој сака да се чуе неговото мислење! Зарем забораваат дека речиси пола Влада се нивни министри, а ресорите за правда и евроинтеграции долго ги покриваа(т) – Албанци? Ако тие не беа добри, зошто не ги менуваа? Законите мора да важат за сите.
Во точката четири, апелираат на – „создавање дух на доверба во функција на добри меѓуетнички односи...“ заради стабилност на земјата. Во таа насока, бараат мерки за финансирање на албанските културни институции на централно и на локално ниво, централна институција за унапредување на јазиците на заедниците и подготовка на преведувачи, уредници и предавачи. Какво

лицемерие! Од една страна, заговараат дух на доверба и добри меѓуетнички односи, а со сите предложени мерки го бришат македонскиот карактер на државата! Бараат специјален статус и поставуваат услови кои треба да се исполнат надвор од системот, со што ја игнорираат државата.
Точката пет е за – „решавање на спорот за името, во согласност со европските вредности и принципите на меѓународното право“. Собранието требало да донесе обврзувачка резолуција за Владата да го решава активно спорот, со – „вклучување на Албанците во работната група за директни преговори со Грција“. Не даваат никаква подршка на Македонците за одбрана на името, коешто ја симболизира и нивната етничка припадност!? Сигурно – сосема случајно! Всушност, името е клучниот интерес на Албанците – Македонија што поскоро да се прекрсти а, откако ќе нема македонски народ, тие најлесно ќе ја федерализираат државата за да се отцепат и сите да живеат во Голема Албанија. Затоа процесот треба да се забрза.
Во точката шест се соседите. Се бара – „вклучување на Албанците во работната група за директни преговори со Бугарија“ и „соработка со Албанија и Косово за интегрирано гранично управување“ и отворање нови гранични премини.
Ова е ново игнорирање на институциите и издигнување на Албанците над нив. Тоа е класично третирање на државата како двонационален или федеративен субјект. Предлогот за границите кон Албанија и Косово, значи обединување на т.н. „албански територии“.
Последната, седма точка се – НАТО и ЕУ, и тоа со јасен заклучок – „исполнувањето на сите наведни точки ќе го деблокира патот на Македонија кон НАТО и отворање преговори за членство во ЕУ“. Тоа е точно. Ако се избрише македонскиот карактер на државата, на што инсистира платформата, патот кон Брисел ќе биде – отворен. Постојаното инсистирање на Албанците за побрзо членство во алијансата и ЕУ, воопштоп не е случајно. Целта е прекрстување на државата и разнебитување на Македонците. Така се реализираат и нивните големоалбански аспирации.

Платформата завршува со заклучок – „исполнувањето на овие цели ќе се надгледува преку организирање тркалезна маса на албанските парламентарни партии“ и „ќе служи како платформа за усогласување на политичкото дејствување и транспарентна комуникација со меѓународните партнери на Македонија, барајќи ја поддршката од ЕУ...“.
Ова веќе не остава никаква дилема дека се работи за паралелна државна структура која ќе тера свои политики и ќе комуницира со светот. Платформата е испланирана како клучен исчекор во федерализација на Македонија, процес кој интензивно се спроведува со поддршка на САД. Таа ги подрива темелите на државата а со тоа и меѓуетничките односи, на што мора одлучно да се реагира. Со улатимативно поставување само на сопствените крајно националистички барања, и целосно игнорирајќи ги аспирациите и потребите на сите други граѓани, албанските партии покажаа дека немаат ни минимален државотворден капацитет во однос на Македонија. Место тоа, тие се „Тројански коњ“, чија задаче е рушење на македонизмот.

*.*.*

Платформата е само нов доказ дека македонските Албанци ја третираат нашата држава како – „Шведска маса“!
Од неа си земаат што им треба и што им одговара, кога државата им е од корист, а сè друго игнорираат. За нив законите важат кога се поклопуваат со нивните интереси, а ги игнорираат кога не се. Законот за знамињата е најдобар пример. Се прогласија за конститутивен народ, албанскиот јазик го изедначија со македонскиот; си ги промовираа своите симболи, а не ги признаваат македонските; практично ја федерализираа државата... а, македонските политичари како да се отсутни. За тесни лични и партиски интереси, за да дојдат или да останат на власт, тие го продадоа македонизмот. Албанските политичари цело време ги уценуваа(т) а тие, без да трепнат, голтаа(т) кнедли на сметка на клучните интереси на македонскиот народ.

*.*.*

Не треба да има никакви дилкеми дека „Тиранската платформа“ е големоалбански и противуставен документ, што значи и

антимакедонски. Зад неа се кријат политички манипулации коишто мораат да загрижуваат бидејќи нивната цел е целосна реконструкција на македонската држава, според албански потреби. Најчеста „порака“ од Албанците беше дека ако се воведе двојазичност Македонците нема ништо да изгубат!? Ништо друго, освен – државата! Двојазична унитарна држава – нема. Такви се само федерациите и, ако се дозволи такво нешто кај нас, тоа веќе нема да биде Македонија, државата на македомнскиот народ и сите други малцинства. Сето ова само потврдува дека сè што ни се случува е дел од добро подготвено (американско) сценарио. Клучно е да се уточни дека платформата нема никаква врска со проширување на личните, или човековите, права на Албанците во Македонија. А тие најчесто на тоа се повикуваат. Албанците се апсолутно еднакви со сите други граѓани во државата а, во некои случаи, дури и поеднакви од сите. Платформата е голем исчекор кон федерализација, која подразбира и право на отцепување. Се работи за целосна промена на уставниот карактер на државата. Заради тоа е подготвена платформата. Сакаат постапно создавање трета албанска држава, за подоцна да се обединат сите во една. Ако дозволиме овој процес да продолжи, на крајот, Македонците ќе останат без својата единствена држава. За наша среќа, отцепувањето на Албанците не е можно без голема балканска војна, којашто САД нема да ја дозволат заради Русија. Тоа се намерите зад оваа ѓурултија, затскриена зад фрази за некаква измислена нерамноправност на Албанците.
Ако не излеземе со најшироки објаснувања за вистинските албански аспиирации, ќе се вртиме во круг. Без тоа Македонците, коишто ги бранат своите фундаментални права, ќе бидат сметани за насилници и окупатори. Како такви, веќе нѐ прогласија и УЧК, и ОНА, и албанската пратеничка Дода, и многу други екстремни Албанци. За нив нема Македонија, туку – Илирида. Овие големоалбански амбиции се отворено поддржани од САД кои, за таа цел, го бомбардираа и Белград.
Ова што сега ни се случува не е ништо ново. Благодарејќи на американските регионални интереси, коишто се спротивни на нашите, Македонија е веќе 25 години во процес на редефинирање

и бришење на македонскиот народ преку прекрстување. Кризата предизвикана со прислушкувањата, и платформата се сосема логично продолжение на долгото непризнавање на државата, на суспендираното име во ООН, на блокадата, уцената и ултиматумот од Букурешт (2008) – прво прекрстување, потоа членство... Платформата, всушност, треба да ја означи – нашата капитулација. Преку стратегиското партнерство со Албанците, САД сакаат да ја цементираат својата доминација на Балканот и, по Косово, последна пречка им останаа – Македонците. Со негативната улога на опозициската СДСМ во погубните сценарија, приказната стана наша национална трагедија.
Непосредните корени на сегашната платформа се војната од 2001-та и Охридскиот договор (ОРД). Ова е само нова етапа која, крајно погрешно, Вашингтон ја смета за финална.
За таа цел беше и прислушкувањето, кое е апсолутно во режија на ЦИА, без оглед кој е извршител, вклучително и МВР да е. Целта беше да се елиминира Груевски. Ова беше изнуден чекор за САД бидејќи со сите други мерки, спроведувани преку 20 години – не успееја да нè прекрстат. Сега планот им беше крајно подмолен – одеа на директна конфронтација помеѓу самите Македонци, што перфектно им успеа. Лесно најдоа и регрутираа недокквакани политичари и разни евтини платеници. Иако неколку години жестоко ги тресат темелите на државата, сепак – сè уште не успееја да нè кутнат!
И површна анализа покажува дека, од самиот почеток на кризата, се работеше на повторно вклучување и актуелизирање на големоалбанските барања. Али Ахмети и Мендух Тачи, на неуставните парчиња хартија кои ги потпишуваа во т.н. пржински договори, инсистираа да се вметнат и нивните аспирации. Арно ама, без успех. Нивните американски сојузници имаа разбирање за тоа, ама не смееја да дозволат да се релативизира конфронтацијата меѓу самите Македонци, пред тие да се закрваваат неповратно. Тоа беше приоритет, и сè друго беше во втор план. Менаџментот на Вашингтон, кој и ја креираше кризата, беше непогрешлив.
Следуваше терористичкиот акт во Куманово (мај, 2015) којшто требаше да го надополни пропуштеното. Има индикации (од

судењето) кои говорат дека мајскиот косовски упад бил во координација со албански политички лидери од земјава. Не треба да има дилеми дека своја улога имала и Тирана. Тоа секако не го правеле сами бидејќи интересите на Вашингтон се апсолутно компатибилни со албанските аспирации. Впрочем, целата ситуација премногу потсетува на 2001-та кога, преку агресија од Косово, сите заедно ќе ги ослободуваа „албанските територии“ од Македонија. За среќа, иако со големи жртви, полицијата брзо го расчисти Куманово и обидот пропадна. Целта на терористите беше тие да блокираат дел од Куманово, како на времето Тетово, потоа да се отворат преговори, слични на охридските во 2001та, по што би се добиле нови непринципиелни македонски отстапки. Ако тоа се случеше, платформата уште тогаш ќе беше на маса. Вака, мораа да чекаат некое време.

Нашите избори беа последната шанса за да се „комплетира“ кризата со меѓуетничката димензија. И, тоа се случи. Прво беше направена неверојатна местенка кога меѓу 50 и 70 илјади Албанци гласаа за македонската опозиција (СДСМ).

Замислата им беше маестрална. Зијадин Села јасно кажа дека ова се златни моменти за албанската кауза во Македонија, кои не смеат да се пропуштат. Меѓу Албанците се зборува дека лозунгот врз кој се реализирала оваа замисла бил – гласајте за СДСМ, а потоа ќе ја делиме Македонија! Такви информации има, а што точно се случи, и дали навистина се делеле и пари по џамиите, што исто така се шушка, нема никогаш да дознаеме.

Платформата од Тирана, која следуваше, апсолутно ги потврдува таквите намери: таа е класичен обид да се дели земјава. Сите нејзини точки, без исклучок, ја рушат унитарна Македонија и создаваат трета албанска држава. Во неа нема ништо во корист на другите граѓани, а Македонците како да не постојат. Сѐ е толку просто што и слеп мора да го види и глув да го чуе. Тоа важи за сите кои немаат скриени намери.

Иако загубија доста пратеници на изборите, албанските партии се најдоа во позиција по свој терк да ја кројат идната влада а преку неа и државата. Тоа и се случи. За возврат за гласовите, СДСМ им

ги даде на ДУИ и на Таравари главните министерства во Владата – европски интеграции, економија, правда, здравство... и МНР!
Тие што сакаат да нè уверат дека преку 2.000 гласачи од Арачиново, на пример, се определиле за граѓанско општество (sic!) гласајќи за СДСМ, навистина нè потценуваат и како луѓе и како народ. Поголем апсурд од тоа е тешко возможен. Впрочем, и главните лидери на македонските Албанци однапред јавно предупредуваа дека услови за градење на граѓански концепт во Македонија – нема. Беа во право бидејќи, сосема намерно, ОРД не остави никаков простор за тоа. Причината беше проста – САД не сакаа да си ја одземат можноста да манипулираат со државата. А тоа можат да го прават само преку етничките албански партии. Со граѓански структури, албанските партии ќе беа невозможни, исто како и прекрстувањето на државата и разнебитувањето на македонскиот народ. Крајно жалосно е што во таа нечиста игра влета и СДСМ, којашто повеќе го мрази ривалот, ВМРО ДПМНЕ, отколку што ја сака татковината. За жал, и обратно е така. Впрочем, како е можно 50 до 70 илјади Албанци да гласаат за „граѓанско“ општество, а останатите преку 150 илјади да ги поддржат албанските партии кои предлагаат платформа за рушење на државата? Тоа никако не оди едно со друго. А сите знаеме дека Албанците живеат во традиционална хиерархија, иако фамилијарните гласања сега се ретки.
До скоро беа правило. Со истиот систем, во вториот круг на изборите за претседател (1999), место Тито Петковски кој во првиот имаше преку 150 илјади гласови предност, победи Борис Трајковски! Поддршката ја доби од Албанците. Не од Макдонците. Подобар доказ за капацитетите на нивното организирано гласање – нема.
Ќе остане за секогаш отворено прашањето – дали Трајковски, во агресијата од Косово во 2001-та, со своето погрешно командување со армијата, всушност, им се реваншира и на Албанците за поддршката на изборите, и овозможи Македонија да биде срамно поразена од ракатка терористи? Сепак, тоа е малку веројатно, бидејќи тој беше неспорен патриот. Жртва беше на американските

генерали, коишто отворено работеа за Албанците, а него перфидно го злоупотребија.

Ај што Албанците, помогнати и стимулирани од САД, сакаат жедни да нè преведат преку вода, запрепастуваат глупостите кои ги трескаат „наши“ „политичари“, „експерти“, „интелектуалци“, активисти...? Јасно е дека дел од нив се платеници, дека други имаат поголеми политички апетити од сопствените капацитети, трети... Зачудува што ги има доста, а јасно е како ден дека ни се наметнува силна албанизација на Македонија, што треба да финализира со прекрстување на државата и разнебитување на македонскиот народ, со негова бугаризација. И, во евидентни такви услови, Жерновски, на пример, кој е долго во политичките врвови, во дебата на Телма вели – „Јас сум секогаш за еднаквост. Зошто Арбен од Тетово да не биде еднаков со Андреј од Скопје“? А, не објаснува во што е Арбен дискриминиран? Зарем, не му е јасно дека Арбен, заради правична застапеност, може да седи дома и да прима плата, само затоа што е Албанец?

Сепак, добро е што Андреј за таква будалштина не може ни да сонува! И, кој е „поеднаков“? Сепак, изјавата не треба да изненадува. Човекот веројатно нема капацитет, ама има големи политички амбиции, коишто не може да ги реализира без поддршка од Албанците! За личен ќар, Жерновски ги распродава националните интереси!

Во 1998 година Тирана излезе со речиси ист документ, ама со многу пошироки амбиции – „Платформа за решавање на албанското национално прашање“. Таа директно водеше до војната на Косово и неговата подоцнежна независност.

И, да заклучиме – дури овој пат и да немаше никаква „Тиранска платформа“, самиот факт што Рама се вклучи во „сплотување“ на албанските политички лидери во Македонија, е флагрантно мешање во нашите внатрешни работи.

Најкусо, тоа е обид на Тирана за кроење на македонската политичка мапа! Примитивен патернализам, што друго? И американската Амбасада во Скопје, отворено се обидуваше да ги обедини Албанците во земјава, што исто така беше недозволиво.

Целта беше иста – зајакнување на албанскиот фактор – против Македонците.
Замислете каква бура ќе кренеа Вашингтон и Брисел, ако ние направевме платформи за Македонците во Бугарија и Грција?! Тие немаат никакви малцински права, од универзалните, за разлика од Албанците во Македонија, коишто имаат многу повеќе од нив.

*.*.*

Уставниот поредок на секоја земја е света работа и сите институции се должни да го бранат. Од претседателот до последниот граѓанин. Тоа е основната задача и на тајните служби. Секој што ќе го доведе во прашање – носи кривична одговорност. Така е во цел свет, ама не и во Македонија. Кај нас, на пример, се регистрира политички субјект (БЕСА) чија програма е апсолутно спротивна на Уставот! И, тоа поминува. Случајот не е изолиран!
Уставите на земјите, пак, се менуваат или на насилен начин, со револуции и војни, каков што беше случајот со Македонија во 2001-та, или со согласност меѓу главните политички сили. Често, меѓутоа, не е лесно да се постигне двотретинското мнозинство во Собранието, потребно за промена на Уставот, што изгледа и како некаква гаранција против грешки или злоупотреби.
Редефинирањето на државата, како што сега нелегално бараат Албанците, во никој случај не смее да се стави на маса без претходен општ референдум. Народот мора да се изјасни за таквите промени. За помали уставни измени, двотретинското мнозинство е доволно.
Сегашните обиди, со ултиматум наречен платформа, да се уценува мандатарот за состав на Владата со редефинирање на државата, е неприфатлив начин кој мора да се отфрли без дискусија. Такви уставни овластувања нема никој.
Какви било преговори околу тоа се нелегални, а секоја влада која прифаќа програма спротивна на Уставот, прави тешко кривично дело. Прв кој не смее да дозволи такво нешто е претседателот, а по него и Собранието. Кај нас, меѓутоа, и тоа не важи. Ултиматумот и уцената се ставаат на маса, околу нив се дискутира и тие се третираат како легитимни. Паралелно, дел од нашите морони, наречени „интелектуалци“ или слично, од најпримитивни

политички интереси платформата ја сметаат за реална и прифатлива! Тоа е нашата трагедија.
А дали се тие дебело платени од некого, или имаат некакви свои иинтереси – ич не е важно. За разлика од еден Ѓорѓи Спасов, Стојан Андов овој пат беше коректен и клучните барања на Албанците ги оцени како неприфатливи.
Целиот овој галиматијас, кој мириса на обид за државен удар, воопшто не е случаен. По Пржино и пукањето во Куманово, ваквиот исчекор на македонските Албанци е очекуван. Откако САД, со прислушкувањето, ни ја сместија кризата, во Пржино немаше услови да се вклучат и нелегалните барања на македонските Албанци, иако таков им бил планот. Атмосферата беше вжештена, се бараа незамисливи отстапки од власта и во прашање беше судир меѓу самите Македонци. Терористичкиот напад во Куманово во мај 2015, беше обид за повторување на 2001-та и за отворање нови меѓуетнички преговори, по угледот на Охрид. И ова беше агресија од Косово. Таа пропадна бидејќи терористите беа итно ликвидирани. Формирањето на владата, меѓутоа, беше третата шанса којашто Албанците не смееја да ја пропуштат.
Така се појави платформата. Тоа покажува невидена организираност и упорност, што потврдува дека Албанците не се сами, туку некој друг стои зад нив. Од преку океанот.
Исклучително е важно што со нејзиното подготвување во Тирана, и консултациите во Приштина, сосема се отворија картите дека во прашање е финализација на големоалбанскиот проект. Иако веќе ни беше познато дека негов главен менаџер е Вашингтон, а подизведувач Тирана помогната од Приштина, сега и најнаивните мораа тоа да го сфатат.
Се виде дека лидерите на македонските Албанци се наши „Тројански коњи“ на поширок проект – којшто има за цел да ја руши државата. Тие се сликаа во Тирана, горди што спроведуваат заедничка – големодржавна политика.
Во светот нема унитарна држава која е двојазична. Тоа е карактеристика само на федерации и конфедерации, кон што неизбежно водат и настојувањата за двојазичност во Македонија.

Целта е на Албанците да им се овозможи легално отцепување, иако е прашање дали тоа и ќе им се дозволи. Токму затоа тие избегнуваат да го учат македонскиот јазик. Сакаат да се гетоизираат и државата да стане нефункционална. Двојазичноста ќе го забрза процесот.
Платформата е тежок пораз на сите наши досегашни политики и кон Албанија и, особено, кон Косово. Ние цело време изигруваме коректност, добронамерност и, богами, преголема флексибилност, правејќи се дури и наивни, и ред беше да нѐ удрат по глава. Затворањето на очите најчесто води во бездна. Нелегалната независност на Косово ја признавме на брзина, во незгодно време за Србија ама, иако под жесток американски притисок, одлуката и одговорноста беа наши. Нормално за нашите аматери, никакви услови не поставивме. Не инсистиравме на статусот на Македонците од Гора а уште помалку на некаква обврска на Приштина, за коректност кон земјава. Потпретседателката на ДУИ, ама и на Владата, Теута Арифи дури инсистираше ние да го признаеме Косово а тие да ја користат референцијата од ООН! Демек, тие држава, ние поранешна! Ваквите срамни залагања, објавени во колумни во „Дневник", се толерираа. Неа ништо не ѝ фалеше.
А ние, со главите во песок, прифативме втора албанска држава која ни праќа платформи во вид на уцена и ултиматум. Другите држави однапред водат сметка за своите интереси, какви и да се тие. Грција, на пример, веќе 25 години нелегално ги попречува нашите меѓународни интеграции, без никаква осуда.
Овој албански памфлет, не е ништо ново. Тој е продолжение на големоалбанската стратегија наречена „Платформа за решавање на албанското национално прашање", подготвена во 1998 година од Албанската академија на науките, на барање од претседателот на државата. Сегашната е само уточнување на нејзиниот дел за Македонија. Токму на таа линија, Еди Рама ни откри дека македонските Албанци не барале фотелји и ни порача дека не е важно кој ќе состави влада туку дека е клучно да се реализира нивната платформа. Логично! Тој јавно ни појасни дека нивната цел може да биде само – Голема Албанија. Ништо друго.

Иницијаторот ни стави на знаење дека нема отстапување од зацртаната политика. Пораката не можеше да биде појасна, а ако ова не е мешање во нашите внатрешни работи, тогаш – што е? Дека е во прашање „мегали“ проект, ни потврди и БЕСА. Објавија – „По извршените консултации со претставници на албанската држава, со цел да се произведе една заедничка декларација на албанските партии во Македонија, сѐ со цел да покажеме посветеност дека Албанците се подготвени да поддржат една заедничка кауза...“! Големоалбанска, де, која друга?
Вакво агресивно мешање на Албанија во Македонија не е можно без зелено светло од САД. Најверојатно, од таму е даден и сигналот. Инаку Вашингтон ќе мораше да излезе со критика. Немаше да молчи ниту Брисел, како нивен слеп следбеник. САД, на пример, го осудија српскиот воз за Косово, како провокација! Сепак, проблемот е кај нас: не презедовме ништо во самоодбрана. Ние мораме да бараме став и осуда, и од САД, и од ЕУ. Знаеме дека тие стојат зад Тирана и зад памфлетот ама, сѐ додека молчиме, нема да ја разобличиме нивната дволичност. Додека ние не тропнеме на маса, тие ќе си тераат по свое. Треба да се бара поддршка и во Москва, Пекинг... Виена, Париз, Берлин, Лондон... Не е доцна за официјален демарш и во Тирана и во Приштина. За жал, такви политички и дипломатски капацитети – немаме. Поточно, не знаеме што сакаме.
Платформата, која целосно го игнорира договорот од Охрид, освен финализирањето на големоалбанскиот проект, има за цел да го забрза и прекрстувањето на државата. Брисел, како гласноговорник на Вашингтон, веќе најави дека сакаат да ги решиме и „билатералните проблеми“. Откако нѐ фрлија на колена, тоа е нормално. Играта се одвива паралелно – на два колосека, а намерите се компатибилни: а) се уценува формирањето на владата за да се исклучи владејачката партија ВМРО ДПМНЕ, која не сака да го витка ’рбетот; б) на сцена стапува опозициската СДСМ, која е спремна на сѐ; в) се создава мнозинство кое го прифаќа албанскиот ултиматум; г) заедно ќе ја прекрстуваат државата, божем заради НАТО и ЕУ; д) без македонски народ, нема пречки за трета албанска држава...

Тоа е убаво замислено ама, од повеќе крајно сериозни причини, и покрај целосната ангажираност на Вашингтон и Брисел, е нереално и неизводливо. Широко поддржана од народот, сосема со право, владејачката партија нема да го дозволи тоа. СДСМ и ДУИ тешко дека ќе успеат да формираат влада. За тоа е свесна и опозицијата која ќе мора трипати да размисли што да прифати од албанскиот ултиматум. Што повеќе навлезе во недозволените води, тоа повисока цена ќе плати. Лидерите на СДСМ му нанесоа огромни штети на македонскиот народ и историјата жестоко ќе ги осуди, заедно со нивните слуги.

Еден руски поет, великан, напишал – Лошите ќе се откријат дела / Дури и земјата да ги крие цела. И апсолутно бил во право. Ништо не може да се скрие. Ќе се врти, ќе се сучи и, на крај, сè ќе излезе на виделина. Вклучувајќи ги и „демократските“ акции на ЦИА против Македонија, макар по 20, 30... години, откако ќе ги објават и најтајните документи.

Во политиката, тој период е обично значително покус. Сите манипулации и злоупотреби релативно бргу се разоткриваат, со исклучок на – ептен тајните! Така е и со големоалбанскиот проект којшто САД упорно го туркаат по 1990-тата година. Тој не може да се реализира ако Македонија остане цела и недопрена. Токму за таа цел, Вашингтон ни организираше и менаџираше војна во 2001-та, потоа ни смисли Охридски рамковен договор и сега, по 15 години, сака да го заврши започнатото. Внимателно и многу добро смислено, го продлабочија расколот меѓу Македонците, за да се изедат меѓу себе, потплатија една цела петта колона новинари, експерти, професори..., организираа прислушкување, го смислија и подготвија Пржино, повторно запукаа во Куманово, направија сè што можеа опозицијата да победи на изборите... и сè беше спремно за приврлшување на проектот.

Фалеше само „Тиранската платформа“. Без неа не можеше да започне финализацијата. Оваа платформа беше неопходна од повеќе причини.

Прво, сите обиди на САД да ја прекрстат државава и да го разнебитат народот – не дадоа плод. Ниту непризнавањето, ниту суспензијата на името, ниту Привремената спогодба (1995), ниту

војната во 2001-та, ниту ОРД, ниту блокадата на јужната граница, ниту уцената и ултиматумот од Букурешт (2008)... Ништо не им помогна дефинитивно да го затворат „Македонското прашање“. Беа присилени на нова, нека биде и финална офанзива. Тоа е токму платформата. Зад неа, апсолутно стојат – САД! Впрочем, ако некој во државава навистина верува дека САД сакаат да влеземе во НАТО (без да нè осакатат со прекрстување) а Грција не дозволува, тоа само покажува целосна политичка и дипломатска неписменост. Тоа е знак на врвен аматеризам и апсолутно неразбирање на меѓународната позиција на земјава.
Ова се историски моменти кои Вашингтон филигрански ги создава веќе четврт век, за да ги разнебити Македонците. Досега издржавме, ама залакот станува преголем. Вака повеќе не се може. За Македонија да опстане, неопходни се одлучни чекори. Дома, мора да се подготви „Македонска платформа“, за да се постигне макар минимален национален консензус.
На меѓународен план, пак, потребна е широка дипломатска акција за одбрана на нашите легитимни и универзални права. Речиси сите аргументи се на наша страна. Ние сме на потег.

# ЗОШТО СЕ БАРА ДВОЈАЗИЧНОСТ?

*(Април, 2017)*

Државите можат да функционираат и опстанат само ако е овозможена нормална комуникација меѓу граѓаните.
Тоа значи дека сите треба да се разбираат на еден јазик. Ова секако не важи за федерациите кои се поделени во одвоени целини. Во нив, обично, се зборува еден јазик а на федерално ниво се изнаоѓа некаков modus vivendi заради реализација на заедничките интереси. Индија е одличен пример, иако е федерација. Таму се зборуваат преку 200 јазици, најмногу се користи хинду ама сите се разбираат преку – англискиот!
Тој е клучот за меѓусебната комуникација. Во оваа огромна земја, тоа е една од ретките позитивни последици на колонијализмот.
Во Југославија, пак, српско-хрватскиот јазик беше прифатен за користење во органите на федерацијата, во армијата и во дипломатијата. Истовремено, во Македонија се зборуваше на македонски, во Словенија на словенечки... Ако ние и тие зборувавме на нашите јазици во Белград, Југославија многу порано ќе се распаднеше како нефункционална држава.
Со распадот на Југославија, апсолутно не случајно, започнаа македонските голготи – непризнавање, суспензија на името и политичка блокада... Голготите, пак, се претворија во трагедија по агресијата од Косово во 2001, како и преку Охридскиот рамковен договор (ОРД). Тој е меѓникот од кој започна забрзаното уништување на Македонија и нема сомнеж дека историјата жестоко ќе ги осуди неговите потписници.
Нивната одговорност е – огромна. Како прво, тие не разбраа дека договорот беше намерно наречен – „рамковен“ бидејќи планот беше тој да се шири. Затоа, барем засега, ние мораме да се држиме до потпишаното, и не смее да се дозволува тој да се шири со нови нелегитимни барања. ОРД беше некаков мировен договор и неговата улога заврши со преточувањето во Уставот и во законите.
Сите ни повторуваат ОРД, ОРД... а ние дозволуваме да нè уценуваат со нешто што е потрошено и беспредметно.

По ОРД сите Албанци, коишто се на чело на државни институции или јавни претпријатија, без скрупули, истите максимално ги албанизираат. Иако тоа беше цело време евидентно, Македонците не мрднаа со прст тоа да се спречи или, на каков било начин – контролира. Паралелно, министрите Албанци, го користат албанскиот јазик и во комуникација со странство, најмалку со Албанија и Косово. Со тоа директно ги игнорираат и Уставот и законите. На мала врата, тие ја воведуваат двојазичноста како силен исчекор кон федерализација. Сите функционери Албанци, без исклучок, се однесуваат така, што е крунска потврда дека се работи за строго дефинирана партиска политика на ДУИ, а не за изолирани лични злоупотреби. Власта замижува на ова нивно однесување, за да остане на власт, а македонската опозиција им се умилкува критикувајќи ја македонската партија којашто е на власт дека е – антиалбанска! Сè со цел да дојде на власт! Тоа е нов доказ дека македонскиот синдром на самоуништување – беспрекорно функционира.
Примерите за албанизирањето на институциите се безброј, и ги има секојдневно. Бесими, како министер за одбрана дури и на војниците им се обраќаше на албански, што е чиста бесрамност, и никој не реагираше. Тој објави и Бела книга за АРМ, наменета за НАТО – и на албански! Името на Тетовскиот државен универзитет е прво на албански, а дури потоа и на македонски. Меморандумите на албанските министри се и на албански, или само на албански... Имаме и најнови примери (април 2017): инцидентот во Охрид со нелегалниот натпис и на албански кој беше искршен, и оглас во весниците на Министерството за екологија – на двата јазика... Тоа се директни игнорирања на правниот поредок на државата, на кои никој не реагира. И, нормално, откако беше испитан пулсот на Македонците, и се виде дека тие ништо не разбираат, следуваше и „Тиранската платформа“.
Заклучокот е лесен: двојазичноста е процес кој е нелегално започнат по ОРД и упорно се спроведува, иако во договорот од Охрид нема ништо такво, а „Тиранската платформа“ е обид за негова легализација. Изедначувањето на албанскиот јазик со македонскиот, за што нема никаква правна основа, освен

големоалбанските аспирации, ќе го уништи македонскиот карактер на државата. Целта е албанското малцинство да стане државотворен народ а државата бинационална и двојазична, што практично значи – федерација. Двојазична држава – не може да биде унитарна.
Не треба да имаме дилеми дека албанските партии сето тоа го прават со директна поддршка од Вашингтон. Да потсетиме дека САД го признаа нашето уставно име со единствена цел да не успее референдумот против новата погубна административна поделба (ноември 2004). Историски крајно погрешно, со истата се дозволи албанизирање на Струга, Кичево, Скопје... Во овој случај, пред референдумот, САД одиграа шаховски: името ни го признаа само делумно – за билатерална комуникации, и привремено, додека дефинитивно не се реши случајот, значи додека не нѐ прекрстат! За возврат, нѐ присилија – делови на Македонија неповратно да се албанизираат.
Вашингтон направи исто и во Србија, само на погруб начин – за да постигнат независност на Косово, тие го бомбардираа Белград. Тоа се кристални докази дека Вашингтон игра на карта на Албанците во регионов и, во тој контекст, целосно стои и зад федерализацијата на Македонија. Тоа не го гледа само тој што не сака да го види.
Што ќе значи во пракса двојазичноста во Македонија?
Ако тоа се дозволи, во државната администрација, во јавните претпријатија и во сите институции на системот (образование, култура, здравство...), Албанците секаде ќе зборуваат и ќе пишуваат на – албански! А ако некој од нив и ќе сака да зборува на македонски, другите сигурно ќе го спречуваат. Освен тоа, тие сосема ќе престанат да го учат македонскиот јазик со што ќе се отвори патот за целосна нефункционалност на државата, што неизбежно ќе води до нејзино рекомпонирање. Македонците ќе станат странци во сопствената земја. Ќе мораат да учат албански, ако сакаат да се разберат со малцинството.
Според законот, сосема со право, како лекари, Албанците ќе им се обраќаат на пациентите – на албански; шалтерските службеници – на странките; кустосите во музеите – на посетителите... И,

нормално, ќе очекуваат на ист начин и да им се одговори. Или сите ќе бараат преведувачи! Тоа ќе значи дека сме два света кои меѓусебно не можат да се разберат. Во институциите на системот ќе настане вистински хаос. Нема да се знае кој и што работи и зошто. Хиерархијата нема да може да функционира. Траумите ќе бидат секојдневни. Ќе престане нормалниот живот. Ќе започне процес на целосна, дефинитивна и неповратна поделба на општеството. И Македонците и Албанците, ќе бидат присилени да општат главно меѓу себе. Во такви услови федерализацијата и отцепувањето ќе се наметнат дури и како единствено РЕШЕНИЕ! И, еве ти ја Голема Албанија. Мудро, зар не? Македонија уништена без војна, мртви, руини...! Со итрина и подметнувања. Ама – уништена!
Ќе следува долготраен пекол кој ќе ја дестабилизира цела Европа. Ако се сака тоа, сегашната политика на албанизација и федерализација на Македонија е навистина добра. Арно ама, тоа ќе биде на штета на сите. Долги години ќе бидат изгубени, со огромни жртви и материјални штети.
Најверојатно, Албанците најмногу ќе загубат! Сите ќе бидат против нив – и Србите, и Бугарите, и Грците, и Македонците, и Црногорците, и Бошњаците...
Големоалбанскиот шовинизам добива на интензитет по распадот на Југославија (Илирида, паравојска...) ама, сè до 2001-та, речиси сите го учеа и зборуваа македонскиот јазик.
Тој беше обединувачки фактор. По ОРД, Албанците организирано и масовно престануваат да го учат. Тие се затвораат во гето како етапа во создавањето услови за постапна федерализација. Со „Тиранската платформа“, пак, покажуваат дека е дојден моментот тоа да се официјализира.
Нашите големи „пријатели“ Американците, при насилното подметнувањето на ОРД, не можеа никако да го оспорат унитарниот карактер на Македонија. Без тоа, договорот немаше шанси да им помине. Затоа ОРД го формулираа на подол начин, којшто ќе овозможи билингвалност и федерализација во блиска иднина која, еве, доаѓа.

Токму за таа цел, сосема намерно и плански, македонскиот јазик не го поставија во ОРД како клучен стожер за меѓусебна комуникација и услов за опстанок на целосно редефинираната држава. А, мораа. Тоа не им одговараше бидејќи ќе се задржеше нејзиниот македонскиот карактер.
Отворија широк простор за „Тиранската платформа“ и прашање беше кога, а не дали таа ќе се појави. Името, и не е битно. Тоа беше проста манипулација, невидлива само за македонските „експерти“ и „политичари“ кои преговараа во Охрид. Американските „посредници“ отворено работеа за Албанците кои, пак, имаа и свои главно американски советници, кои сигурно координираа меѓу себе. Македонската страна, пак, го имаше надарениот Фрчкоски, кој знаеше сè, тешкиот пораз беше неизбежен.
ОРД лесно може да се покаже како почеток на крајот на Македонците. За среќа, сè уште имаме можност, ако не целосно барем доволно, да ги исправиме тие историски неправди и грешки. За таа цел, албанската агресија, трасирана со платформата од Тирана, има и позитивна страна. Ни дава неочекувана шанса, додека не е предоцна, да се освестиме и одлучно да кажеме – доста беше! Не смееме повеќе да ја губиме матичната држава без ништо да преземаме! Мораме да се бориме за она што природно ни припаѓа и што нашите пра, пра... дедовци ни го оставиле во аманет. Прва задача мора да биде детална контрола на спроведувањето на катастрофалниот закон за знамиња, со кој беше прифатено туѓо државно знаме како национално на Албанците во земјава. Последиците се стравотни. Македонското го игнорираат и, кај и како ќе стигнат, си го веат знамето на матичната држава, со што директно означуваат албански територии! Мора да се бара начин тоа да се спречи. Првиот чекор мора да биде – користењето на албанското знаме да биде целосно согласно со законот, што сега апсолутно не е случај. Освен правото да се користи тоа туѓо знаме, сè друго од законот целосно се игнорира.
Ужасен е фактот што македонската опозиција, СДСМ, е на погрешна страна. Ама и без неа мораме да тргнеме во офанзива. Сите факти и аргументи се на наша страна и треба да ги

искористиме. Честите изјави на албанскиот премиер Еди Рама, со коишто вулгарно се меша во нашите внатрешни работи, користејќи безобѕирни лаги, се директни потврди дека платформата е – тиранска и дека, со неа, се реализира големоалбанскиот проект. Воопшто не се во прашање никакви човекови права, туку се работи за целосно уставно преуредување на Македонија. Ако дозволиме да продолжат овие крајно неповолни тенденции во развојот на македонското општество, самите ќе бидеме виновни за губењето на сопствената држава. По кој знае кој пат – сме ние на потег.

# ДРЖАВИ И ОФИЦИЈАЛНИ ЈАЗИЦИ

*(„Во Европа не постои унитарна држава со два официјални јазика на целата територија“, „Дневник“, 17 февруари 2017)*

Бранко Ѓорѓевски даде одлична анализа на официјалните јазици во европските држави, што јасно ја покажа апсурдноста на уцената и ултиматумот на македонските Албанци, коишто се целосно противуставни. Заклучокот е јасен – унитарните држави не се двојазични! Овде би се задржале малку подетално на деветте повеќејазични држави, плус на Косово.

Дел од овие држави се (кон)федерации, и во нив е нормално да има повеќе јазици. Такви се Белгија, Босна и Херцеговина и Швајцарија, додека Луксембург е Војводство.

Последните три се и кантонални. Во Белгија, трите официјални јазици создаваат перманентни проблеми меѓу двете национални групи, Фламанците и Валонците. Тие се постојано конфронтирани и заради тоа распадот на Белгија е честа тема. Не случајно, нашите Албанците редовно ја спомнуваат Белгија како пример како да се уредува Македонија. Таа е, нели, федерација и често е пред распад. Зарем е потребна подобра асоцијација – зошто нашиве Албанци инсистираат на примерот на Белгија? Распад, што друго и, ете ти Голема Албанија!

Белгија е, сепак, сосема различна од Македонија. Таму, Фламанците, Валонците и Германците се делови од други народи и сите имаат своја матична држава. Значи, ако се распадне Белгија, сите нејзини народи ќе се приклучат кон матичните држави. Не дај Боже, тоа ќе биде случај со Албанците и кај нас, ама што ќе прават Македонците? Ова е нивна единствена држава. Точно затоа е и измислена бугаризацијата на Македонците – за да има кај да се спастрат! Истата позадина е и кога Албанците се залагаат да ја следиме Швајцарија бидејќи таа е конфедерација, со кантони. Швајцарија постои од 1291 година кога три кантони се соединиле во одбранбена лига. Другите се приклучувале постепено, и денес ги има 26. Официјални јазици се германскиот, францускиот, италијанскиот и (рето)романскиот, којшто нема врска со Романија туку е некакво наследство. Трите други јазици се од соседните

земји, за делови од нивните народи. Кога зборуваме за Швајцарија, да не заборaваме дека таму од 2009 година е забранета изградба на џамии и минар иња.
За таа цел се одржа – референдум. Луксембург е составен од 12 кантони и има три официјални јазици – луксембуршки, германски и француски Факт е дека во Финска и покрај фактот што шведското малцинство е мало, само 6 проценти, јазикот им е официјален. Тоа е на некој начин само формално бидејќи – РАБОТЕН јазик во државата, официјално и задолжително за сите, е – финскиот! Во најмала рака, такво мораше да биде решението и во законот за албанскиот јазик. Мораше да се нагласи дека македонскиот е работен јазик на целата територија на државата. За Финска, пак, мора да се знае фактот дека со векови, сè до крајот на XIX, таа била шведска колонија, со шведскиот како официјален јазик. Долго, сè до 1930-тите, траела борбата за користење на финскиот а и денес има дебати околу улогата на шведскиот, кој е всушност некаков дијалект, мешавина, и се нарекува финско-шведски. Од 336 општини во земјата, двојазични се само 49.
Ирска е посебен случај. Таа беше преку 700 години под британска окупација и еден нејзин дел, Северна Ирска, сè уште е дел од Обединетото Кралство. Сите тие години ирскиот јазик бил забранет и денес малкумина го говорат.
Тоа е веќе национален проблем. Заради својата индиферентност, бидејќи со англискиот јазик цел свет е нивен, Ирците се шегуваат на своја сметка – ако сакаме масовно да се учи ирскиот, ќе мора да го забраниме! Се преземаат масовни мерки за учење на ирскиот јазик, ама резултатите не се сјајни. Избраните претседатели на државата мора даго полагаат ирскиот јазик пред преземањето на должноста, како доказ дека се квалификувани!
Во Северна Ирска, пак, долго време се водеше војна за отцепување од Обединетото Кралство (Шин Фејн) и обединување со Ирска, сè додека не се потпиша договор, под американско менторство. Според истиот, Ирците ќе се обединат, само е прашање – кога? Католиците, коишто се за обединување со Ирска, се малку под 50 проценти од населението, и се чека само тие да бидат во мнозинсто. Во референдум тогаш ќе ги надгласаат унионистите,

коишто се главно протестанти и сакаат да останат во Обединетото Кралство.
Во Белорусија дури 72 проценти дома зборуваат руски, додека 11% белоруски јазик. Само 29,4 проценти пишуваат, зборуваат и читаат на белоруски. Затоа и рускиот јазик е официјален.
Сѐ до одвојувањето од СР Југославија во 2006, официјален јазик во Црна Гора, беше – српскиот. Со новиот устав, се инаугурираше црногорскиот јазик и во тек е негова стандардизација. Меѓутоа, и српскиот јазик остана официјален.
На Косово, официјален јазик е и српскиот како резултат на нелегалното отцепување на новата балканска држава. Тоа е некаква „утешна награда“ за Србите, за да го проголтаат полесно поразот. Со текот на времето, Албанците секако ќе им ја укинат таа привилегија. Папската држава Ватикан, пак, каде живеат 812 жители, ако некој не умрел во меѓувреме, нема официјален јазик. Најмногу се користи италијанскиот, ама и многу други, според религиозните потреби.
Сите други европски држави, вкупно 37, на целата своја територија користат само еден официјален јазик. Македонија не смее да биде исклучок.
За крај, кога тема се јазиците, да спомнеме и дека во САД живеат преку 60 милиони чии мајчин јазик е – шпанскиот. Тие се преку 19 проценти од вкупното население. Факт е, меѓутоа, дека шпанскиот јазик нема никаков официјалентретман во САД, а нема ниту еден државен универзитет на овој јазик!

# Фотографии



*По предавањето на акредитивите на британската кралица, Елизабета II, во Бакингемската палата, здравица од маршалот на Дворот, во 1994 година*




*Посвета од британската кралица, Елизабета II и принц Филип, при прошталната посета на Бакингемската палата на крајот од мандатот, во Лондон, во 1997 година*



INDEPENDENT

# London

Tuesday
24 May
1994

FREE TICKETS

INDEPENDENCE

Discounts for Independent readers
See page 12 for details

PHOTOGRAPH: DAVID MODELL

## MR NIKOVSKI'S BIG DAY

How green is your borough?
A city-wide survey page 5

Them hopeless 2.30am underground blues page 7

FULL ARTS AND ENTERTAINMENTS LISTINGS START ON PAGE 8

*По повод поредавањето на акредитивите во Бакингемската палата, неделниот магазин на еден од највлијателните британски весници, „Индепендент“, објави репортажа на четири страници, со повеќе слики, од кои една и на насловната страница, во 1994 година*



Горе: Предавање на акредитивите на претседателката на Ирска, Мери Робинсон, во Даблин, во 1994 година

Доле: Воени почести во Даблин, при предавањето на акредитивните писма






*Со претседателката на Исланд, Вигдис Финнбогадоттир, по предавањето на акредитивните писма, во 1994 година*



*Во 1977 година, во Пекинг, со Тито и Тенг Шиаопинг, човекот којшто ја префрли Кина од XIX во XXII век,како најголемо светско чудо на сите времиња*




*Посвета од Тито, во Пекинг, во 1977 година*



*Горе: Во Хавана, Куба, на средба на претседателот Тито, со сирискиот претседател Хафез Ел Асад, во 1979 година*
*Доле: Југословенската делегација, којашто учествуваше на VI самит на Неврзаните земји во Хавана, Куба, заедно со Тито, на крај од самитот, во 1979 година*





*Со претседателот на Русија, Владимир Путин, во Кремљ, по предавањето на акредитивните писма, во 2004 година*



*Во Охрид, во 2003 година, како домаќин на бугарскиот премиер, поранешниот цар Симеон II Сакскобурготски, на патување низ Македонија*




*Обединетата македонска организација од Канада, на авторот му ја додели наградата „Методија Андонов - Ченто“, во 2015 година*




*Книгата „Улогата на САД во македонските голготи (1991 - 2013)“ објавена е во Русија, во издание на Одделот за славистика, на Руската академија на науките, во 2017 година, под наслов „САД и независна Македонија (1991 - 2013)“*


ЛЮБОВЬЮ И ЕДИНЕНИЕМ СПАСЕМСЯ

VIII МЕЖДУНАРОДНЫЙ СЛАВЯНСКИЙ
ЛИТЕРАТУРНЫЙ ФОРУМ

ЗОЛОТОЙ ВИТЯЗЬ

ИРКУТСК, 2017

**«БРОНЗОВЫЙ ВИТЯЗЬ»**

НАГРАЖДАЕТСЯ

**Ристо Никовский**

(СКОПЬЕ, МАКЕДОНИЯ)

**за книгу «США и независимая Македония (1991–2013)»**

Президент МСЛФ «Золотой Витязь»
Народный артист России **Н.П.БУРЛЯЕВ**

*Во Иркутск, во 2017 година, на рускиот „Меѓународен славјански литературен форум“, авторот беше награден за книгата „САД и независна Македонија (1991 - 2013)“*

*Президент Републики*

*Македонии*

*Бранко Црвенковский*

*Его Превосходительству*

*Господину Владимиру Владимировичу Путину*

*Президенту Российской Федерации*

*Ваше Превосходительство,*

*Желая развивать и укреплять дружественные отношения между нашими странами, я принял решение аккредитовать господина Ристо Никовского в качестве Черезвычайного и Полномочного Посла Республики Македония в Российской Федерации с резиденцией в Москве.*

*Ваше Превосходительство, подтверждая искренние пожелания счастья и благополучия Вам и народу Российской Федерации, которые я передаю через него от имени Республики Македонии и от моего имени, любезно Вас прошу оказать господину Ристо Никовскому полное доверие при сотрудничестве с Вами.*

*Скопье, 10 сентября 2004 года*

*Президент Республики Македония*

*Бранко Црвенковский*

*Министр иностранных дел*

*д-р Илинка Митрева*

*Акредитивното писмо, за акредитација во Русија, во 2004 година*

CONSULAT GENERAL DE GRECE

SKOPLJE

No.F.800/21/AS 1802

NOTE VERBALE

Le Consulat Général de Grèce á Skopje présente ses compliments au Comité sur les Relations avec l'Etranger de la République Socialiste de Macédoine et a l'honneur de porter á sa connaisance ce qui suit:

Au cours de l' été dernier ont été endommagées les voitures suivantes, appartemant aux membres du personnel de ce Consulat Général dont les nommes suivent:

1. Konstantinos Assimakopoulos voiture immatriculée 47.M.001
2. Emmanouil Malelis 47.M.007
3. Theodoros Pavlides 47.A.003

Le 6 Décembre 1990 des inconnus ont brisé la vitre arriére de la voiture immatriculée XP 6120 appartenant á M.Vassilios Varnis, lui aussi membre du personnel du Consulat Général.

Il est á noter que tant la voiture de Monsieurs Malelis, sur laquelle avait été inscrit en filigrane le mot "V.M.R.O.", ainsi que celles de Monsieurs Varnis et Assimakopoulos n'ont pas été cambriolées. Par contre la voiture de Monsieur Pavlides avait subi un cambriolage.

Il s'agit sans doute de signes de vandalisme et par consequent une meilleure surveillance de voitures des fonctionnaires est indispensable.

Le Consulat Général de Grèce á Skopje saisit cette occasion pour renouveler au Comité l'assurance de sa haute considération.

Skopje, 10 Decembre 1990

Au Comité sur les Relations
avec l'Etranger de la République
Socialiste de Macédoine

REPUBLIQUE HELLENIQUE CONSULAT GENERAL DE GRECE SKOPLJE

*Нота на Генералниот конзулат на Грција, во Скопје, упатена до Секретаријатот за односи со странство (МНР) на Владата на Македонија, во која се користи нашето уставно и историско име, во 1990 година*

# АХМЕТИ Ѝ ОДГОВОРИ НА ШЕКЕРИНСКА – МАКЕДОНЦИТЕ ЌЕ СТАНАТ МАЛЦИНСТВО

*(Ноември, 2016)*

Деновиве, лидерот на ДУИ, Али Ахмети, отворено ни порача – „Македонците ќе станат малцинство. Уверен сум дека тоа време ќе дојде“ („Или целосна еднаквост, или нема влада“, „Дневник“, 1 ноември 2016). Оваа оценка на Ахмети воопшто не е случајна. Напротив. Експлицитно, таа ни открива дека е тоа прикриена политика зад која стојат и лидерот и ДУИ. И не само тие. Како, инаку, Ахмети би можел да биде толку сигурен дека тоа ќе се случи? Впрочем, како цел, тоа е разработено во „Платформата за решавање на албанското национално прашање“, објавена во Тирана, во 1998 година.

Оваа национал–шовинистичка и фашизоидна закана на Ахмети, филувана и со пет „заклетви“, речиси сите надвор од уставниот поредок, е секако одговор на прашањето кое Радмила Шеќеринска, како лидер на СДСМ, го упати уште во 2008 година. Еве ги деталите.

Тогаш, на предлог на Владата, Собранието донесе закон со кој се стимулираше наталитетот во општините во коишто беше низок. Тоа беше маестрален потег на власта за надминување на крајно негативните демографски тенденции, без да се навлегува во секогаш кревките меѓуетнички односи.

Општо е познат високиот наталитет во албанските средини, карактеристичен за Македонија и Косово којшто е, всушност, строго контролиран, организирано стимулиран, и воопшто не е случаен. Така беше заради албанизирање и на Косово, и на Македонија.

Ристо Никовски – МАКЕДОНСК А ДИПЛОМАТСК А РАПСО ДИЈА Спомнатата „Платформа...“, на барање на претседателот Р. Мејдани, ја донесе Албанската академија на науките, во октомври 1998 година. За Македонија беше развиена стратегија дека со нивниот висок наталитет, Албанците ќе успеат да станат мноизинство во земјата, и така ќе ја преземат контролата. Да

потсетиме и дека, токму врз истата платформа, следуваше војната на Косово во 1999-та, а потоа и побуната на Албанците во Прешевската Долина, во Јужна Србија во 2000-та, за да заврши сѐ со агресијата од Косово врз Македонија (2001).
Ова се непобитни докази дека албанската мајоризација во Македонија е долгорочен план. Наталитетот го стимулираа џамиите. Уште во времето на Југославија, во празничен весник на „Нова Македонија“, по повод еден Први мај, имаше детална фактографска анализа како штотуку венчаните Албанци не ги пуштаа(т) во џамиите во Македонија сѐ додека не го добијат петтото дете! За тоа беа потребни само – четири години!
Ваква пракса, на пример, немаше во Албанија бидејќи наталитетот таму е на европско ниво. Таму немаше ниту потреба од демографска експлозија бидејќи Албанците се неспорно мнозинство. Тоа е голем доказ дека високиот наталитет и кај нас, ама и на Косово, не е резултат (само) на сиромаштијата туку има политичка конотација. Кај нас, пак, проблемот е во општините каде живеат Македонците, кои раѓаат малку деца и целта на законот беше тие да се стимулираат. Токму од тие причини, законот требаше даспречи одредени крајно негативни демографски тенденции во државата со несогледиви последици.
Со оглед дека демографската политика е една од важните задачи на секоја влада, кај нас – нагласена, заради процесите кои се во тек, овој закон мораше да наиде на целосна поддршка кај Македонците. Албанците, пак, не можеа да го оспорат бидејќи беше поставен на принципиелна основа која не трпи приговори.
И, по обичај, во клучните моменти, до израз доаѓа нашиот синдром на самоуништување. Шекеринска, тогашен лидер на СДСМ, на конференција организирана и од фондацијата „Фридрих Еберт“, го критикувала законот – „Според мене, ова е проект за создавање сиромаштија. Во Македонија, деца треба да се раѓаат насекаде“, за да праша – „Што ќе помислат Албанците и другите етнички заедници за оваа програма, дека се работи за обид да се спречат демографските промени на Македонија“? Ова е објавено во „Нова Македонија“, на 18/9/2008, под наслов – „Како ќе ја сфатат Албанците програмата за повисок наталитет?“

На Шекеринска ѝ биле јасни демографските промени во Македонија, коишто таа ги подржувала!? Значи, воопшто не морала да чека Ахмети, години подоцна, да ѝ објасни дека „Македонците ќе станат малцинство“ во сопствената земја. Арно ама, неа уште појасно ѝ било дека премиерка не може да стане, а сигурно многу се надевала, ако на тоа се спротивставаат – Албанците. Без нивна поддршка, немала такви шанси. Непризнавањето на претседателот Иванов, од страна на Албанците, е конкретна потврда за тоа. А, како изгледа, премиерството ѝ било многу поважно и помило на Шекеринска, отколку неприфатливото демографско уништување на земјата. Албанците имаат наметнато пракса – кој било Македо нец, ако бил против нивни клучни барања, нема да дозволаттој да добие висока функција! Така, сите македончиња зависат од нив. Постојано им се додворуваат и се прават „глобалисти“, најчесто на сметка на виталните македонски интереси. Ова со Шекеринска е само еден од милионот примери. Така, Шекеринска, којашто е сега втор човек на опозицијата, ама е најверојатно и нивни spiritus movens (носечка сила) и којашто ќе нѐ внесуваше во НАТО за шест месеци, има лични заслуги и за демографското уништување на македонскиот карактер на оваа држава. Затоа, денес, воопшто не треба да нѐ изненадува што нејзината партија се залага за двојазичност, како клучен чекор кон федерализиција. Во основата, тоа е истата политика од 2008, само сега надградена и во повисока фаза на разнебитување на Македонците. Очигледно, од СДСМ сметаат дека на власт можат да дојдат само преку распродажба на македонскиот карактер на државата.
По обичај, бељата не оди сама. Така беше и во 2008та. По изјавата на Шекеринска, следниот потег го повлече Уставниот суд којшто – го укина законот! Објаснувањето беше – смешно, како да доаѓа од детски јасли, а не од врвна институција: се уривала некаква еднаквост?! Коментарите во чаршијата беа дека во Уставниот седат лица именувани и/ или блиски до СДСМ и дека го урнисаа законот под директно влијание на партијата! Страшно!

Објаснувањето за „нарушената еднаквост“ е чиста глупост бидејќи законот беше генијално смислен – важи за општини со низок наталитет! Ккритериумот е неспорен.
Владата е должна да ги решава сите проблеми каде и да се појават, и тука нема никаква – „нарушена еднаквост“! По истата логика Уставниот може да поништи можеби и преку 60 проценти од сите одлуки на Владата, закони на Собранието...
Еве зошто. На ист начин – а) се дели и социјалната помош (ја добиваат лица со помали приходи од одреден износ, со што – тие што се и малку над, ги прави нерамноправни); б) се делат бројни стимулации (... ако се располага со земјиште од над три хектари, ако се насадите постари од три години...
Така, сите други се „дискриминирани“); в) сите тендери се распишуваат со одреден услов (да бил остварен приход од 10 милиони евра во последните три години... и сите кои не го исполнуваат условот – не се еднакви!).
Во секој случај, конкретниов потег на Уставниот суд е срамен и е на долгорочна штета на државата и народот. Ако е тој резултат на политичко влијание, што веројатно и е – резилот е најголем.
Со својата изјава, пак, Ахмети само потврди дека високиот наталитет на Албанците во Македонија не е ниту случаен, ниту стихиен, и дека и тој стои зад тоа. „Платформата...“, којашто беше јасна големоалбанска стратегија, Албанската академија на науките ја изработи во соработка и – „со (албански) експерти од Македонија, Косово...“. Во истата беше прецизно елаборирано дека Македонија ќе се „освојува“ демографски, преку високиот наталитет. Таквата стратегија не беше измислена во 1998, таа беше само официјално верификувана и промовирана, а праксата веќе одамна фунционираше. Али Ахмети, којшто се „симна од планините“ во 2001-та, нема никакви заслуги за тоа.
Внимание заслужува фактот што во Тирана, во лични разговори со американскиот амбасадор Лимпрехт, тој отворено ја поддржуваше „Платформата за решавање на албанското национално прашање...“. Тоа покажува дека таа не беше автохтона туку дека зад неа стоеја и американските регионални интереси. Негово објаснување беше –

Платформата не заговара никакво насилство!? Албанците не се забегани да се повикуваат на насилство!? Сепак...
Настаните кои следуваа (војната на Косово во 1999, бомбардирањето на Белград, 2001-та кај нас...) потврдија дека насилството следуваше бидејќи беше неизбежно за реализација на зацртаните цели, и тоа со американско учество. Во прашање беше „научно“ разработен план за остварување на големоалбанскиот проект. Ќарот на Албанците е историски, и е резултат на истоветните интереси со САД!
Со независноста на Косово, Голема Албанија е веќе преку 70 проценти – реализирана.
Шекеринска се начека на одговорот бидејќи и на Албанците, и на нивниот стратегиски партнер (САД), им требаше време за да ги отворат картите. Сегашнава криза, со прислушкувањата, Вашингтон не ја креираше тукутака.
Нејзина основна цел е земјата да се присили дефинитивно да капитулира, за да се прекрсти полесно. Шекеринска инејзините од СДСМ имаат нагласена улога во бришењето на Македонците. Таа и нејзиниот шеф, имаат клучна заслуга за дестабилизацијата на Македонија, чии темели се тресат цели две години. Практично, по изборите во 2014 година.

Без оглед каква е власта, начинот на кој сакаат да ја рушат е неприфатлив и крајно опасен за опстанокот на македонскиот народ. Нелегалните прислушкувани материјали можеби се и целосно снимани кај нас, ама „проектот“, кој траеше повеќе години, сигурно не го финансирал Верушевски. А Заев, кога вели – „сега му е мајката“, можеби ја открива вистината! Како изгледа, така мисли и Вашингтон кој интензивно 25 години веќе работи на затворањето на „Македонското прашање“, ама без целосен успех.
Истите зборови – „кога, ако не сега“ (да се докусури Македонецот), неодамна ги употреби и американскиот амбасадор во Скопје. Значи, не треба да биде спорно кој го инстурирал Заев така да каже! Во политиката нема случајности.
Од друга страна, не треба да има никакви дилеми дека, исто како и во војната од 2001-та, и сега, генерално, зад пораките на ДУИ

стојат – САД. Ако не беше така, амбасадорот Бејли ќе мораше да се огласи за неприфатливите „визии“ на Ахмети содржани и во „заклетвите“. Ако може Бејли секој ден да ни порачува дека СЈО мора да работи заради борба против криминалот, зошто сега молчи? Поголемо кривично дело од повикот за рушење на уставниот поредок на земјата – нема. Тоа значи дека САД се согласни со барањата на ДУИ, Беса... за ново редефинирање, поточно – растурање на Македонија. За да се надополни, де, тоа што беше пропуштено во 2001та, а тоа е целосно бришење на Македонците. Не за друго.
Сега Шекеринска сигурно не се прашува – а, што ќе речат Македонците ако земјава стане двојазична? Прашањето не би било логично бидејќи нејзината партија тоа јавно го бара – да стане двојазична. Проблем е само што нивните замисли се дијаметрално спротивни на аспирациите на големото мнозинство Македонци, како и на меѓународната пракса. Изборите во декември (2016) мораат да го верификуваат тој факт. Инаку... ќе се види дека не заслужуваме сопствена држава. Историјата, секогаш го дава конечниот суд. Како и обично, тоа кај нас се случува со задоцнување, ама ќе дојде.
Спремноста на Шекеринска и на нејзините истомисленици, безусловно да ги следат американските интереси, кои се катастрофални за Македонија и Македонците, порано или подоцна, ќе ја добијат заслужената осуда. Ова никако не ја релативизира недоветноста на власта која, пак, постојано ја повторува бесмислицата дека САД се наш „стратегиски партнер“.

# ДИПЛОМАТСКИ МИРУДИИ

# КАКО ФУНКЦИОНИРА СВЕТОТ – ДРЖАВНИОТ УДАР НА ЦИА ВО УКРАИНА

*(Август, 2017)*

Коренот и основата на американските политики во однос на Русија, зацртани се од Збигњев Бжежински, еден од главните идеолози на нивната надворешна политика. Тие се дефинирани многу пред распадот на СССР и Југославија, поточно кон крајот на 1970-тите години, кога тој беше советник за национална безбедност на претседателот Џими Картер (1977 – 1981). Тогаш, тој ја креираше американската антисоветската и антируска политика, којашто трае и до денес. Иако, во последно време, тој не е многу истопорен во јавноста, треба да се знае дека во двете изборни кампањи на Барак Обама (2008 и 2012), Бжежински беше негов главен дипломатски советник. Тоа кажува сѐ.

Под негова директна контрола биле формулирани главните дипломатски исчекори на сегашната администрација на САД, која е на власт од 2009-тата. Впрочем, и пред Обама се водеше истата политика. Меѓутоа, неговиот период е исклучително значаен заради класичниот државен удар во Киев во 2014 година, организиран од ЦИА. Со тоа е отворена нова страница на обидите целосно да се изолира и контролира Русија, и да се држи надвор од светските движења.

Според весникот Волстрит џурнал – во 2022 година, пет дена пред рускиот напад на Украина, канцеларот Шолц го убедувал Зеленски за неутралност, која би ја потпишале Џо Бајден и Путин. Одбил – народот сакал во НАТО! Сепак, иако тој не кажал, диктатот не бил од народот, туку од – САД.

„Нова Македонија“ од 1/12/2025, пак, пренесува текст од странски автор дека, според податоци на ОБСЕ, украинската армија само во јануари 2022 година повеќе од три илјади (3.000) пати го гранатирала Домбас! А, според Минските договори, тоа беше период на примирје! Намерно и плански, Украина ги игнорираше договорите Минск 1 и 2. Набргу започна војната.

Украина претставува целосен пресврт во однос на американските геополитики во Европа, и рушење на сите надежи дека, по распадот на СССР и крајот на студената војна, влегуваме во период на стабилна соработка и забрзан развој. Ако ги погледнеме основните ставови на Бжежински, кристално јасно изложени во неговата култна книга – „Големата шаховска табла“, речиси сите американски акции на надворешнополитички план се наметнуваат како логични и неизбежни. Со политиката усмерена против Русија, САД јасно покажуваат дека не сакаат стабилна и просперитетна Европа. Без соработка со Москва, таква Европа е незамислива. Од тој сегмент произлегуваат клучни прашања и за нас – каков Балкан сакаат САД? Дали преку Балканот сакаат да ја контролираат Европа? Дали очекуваат емигранти да ја неутрализираат Европа?
Честа оцена е дека судбината на светот ја програмираат Групата Билдерберг, Трилатералната комисија и американскиот Совет за надворешна политика. Дека своја улога имаат и Ранд корпорацијата и уште неколку слични институции, ама првите три се сметаат за главни и доминантни. Тоа и не мора да биде точно, ама е фасцинантен начинот на кој тие функционираат. Иако може да звучи контраверзно, во основата, нивното дејствување е максимално – демократско! Тие никому ништо не наметнуваат. Тоа е најсофистицирано заемно и меѓусебно миење на мозоци, во правец на реализација на заедничките интереси. Во меѓусебните максимално отворени размени на мислења, особено во рамките на Билдерберг, тие кристализираат модели, начини, ама и политики – како да ги реализираат своите најтесни интереси. Кога ќе се вратат на своите работни места, тие тоа и го прават. А тоа се врвните луѓе од политиката, од институтите, од тинк-тенковите, од најголемите корпорации, од медиумите... Поточно, од сите движечки елементи на западните општества...
Единствена забелешка којашто може да им се стави е дека водат сметка само за сопствените интереси, и тоа преку краткорочни цели, без да се оптоваруваат со далекусежни решенија. И, уште поважно, дека ги занемаруваат потребите, аспирациите и перспективите на останатите 90 проценти од светот. Го игнорираат фактот дека неправдите во светот се зголемуваат. Се

продлабочуваат разликите меѓу богатите и сиромасите, што не може да води кон добро, бидејќи тоа не може да трае вечно.

# ДОСТРЕЛИ НА СИНГАПУР, ИНДОНЕЗИЈА... И НАШИ МИЗЕРИИ

Сингапур, по многу што е – светско чудо. Основната заслуга за тоа ја има поранешниот премиер и креатор Ли Кван-Ју. Ли имаше јасна визија што сака да направи и тоа го правеше со голема посветеност. Така, Сингапур постигна невиден економски бум. Тоа може да се илустрира со следните податоци (за 2000): Сингапур имаше 4,45 милиони жители; БДП од 108,9, увоз од 127,0 и извоз од 137,0 – милијарди долари! Или, БДП по жител – 24.500 $. Истата година, за споредба, ЕУ имаше нешто помалку од 17 илјади долари по жител.

Еден пример, можеби маргинален, ќе ни покаже мошне пластично како тој и неговата влада ги решаваа проблемите. Ова го знам изворно бидејќи од 1986 до 1988 работев во југословенската Амбасада во Џакарта, од каде бевме и акредитирани во Сингапур, а од 1988 до 1990, бев во Куала Лумпур, Малезија, и од двете дестинации редовно патував во Сингапур, особено од Џакарта, по службена должност. Во тие години, бензинот во Малезија беше (доста) поевтин отколку во Сингапур. Поевтини беа и други производи, вклучувајќи ги и ресторанитe. Затоа, сингапурците одеа во Малезија, за да си наполнат бензин, да вечераат...

Тоа беше можно бидејќи Сингапур, кој е всушност остров, е поврзан со Малезија со насип каков што има меѓу Свети Стефан и копното во Црна Гора. Бензинот е акцизна стока. Неговата цена на чинење изнесува многу малку (20тина проценти?) од продажната цена, во која доминираат даноци, кои го полнат буџетот на секоја држава. Затоа, сингапурската Влада, иако се работи за една од најбогатите држави на светот, беше загрижена за одливот на буџетските приходи и бараше решение.

Владата е, нели, таа која ги решава проблемите, а Ли беше ефикасен. Така, набргу откако беше констатирана новата „навика“ на сингапурците, Владата донесе одлука дека во Малезија не може да се патува доколку резервоарот за гориво на автомобилите не е најмалку – до половина полн! Дека Владата не се шегуваше, можеше да се види и на патот што водеше кон Малезија, на кој беа

ставени сообраќајни знаци со резервоар за гориво со стрелката која покажува дека е полуполн! Се разбира, тоа се контролираше и на самата граница!
И, проблемот беше решен! Голем број патувања кои беа иницирани од желбата да се наполни поефтин бензин, се прекинаа. Државата го одбрани својот интерес. На Мелзија не ѝ беше мила мерката која ја презеде Сингапур, и тоа беше остро критикувано во јавните медиуми. Меѓутоа, немаше место за лутење од страна на Владата, ниту за контраакција. Мораше да се почитува дека Сингапур ги штитеше своите интереси.
Уште нешто интересно. Во Сингапур беше воспоставен единствен систем на казни, во којшто беа вклучени сите прекршоци. Сите жители беа регистрирани на еден список, и првата казна за што било – фрлање ѓубре на улица, пребрзо возење, погрешно паркирање... беше 50 сингапурски долари, втората 100, третата 200, четвртата 500, и секоја наредна – 1.000 долари. Кој сака, нека повели. Во јануари 1986, во Сингапур, со сопругата и двете деца, со комби се возевме кон аеродромот, на пат за Џакарта, каде бев упатен на работа во југословенската Амбасада. Сета техника ја купивме тука, како поевтина. Не беше ударно време и автопатот беше речиси празен. Таксистот возеше со дозволените 60 км/ч. Не брзавме, ама сепак го прашав зошто не вози побргу? Ми рече дека на кровот од комбито има црвено светло, и ако вози побргу од 60 км, тоа почнува да свети! Било кој да го пријави дека светлото му горело, му следува казна, во зависност од тоа до каде стигнал. Ако веќе има четири, ќе плати 1.000 долари! Целта со казните – беше постигната!
Целиот овој увод е со цел да видиме каде сме ние. Како реагираме и како ги решаваме проблемите. Генерално, кај нас е сѐ спротивно, и од Сингапур, ама и од нормалното. Ние ги знаеме или ги имаме сите дијагнози за лошите работи, ама терапија не преземаме. Или ако нешто направиме, тоа е по месец, два, шест... Обично – предоцна.
Во времето кога Љубчо Георгиевски беше премиер, во Македонија беше хаос со увезените користени автомобили од Бугарија, коишто кај нас се возеа со бугарски регистерски таблици. Се зборуваше

дека на тој начин се увезени преку 40 илјади автомобили. Тешко дека некој може да пресмета, ама нема сомнежи дека на тој начин, крајно непотребно, кај нашите „неродени браќа“, Македонија потроши стотици милиони евра за половни автомобили! И, долго време никој ништо не преземаше. Сите знаеја, се критикуваше случајот по медиумите и – никому ништо. Сè во корист на сопствената штета. Отворено останува прашањето – дали сето тоа, сепак, беше случајно?

Втор случај. Чинам дека во 1994 година, во Вашингтон е купена зградата на поранешниот француски конзулат, за околу милион долари. Зградата била доста оштетена и барала (поголема) реконструкција. Ја купивме и ја оставивме. Поминаа десетина година и зградата, уште повеќе оштетена од времето, ја поправивме за огромни пари.

Во меѓувреме, се побунија комшиите на објектот бидејќи им ја изрезиливме околината. Се огласи и Државниот секретаријат за надворешни работи на САД, со опомена дека објектот, кој е заштитен со закон, сме должни да го поправиме... Сме им урнисале и дел од историјата и дел од главниот град! Тоа значи дека нашата аљкавост и некадарност доби и меѓународна политичка димензија! Сосема сигурно, тоа не ни го крена рејтингот кај најголемата светска сила! Сепак, некој може да биде дури и горд – станавме американски проблем! Сето тоа има и друга, можеби уште пожалосна страна.

Откако ја купивме зградата, во која треба да бидат сместени амбасадата и уште два до три стана, ние продолживме да си плаќаме (високи) кирии за објектите коишто ги користевме. Според некои информации, за овој период од 10-тина години, платени се преку два милиони долари за кирии а зградата – пропаѓаше. Колку ќе заштедевме, ако на време ја поправевме зградата, не е тешко да се пресмета. Виновни за тоа – нема. И, никому ништо. Очигледен недомаќинлак, очигледна неодговорност. Највидлива – неспособноста на надлежните.

Проблемот, меѓутоа, има и друга страна, што воопшто не ја намалува претходната неодговорност. Грешката е во тоа што некој намислил и купил велелепна зграда за нашата Амбасада во

Вашингтон! На сиромашна земја со огромен број невработени, како нашава, на земја која сите овие кризни години преживува благодарејќи на странска помош, не и треба такво нешто во Вашингтон. Решението за амбасадата мора да биде многу поскромно и пофункционално. Според нашиот губер. Чинам дека токму тука лежи зајакот.
Не треба воопшто да се заборави дека одржувањето на еден таков објект, во една скапа земја каква што се САД, значи високи редовни годишни трошоци. Од каде? Од која сиромаштија? Кај Амерdown, пак, од кои постојано бараме помош, се покажуваме и како нереални мегаломани. Решенијата за сите наши амбасади во светот треба да бидат соодветни на нашите можности. Тоа што еден наш доскорешен амбасадор, токму во САД (ООН), живееше во стан/резиденција за која плаќавме 11.200 долари месечна кирија зборува само за нашата недоветност. Не само на амбасадорот, кој со тоа ја легитимитрал својата лекомисленост, да не речеме забеганост, туку и на другите во земјата, коишто со ист таков акал му дале согласност да го изнајми станот. Одговорноста на тој што ја дал согласноста, а тоа е министерот, е дури поголема од таа на амбасадорот кој, веројано, се загубил во гламурот на големата престолнина или пак бил навикнат да живее во луксуз, на сметка на народот, од претходната дипломатска мисија, за што има индикации.
Истиот амбасадор можел да живее малку подалеку од центарот на градот и да плаќа и три пати помала крија. Да го направел тоа, сите нормални луѓе, вклучувајќи ги и неговите колеги, повеќе би го ценеле и него и неговата – наша држава.
Врз основа на подолго дипломатско искуство, може да се сугерира, или предлага, дека секоја поскромна и не многу богата држава, како Македонија, треба да има репрезантив ни згради за своите амбасади само во соседните држави. Итолку. Во големите, развиени и богати земји треба да се има пристојни решенија, ама не со специјални зданија како во Вашингтон. Ако веќе не знаеме како да постапуваме, треба да се интересираме како проблемот го решаваат држави какви што се Шведска, Финска, Данска... Латвија, Естонија... и сѐќе ни биде јасно. Најголем дел од овие

земји, амбасади имаат во колективни згради каде работаа повеќе институции, а не во посебни зданија.

*.*.*

Пред многу години, мошне поучен пример за ефикасно решавање на проблемите имаше и во Индонезија. Џакарта е огромен град, распослан во тропска низија, загаден, а температурите и влагата се неподносливи преку целата година.
Но, како од сè, и од тоа имаше спас: на помалку од саат и половина возење од Џакарта (на 60-тина км), на патот кон внатрешноста на земјата, во правец на Бандунг, познат по конференцијата одржана таму во 1955 година, којашто е на одреден начин претходница на Неврзувањето, кон Џогџакарта и Бали, има прекрасни планини, со идеална клима од 20-тина степени Целзиусови и нормална влажност на воздухот. На Пунчак, на пример, кој е и ботаничка градина, во поширокатa околина има хотели и безброј вили за одмор коишто се издаваат на краток или подолг закуп а сите се на надморска височина од 1.200 до преку 1.500 метри. Затоа, сите коишто можеа, особено странците, за време на викендите бегаа од Џакарта.
Но, не беше сè толку едноставно. На одење, до Богор, гратчето кое се наоѓа во подножјето на планините и до каде водеше автопат, немаше проблеми. Во петок поручек и во саботите претпладне немаше проблеми ни по релативно тесниот пат кој се искачуваше спрема Пунчак и другите места. Проблемите почнуваа во неделите по пладне, кога сите тргнуваа кон Џакарта. Тесниот дел од патот се закрчуваше и блокираше и враќањето дома стануваше траума за сите патници. За 20-тината километри, меѓу Пунчак и Богор, кои обично надолу се минуваа за 15-тина минути, во недела попладне беа потребни три, четири... часа. Од рано попладне во неделите, до доцна во ноќта, беше невозможно да се патува. Патот беше закрчен со автомобили. Во Џакарта живеевме од јануари 1986 до октомври 1988.
Речиси три години. Многу викенди минувавме на Пунчак. Но, враќањето од таму не предомисли и престанавме да одиме. За среќа, набргу се најде решение. Дали тоа им текна на Индонежаните или некој од надвор им го советуваше, и не е

важно. Проблемот – се реши. Во неделите попладне, во времето од 18,00 до 19,00 часот, сообраќајната милиција воспостави специјален режим според кој се возеше едносмерно: само надолу, од Пунчак кон Богор. Со новиот режим, илјадници автомобили, за само десетина минути беа веќе во Богор!
Благодарејќи на ова решение, беше вратен интересот на викендашите за Пунчак кој, заради неделните гужви, беше речиси прекинат. Заклучокот е јасен – кога се сака, сѐ се може. Решение секогаш има, само треба да се бара.

# КИНЕСКА (САМО)ДИСЦИПЛИНА

Службувањето во Кина (од 1972 до 1976) беше корисно од повеќе аспекти. Клучно беше што Амбасадата беше една од најголемите на Југославија. Со десет акредитирани дипломати, таа беше на нивото на Вашингтон, Лондон, Париз, Бон, Њујорк. Во неа имаше врвни дипломати, од светско ниво. Важно беше и што Кина е една од најважните светски држави и таму, во принцип, сите испраќаат искусни дипломати. Тоа значи дека, покрај од своите, можеш да учиш и од странците. Се учи и од Кинезите, коишто зад себе имаат повеќе илјадна цивилизација.
Во тоа време, шеф на американската Канцеларија за врски во Пекинг (1974 – 1976) беше Џорџ Буш постариот кој, по враќањето стана прво директор на ЦИА, а потоа и претседател на САД (1989 – 1993). Двете земји сè уште немаа целосни дипломатски односи, бидејќи место Кина, САД долго го признаваа Тајван. САД ја признаа Кина дури на почетокот на 1972 година, по историската посетата на претседателот Никсон на Пекинг.
Сиот овој вовед е заради приказната на Милер, прв секретар во Амбасадата на Германската Демократска Република, тогашна Источна Германија. Тој беше високо ценет во дипломатскиот кор бидејќи беше истакнат синолог, експерт за Кина. Студирал на познатиот пекиншки универазитет „Пеита“ и веќе втор пат беше на служба во нивната Амбасада. Вкупно, преку 10 години имаше поминато во Кина! Нивната Амбасада беше спроти југословенската и повремено колективно одевме на куглање во Меѓународниот клуб, по што следуваше заедничка вечера. Така се спријателивме со Милер, со кого бевме членови и на Клубот на втори секретари.
Во Клубот членуваа први, втори и трети секретари од 15 земји од сите континенти. Средбите беа секој втор четврток на заеднички ручек, во некој нов, до тогаш не откриен кинески ресторан, а како домаќини се менувавме според пресеансот.
Ова е приказна за пријателот на Милер, Кинез, со кого заедно студирале меѓународни односи а цело време (четири години) биле и цимери во студентскиот дом во Пекинг. Да се поминат четири

години со некого во иста соба навистина не е кус период. Тоа го нагласуваше и самиот Милер. Тие навистина биле многу блиски. После завршувањето на студиите и двајцата станале дипломати. Милер се вработил во источногерманското Министерство за надворешни работи, во Источен Берлин, а неговиот пријател во кинеското, во Пекинг. Кинескиот пријател веќе беше на висока позиција во МНР и тие соработката ја продолжиле само по службена линија. Во тоа време, Кинезите не смееја да се дружат со странци. Тоа беше забрането и стриктно контролирано.
Токму во тој период, додека и јас бев во Пекинг, беше најавен и се очекуваше да се одржи конгрес на Комунистичката партија на Кина (КПК). Конгрес немаше долго време, заради културната револуција која, во периодот од 1966 до 1969 година, ја опустоши земјата. Во основата, тоа беше борба за власт и, на еден или друг начин, сè уште траеше. Сè до 1975/6 година. Последиците беа страшни. Внатрешнополитичката ситуација на Кина остана доста ровита, по многу што неизвесна и затоа новиот конгрес на КПК, во 1975 година, се очекуваше со исклучителен интерес, и од Кинезите, и од странците. Поради недоволно средените состојби во земјата, и бројните проблеми и неизвесности, Кинезите го третираа одржувањето на конгресот како најголема тајна. Тој требаше да покаже колку е земјата стабилизирана по бурните настани кои предолго траеја.
Во околности на општо очекување на конгресот, после некој прием или сличен протоколарен настан, Милер се сретнал со својот долгогодишен кинески пријател на улица, каде можеле слободно да разговараат. Апсолутно немало услови некој да ги прислушкува. Како искусен дипломат, Милер ја искористил ситуацијата и го прашал – јасно е дека наскоро треба да биде конгресот на КПК, кога очекуваш да се одржи? Наскоро или подоцна конгресот секако ќе се одржи, му одговорил пријателот. Милер не се предавал и продолжил: има многу актуелни проблеми во моментов, што мислиш, кои теми ќе доминираат на конгресот? Сите релевантни прашања од интерес на државата ќе бидат разгледани, бил одговорот. Упорен, Милер уште прашувал: дали очекуваш на конгресот да дојде до поголеми кадровски промени во

врвните ешалони на власта? Доколку има потреба од какви било кадровски рокади, тие секако ќе бидат реализирани бил заклучокот! Сепак, Кинезот му рекол – слушај ги вестите на радио, вечер во 20:00 часот!
Дипломатите низ цел свет, по разговори со високи домашни функционери, во најголем број случаи пишуваат шифрирани телеграми до своите МНР, во кои обично даваат драгоцени информации, добиени од прва рака, кои не можат да се сметаат како некаква тајна. Но, што да јави нашиот Источногерманец? Нема ниту збор од којшто може нешто да заклучи, нешто да претпостави околу конгресот на партијата која раководи со земјата и на кој, без сомнение, ќе се дефинираат сите главни правци за понатамошниот развој на кинеското општество.
Разговорот се водел некаде околу 15:00 часот. Вечерта, во вестите на Радио Пекинг, во 20:00 часот, главна вест била дека конгресот се одржал пред три дена! На Кинезот сѐ му било познато, но тој ништо не му кажал на својот пријател Освен да слуша радио! Милер, сепак, меѓу првите ја дознал веста! Другите не слушале радио! Во прашање е невидена самодисциплина, којашто е за врвна почит! А, како се однесуваме ние, заклучете самите. Обично, кажуваме и повеќе отколку што знаеме!

## ЈАПОНСКА ДИПЛОМАТСКА МАНИПУЛАЦИЈА

Во 1987 година, додека работев во Џакарта, Индонезија, ја водев југословенската делегација на Светската конференција за јута, која се оджуваше на Бали. Улогата не ја добив за друго, туку затоа што Југославија не беше заинтересирана за настанот, а јас бев во близина. Јута е тропско растение кое се користи во текстилната индустрија, и од кое се прават простилки, вреќи, јажиња, украсни предмети... Тогаш, најголем светски производител беше Бангладеш, сега се спомнува Индија, што значи истиот регион. Најголем потрошувач, пак, беше Јапонија. Беа присутни доста земји, бидејќи се договараа условите за меѓународната трговија со јута, вклучувајќи ги и цените.
Делегацијата на Јапонија, како главен увозник, се очекуваше да игра главна улога. И, што се случи? Шефот на јапонската делегација – одвај зборуваше англиски!
Првиот впечаток беше збунувачки, ама набргу стана јасно дека тоа не е случајно туку е чиста тактика. Главна тема требаше да биде цената на јутата, и концесии се очекуваа од – Јапонија, којашто не беше спремна да ги менува условите за трговија. Затоа, пратија човек којшто не знаеше англиски и никаков договор не беше возможен! Никој не можеше да се разбере со него! Тој само повторуваше – тоа не доаѓа предвид! Сите други беа беспомошни бидејќи немаше простор за расправа, за размена на аргументи... та ни за кавга!
Конференцијата беше неуспешна за производителите, ама успешна за увозниците, благодарејќи на речиси „немиот“ јапонски претставник. И тоа е дипломатија!

## НЕШТО И ЗА ФИДЕЛ КАСТРО

Кастро е несомнено историска личност. На границата на најмоќната држава на светот, Соединетите Американски Држави, тој воспостави систем којшто Вашингтон не може да го проголта еве повеќе од 65 години. И, ништо не му можеа.
Факт е дека имало бројни обиди за атентат врз него, дека организираа инвазија во Заливот на свињите во 1961 година... Сè, без никаков успех. Кастро се врза со СССР, и така успеа да опстане. На САД им постави и советски ракети на 100-тина километри од нивната граница. Тоа беше неприфатливо за Вашингтон, исто како што е сега неприфатливо за Москва – Украина да влезе во НАТО! Во октомври 1962 година, тоа беше повод за САД да се доведе светот најблиску до нуклеарна војна! Договорот меѓу Никита Хрушчов и Џон Кенеди ја спречи катастрофата.
Иако, во целина, Хрушчов ја постигна целта – доби американски безбедносни гаранции за Куба, и успеа да се повлечат американските ракети „Першинг“, од Турција, коишто беа насочени против СССР, во Москва не му ја простија оваа епизода со САД. Таму се ценело дека повлекувањето на ракетите од Куба е пораз за СССР и затоа во 1964, нешто преку година дена по ракетната криза, Хрушчов беше сменет од сите функции. Ако е тоа точно, а не сум сигурен дека смената на Хрушчов е резултат (само, или главно) на оваа криза, сметам дека морален победник од судирот беше токму – Москва.
Долго после тоа, околу 2020 година, се појавија и информации дека и Кастро бил незадоволен како беше решена оваа криза. Во тоа секако има вистина бидејќи уште од моето време на Куба (1977 – 1981), се знаеше дека целата операција Хрушчов ја завршил директно со Кенеди, без никакви консултации со Кастро. Иако беше во центарот на кризата, Куба била целосно исклучена од преговорите за решение.
Кастро беше главна личност, секаде каде што ќе се појавеше. Сите за него се интересираа. Тој имаше и позитивни потези на Куба, како во образованието, во здравството, во спортот... ама, сè заедно

и по многу нешта, државата ја остави во XIX век. Во тешка сиромаштија. Неспорно е дека беше исклучително харизматичен, интелигентен, комуникативен...
Прав лидер. Беше голем оратор, извонредно информирана личност..., ама финалниот резултат од неговото владеењето со Куба, кое траеше од 1959 до 2008, или цели 49 години – не е позитивно. На 1 јануари 1959 година, со група од 70 – 80 соборци, Кастро успеа да го сруши режимот на диктаторот Батиста.
Тргнаа од југот на земјата кон Хавана, и попат стануваа сѐ побројни, и „четата" востаници успеа да го сруши режимот, иако тој беше силно поддржан од САД. На почетокот, масите широко ги поддржуваа промените коишто ги спроведуваше Кастро. Се почувствува силен ентузијазам кај народот, бидејќи луѓето добија – слобода и рамноправност. На пример, меѓу црнците и белците воопшто немаше расна нетрпеливост. На митинзите, на плоштадот „Хозе Марти" во Хавана, се собираа и по два милиона за да ги слушаат неговите говори. Не можеш толку народ да донесеш со сила. Ќе ти избегаат!
На почетокот, Кастро зборуваше и по шест и по повеќе саати. Имаше невидена дарба за тоа. Знаеше да воспостави контакт со масата и да ја води. Познато е кога на милионскиот народ му рекол – американскиот империјализам – ќе помине! Нема! – одговорила масата. Со уште посилен глас, тој повторил – американскиот империјализам, ќе помине! Неее, ечел плоштадот. Ќе помине, продолжил Кастро – на ѓубриштето на историјата! (Passaran a la basura de la istoria!). Делириум во масата, што друго.
За време на службувањето на Куба (1977 – 1981), Кастро на митинзите зборуваше по околу два часа. Тој никогаш не ги читаше своите говори. Забележавме дека главниот партиски весник – „Гранма" никогаш не го објавуваше неговиот говор во утрешниот весник, туку по еден ден. Заинтересиран дали во меѓувреме вршат корекции на говорите, ги снимав неколку по ред. Откако ќе ги објавеа, ги споредував со снименото и апсолутно ништо не беше променето или дотерано. Ниту една буква. Сѐ беше како што беше кажано!

Кога Кастро воспоставуваше комуникација со публиката, беше најинтересно во говорите. Во моето време, на пример, веќе беше започната енергетската криза, и ќе прашаше – сакате ли да ви зборувам за проблемите во енергетиката?
Сите, во еден глас, одговараа – даааа! Следуваше детална и врвна анализа и на енергетската ситуација на Куба, ама и во светот. Имаше и други такви прашања.

*.*.*

Во мај 1978 година, во Белград требаше да се одржи светско првенство во аматерски бокс. Куба беше велесила во овој спорт, заедно со СССР и САД. Хавана беше нагласено заинтересирана за првенството. За Белград се спремаше голема кубанска делегација, на чело со министериот за внатрешни, којшто беше член на Политбирото, меѓу првите шест, седум личности во земјата.
Амбасадорот организира вечера за официјалниот дел од делегацијата. Доаѓајќи на вечерата, пред резиденцијата видов лице за кое знаев дека е дел од најтесното обезбедување на Кастро. Веднаш му реков на амбасадорот, Вејзагиќ, дека треба да бидеме спремни бидејќи Фидел Кастро сигурно ќе дојде!
Не зборувај глупости, ми врати. Ќе дојде, му нагласив – треба да имаме и со што да го почестиме! Нема врска, упорен беше амбасадорот. Вејзагиќ беше поранешен младински раководител на ниво на Југославија и, чинам, ова му беше втор амбасадорски мандат. Арно ама, за дипломатијата беше целосно бос. И не само за неа. Во југословенската дипломатија немаше многу такви промашувања, ама тој е доказ дека, сепак – ги имаше.
Нешто пред полноќ, дојде Кастро. Амбасадорот се збуни и се растрча. Муабетевме до после 03:00 часот. Фидел зрачеше со релаксираност, комуникацијата беше максимално природна, знаеше да ислуша, а реакциите му беа секогаш врвни. Каква и да беше темата, тој располагаше со најнови и најмеродавни информации. Импресивна личност, во секој поглед.
Ја откри и целта на посетата – беше загрижен судиите да не ги оштетат во Белград! Со оглед дека боксерите од САД им беа меѓу главните противници, се плашеше дека судиите ќе им бидат ним

наклонети. Бараше начин како можеме ние, како домаќини, евентуално да им помогнеме?
Куба одлично помина на првенството. Освоија пет златни и три сребрени медали! Беа далеку најдобри.

*.*.*

Нема дилеми дека Кастро го сметаше Тито како главен конкурент на светската сцена. Длабоко му завидуваше бидејќи знаеше дека е лидер – ценет во целиот свет. Кога беше во посета на Југославија, инсистирал да го види Бриони. Сакал да прави нешто слично на Куба. Ова е обид да дадам лични оценки за сличностите и разликите меѓу нив, иако целосна и длабинска анализа може да направи само некој врвен светски политички аналитичар, којшто добро ги познава биографиите и на двајцата.
И двајцата беа лидери. Тито, неспорно од голем светски формат, со сериозни резултати, а Кастро – светски познат, контроверзен, и со ограничени постигнувања. Позитивна меѓународна улога одигра – во Африка. Според расположливите податоци, и во Ангола и во Етиопија, тој воено се ангажираше на сопствена иницијатива, без директива од Москва. Ако е тоа точно, ги открива неговите амбиции да има и поширока улога на меѓународен план, пред сè за да им биде рамен на Советите, ама секако да му се приближи и на Тито, ако не и да го престигне. Тој имаше среќа што, заради повеќе причини, Куба беше во центарот на американските политички фрустрации, и токму неговото конфронтирање со Вашингтон – го исфрли во фокусот на светската јавност. По промената на диктаторот Батиста, на Кастро му одговараше американското блокирање на Куба и тој знаеше тоа максимално да го искористи. Но, пред сè за лична промоција, без да води многу сметка и за народот.
Неспорно е дека Кастро доби меѓународна улога и преку блиското пријателство со СССР. Второ, со копирањето на комунистичкиот систем, којшто за прв пат се појави во тој дел од светот, на границите на САД, како пример и предизвик за другите сиромашни држави. Трето, со военото ангажирање во Ангола, а потоа и во Етиопија... Во целина, овие две воени ангажирања во Африка, го ставија лично во поширока меѓународна рамка.

Ако е точно дека Куба се ангажираше во Ангола на страна на комунистите, по сопствена иницијатива, а не по налог од Москва, што треба да се провери, тоа е најдобар индикатор за личните амбиции на Кастро, ама и за односот којшто тој го имаше изградено со водството во Кремљ. Тоа значи дека Кастро, за да не биде пион во рацете на Москва, бил спремен на сериозни иницијативи, со кои би бил еден чекор и пред Русите! А токму од тоа најмногу се плашеа и Американците!
Инаку, во времето кога работев во Хавана, познато беше дека помошта којашто по разни начини, Куба директно ја добиваше од СССР, изнесуваше околу 10 милиони долари – дневно! Или, вкупно годишно околу 3,5 милијарди долари.
Прво, СССР купуваше големи количини шеќер од Куба, по знатно повисоки цени од светските и, истовремено, ѝ продаваше нафта, по значително пониски цени од светските. Така беше правен најголемиот трансфер од советската помош.
Но, да се вратиме на Фидел Кастро. Не треба да има дилеми дека тој сакаше да стане светски водач, слично како Тито, во што не успеа. Логична е претпоставката дека замислата му била тоа да го реализира преку – Движењето на неврзаните. Доказ е и VI конференција на неврзаните, којашто се одржа во Хавана, во 1979 година, кога Тито беше веќе при крајот од животот. Почина следната, 1980. Голема е веројатноста дека Кастро калкулирал да го наследи, иако на тој план не се експонираше понагласено. Сигурно бил свесен дека приликите не му беа баш поволни, од повеќе причини.
Во една површна анализа, може да се оцени дека клучната разлика меѓу нив двајцата беше во фактот што – сè што преземаше и правеше Кастро, беше со цел тој да добие лично внимание, признание, углед и – престиж. Целта му беше да се истакне себеси, а не да стори нешто корисно за својата земја и за народот. Силен е впечатокот дека Куба му беше во втор план во тие зафати! Тито, пак, секогаш беше носен од визијата, идејата, планот и проектот, и на тоа се посветуваше, а признанијата му доаѓаа за стореното. Сосема спротивно од Кастро.

И Тито и Кастро, одлично се снаоѓаа во секоја ситуација. Реагираа брзо и на прав начин и, обично, го постигнуваа максимумот. Сепак, и во тоа имаше важна разлика. Се чини дека, и во такви ситуации, инспирацијата на Фидел му доаѓала од желбата за – слава. За Тито, пак, најважен беше резултатот, и тоа од поширок аспект, а не од личен. Другото си доаѓаше само по себе, како последица на постигнатото.
Една од главните разлики е и фактот што Тито не беше себичен, од најширок аспект. Тој го сакаше животот и сакаше, се трудеше и работеше и на народот да му биде што поубаво. Тој драстично се разликуваше од сите лидери во источноевропските земји. Во сите нив, вклучувајќи го и СССР, народот мизеруваше, како и на Куба, а елитите имаа од пиле млеко. Кастро исто така не даваше ни пет пари како му е на народот.
Во Хавана, за време на Конференцијата на неврзаните, и лично се уверував за одност на Тито кон луѓето околу него.
Кога ќе ги сретнеше лицата коишто се грижеа за него лично, ги прашуваше дали јаделе, дали добро спиеле... Ќе речете ситница, ама не е. Тоа покажува чувство и грижа за другиот.
А тоа, го имаш или го немаш. Трето – нема. Тито сигурно не глумеше. Немаше никаква потреба за нешто такво Тито беше и реформатор. Бараше решенија за системот, за да функционира подобро во интерес на народот. Ги укина неуспешните задруги, воведе самоуправување, започна длабока реформа во 1965 година... На меѓународен план воведе револуционерни промени со неврзаните...
Кастро, ништо не менуваше. Сигурно се плашеше од промени? Веројатно со право.
Ја спомнавме и VI конференцијата на неврзаните во Хавана, во 1979 година. Беше јасно дека е тоа последен светски настан за Тито. Нашата делегација, сосема тајно, започна со подготовка на декларација со која ќе му се одаде признание за неговиот историски придонес за Движењето. Бидејќи земјата домаќин, како претседавач на Конференцијата, особено при нејзиното затворање, има голем маневарски простор, имаше стравување дека Куба, а и

Кастро лично, можат да се обидат да ја спречат декларацијата. Затоа беше тајноста.
И токму на завршниот дел од Конференцијата, без никаква претходна најава, главните членки на дрижењето, Индија, Египет, Југославија, Индонезија и уште неколку други, излегоа со Декларацијата, без домаќините да имаат поим дека такво нешто се спрема. Тоа беше вистински успех на југословенската делегација и убаво признание за Тито.
Инаку, Конференцијата заврши наутро, после 07:00 часот, а требаше претходната вечер. По обичај, имаше проблеми околу усогласувањето на завршниот документ и крајот се одлагаше, се одлагаше... Во вилата којашто беше во близина на Конгресниот центар, со претседателот чекавме да нѐ викнат на завршната седница. Некаде околу 22:00 часот, од нашата делегација јавија дека крајот не се гледа, дека секако ќе се одолжи до утринските часови и дека претседателот може да се одмори. Инаку, по навика, претседателот секое утро стануваше во 06:00 часот.
Неговите лекари веднаш започнаа да инсистираат дека треба да се одмори. Цел ден беше на нога. Тито се насмеа и рече – ова се историски моменети, и тука нема време за спиење! Туку, дајте некој филм да гледаме, за побрзо да ни помине времето. Така и беше. Сите се наместивме во холот и гледавме – филм. Познато е дека тој беше голем љубител на филмови и неговиот Кабинет, на сите патувања, му носеше филмови, за секој случај. Нормално за вакви прилики, времето споро врвеше, а од делегацијата долго немаше никаков абер. Тие, впрочем, го кажаа своето – до утрото нема решение. Така и бидна. Некаде околу 07:00 часот, јавија да дојдеме во конгресната сала. Замислете, Тито немаше спиено веќе 25 саати и ништо не му фалеше, а сите ние одвај ги државме очите отворени.
Отидовме во салата, седнавме на нашите места и веднаш започна завршното заседание на Конференцијата. Набргу, без никаква претходна најава, претседателот на Индија побара збор и излезе на говорницата. Ја прочита Декларацијата со која му се одаваше признание на Тито, на големо и видливо изненадување на Кастро, којшто претседаваше. Ние, штознаевме за случајот, намерно ја

анализиравме реакцијата на Кастро. И, нормално во такви прилики, требаше и Тито да се заблагодари за големото признание. Тито излезе на говорницата, и почна да зборува, а Леко Лончар, којшто беше министер за надворешни работи на Југословија, седеше неколку седишта од мене, речиси гласно почна да офка – леле, каква грешка направивме, не му подготвивме текст за благодарност! Не предвидовме дека Тито треба да зборува!
Во меѓувреме, Тито одржа прекрасна реч. Во негов познат стил. Изгледаше релаксиран и беше максимално концентриран. По 25 часа без сон!
Пешки се вративме во блиската вила. Тито беше видно задоволен од признанието, за кое и тој не знаеше. Тогаш се направени повеќе слики од целата делегација што бевме таму, кои се драг спомен. Докторите повторно инсистираа Тито да се одмори ама тој реагираше дека се ова историски моменти и дека треба сите заедно да појадуваме! Така и беше.
Во меѓувреме, во Хавана фати страшно невреме. Се шпекулираше дека тоа е задоцнет поздрав од ЦИА. Аеродромот беше поплавен, и нашиот авион со Тито, беше последниот што полета. Пилотите беа сигурни дека нема проблем и дека можат. Кога веќе полетуваа, со задните тркала авионот испрска малку од надојдената вода. За среќа, без последици. Потоа, аеродромот беше два дена затворен!

*.*.*

На Шестата конференција на неврзаните, во Хавана, имав невидена прилика и чест да му бидам Офицер за врска на претседателот Тито. Имам и слика кога тој го пречека претседателот на Сирија, Башар Ел Асад, којашто најслучајно ја најдов на некоја изложба во Скопје, години подоцна. На почетокот на разговорот, Ел Асад му рече – „Господин претседател, штотуку пристигнав во Хавана и мојата прва мисла беше што поскоро да се сретнам со Вас, да Ве прашам за совет како да ги решавам проблемите со коишто се среќавам во мојата земја“! Ел Асад покажа извонредна почит кон нашиот претседател. Така мислеа и голем број други претседатели. Потврда за тоа е погребот на Тито. Инаку, за време на таа недела, додека Тито беше во Хавана, имав чест неколку пати да вечерам на истата маса со него; неколку пати

да се поздравам со него, при што останува незаборавен впечатокот дека неговата рака беше тврда како камен што, секако го одразуваше и неговиот цврст карактер; да го следам како разговара со луѓето коишто се грижеа за него при што се гледаше хуман човек, кој водеше сметка за сите; да се уверам дека секогаш беше толерантен и внимателен кон своите соработници...
Врв на сето тоа беше моментот кога Тито имаше слободно време од околу два часа и идејата беше да се прошета низ Хавана. Шефот на неговиот Кабинет, генералот Бадурина, веднаш започна со реализација на прошетката и мене ми рече – Ристо, ти си единствен што ја познаваш Хавана и ред е ти да го прошеташ претседателот. Набргу тргнавме кон мерцедесот, заедно и со аѓутантот на Тито, адмиралот Костиќ. По правило, тој секогаш седи на предното седиште, до шоферот. Кога дојдовме до колата, јас му реков на Костиќ – седете Вие до претседателот, јас ќе седам на предното седиште. Тито, веднаш реагираше – нема потреба, седите Вие тука. Демек, до него. Така и беше.
Околу еден час се возевме низ Хавана, јас му давав насоки на шоферот кај да вози и му раскажував на претседателот за ситуацијата во Куба, за Хавана, која е сега запуштена, а некогаш, во времето на диктаторот Батиста, била главна дестинација на богатите Американци; за големата сиромаштија на народот и за системот на купони; за зависноста од СССР; за политиките на Фидел Кастро; за популарноста која тој сепак ја ужива кај народот...
Утредента, добив часовник со посвета од Тито! За жал, ми го украдоа кога беше извршена провала во куќата во Скопје.

*.*.*

Фидел Кастро, којшто не беше комунист, ама беше принуден да биде близок со Москва, бидејќи немаше друг избор за да опстане, во една прилика точно оцени – во својата основа, социјализмот е многу сличен на христијанството! Ценам дека бил многу блиску до реалната дефиницијата на овој систем. Кога ги читате идеолошките програми на социјализмот и комунизмот, тие се еднакви на вредностите на христијанството! Меѓутоа, проблем беше што во реалноста: и во Источниот блок, и во самиот СССР, и

во Кина, и во другите социјалистички земји – праксата беше крајно лоша и неприфатлива. Да не ја спомнуваме Албанија со Енвер Хоџа.
Во сите овие земји, на најгруб начин се негираа вредностите на социјализмот како систем, и се игнорираше неговата идеолошка поставеност. Проблемот беше што Маркс и другите идеолози очекуваа социјализмот и комунизмот да победат во богатите земји, а не во најсиромашните. Нивните анализи се однесуваа на развиениот капитализам и на очигледната експлоатација која се спроведуваше врз работниците. Арно ама, таму не се случија очекуваните револуции!

# АМБАСАДОР БЕЗ АКРЕДИТИВИ

Мандатот во Пекинг го започнав есента 1972 година, кога амбасасор беше Богдан Орешчанин. Генерал, близок пријател на Тито и креатор на концептот за општонародна одбрана на Југославија. Претходно беше воен аташе во Лондон.
Неговата сопруга, Соња Дапчевиќ-Орешчанин, беше научник, синолог, специјалист за Кина, можеби најдобриот во Југославија.
Богдан беше стратег, знаеше да издвојува приоритети и да се концентрира на најважното. Беше задоволство да се биде на колегиумите коишто на извонреден начин ги водеше.
Следната година, кога Соња и Богдан си заминаа од Кина, ги испратија речиси сите амбасадори. Толку беа популарни и ценети.
Тоа никому не му се случи, ни претходно, ни потоа.
Го замени Милојко Друловиќ, познат српски и југословенски политичар и поранешен директор на весникот „Политика“.
Интересно е како го чекавме на аеродром, заедно со кинескиот протокол. Никој не го познаваше лично, а сметководителот Чучуз рече дека тој ќе го препознае. Почнаа да излегуваат патниците од авионот од Париз и во две, три прилики Чучуз покажа некого и сите ние, преку дваесетина, како по команда, тргнувавме кон посочениот, ама набргу се повлекувавме. Чучуз грешеше.
Патниците се проретчија и кога се појави уште еден, Чучуз ни рече – еве го! Тргнавме кон него ама брзо видовме дека човекот го извадивме од памет – само што не почна да бега.
Амбасадорот не стигна! Тогаш немаше мобилни телефони и слични марифети. Во Амбасадата нè чекаше задоцнета информација дека нема да дојде бидејќи акредитивните писма не му биле готови и тој ќе ги чека во Париз! Дојде со следниот авион, по една недела. Толку беа ретки авионите од Европа, за Кина.
Арно ама, повторно без акредитиви!
На Кинезите им ја објаснивме ситуацијата и тие рекоа дека нема проблем – ќе предадеме празно плико, а ќе им ги проследиме кога ќе стигнат. Така и бидна. Имам слика кога на тогашниот претседател на Кина Ву Тех, кој чинам дека веќе имаше преку 90

години, глумевме предавање акредитиви, и му предадовме празно плико!
Веројатно, тоа е единствен случај во светската дипломатија – да се стане амбасадор без вистински акредитиви.

# КОГА ЌЕ ТЕ ОСТАВАТ БЕЗИМЕН!

Одисејата на еден наш граѓанин, на аеродромот во Сан Франциско, навистина личи на пародија. Нешто како од комедиите од Гогољ. Нашиот граѓанин, со уредни документи, по престој кај синот кој живее во САД, се враќал дома. За среќа, иако не наслутувал никакви проблеми, доста рано дошол на аеродромот. Си го предал багажот, си застанал во подолгиот ред патници и, одејќи цик-цак, чекал да биде упатен на еден од шалтерите за пасошка контрола. Уверен дека се понатаму е само техника и преполн со прекрасни впечатоци од земјата и внуците, во мислите веќе бил дома. Го предал пасошот на службеничката, не претпоставувајќи каква драма ќе преживува следните 60-тина минути.
Забележал дека службеничката нешто долго го листа пасошот и гледа во компјутерот. Дотогаш, сè било во ред и немало повод за некаков сомнеж. – Извинете, ве молам, но вашата земја ја нема во мојот компјутер, по некое време му рекла службеничката! Човекот останал без збор. Што да каже, што да објасни? – Како може да ја нема, одговорил. Јас од таму дојдов пред дваесетина дена. Живеам во Скопје, главниот град, каде има и ваша Амбасада која ми даде виза, продолжил веќе свесен дека работите се искомплицирале. – Извинете, но вашата земја ја нема во комјутерот, веќе одлучно, вратила службеничката.
– Проверете поранешна југословенска Република Македонија, му дошла на ум спасоносната идеја на нашинецот! – Тоа веќе го има, реагирала службеничката.
Му олеснало на нашинецот. Си помислил дека поминала бурата. Но, не било така.
Службеничката продолжила со листањето на пасошот и гледање во мониторот и по некое време му рекла дека ако вашата земја е поранешна југословенска Република Македонија, тогаш вие нешто лажете. Вашиот пасош не соодветствува на (името на) вашата земја!
Ново објаснување за распаѓањето на СФРЈ, за неправдата која ни е направена со името, за ситуацијата во која сме доведени без наша вина... Но, службеничката не покажувала многу разбирање. И, била

во право. Нешто секако не е во ред: или пасошот, или името на земјата, заклучила! Го напуштила шалтерот, очигледно барајќи консултација со повисоките раководители. По некое време, се вратила заедно со друга жена. Продолжил непријатниот разговор, кој и понатаму се одвивал во маѓепсан круг.
– Ако е така како што тврдите, рекла новата, тогаш зошто и Хрватска, Словенија, БиХ... не се поранешни југословенски...?
Сосема нормално и логично прашање кое нема соодветен одговор.
Повторно следувале објаснувања, нивни консултирања со други коишто, сепак, некако го отвориле патот за враќање дома. Но, ѓаволот никогаш не мирува.
Прецизната службеничка нашла нов проблем. Патувате преку Белград, рекла, но немата српска виза! Во компјутерот стои дека за Србија ви треба виза!
Нови објаснувања, дека патувањето е започнато преку Белград, дека виза не била и не е потребна...
Веќе во авионот, сè уште збунет од сè што му се случувало во последините 60-тина минути, човекот (со право!) размислувал за светските неправди и нивните последици
по обичните луѓе!

# КИНЕСКИ ИМПРЕСИИ

Во Пекинг, имаше Клуб на втори секретари, во кој членуваа први, втори и трети секретари од 15 земји од целиот свет. Секој втор четврток се организираше ручек, по правило, во нов, дотогаш непознат ресторан. Како домаќини се менувавме според пресеансот, поточно – датумот на зачленување.
Во тој период, кинеските ресторани, коишто најчесто беа специјализирани за храна од разни провинции и региони на огромната држава – не беа достапни за странците. За нив беа „оставени“ ресторанитe во големите хотели. Имаше и Меѓународен клуб за дипломатите, со голем ресторан, базен, куглана, самопослуга, берберски салон... којшто, пак, не беше достапен за Кинезите.
Кога ми дојде редот да бидам домаќин, ги водев во ресторан од североисточниот дел од земјата, блиску до Кореја, каде специјалитет беше кучешко месо. Тоа е врвен специјалитет и на Северна и на Јужна Кореја. Тоа е еден народ. За да се оди во тој и во другите кинески ресторани, баравме посебни дозволи од кинеските власти. По правило и ги добивавме.
Добар дел од членовите на Клубот беа синолози, специјалисти за Кина, коишто зборуваа кинески. Според написите во ресторанот, тие веднаш прочитаа што ќе јадеме, ама не коментираа. По обичај, пред да почне ручекот, ги поздравив гостите, им се извинив што нема да ги почестам со типична македонска или југословенска храна, ама затоа ќе јадеме нешто што е популарно во дел од Кина и, нагласено во Кореја – а тое е месо од кучиња! Настана жагор ама никој не се побуни. Кинеската кујна е прочуена. За мнозина, таа е далеку најдобра, најразновидна и највкусна на светот. Воопшто не се забележуваше што е специјалитетот – сите јадења беа вкусни Прв пат бевме во таков ресторан. На крајот, кога заминуваа, некои од присутните, место вообичаено, поздравуваа со ав, ав.
Скоро по правило, први од овие ручеци заминуваа дипломатите од Јапонија, Јужна Кореја и Сингапур. Тоа се случи и овој пат и еден европски дипломат прокоментира – сте забележале ли, рече, дека речиси секогаш овие наши колеги заминуваат први? И нагласи –

очигледно, за разлика од нас Европејците, Американците... тие немаат време за губење! Признале ние или не, продолжи тој, тоа значи дека тие се многу попосветени на работата од нас, коишто одвај чекаме да лешпериме и муабетиме! За да заклучи – затоа, не случајно, нивните земји најбргу се развиваат!

*.*.*

Во 1970-тите години, Кина беше под сериозна комунистичка диктатура. Сè беше под стриктна државна контрола.

Сите, и мажи и жени, беа дури и еднакво облечени во т. н. маовки – темносини блузи, закопчани до грло, и исти такви панталони. Имаше една телевизија, на која немаше што да се гледа. Од културната револуција, театрите беа затворени а концертите забранети. Земјата беше во XIX век, и тоа на неговиот почеток. А денес, кога сите сме во XXI век, Кина е веќе во XXII. Современа Кина е најголемото светско чудо на сите времиња. Напредокот, којшто го доживеа оваа земја во период од 30-тина години, е нешто неверојатно и недостижно.

Во тоа мое време, пак, важни информации добивавме од радиовести, и по дипломатски канали, главно од Хонг Конг, било преку весници, било преку билтени на нивни институти, коишто детално и длабински ја следеа Кина... Така, дознавме дека има и проституција, иако беше незамислива.

Знак на распознавање било – откопчаното претпоследно горно копче од блузата! Народот е неуништив, дури и во стравотни диктатури!

Патувањата надвор од Пекинг, освен до блиските туристички атракции – Кинескиот ѕид, Минговите гробници, Летната палата и Западните брегови – беа забранети. За сè друго мораше да се бара дозвола. Иако бев 10-тиот, од исто толку дипломати во Амбасадата, нашето семејството, значи четворица, од кои две деца од 6 и 8 години, најмногу пропатува низ Кина. Повеќе од сите други – заедно! Единствена конкуренција ни беше амбасадорот Друловиќ, бидејќи тој учествуваше во патувањата коишто, еднаш или двапати годишно, ги организираше МНР за шефовите на мисиите.

Кина не сакаше странците да патуваат низ земјата и затоа сè беше прескапо. На приватните патувања, дури и синолозите, коишто знаеја кинески, задолжително мораа да ангажираат преведувач. Јасно е дека тоа беше начин како најдиректно да се контролираат. Ние бевме и во Квеилин (на интернет е Guilin), еден прекрасен дел од Јужна Кина, познат по камената шума. Тоа беше некаде во 1973, околу една година по посетата на американскиот претседател Ричард Никсон на Кина, којшто тогаш го посети и Квеилин.
Во режија на извондредниот дипломат, Хенри Кисинџер, на 27 февруари 1972 година, при својата историска посета на Кина, Никсон го потпиша „Шангајското соопштение", со кое САД ја признаа Кина и прифатија дека е Тајван дел од нејзината територија. Дотогаш, САД го признаваа Тајван којшто, врз основа на тоа, беше постојан член и на Советот на безбедност на ООН (пет се такви), со право на вето! Со своите 15-тина милиони жители, благодарејќи на американската империјалистичка политика, Тајван го претставуваше кинескиот народ, којшто тогаш броеше милијарда и двесте милиони луѓе.
До Квеилин се патува прво со авион, потоа со такси до самото место. На враќање, се спуштавме со брод по реката Лиџијанг (Lijiang). Сè заедно, незаборавно патување. Кога ги купувавме картите за бродот, кои беа енормно скапи, во шега ја прашав преведувачката – да не треба да компензираме за престојот на Никсон во Квеилин? Беше многу бистра и се насмеа.

*.*.*

Бардот на современата светска дипломатијата, Хенри Кисинџер, во своите мемоари под налов „Во Белата куќа", коишто се многу детални, на преку 1.200 страници, и претставуваат првокласен дипломатски учебник, прецизно и многу точно констатира – „најтешкиот предизвик за креаторот на надворешната политика е воспоставувањето приоритети". Во принцип, тоа правило важи и за секоја друга работа – или се концентрираш на најважното или не, ама во дипломатијата тоа е клучно бидејќи исправки и враќање назад, во принцип – не се можни. Ако не се утврди главниот приоритет, ако се талка по споредна патека, неуспехот е речиси

гарантиран. Во најдобрар случај успехот ќе биде ограничен и нема да биде соодветен ниту на очекувањата, ниту на потребите.
Точно во тој контекст, заслугата на Кисинџер за американското отворање кон Кина има историска тежина. Слободно може да се каже дека со тоа е извршена револуционерна промена на светот.
Со мала дигресија, ама во ист контекст, може да се оцени дека многу слично на оваа заслуга на Кисинџер, е и оценката на Доналд Трамп, во неговиот втор мандат во 2025 година, дека Русија не е виновна за војната со Украина, којашто беше започната во февруари 2022 година. Тој јавно ја обвини Украина, што беше апсолутно точно. Трамп остана должен да објасни дека тоа беше американско–руска војна и дека Украина беше само извршител на нивните диктати, иако тоа се подразбираше. Трамп повеќе пати повтори – „ако бев јас претседател, до оваа војна немаше да дојде“. Тоа е директно обвинување дека ја започна неговиот претходник, Џо Бајден.
Но, да се вратиме на Кисинџер. Тој дефинира дека во дипломатијата има три принципи – конкретност, воздржаност и поврзување. Тој го става тоа во контекст на односите со СССР ама, не е спорно, тие принципи важат и пошироко.
Во периодот додека тој беше во Белата куќа, како најблизок соработник на претседателот Ричард Никсон (од изборот во 1969 до импичментот во август 1974), во односите со Советскиот Сојуз тој нагласено играше на картата на поврзување. Тогаш, клучно прашање за САД беше завршување на војната во Виетнам, заради огромниот притисок од јавноста во земјата. А таму имаа преку 650 илјади војници и, на тој план, помошта од Москва им беше драгоцена. Можете да замислите? САД имаа деташирано во Виетнам преку 650 илјади војници и ја загубија војната! Тоа е клучен историски доказ дека тој што е во право, и е решен да се бори за тоа, дури и против таква воена армада – победува! Инаку, Кисинџер, којшто неспорно беше креатор на американските надворешни политики, го советуваше Никсон – сите прашања за коишто се заинтересирани Советите, да се поврзуваат со нивната помош за крај на војната во Виетнам. И, во тоа успеа.

Денес (2025), Кина е многу поголем предизвик за САД,  отколку што им беше СССР, на времето. Кина сè уште не (пре)голема воена сила, ама е доволно моќна и секој ден напредува и на тој план. Меѓутоа, таа е голема економска сила и, според системот **p**urchaising **p**ower **p**arity (PPP) – што значи според реалната вредност, или куповната моќ на сопствената валута, конкретно на кинескиот јуан, и ако на тој начин се мери вкупниот бруто домашен производ – Кина е веќе најголема економија на светот! Покрај тоа, таа и најбргу се развива. Во последните 10 години (2015 – 2024), просечната годишна стапка на пораст на БДП во САД беше меѓу 2,2 и 2,3 проценти, додека во Кина беше околу 4,5 проценти. Тој развоен сооднос продолжува и понатаму. Американците најмногу се плашат од кинеската економска сила. СССР беше полесен противник за САД бидејќи беше воено многу силен, ама економски – слаб. Тоа беше клучната предност за Вашингтон.
Во мемоарите, Кисинџер потсетува дека во 1945 година, светската заедница беше составена од 51 нација, а до 1968 таа достигна 130. (Сега, во 2025, во ООН членуваат 193 држави). Тој го поставува и прашањето – „Како да се дојде до консензус, во кој ќе се усогласат – нашиот идеализам, нашата одговорност, нашата безбедност, нашите вредности, нашите соништа и нашите можности?“
Прашање за милион долари, а одговорот треба да го бараат – сите! Особено – ние, Македонците!
Апсолутно е точна неговата оцена дека најголема гаранција дека нема да има нова светска војна е – нуклеарното оружје. Вели – и покрај тоа што моќта (на нуклеарното оружје) е стравотна таа, исто така, се покажа како апстрактна, недопирлива и недостапна! Поточно – како гарант за мирот. Дај Боже така да биде!

## ПРИКАЗНИ ОД ЏАКАРТА, ПЕКИНГ, ТИРАНА И МОСКВА

Додека работев во Џакарта, имав проблеми со амбасадорот Ѓорѓе Јаковлевиќ, кој пред тоа четири години бил сојузен министер за здравство, по 12 години членување во Владата на Војводина. Беше домашен пријател и личен лекар на тогашниот претседавач со Претседателството на Југославија Влајковиќ. Судирот толку ескалираше, што дојде и трочлена комисија од Сојузниот секретаријат за надворешни работи (ССНР) за да го расчистува случајот, што е детално објаснет во мојата претходна книга „Дипломатски одблесоци“.
Само ќе потсетам дека Јаковлевиќ не само што немаше поим што е тоа дипломатија, не само што не се обидуваше нешто и да научи и да стори за својата земја, туку правеше и политички, а не само финансиски криминал. Индонежанското МНР, на пример, организираше посета на амбасадорите на Источен Тимор, којшто го беа нелегално окупирале, а тоа Југославија не го признаваше. Јаковлевиќ, сепак, за да се прошета, без да го информира Белград – се приклучи на посетата! Тоа беше грубо кршење на југословенската надворешна политика. Јаковлевиќ правеше и бројни финансиски криминали.
Повторно се враќам на случајот со конкретна цел. Набргу по посетата на комисијата, бев на одмор во Југославија и во ССНР отидов да се сретнам со потсекретарот којшто беше Македонец. Името намерно не му го спомнувам. Сакав изворно да го запознам со целиот случај бидејќи, на некој начин, моето име беше извалкано, иако комисија од тројца немаше никакви забелешки на мојата работа. Еден од нив, со кого се знаевме, во доверба ми кажа дека ги испратиле за да ме уништат и, ако ми нашле и некоја ситница, лошо ми се пишувало!
„Македонецот“ одвај ме прими и апсолутно не го интересираше случајот. Дури и не го криеше тоа. Додека зборував, не ме ни слушаше! Речиси ме игнорираше. Да беше во прашање Хрват, Србин... сигурно ќе покажеше интерес!
Не сум реваншист, ама нему му вратив. По распадот на Југославија, во 1990-тите, кога јас бев потсекретар во МНР во

Скопје, тој бараше прием бидејќи во Белград остана без работа. За џабе. Не го примив. Реваншизмот не е моја пракса, ама овој заслужуваше! Беше прво Југословен, а дури ако има потреба – Македонец.
Поентата е поширока. Во врвот на ССНР имаше реципроцитет и сите највисоки кадри беа или делегирани од републиките, или поставени со нивна согласност. Македонските кадри од врвот, по правило, беа најголеми Југословени и не ги интересираше ништо друго освен сопствената кариера.
Македонските интереси – најмалку. За разлика од нив, Словенците, Хрватите, Босанците, Црногорците... коишто беа во врвот, отворено и нагласено водеа сметка за сите нивни кадри во Секретаријатот. А „нашите“, кога ќе нѐ сретнеа нас помладите, дури и во ходниците, бегаа што подалеку, како од ѓаволи. Се плашеа некој да не ги прогласи за македонски националисти и да им пропадне кариерата!
Сите републики имаа своја вила на Дедиње. Словенците се собираа таму секој вторник и одеа сите – до најниските кадри во федерацијата. Ние воопшто не знаевме каде е македонската вила. Колегите од Словенија, ако сакаа да одат на викенд во дежелата, требаше само да се јават кај секретарката на некој од нивните високи функционери во федерацијата, и бираа дали сакаат да одат со воз или со авион. Бесплатно, се разбира.
Ние, малкумина, коишто патувавме секој викенд за Македонија, бидејќи таму ни беа фамилиите, во Владата во Скопје одбија да ни ги рефундираат возните карти. Објаснија дека знаат што прават Словенците, ама ние не сме имале можности. Немаа тие памет, не можности. Подоцна, сепак, започнаа да ни ги рефундираат возните карти.
Освен горниот случај, имам уште бројни конкретни примери за однесувањето на „нашите“ врвни претставници во ССНР, кога бевме во прашање ние, помладите Македонци. Ако не беа жалосни, тие ќе беа смешни.

*.*.*

За време службувањето во Кина (1972 – 1976), во официјална посета дојде делагација на чело со премиерот Џемал Биједиќ.

Патуваа со авион Ил-18, а претходно посетија неколку земји, меѓу кои и Индија и Виетнам. Тоа беше авион за средни патеки, поточно за низ Европа, а никако за далечни тури, како Индија и Кина. Меѓу другото, авионот немаше своја струја и, додека беше паркиран, се приклучуваше на аеродромите.
Во тоа време, при вакивите посети во Пекинг, имаше протоколарна пракса прво тие да организираат прием за гостите, а потоа и гостите да им вратат. За таа цел, нашата делегација носеше голем избор на сувомеснати производи од познатата хрватска фабрика „Гавриловиќ“, како и пијалаци.
Штом долетаа, организиравме да се преземат провијантите и пијачките. Кога стигнаа во Амбасадата, а сите бевме таму, видовме дека сувомеснатите производи се – мувлосани и неупотребливи! Се констатира дека на аеродромот во Ханој, за време на посетата на Северен Виетнам, немало услови авионот да се приклучи на струја и неговите фрижидери, во кои биле овие производи – престанале да работаат!
Сите бевме разочарани, а најгласен беше амбасадорот Милојко Друловиќ – леле, леле, што нè снајде! Сето ова богатство ќе мораме да го фрлиме... Сите го следеа. Откако тоа продолжи некое време, се јавив и јас. Реков – никакво фрлање! Што ви паѓа на памет! Полни со надеж, а најмногу амбасадорот, сите се свртеа кон мене, и чекаа решение! Ќе ги свариме, одлучно реков и застанав. И после, речиси во еден глас реагираа сите? После, ќе ги фрлиме, ладнокрвно им објаснив! И, продолжив – ситуацијата е неповратна! Што треба сега – да плачеме? Тоа нема ништо да помогне, туку дајте да отвориме вино, на виното ништо не му фали, и да се напиеме за добредојде на делегацијата! Се смени атмосферата, се отвори квалитетно вино и започна нормален разговор. Настанот и штосот долго се спомнуваа.

*.*.*

Во средината на 1998, за време на службувањето во Албанија, организиравме средба на премиерите Бранко Црвенковски и Фатос Нано во Поградец и во Охрид. Со Бранко дојде и првиот американски амбасадор во Скопје, Кристофер Хил. Од Свети Наум, со брод отидовме во Поградец и пловевме покрај брегот во

Албанија, кој е празен и нема што да се види, а потоа и покрај преубавиот дел од нашата страна. На палубата од бродот, седнати во круг, водевме интересни и релаксирани разговори на разни теми.
Во еден момент, Нано ја праша мојата сопруга, Сузана – Како, всушност, успеавте да се прилагодите на Тирана, по годините поминати во Лондон? Претходно, од 1993 до 1997, бев амбасадор во Обединетото Кралство, Ирска и Исланд. Без да трепне, Сузана му одговори – Немојте така. Ние се прилагодуваме во Лондон, во Тирана сме како дома!
Нано беше восхитен од одговорот. Тој беше врвен политичар, од европски и светски ранг. Не само што беше образован, одлично информиран, начитан и со големо политичко искуство, туку зборуваше и шест јазици, речиси сите како мајчини. Одлично зборуваше и српски. Пред да стане трет пат премиер на Албанија, имаше интервју на државната телевизија со една одлична новинарка. Во еден момент, таа повеќе констатираше, отколку што го праша – господин Нано, како премиер, правевте многу грешки!? Максимално смирен, тој ѝ одговори – во право сте, ама ви гарантирам дека грешките нема да ги повторуваме! Малку почека, за да остави впечаток, и додаде – ама ќе правиме нови!
Со Нано имавме одлична комуникација. Еднаш, со сопругите, ручавме во хотелот „Рогнер“, тогаш најдобар во Тирана. Ручекот траеше повеќе од пет саат и некаде по 18.00 часот, директорот на хотелот, инаку Австриец, хотелот беше нивен, нѐ честеше со шише шампанско! Намерата во никој случај не му беше да нѐ истера!
На крајот од кариерата, сосема со право, Нано сакаше да биде претседател на државата. Го спречи Илир Мета којшто беше премиер во тоа време. Како и со Нано, и со Мета имав одлични односи. Кога ќе се сретневме, во разни прилики, секогаш имавме отворени и содржајни разговори.
Во периодот кога требаше да се избира новиот претседател, на почетокот од 2002 година, директно му реков дека греши што ја блокира кандидатурата на Нано. Додадов дека најдобра комбинација за Албанија е Нано претседател, а тој премиер. Претседателот нема големи овластувања и Нано ќе ја врши

функцијата со највисоко достоинство. Тој, пак, како прагматичар, човек од збор и врвно ефикасен во реализација на зацртаните политики и проекти, ќе биде извонреден премиер. Му реков и дека ако се конфронтиртаат, и двајцата можат да изгубат. Мета ми одговори дека е тој млад и може и 10 години да чека. Токму тоа и се случи.

Знаев дека со Нано имаат нерасчистени сметки и затоа го прашав – а, зошто го блокираш? Како претседател, нема начин да ти наштети! Има, искрено ми одговори. Тој е по функција претседател на Судскиот совет, и може да ме гони!

Тоа беше суштината на одговорот. Не верувам дека претседателот на државата тогаш беше по функција и претседател на Судскиот совет. Тоа не изгледа логично. Мета, или мислеше дека тој има клучно влијание врз Советот, или јас не го разбрав добро? Во секој случај, Нано не стана претседател а беше избран некој си генерел Мојсиу, којшто на Нано не му беше ни до колена. Потоа, и Мета остана без функција и крајно непотребно, изгуби 10-тина години. Сепак, Мета се врати и стана и претседател на државата. На крај, меѓутоа, го затворија и сè уште е во затвор (мај, 2025).

*.*.*

На работа во Москва пристигнав на 14 октомври 2004 година. Околу месец дена пред мене дошол и новиот амбасадор на Грузија, искусен политичар и дипломат. Последните години бил на висока функција во Истамбул, во Централата на Организацијата за црноморска економска соработка.

Штета е што името не му го паметам, ама човекот беше високообразован, елоквентен, комуникативен и, сè заедно, многу симпатичен. Се запознавме на вечера кај турскиот амбасадор, и бргу се спријателивме. Турската резиденција, пак, беше повеќе од музеј, и како зграда а особено според богатата збирка на извонредни и ретки уметнички предмети – слики, класичен намештај, скулптури, прекрасни кристали, украсени таваници... На вечерата бевме 30-тина, главно амбасадори. Грузиецот седеше спроти мене и муабетот можеше да почне.

Веднаш преминав во „напад“. Му реков дека Грузија е една од ретките држави во овој дел од светот со која немаме дипломатски

односи заради нивната неспремност да го прифатат нашето историско и уставно име. Нагласив дека нема да им служи на чест тие да бидат последни коишто ќе ја прифатат реалноста и ќе застанат на страната на правдата. „Говорот“ го завршив со заклучок дека се надевам дека уште вечерта ќе стапи во контакт со неговиот претседател, Саакашвили, и дека многу скоро ќе го решиме проблемот!
Се насмеа. Рече дека нема да чека да оди дома по вечерата туку веднаш, штом ќе станеме од масата, ќе му телефонира на претседателот! Сега беше ред јас да се насмеам.
Во секој случај, контактот беше воспоставен. Продолживме често да се среќаваме на разни дипломатски манифестации, какви имаше многу пред крајот на годината. Во секоја прилика го отворав прашањето на дипломатските односи а тој ме информираше дека редовно на оваа тема обавува разговори со Министерството во Тбилиси. Претседателот Саакашвили беше донесен на власт од страна на Американците и посветено ја следеше нивната политика. Со оглед дека токму Вашингтон е нашата главна пречка на патот кон меѓународната политичка сцена, мене ми беше јасно дека тоа тешко ќе оди!
На средба на почетокот на декември, ми рече дека има сериозен проблем. Му претстои предавањето на акредитивните писма, и не знае што да му каже на Путин. Праксата во Кремљ е да се примаат по седум, осум амбасадори заедно, и секој од нив има по неколку минути да разговара со Путин. Што ми советуваш, ме праша, што да му кажам, што да му речам?
Тоа е период по „кадифената“ револуција во Тбилиси, кога со помош од Запад беше сменет прорускиот претседател Шеварднадзе и донесен Саакашвили. Како последица, односите меѓу двете земји паднаа на многу ниско ниво. Се манифестираше нагласено меѓусебно нетрпение, се отворија еден куп на проблеми... Кажи му, му реков, дека проблеми и недоразбирања има, и може да има, само меѓу пријатели, и дека се тие секогаш привремени! Му светнаа очите. Добра идеја, рече. Внимателно додаде – ќе размислам за тоа.

Од медиумите дознав дека акредитивите ги предаде на 26 декември 2004, ама веќе не го сретнав! Набргу се вратил во Тбилиси. На почетокот на 2005, грузијскиот премиер Жванија, беше најден отруен од истечен плин. Настанот беше оквалификуван како несреќен случај, иако останаа многу отворени прашања коишто сугерираа дека можеби се работи за – убиство. Во Грузија се формира нова влада во која министер за финансии стана мојот колега од Москва. Не дознав како му течел разговорот со Путин, и дали бил задоволен?

## СЕ ПОЖОЛТУВА ЛИ НА ЖОЛТОТО МОРЕ?

Нормално, додека работев во Кина (1972 – 1976), бевме во контакт со пријателите во Македонија, со коишто одвреме – навреме се допишувавме. Тогаш немаше електронски пошти, интернети и слични привилегии, а телефонските разговори беа толку скапи, што јавување беше голем луксуз.
Така, во писмата, ги известивме пријателите и дека  на летување бевме на Жолтото Море, во едно прекрасноместо Пеи Та Х, каде летуваа и највисоките раководители на Кина. И, знаете ли каква реакција добивме? Едни од нив нѐ известија дека и тие биле на одмор. Се фалеа дека и тие убаво поминале. Биле на Црното Море каде – поцрнеле. Нас, пак, нѐ прашаа – а вие, на Жолтото, пожолтевте ли?
Незаборавен од овој одмор останува споменот сврзан со едно крајно необично дрво. Не се сеќавам како го нарекуваа дрвото, ама тоа цути кусо, само во текот на една ноќ!
Какви што ги дал Господ, со нивната милениумска емпирија и традиција (акупунктурата, на пример), Кинезите знаат кога ќе се случи тоа, иако секоја година е на различен датум.
Тоа е мала сензација. Навреме известени, вечерта се сместивме во една поголема сала, дрвото е на средината и – чекавме да процути! Тоа се случи некаде по полноќ и набргу потоа – цутот се затвори. Просто неверојатно.
По многу нешта Кина е навистина нешто посебно! Михајло Шарановиќ, новинар на југословенската новинска агенција, „Танјуг“, долгогодишен дописник од Пекинг, и добар пријател, напиша книга под наслов – „Кина, планета на планетата“. Тоа е веројатно и најдобар, и најкус опис на оваа неверојатна земја.
Има уште една дефиницијата за Кина. Тоа е дека секој што ќе претстојува во неа една недела, ке објави текст за својата посета. Секој што ќе претстојува месец или два, ќе напише – книга. Арно ама, секој што ќе остане подолго – нема да се осмели ништо да напише!

# СО РУСКА „ЛАДА“, НА РАБОТА ВО КУБА!

Во Москва двапати купив автомобил „Лада“. Првиот пат во 1976, по дефинитивното враќање од службувањето во Пекинг, за користење во земјата. Со дипломатски попуст, ладата беше исклучително евтина. Од Москва до Скопје, поминав 3.100 километри за три дена. Првата етапа беше до Варшава, каде имав школски другар како трговски претставник. Втората беше до Будимпешта и третата до дома. Во Варшава ја наполнив ладата со разна камп опрема, којашто таму беше џабе, заради нелегалниот курс на валутата. Во Будимпешта имаше неколку конгреси и сајмови и одвај најдов хотел. Минував по илјада километри дневно а, на почетокот, „Ладата“ не смееше да се води брзо. Мораше да се разработува.
Додека возев, редовно вежбав. Не знам на колку километри, ама застанував и вежбав. Вежбав и додека возев, ама џабе. Кога стигнав во Скопје, утредента, вратот ми се вкочани и недела дена гледав само право. Бев правоусмерен.
Следната 1977 година, отидов повторно во Кина, на три месеци, заради посетата на Тито. При посетите на Тито, од Сојузниот секретаријат за надворешни работи, во државата каде што се реализираше посетата, редовно се испраќаше тим од три до пет најискусни дипломати за да помогнат во организацијата. Амбасадорот во Пекинг, Милојко Друловиќ, меѓутоа, побара да дојдам само јас. Министерот Милош Миниќ, на телеграмата напиша – согласен и така, пак се најдов во Кина.
Во меѓувреме бев одреден за прв секретар во Амбасадата во Хавана, на Куба, и затоа на враќање од Пекинг, во Москва купив нова „Лада“, овој пат за – Куба. Таму доминираа стари американски возила од 1950-тите, коишто беа своевидна атракција, а новите беа главно советски. За нив имаше сервис и резервни делови и затоа се решив за „Лада“. Повторно, 3.100 километри до Скопје, со истиот итинерер, ама овој пат стигнав без вкочанет врат! Искуството се покажа на терен и, со многу повеќе вежбање, не дојдов дома – правоусмерен!

Кога тргнав кон Скопје, меѓутоа, забележав дека вентилаторот во моторот не се вклучува и кога колата стои, може да се прегрее. Внимавав на тоа и немав речиси никаков проблем.
Во Скопје, веднаш отидов во сервисот за „Лада“. Ми рекоа дека треба да се вади целиот мотор, дека постапката е долга и ќе трае неколку дена а, за ден или два, шпедитерот мораше да ја вози колата до Риека, за утовар на брод за Хавана.
Во Хавана, веќе првите денови отидов во големиот и модерен сервис за „Лада“, и прашав – кој е најдобриот мајстор? Се вика Биенвенидо, ми рекоа (Добредојде, во предвод). Може ли да го прашам нешто, продолжив? Со Биенвенидо се договоривме вечерта да дојде кај мене да го види проблемот.
„Ладата“ не ја однесов во сервисот бидејќи курсот на кубанската валута, пезосот, со доларот, беше нереален и катастрофален за нас, а со тоа и цените. Тоа ќе ме чинеше најмалку 100 долари, а колата ја платив помалку од 2.500.
Биенвенидо дојде според договореното, ја извадив колата од гаража, ја запалив, и тој рече – дај ми еден стап! Го гледав збунето. Што сака човеков, си мислев? Не е овчар!
Сепак, му најдов стап. Чекавме да се загрее колата и тогаш го протна стапот кај моторот и го постави некаде долу. Удри со раката еднаш, двапати на другиот крај од стапот и – вентилаторот почна да врти! Уште позбунето го гледав. Тој, веднаш објасни – кога ја монтираат колата, треба со малку маст да се подмачка механизмот кој го вклучува вентилаторот. Работниците, меѓутоа, ќе брцнат цел прст во маста и така го покриваат и сензорот, којшто го активира вентилаторот. Со ударот, падна маста и вентилаторот сега може да работи! Има ли подобар доказ каква улога има искуството?
Во тој период, на Куба беше тешка сиромаштија. Немаше ништо да се купи во дуќаните. Сѐ беше на купони. Имаше и црн курс којшто беше 3 или 4 пати поголем од официјалниот курс на пезосот со доларот. Попрецизно – ако во банка за еден долар се добиваа пет пезози, на црно се добиваа меѓу 15 и 20. Меѓутоа, и со така добиените „евтини“ пезоси не можеше речиси ништо да се купи. За услугите, пак, како оваа на Биенвенидо, ние им купувавме по

нешто од Дипломатскиот магазин, и за нив тоа беше голема привилегија. Тие не бараа пари, бидејќи пезосите немаа вредност. Вака, и услугата за нас беше многу поевтина. Кубанците знаеја точно што сѐ има во дипломатската продавница, и по кои цени и што можат да порачаат како контра услуга. Слично на нашиот систем – снајди се, и живеej!
Биенвенидо ми ја одржуваше “Ладата“, со која немав речиси никакви проблеми за сите четири години минати на Куба. При крајот на нашиот престој, имаше голем егзодус на Кубанци за Америка, откако тие масовно навлегоа во дворовите на неколку амбасади во Хавана. Замина и Биенвенидо. Заедно со нив, Фидел Кастро им ги испрати и сите тешки криминалци од затворите, како и ментално болните.
По враќањето од Пекинг (септември 1976), до одењето за Хавана (септември 1977), точно година дена, во Белград работев во Управата за меѓународни организации или, стручно – во мултилатералата. Учествував на бројни меѓународни конференции – во ООН, во Њујорк, во Женева, во Најроби, во Виена... Поточно, заедно со трите месеци во Кина, заради посетата на Тито, цело време бев на пат. Грубо пресметав дека во таа година поминав вкупно преку 200 илјади километри! Просечно, околу 550 километри дневно. Секако – премногу.

*.*.*

Во Хавана, во кубанското МНР, имаше еден одличен дипломат којшто имаше службувано во Белград. Беше одушевен од Југославија и беше нагласено пријателски расположен кон нас. На секој од приемите, прво ќе дојдеше да се поздравиме и да помуабетиме, што ни беше многу корисно како брифинг. Арно ама, по некое време, ќе ниречеше – многу сте ми драги и уживам во разговарите, ама не смеам да останам предолго со вас бидејќи морам да водам сметка за мојата кариера!
Тоа секако беше и пола шега, ама и цела вистина. Сѐ беше јасно! На Куба, сѐ се контролираше. Во земјата имаше една масовна политичка организација, ЦеДеЕре, нешто слично на тогашен Социјалистички сојуз на работниот народ на Југославија (ССРНЈ). Во разговори со нив, тие не само што не криеја, туку и се фалеа

дека не само што знаат што прави секој човек во земјата, туку знаат и што мисли! Страшно, во секој случај.

*.*.*

На еден прием во Хавана се разговараше во поголемо друштво, главно од Кубанци, во кое беше и поранешниот нивни амбасадор во Белград, со кого бевме добри пријатели.
Веднаш по победата на револуцијата на 1 јануари 1959 година, тој бил државен обвинител. Падна муабет и за тој период којшто, особено на почетокот, во никој случај не бил многу пријатен. Тогаш се расчистувало со остатоците на стариот режим на диктаторот Батиста. Се раскажуваа интересни моменти од тие денови кога еден од присутните му рече на поранешниот главен обвинител – твоите грешки од тоа време се два метра под земја! Тоа не беше прифатено од дотичниот ниту како замерка, ниту како критика, туку како нешто реално и за такво време – неизбежно.
Интересна карактеристика на Кубанците е дека, во принцип, тие немаат суета, како што е тоа редовен случај со Европејците, на пример. Тие ќе ти кажат и кога згрешиле, ќе ти кажат ако нешто ги боли или ако имаат некоја болест, отворено ќе ти зборуваат за проблемите во сопственото семејство и слично. Како да немаат лични тајни. Многу се отворени во разговорите а многу се и комуникативни. Со право може да се каже дека позитивната енергија им е главна карактеристика. Музиката, пак, на сите им е на срце. Сите пеат и танцуваат. Ако некаде стојат тројца Кубанци, едниот ќе пее и ќе дава такт со рацете, и сите ќе танцуваат. Весел и интересен народ.
Друга нивна карактеристика е дека, по запознавањето, само првиот ден сте на „вие“, утредента сте на „ти“, како одамна да се знаете. Имав контакти со повеќе заменици-министри и со сите бев на – ти. Петмина ми беа и на прошталниот прием. Во тој период, просечниот брак на Куба траеше нешто преку три години. Кога беше VI конференција на неврзаните во Хавана, во 1979 година, од 120 странски новинари, речиси 80 беа од Југославија. За новинарите беше организиран и посебен прием. Во пријатна атмосфера, за која Кубанците беа мајстори да ја создадат, еден од

нашите новинари „се пофали“ – три брака имам, има ли некој што ми е рамен?
Кубанците почнаа да се смеат, додека тој зачудено се вртеше лево, десно. Еден од кубанските новинари гласно праша – кој се женел/мажел шест и повеќе пати, нека крене рака! Се јавија тројца. Кој се женел/мажел пет пати? – пак праша новинарот. Седум, осум раце се кренаа. Следуваше аплауз.

## ШЕГИ ОД ЛОНДОН И ТИРАНА

Во најголем број земји, доајен или шеф на дипломатскиот кор, наречен дин, е амбасадорот со најдолг стаж. Во Лондон, во Тирана, и во некои други центри, постојан дин е амбасадорот на Ватикан, чија титула е – нунцие. Воведот е за да се разбере ситуацијата која следува. Во Лондон, во текот на јуни, ама не на ист датум, не знам од кои причини, се одбележуваше роденденот на кралицата Елизабета Втора.

Тоа се правеше на велелепен начин, наречен – „Trooping The Colours“ („Дефиле на знамињата“). Тоа се организираше на просторот зад Форин офисот, нивното МНР, што беше и крајот од централниот лондонски „Сент Џејмс“ парк. Вклучена беше и кралската коњица, а кога пристигнуваше кралицата еден од коњите и се поклонуваше. Потоа, кралицата се качуваше на неколку скалила, за да застане на подиум од каде ќе ја следеше смотрата на коњицата. Од двете страни беа поставени трибини за поканетите гости.

Во моментот кога кралицата ќе стапнеше на подиумот, големиот градски саат, кој беше зад нејзиниот грб, почнуваше да отчукува 11:00 часот! На Британците им нема рамен во одржувањето на традицијата и, особено – во прецизноста. За да се сочува редот, на манифестацијата се доаѓа доста порано и затоа има време и за муабети со соседите на трибините.

На еден од овие навистина незаборавни настани, седев меѓу американскиот и јапонскиот амбасадор. Таков ми беше пресеансот. Тоа значеше дека едниот од нив пред мене ги предал акредитивите, а другиот по мене. Нормално, за да помине побрзо чекањето, се тераа муабети, со разни приказни, шеги... Се создаде убава атмосфера, со доста смеење.

Американецот беше крупен адмирал и кога се смееше целиот ред се тресеше! Во еден момент, божем со колебање, им реков – би сакал нешто да ве прашам, ама без да ве доведам во непријатна ситуација. И двајцата енергично реагираа, демек толку сме сега пријатели, како може да има непријатни прашања! Во ист тон им нагласив – ако сметате дека не треба да ми одговорите –

игнорирајте го прашањето! Тие пак навалија да не се колебам. Сакам да ве прашам, реков – ќе замерите ли ако ја известам Владата во Македонија дека мојот третман во Лондон е меѓу американскиот и јапонскиот амбасадор? Кој знае што очекуваа, ама затоа и двајцата слатко се смееја, а адмиралот и потскокнуваше од седиштето.

*.*.*

Во периодот од 1998 до 2002 година, главен хотел во Тирана беше „Рогнер". Сопствениците беа од Австрија. Имаше прекрасна градина, со голем базен, околу кој се приредуваа многу дипломатски приеми. На еден од нив, организиран од Хрватска, во разговор се најдов со амбасадорите на Русија и Кина. И двајцата беа искусни, врвни дипломати и имавме развиено не само многу добри колегијални туку, на некој начин, и пријателски односи.
И овој пат, како и обично, водевме корисни разговори за темите сврзани со Албанија, за коишто бевме сите заинтересирани. Откако ги прочешлавме актуелните прашања, разговорот некако замре, се исцрпи. Тогаш им реков – немојте да ми замерите, ама сакам да ви поставам едно невообичаено прашање. Немојте да одговорите, ако цените дека не треба.
Игнорирајте го ако ви се чини дека не заслужува внимание...
Долгиот вовед доволно ги провоцираше, и двајцата не бираа зборови да ме убедат дека не треба да се колебам и дека треба да прашам. Уште малку изигрував неодлучност а тие енергичност да кажам што ме мачи.

Почнав божем несигурно – вие знаете дека доаѓам од една мала и сиромашна земја, што не е никаква предност, туку напротив голем хендикеп. Меѓутоа, продолжив со самоувереност – заради тие прилики, јас се чувствувам како голем човек. Ме гледаа како да се по малку збунети со воведот.

Непријатно ми е да ве прашам, продолжив, ама вие доаѓате од огромни, силни, моќни и богати земји, како се чувствувте вие лично, заради срединитe од коишто доаѓате?

И двајцата бистри до бескрај, започнаа толку гласно да се смеат што бројни присутни се вртеа кон нас, иако ние бевме на крајот од градината. Тие и не беа сосема изненадени од моето провокативно прашање бидејќи во дипломатскиот кор се знаеше дека германскиот амбасадор и јас бевме главните шегаџии.

## АКО САКААТ РИБА, ПРВО ДА ЈА ФАТАТ!

Во периодот меѓу 1965 и 1966 година, како апсолвент на Економскиот факултет, речиси 17 месеци поминав на работа во Англија заради учење на англискиот јазик. На почетокот, додека чекав работна виза, неколку месеци работев во меѓународни студентски кампови на фарми, собирајќи јагоди. Потоа, преку една година работев во една болница како помошник готвач. Тие 15-сетина месеци ми се признати како стаж и од Англија добивам симболична пензија која изнесува околу 15 илјади денари, ама годишно. Ги испраќаат на крајот од секоја година, кога се собираат околу 250 евра, што не е за потценување.
Паралелно со работата, посетував и курсеви за јазикот а во меѓувреме немаше театар во Лондон, а ги има десетици и десетици, каде не бев на претстава. Во болницата работеа и други Југословени а најмногу имаше Италијанци и Шпанци.
Во исто време, во една еврејска фамилија на Хамстед, побогатиот дел од Лондон, како дадилка работеше и Љубица, со која бевме генерација во гимназијата „Цветан Димов“ во Скопје. Одвреме-навреме, со неа и со другите од Македонија, се среќававме во Југословенскиот клуб, којшто беше блиску до стадионот на Челзи. Ги работев сите недели бидејќи дневницата беше за 50 проценти повисока, а слободен ден користев во понеделниците. Еден понеделник, доста рано, ми телефонираше Љубица плачејќи. Се вознемирив и ја прашав што се случило, како е таа? Добро, ми одговори. Како се твоите дома, продолжив.
И тие се добро. Зошто плачеш? – инсистирав. Можам ли да дојдам кај тебе, праша, и сè ќе ти раскажам. Живеев во Илинг Комон, на сосема друг крај на Лондон, и ѝ требаше доста време да патува со подземната железница.
Со плачење, објаснуваше што се случило. Еврејското семејство, со две мали деца, имало куќа на село каде ги поминувале сите викенди. Така било и овој пат. Таткото уловил три риби во блиската река и, кога се вратиле, мајката ги испржила. Две земал тој, една ѝ дал на мајката, затоа што ги спремила, а на децата, кои

барале, им рекол дека ако сакаат да јадат риба следниот пат да си уловат!
Љубица се гушеше во солзи објаснувајќи го случајот кој ја потресол, нарекувајќи го таткото идиот и прашувајќи – има ли душа тој човек? Рече дека цела ноќ плачела и воопшто не спиела. Плачев и јас со неа оценувајќи го таткото, исто така, како идиот и бездушник.
Во понеделниците, по правило, се честев одејќи на ручек во кинески ресторан. Љубица некако се смири и отидовме заедно. Случајот цело време ми се вртеше низ глава.
Тогаш не ја знаев кинеската мудрост дека ако сакаш некого еднаш да нахраниш, ќе му дадеш риба. Арно ама, ако сакаш цел живот самиот да се храни, ќе го научиш да лови риба. Очиглено, тоа беше целта и на таткото, која ми станувеше сè појасна и поразбирлива, додека одевме кон ресторанот.
Впрочем, токму затоа Евреите се и толку успешни како народ. Начинот на кој ги воспитуваат децата не е едноставен, можеби не е ниту многу нежен, ама резултатите се одлични, што е најважно. Неодговорно е на децата да им се пружа сè, без тие да имаат какви било обврски, како што обично правиме ние во Македонија.
Додека ручавме, расчистив со себе и на Љубица ѝ реков дека, сепак, таткото бил во право и дека начинот на воспитување е суров, ама може да биде сигурна дека идниот викенд и децата ќе ловат риби! Таа не го прифати тоа, и ми рече дека и јас сум идиот!

## ПОЕНТИ ОД РАЗНИ ДЕСТИНАЦИИ

Во декември 1992 година, како потсекретар во МНР, втор човек во Министерството, примив шведски амбасадор, којшто дојде во посета во име на ОБСЕ, тогаш сѐ уште КЕБС, со којшто претседаваше неговата земја. Веднаш, откако му посакав добредојде, му реков дека некогаш се гордеев со неговата земја, ама сега се срамам од неа! Можете да замислите како ме гледаше и како се чувствуваше гостинот, ама јас направив пауза, заради подлабок впечаток. Не знаеше како да реагира, што да праша. Очигледно му беше непријатно.
Тогаш продолжив. Господин амбасадор, во 1960-тите години, кога Јенките правеа ‘ршум во Виетнам, со преку 650 илјади војници, Шведска беше речиси единствената земја којашто тоа јавно го осудуваше. Се гордеев со вас. Арно ама денес, кога мојата држава е без никаква вина фрлена во оган, кога ни го игнорираат името и не прифаќаат дека постоиме како народ – вие молчите! Нели е тоа срамота? Каде се загуби вашата правдољубивост? Нема тука никакво оправдување!
Му олесна, иако не му беше право. Почна да се правда дека сега се тие на вратата на ЕУ, тогаш ЕЗ, дека мораат давнимаваат на своите чекори, дека Грција има право на вето...
Му вратив дека нема и не може да има никакво оправдување за принципиелни работи. Додадов дека таквото објаснување би можело, и тоа само евентуално, да има некакво оправдување од една Унгарија, или Романија... ама никако и од Шведска.
Потоа, разговорот стана нормален и пријателски. Човекот не го сретнав повторно, ама тој стана амбасадор во Македонија, покривајќи од Софија. Знам дека бил многу пријателски настроен. Нашата средба сигурно не ја заборавил.

*.*.*

На почетокот на 1990-тите, кога жестоко се боревме за признавањето на Македонија, јасно беше дека САД нема директно да нѐ поддржат. Се правдаа дека е тоа заради Грција. Затоа на сите американски функционери коишто ги среќавав, им реплицирав – во ред, разбираме дека имате обврски кон Атина, и не сте спремни

да ни помогнете заради тоа, иако знаете дека сите аргуменети се на наша страна. Во ред, тогаш помогнете ни индиректно. Вашето влијание во Латинска Америка, Африка и во Азија е огромно и на вашите тамошни партнери дискретно сугерирајте им да ја признаат Македонија! Од никого не добив конкретен одговор. Сега ми е јасно дека тоа и не можеше да се очекува. Тогаш, меѓутоа, не ми беше јасно дека зад нашите голготи не стои ниту Грција, уште помалку Бугарија, туку – САД. Немав сознанија дека проектот, ама и сценариото за бришење на македонизмот се – американски, а Атина и Софија се обични алатки, коишто имаат и свои интереси.

*.*.*

При службувањето во Кина, во Амбасадата имаше амбасадор и осум други дипломати, плус претставникот на Сојузната стопанска комора кој, иако само формално, на дипломатската листа фигурираше како советник за економски прашања. Иако од десетте дипломати јас бев десеттиот, одговорен бев за едно чудо работи. Надлежен бев за економските прашања, според решението со коешто бев упатен во Пекинг – „Трет секретар за економски работи“.

Така бев регистриран и во кинеската дипломатска листа, и јас ги подготвував сите економски анализи за Белград. За сите прашања од економски карактер комуницирав со кинеските институции, додека претставникот на Комората си ги тераше коморските обврски. Ги покривав и конзуларните работи, бев аташе за печат, бев културен аташе и... сè друго што требаше. Се работеше многу а мојата цел беше што повеќе да научам бидејќи тоа беше мојата прва дестинација надвор од Југославија.

Сојузниот секретаријат за надворешни работи во Југославија (МНР), беше институција на светско ниво. Имаше дипломати високо ценети и почитувани низ целиот свет.

Милан Бартош, на пример, беше правник чии совети беа барани и во рамките на ООН. Се разбира дека имаше и заскитани лица, ама тие беа навистина малубројни. Еден од нив беше и Душко Грубор, кој во Пекинг дојде после мене, ама високо над мене. Додека тој беше министер советник и втор човек во Амбасадата, јас бев трет

секретар и, од десет – последниот. Човекот беше неупотреблив, ама потекнуваше од семејство на првоборци од Босна што, веројатно, му беше и единствената препорака.
Кога Грубор требаше да оди на некој поважен разговор во кинеските институции, не ретко се случуваше амбасадорот Друловиќ да ми рече – оди со него и гледај да не направи некоја глупост! Знаеше дека искреноста нема да ја злоупотребам.
Така, со Грубор отидовме на средба со шефот на кинескиот Протокол, околу некои важни договори. Грубор не знаеше како да го почне разговорот и го праша соговорникот – колку години има!? Поголема глупост не можеше да стори бидејќи на Кинезите речиси е невозможно да им се одредат годините. За беља, пак, шефот на Протоколот изгледаше премногу млад, што секако не беше. Тој се насмеа, и врати – а, колку мислите Вие?
Од лошо, на полошо. Грубор се најде во небрано а јас си молчев. Размисли малку, и веројатно уверен дека Кинезот нема 40 години, одговори – 45! Кинезот дискретно се насмеа и рече – 65! Разговорот одлично почна! Кинезот се осети повикан и тој да покаже интерес за гостинот и му го постави истото прашање – а, колку години имате Вие? А нашиот Грубор, со целосно изроварено лице, мислиш дека има најмалку 100 години, овој пат итро, врати на ист начин – а што мислите Вие?
Сега, Кинезот се најде во небрано. Сигурно убеден дека гостинот има најмалку 70 години, одговори – 65! На Грубор му беше видливо непријатно кога кажа – 53! Можете да замислите колку се смееше амбасадорот кога му ја раскажував приказната. Другите не ја дознаа, за да не стигне каде што не треба.

*.*.*

Во 1999 година, кога бев на служба во Тирана, периодот беше исклучително тежок и полн со предизвици. Тогаш започна војната на Косово и веднаш следуваше и егзодусот на Косоварите, при што во Македонија дојдоа преку 350 илјади.
Тоа беше рамно на 18 проценти од нашето население. Заедно со македонските Албанци, коишто официјално беа околу 25 проценти од населението, новодојдените од Косово целосно ја менуваа националната структура на државата. Заради тоа, сосема

оправдано, иако кусо, Македонија ги задржа Косоварите на самата граница, во Блаце, и не им дозволи влез во земјата.
Во тие моменти, медиумите, ама и власта во Тирана, ја прогласија Македонија како најнепријателска земја и нападите врз земјата беа крајно жестоки. Во такви услови, во големото студио на државната телевизија, се одржаа две дебати на таа тема, со разни домашни гости. Македонија беше гравна мета за напад, и беше сатанизирана. Ги водеше веројатно најдобриот тогашен албански новинар, Бленди Февзиу. Тој ме покани да учествувам на третата дебата. Веднаш прифатив.
Овој пат, токму заради моето учество, кога Македонија беше црниот ѓавол за сите Албанци, дебатата ја преселија во покриен стадион за десетина илјади гледачи, каде сега беа сместени околу три илјади бегалци од Косово. Покрај новинарот, на дебатата учествувавме седум учесници, од кои еден беше и Еди Рама, сегашен премиер, тогашен министер за култура. Освен шефот на Мисијата на ОБСЕ, инаку Данец, којшто беше речиси отворено албански лобист, за што сигурно беше богато награден, другите беа истакнати Албанци, од кои и еден поранешен вице-премиер.
Кога водителот ме најави, неколку илјадната „публика“ почна да вика уааа и да свирка. Ме најави со референцата од ООН и јас веднаш реагирав дека таква земја не постои и дека јас ја застапувам Република Македонија, и дека молам тоа да се почитува. Сите беа против мене, ама јас бев одлично подготвен за настанот, со несоборливи аргументи и беспрекорно се носев со сите „противници“.
Нагласив – а) по правило, бегалците во историјата никогаш не се враќале. Тоа го илустрирав со случајот на Евреите; б) во Македонија има дојдено маса која претставува 18 проценти од населението, што суштински ја менува демографската структура. Тоа создава простор за несогледливи политички и секакви други последици; в) 18 проценти од населението за една Германија претставува преку 13 милиони. Дали некој замислува дека Берлин би можел да се справи со таква бројка на бегалци? За Велика Британија, тоа би биле девет милиони бегалци. Со таков број на бегалци, и Германија и Велика Бритнаија, би биле блокирани и не

би можеле нормално да функционираат. Во САД, пак, 18 проценти значат преку 60 милиони бегалци!?
Го критикував однесувањето на главните европски држави коишто ни држеа лекции што треба да правиме а, како „помош“, доаѓаа и ги избираа малиот број високошколувани, коишто ги зборуваа нивните јазици, и нив ги земаа. Другите – ни ги оставаа!
Во дебатата, најмногу ми се спротивставуваше, „скокаше“ и се правеше „важен“, токму Еди Рама. Се обидуваше, ама без никаков успех, да биде „главен“ во дебатата. Се разбира, ја напаѓаше Македонија, и мене како присутен. Во еден момент, го прекинав и му реков дека, кога сака и на која телевизија сака, му стојам на располагање за дебата само меѓу нас двајца, бидејќи не е точно ништо од тоа што го зборува, а сега ја злоупотребува предноста која објективно ја има!
Потоа беше малку повоздржан. Утредента, во два од главните весника, излегоа сериозни критики за неговото однесување. Насловите на текстовите, коишто беа на четвртина страна, беа исти – „патетичниот министер Рама“! Кога заврши дебатата, на излегување, прашав кој е одговорен за бегалскиот центар. Донесоа некого и јас му дадов 100 американски долари, како лична помош за бегалците.
Утредента, техничка секретарка на Амбасадата Аријана, Македонка од Албанија, ми рече – сте дале 100 долари за бегалците! Од каде знаеш, ја прашав? Објавија на Шијак телевизијата, одговори. Всушност, главниот уредник на таа телевизија беше еден од учесниците во дебатата и бидејќи сите заедно излегувавме тој видел што се случи и имал доблест тоа да го објави. Секоја му чест.
Во првата прилика кога се сретнавме, новинарот Февзиу ми рече дека бил длабоко уверен дека нема шанса да прифатам да учествувам на дебатата!

*.*.*

Четири или пет години по враќањето од Тирана, на пазарот во Охрид, купував куси чизми за викендичката во Долно Соње. Пробав неколку и одбрав едни. Жената што продаваше ми рече дека чинат триста или четиристо денари и јас извадив пари да

платам. Тогаш ја прашав – од каде си ти, женичко? Од Пустец, од Мала Преспа, ми одговори.
Мене не ме познаваш? – продолжив да ја испрашувам. Тогаш ја крена главата и прв пат ме погледна. Тоа беше август а јас – со куси панталони, маица со куси ракави, капа против сонцето... како од некоја плажа симнат. Ристе, ти си? – ме праша. Јас сум, реков. Во истиот момент, како уплашена, ги крена рацете и се фати за глава гласно офкајќи – Господе Боже, што ќе сторев, Господе Боже, што ќе сторев – тебе ќе ти земев пари! Лелеее, што ќе направев!
Нема тука никаков проблем, ѝ реков. Ако не земаш пари, не ги земам ни јас чизмите! Со сила не можеш да ми ги дадеш! Со сила само се зема! Мене многу ме радува што ме позна и за мене е тоа најголемата награда, ѝ реков.
Таа продолжуваше да офка што ќе сторела, ама јас немав дилеми. Сакаше и да ја намалува цената, ама и тоа без успех.
Поголемо признание не може да се добие! И тоа на пазар! Признанието е вистинско само кога доаѓа од обичниот човек, како во случајов. Во Тирана, направени беа многу работи во корист за сите Македонци. И од Мала Преспа, и од Голо Брдо, и од Гора, и за тие што живееја по градовите. На сите им реков дека за нив – јас сум Ристе, а не амбасадор.
Амбасадори, им објаснив, ќе имаат уште многу, и ним така да им се обраќаат. И, навистина имаа, ама никој веќе не даваша ни пет пари за нив. Не ги интересираа проблемите на Македонците во Албанија. Сите се занимаваа со глобални дипломатски проблеми. Инаку, во Преспа, и наша и албанска, нема име – Ристо. Таму, ние сме – Ристе. Жената на пазарот ми направи големо задоволство. Тоа ми е можеби најголемото признание во дипломатијата?! Благодараност од обичниот човек! За време на службувањето во Албанија, јас велев дека сум „селски амбасадор“! Често бев по селата во коишто живеат Македонците, и во трите дела во коишто се концентрирани. Посетив голем дел од нивните села. Со сопругата, одевме и на посети, и на свадби, и по повод верски празници... На Голо Брдо, на пример, спиевме во куќа во која нужникот беше во дворот... Ама луѓето беа прекрасни, секаде нѐ

примаа како свои роднини и тоа задоволство со ништо не може да се споредува.
Пред да ми заврши мандатот, отидов да се поздравам со нашите од Мала Преспа, каде и најчесто одев. Ме почестија со ручек, ми дадоа една убава плакета, како признание за соработката и дружењето. Неколку дена пред заминувањето, меѓутоа, нивна делегација дојде во Тирана и ми рече дека народот сакал да ме испрати на граница! Немојте да се шегувате, реагирав, такво нешто не доаѓа предвид. Иако намерата беше цврста, сепак прашав – а колку души би дошле? Сите! – ми одговорија! Што значи тоа? – сакав да прецизирам. Две, три илјади, одговорија. Сите што не се на работа во Македонија или Грција – ќе дојдат!
Ако прифатев, тоа ќе беше единствен случај во дипломатијата а границата ќе беше блокирана барем неколку часови!
Сепак, на граничниот премин Ќафасан, дојдоа десетина од раководството на друштвото „Преспа“ да ме испратат. Ме информираа дека на народот му било многу жал што не сум прифатил сите да дојдат! Поголемо професионално признание – здравје.

*.*.*

Во Тирана се знаше дека доста се ангажирам околу Македонците во оваа земја. Тоа го правев јавно и немав што да кријам. Сè за што се залагав да имаат Македонците беше во меѓународно признатите универзални права, и ништо повеќе од тоа. Знаев дека тоа им пречи на раководството на земјата ама немаа никаква основа директно да приговараат или да се жалат.
Амбасадорот на тогашна СР Југославија, во една прилика ми рече – нешто ќе те прашам и ако сметаш дека не треба да ми одговориш, потполно ќе те разберам. Немам никакви тајни, му вратив. Прашај што сакаш, и ќе ти одговорам најдобро што можам. Со одредена внимателност тој премина на темата. Рече – гледам дека многу правиш за Македонците во Албанија. Тоа го правиш на своја иницијатива, или добиваш инструкции од Скопје? Сè е тоа моја иницијатива, му одговорив, ама за сè што правам го информирам и Скопје. Тие знаат што правам и, ако сметаат дека грешам, можат да ме опоменат. Такво нешто не сум добил, а уште

помалку сум добил некаква инструкција околу Македонците. Ако чекав од таму да ми кажат што треба и како да правам, ќе можев по цел ден да ѕверам низ прозор! Беше благодарен за искрениот одговор, особено што и тие имаат свое малцинство во Албанија и, очигледно, имаше дилема како да се однесува.

*.*.*

Главната стратегија на Амбасадата во Тирана беше – прво да им помогнеме на Македонците во целина, а потоа и на секој поединечно, доколку можеме. Во февруари 1998 година, кога стигнав во Албанија, во земјата владееше незамислива сиромаштија. Еден од проблемите коишто ги детектиравме меѓу Македонците во Тирана беше дека веќе не се дружат меѓусебно. Прескокнуваат и празници, родендени...

Причината беше проста – за да одбележуваш некој празник, за да викнеш гости, основно е дека мораш со нешто да ги почестиш. А, немаа ништо! Ракијата и виното беа прескапи за да се купат и, така, луѓето се отуѓуваа, дури и родниините!

Решивме да носиме вино и ракија од Македонија каде тогаш извозните цени на овие пијачки беа крајно ниски.

Шише „Т'га за југ“, на пример, беше околу две марки, едно евро!

Планот беше сите што имаат каква било прослава – лична, фамилијарна, верска... да се јавуваат во Амбасадата и ќе добиваат, чинам, по три шишиња вино и две шишиња ракија. Домарот Васил беше задолжен за дистрибуцијата и за тоа се водеше прецизна евиденција, следена и од внатрешна контрола. Резултатот беше извонреден – луѓето пак беа заедно!

Со џипот на Амбасадата, неколку пати, јас донесов можеби и по 10-тина сандаци вино и ракија! Шверцер, што друго!? Пијачките се купуваа со пари од буџетот на Амбасадата и некој „бистар“, во некоја прилика ме праша – што ако од Скопје ти ги оспорат тие набавки? Што ќе правиш?

Ќе ги платам од џеп, одговорив. Ова што го правиме е за македонската кауза и тоа е обврска на државата, ама ако има проблем, лесно ќе го решиме. А, всушност, Амбасадата се издржуваше од парите добиени од визите коишто, пак, најмногу ги користеа токму Македонците од Албанија. Можеби не тие од

Тирана, ама секако најмногу тие од Мала Преспа, а по нив и тие од Голо Брдо, и на крај од Гора.
Мора да се знае дека амбасадорот во која било земја е најодговорен за односите со истата и, особено, за Македонците коишто се таму. Нагласено, кога се нашите малцинства во прашање. Тој мора така да се однесува, а за тоа ја носи и целата одговорност. Некакво признание за евентуален успех не може да очекува бидејќи, во нашата Македонија, работите не функционираат така. За да те казнат – полесно, иако и тука има многу напотребни прогледувања низ прсти.
И без да си виновен за нешто, ќе те казнат само ако некому си му стапнал на нога.
Со тие пијачки ги организиравме и средбите на Голо Брдо, на Дајти, по повод Стара Нова година, по повод... На сите овие манифестации се собираа стотици луѓе. За случувањата во Тирана, храна подготвуваше мојата сопруга Сузана, со помош од уште неколку жени. Освен пијачките, сè друго беше во наша режија.

*.*.*

По распадот на Југославија, Албанија никогаш не го прифати нашето уставно и историско име туку ја користеше референцата од СБ на ООН, сè до нашето прекрстување. Цело време војував со нив на таа тема, ама нивната позиција беше цврста како камен. Впрочем, тоа беше сосема логично. Прекрстувањето на Македонците и бришењето на македонскиот народ беше од историско значање пред сè за Албанија и за Албанците. Повеќе и од Грција. Тоа беше најлесен начин да се заокружи големоалбанскиот проект. Така, најлесно ќе ги „ослободеа албанските територии“ во Македонија, на коишто често се повикуваат и во Тирана. Не само при агресијата од Косово (2001). За цело време на мандатот, жестоко ја водев таа борба, свесен дека победа не е можна. Тирана нема никогаш да се откаже од својата големоалбанска визија. Во 2002 година, за претседател беше избран Алфред Муслиу. Ми пратија покана за неговата инаугурација со референцата, ама јас никогаш во мојата дипломатска кариера не прифаќав такви покани. Ѝ реков на секретарката да се јави во Кабинетот на претседателот и да им ја

пренесе мојата пракса. Тврдо ѝ одговориле дека тоа е нивна позиција, од која не отстапуваат.
За да не испадне дека ја бојкотирам инаугурацијата, ѝ реков на секретарката да се јави во МНР и да им објасни дека јас сакам да одам, меѓутоа не како претставник на некаква поранешна република. Ѝ одговориле дека ќе се заинтересираат и ќе се јават. Тогаш ѝ реков дека ако одговорот биде пак негативен, да им каже дека амбасадорот ќе присуствува на инаугурацијата и доколку му се прати покана само со негово име и функција, без да се наведува референцата. И по една таква, крајно непринципиелна отстапка, од Кабинетот на претседателот – не прифатиле!
Се разбира дека не отидов на инаугурацијата и, за среќа, тоа беше забележано од сите! Во Тирана е пракса дин, или шеф на дипломатскиот кор, да биде нунцието (амбасадорот) на Ватикан, без оглед кога дошол на функцијата. Инаку, тое е амбасадорот со најдолг стаж. Во тој момент, по должината на мандатот јас бев прв на листата, и го заменував нунцието, кога тоа беше потребно. Пракса, пак, на инаугурациите на албанските претседатели е на истите да зборува и шефот на корот, поточно – нунциото! Арно ама, на промоцијата на Муслиу, нунцието не дошол, ниту се извинил. Откако виделе дека него го нема, почнале да ме бараат – мене. И мене ме немало. Колегите амбасадори знаеја дека сум во Тирана и се прашувале – што се случило? Веднаш по инаугурацијата, десетина од нив ми се јавија по телефон за да прашаат зошто не бев? Така, добив шанса на сите да им раскажам за постапката на албанската страна и за мојот принципиелен став. Сите позитивно реагираа. Признале во Тирана или не, тоа беше мал удар за нив!
Најверојатно, во моментот тие и не знаеле кој е следниот на листата, по мене! Дека е така, покажува уште нешто. На крајот од август истата година, ми завршуваше мандатот и, според редот на нештата, иако претпоставував дека може да има проблем, секретарката побара прошталет прием кај претседателот. Не одговорија! Нормално, јас го информирав нашето МНР за ова и, покрај другото, предложив да не биде примен од нашиот претседател и албанскиот амбасадор, на крајот од неговиот мандат.

И, што мислите, некој тоа го есапел и го спровел? Не се занесувајте! Далеку сме ние од тоа. А, во дипломатијата – реципроцитетот е основното правило. Арно ама, за Македонија тоа не важи! Такви сме, по многу што за никаде. Претходно, во Лондон, на прием за националниот празник, и од грчката Амбасада ме поканија со референцата.
На секретарот му реков да им јави дека нема да ја вратиме, ама амбасадорот не прифаќа такви покани. Кусо време по пораката, на телефон се јави амбасадорот, со кого имавме коректни односи. Пријателски ми рече – сакам да дојдеш на приемот, како да го решиме проблемот? На добрата волја одговорив со иста мерка – му предложив да ми прати покана на име, без други детали (референцата). Знаев дека, барем тие, нема теоретска шанса да го користат нашето уставно име. За пола саат, нивниот шофер донесе таква покана!
Ваквата отстапка имаше поголема логика кога беа Грците во прашање. Проблемот е со нив, и секое заострување би било – погрешно, а гест на добра волја може да помогне.
На приемот, амбасадорот ми рече дека високо го цени мојот гест. Во Албанија, пак, тоа беше надвор од нормалното од несување, ама сметав дека е соседна земја, дека односитесе испреплетени... и дека една таква отстапка може да се направи. Испадна – за џабе.

# КУСИ ДИПЛОМАТСКИ ПОРАКИ, СО ТРАЈНИ ПОУКИ

❖ Кога внукот прашал: „Дедо, што се тоа дипломати?“ – Винстон Черчил, славниот британски премиер, му одговорил: „Тоа се луѓето што ги решаваат меѓународните проблеми, коишто ќе ги немаше – ако не беа тие“;

❖ Една од најчестите дефиниции е дека дипломатите се – чесни луѓе коишто лажат во корист на сопствените држави;

❖ За разлика од дипломатите, коишто ја претставуваат својата држава, конзулите немаат политичка функција. Тие ги штитат интересите на сопствените граѓани во административен, правен и економски поглед, а се надлежни и за прашања од научниот, културниот и просветниот сектор. Тие се ограничени и територијално (во конзуларното подрачје);

❖ Дипоматијата не ги вклучува агентурата и шпионските активности, иако тие често се мешаат. Нивното вклучување во дипломатијата е – злоупотреба. Меѓу дипломатите може да има претставници и на тајните служби, ама тие мора да се пријавени како такви. По правило, тоа се прави врз меѓусебен договор за размена на такви лица, и служи како директна врска меѓу двете тајни служби. Тоа се офицери за врска;

❖ Освен одржување контакти со земјата домаќин, и развивање на односите, дипломатијата е прибирање важни информации, интересни за сопствената земја, на официјален начин и преку достапни извори, а не преку тајни канали и агентура. Разработени се системи како се постигнува тоа;

❖ Во дипломатијата, ама и во политиката, се комуницира со меморандуми, коишто се тематски, и се потпишани, што значи дека обврзуваат. Такви документи потпишуваат и државите, меѓу себе. Пракса е во светот, сите соработници на претседатели, премиери, министри... во комуникацијата со своите шефови, да користат меморандуми за секое прашање. На барање на шефот, или по лична иницијатива, конкретниот предмет во нив го елаборираат од сите аспекти, даваат идеи, совети или предлози како да се реши или надмине. Така, секогаш се знае и се цени чија е секоја иницијатива, решение... Ние сме далеку од таква пракса,

којашто мора што побргу да се применува. Место тоа, има празни дискусии на разни состаноци од кои обично нема никаква корист и не останува никаква трага, ниту доказ кој за што се залагал. Најчесто, тоа е губење на време;

❖ При наши посети и разговори во странство, како и при посети на високи странски претставници во нашата земја, кога се работи за прашање коешто е важно за нас и од нагласен приоритет (името, идентитетот, јазикот...), треба да се остава или предава меморандум во којшто би било тоа кусо, ама детално разработено. Може да се дава и остава и Про меморија, што е пониско ниво од меморандум. Моментално, такви прашања се, на пример, почетокот на нашите преговори за членство во ЕУ, бугарската блокада, преговарачката рамка, вториот протокол со Софија... Ако не се даде или остави некаков документ, одржаната средба и разговор тешко дека ќе го донесат очекуваниот резултат. Дадениот и/ли оставен документ, другата страна ќе мора да го чита и анализира, а во него ќе бидат сите наши релевантни аргументи за односната тема, коишто не можат да ги игнорираат. По разговорот, ако нема документ, другата страна нема причина да ни посвети додатно внимание. Ако некој од другата страна води записник, тоа е веќе нешто, ама недоволно за нашите интереси. Прво – прашање е што и како ќе биде запишано во записникот? И, второ, тоа е само за нивна формална евиденција. Може и не мора да се дистрибуира, ниту повторно да се разгледува;

❖ Кога се работи за рутински средби, може да се дава или остава т.н. нон пејпер (non paper), во којшто се наведни наши оценки и ставови, факти и аргументи, ама коишто не обврзуваат. Тие се далеку од нивото на меморандум, неформални се и не се потпишуваат. Не се потпишуваат и про меморијата или ед мемоарот, ама тие се, сепак – формални документи на кои другата страна има обврска да се ангажира или да одговори. Нон пејперот е само за прецизно да се информира соговорникот за одредени ставови, за да се избегнат погрешни толкувања, ама не се очекува некаква негова понатамошна активност на таа тема. Тоа се неофицијални потсетници, без претензии;

❖ Во светската политика и дипломатија, силата е таа којашто доминира. Во пракса, демократијата, човековите права и сличните измислици, се приказни за мали деца. Голем број прашања се решаваат на недозволен начин, спротивен на меѓународните правни норми. Врвот на тоа се – војните. Така е денес, а така ќе биде сигурно и барем следните 50 години. Силата ќе продолжи да доминира;

❖ Нуклеарното оружје крие голем апсурд! Тое е најстрашното нешто што е измислено ама, истовремено, е и најдобра гаранција дека нема да има таква војна! Сите се свесни дека ако се употреби тоа, следува крај на светот! Сите ќе се самоуништат. Тоа треба да ја спречи неговата употреба;

❖ Алтернатива на политиките на сила се договорите и компромисите, каде што до израз доаѓа дипломатијата. Тие доаѓаат на дневен ред само во ситуации кога големите и моќните не можат со сила да ги наметнат своите интереси;

❖ Движењето на неврзаните, основано во Белград во 1961 година, и започнато од Тито, Насер (Египет) и Нехру (Индија), беше обид да се стави крај на доминацијата на силата врз правдата и принципите. Постигнати беа огромни успеси во деколонијализацијата. Штета е што тоа ја загуби својата моќ;

❖ Македонија направи сериозна грешка што не беше дел од Движењето на неврзаните. Најдобар доказ за тоа е фактот што огромниот дел од државите што нѐ признаа под уставното и историско име беа токму од неврзаните. Ние ги игнориравме;

❖ ЕУ беше појава којашто преферираше користење – алтернативни политики. Во принцип, Брисел упорно се залагаше за диломатски решенија, трпеливо работејќи на постигнување на истите, без конфронтација. САД се познати како систем којшто не е спремен да губи многу време во барање мирољубиви решенија, и бргу преминува на користење сила;

❖ Во најново време, со револуционерните промени на Трамп во американската надворешна политика, гледаме дека ЕУ е таа која ја изгуби ориентацијата, и која инсистира на милитаризација и продолжување на војната во Украина. Тоа е надвор од духот, логиката и принципите на ЕУ. Како ќе биде понатаму, ќе видиме;

❖ Главна жртва на сè полошото функционирање на Унијата е токму Македонија. Вината е во добар дел наша бидејќи надворешната политика ја водеа – неспособни луѓе, спремни на капитулации, подметнати од странските тајни служби. Доведени сме до скоро безизлезна ситуација, ама решение секогаш има, само ако (се знае како да) се бара;

❖ Наш главен надворешнополитички проблем, предизвик, пречка... моментално се односите со Бугарија. Поточно, негаторскиот однос на Софија кон македонскиот народ, јазик, историја... Заради историските грешки направени од претходните власти, земјата е доведена во крајно неповолна позиција. Новата администрација на ВМРО ДПМНЕ (2024), целосно ја промени реториката, што е одличен исчекор ама – недоволен. Сега е потребна акција за радикална промена на состојбите;

❖ При третирањето на секое важно прашање, а ова со Бугарија е клучно, мора да се формира тим на експерти, во случајов – штаб. За да успееме, неопходна ни е помош и од странски експерти. Прво, мора да се дефинира целта којашто сакаме да ја постигнеме. Второ, се прави листа на начините и методите коишто ќе се користат за да се постигне целта. Трето, потребен е преглед на можни активности коишто би биле неопходни... Четврто, се подготвува прецизна стратегија за решавање на проблемот;

❖ Со оглед дека судбините на Македонија, како држава, и особено на македонскиот народ, барем јавно, сè уште не се дефинирани од страна на меѓународниот фактор, тоа бара наша максимална концентрација на дипломатски план, бидејќи и проблемот е таков – дипломатски. Во прашање е опстанокот на нашиот народ, и затоа мора да се работи на дневна основа;

❖ Со оглед на нашите ограничени дипломатски и интелектуални капацитети за оваа проблематика, апсолутно е потребно да се ангажираат и светски експерти. Најдобро решение за тоа се пензионирани врвни експерти од ООН, НАТО, ЕУ, Стејт департментот, Европскиот суд за човекови права, од Меѓународниот суд во Хаг, ОБСЕ... Се работи за преживување, и тука не смее да се штеди;

❖ Битката за прием во ЕУ мора да продолжи, иако не знаеме дали Унијата повторно ќе се шири? Паралелено, без одлагање, мора да се расчистат односите со Бугарија. Решение има, иако фундаменталните интереси на македонскиот народ, со своите предавствата, ги урниса претходната власт. Првиот чекор, за излез од катастрофата во којашто се наоѓаме, е откажување од вториот протокол, или повлекување од него, со што во вода паѓа и ултиматумот за промена на Уставот, и преговарачката рамка, со која никогаш нема да влеземе во ЕУ;
❖ Истовремено, мора да се започне широка дипломатска офанзива за објаснување на нашите потези и барање најширока поддршка. Треба максимално да се ангажираме во сите европски метрополи, а пред сѐ во Вашингтон. Сите факти и аргументи се на наша страна и мораме да ги искористиме. Почнувајќи од фактот дека во Бугарија има големо македонско малцинство без никакви права, а во Македонија, според пописот, има – 3.504 Бугари. Мора да има реципроцитет! Треба филигрански да се следи сѐ што е релевантно за Бугарија, како начин да се соголат нивните историски синдроми и агресивни политики. Длабински да се следат сите теми коишто тие ги покренуваат, артикулацијата што ја користат..., заради одлучно парирање и зајакнување на нашата позиција во случајот. Мораме максимално да бидеме активни во Советот на Европа, околу бугарското игнорирање на пресудите од судот во Стразбург;
❖ Постојаното инсистирање на „нашите пријатели“ и „стратегиски партнери“, дека мораме да ги почитуваме меѓународните договори, се приказни за мали деца. За среќа, нашиот прв потег – откажувањето од вториот протокол, нема врска со меѓународен договор. Тоа е обичен записник, којшто не е никаде ратификуван. Најдобро решение ќе биде ако Уставниот суд, којшто веќе започна постапка, да го прогласи за неуставен;
❖ Де Гол оценил дека меѓународните договори се како розите и младите моми. Траат, додека траат;
❖ САД, пак, се повлекоа – од светскиот договор за климата, постигнат во Париз, во 2015 година; од нуклеараниот договор за Иран; од ТПП, Транс-пацифичкото партнерство за трговија, коешто вклучуваше 12 земји... Сите овие договори беа потпишани

од нивите претседатели. Тоа потврдува дека меѓународните договори не се библии и дека секоја земја потписник на меѓународен договор го задржува правото да се повлече. Во најголем број меѓународни договори има и таква клаузула, ама, и ако ја нема, таквата можностзоопште не е исклучена. Евентуален исклучок можат да бидат само меѓународните мировни договори;

❖ Во преговорите за членство, Брисел ја натера Црна Гора да го откаже договорот со САД, со кој Подгорица прифати да не го користи Меѓународниот кривичен суд за дела сторени од американски државјани на нејзината територија;

❖ Х. Кисинџер во неговите мемоари, „Во Белата куќа", когабеше советник за национална безбедност на претседателот Ричард Никсон (1969 – 1975), што според политичката моќ практично значи втор човек во државата, напиша – кога преземените обврски од меѓународни договори доаѓаат во колизија, во конфликт со државните и националните интереси, преземените обврски се отпишуваат, откажуваат, игнорираат... Кисинџер тоа го констатирал, и го спровел во 1971 година, за време на индиско–пакистанската војна. САД имале договор со Пакистан и биле должни да го помогнат во војната, ама не го сториле тоа. Оцениле дека не смеат да ги расипат односите со Индија. Заради сопствените интреси, ги игнорирале меѓународно преземените обврски. Ова е корисно искуство за Македонија, како да се однесува со Бугарија, почнувајќи од вториот протокол;

❖ Во истото дело, Кисинџер тврди – „нијансите, флексибилноста, а понекогаш и двосмисленоста се алатки на дипломатијата". И – „суштината, и клучот на секоја политика се – приоритетите. Ако се тие јасни и прецизни, и ако сите активности се насочени кон нив – успехот нема да изостане! Во спротивно, се талка во круг". Своите односи со Бугарија, Македонија мора да ги гради токму на такви постулати;

❖ Неспорен факт е дека, по распадот на Југославија, меѓународната заедница повторно го стави на маса „Македонското прашање". Очигледно е дека македонскиот народ можеше да егзистира како дел од некаква федерација, ама не е прифатливо тој да има самостојна држава, под име Македонија;

❖ Ултиматумот на Бугарија, значи внесување на „Тројански коњ“ во нашиот Устав. Целта е уништување на македонизмот. Софија не крие дека ние сме за нив – „бугарчиња“, а Македонија втора бугарска држава. Сега, тоа го базираат и врз 200 илјади издадени бугарски пасоши а, заедно со фамилиите, сигурно калкулираат на преку 600 илјади „декларирани“ Бугари...;
❖ Во последниве години, бугарските политики се отворена агресија против Македонија. Од сите аспекти. Гоце Делчев, на пример, во никој случај не може да биде и наш и бугарски херој, како што прифаќаат некои наши имбецили. Напротив, тој максимално ги раздвојува двете држави. Ако навистина се борел сите да бидеме „Бугари“, не може да има заслуги за Македонија, какви што неспорно има. Ако, пак, се борел за македонската кауза, што е недискутабилно и лесно докажливо, тој може да биде само душман за Бугарија. Порано, Софија воопшто не го спомнувала. Постарите генерации не учеле за него. Не постоел за нив. Сега, тој е нивни херој заради многу проста логика – ако Гоце, што неспорно се бореше за Македонија, е „Бугарин“, нема подобар „доказ“ дека сите сме – „еден народ“. Бугари;
❖ Во последно време, Македонија предолго ги толерираше и премолчуваше негаторските манипулации и лаги на Софија во однос на македонскиот народ, јазик... Тоа беше сериозна грешка;
❖ Нашите историчари не се доволно на нивото на нивната одговорност, а нашите предавници се максимално елоквентни. Масовно и секојдневно, тие потсетуваат дека нашите најреномирани борци за наша Македонија, на времето, кога немаше македонска држава и тие живееја главно во Софија, се изјаснувале како Македонски Бугари! Па тоа, бре идиоти, ви кажува сѐ. Тоа потврдува дека се тие чисти Македонци, а така морале да се „покоруваат“, заради дадените услови. Инаку, ќе биле прогонувани, ќе останеле без работа... Попрецизно – ако тие биле навистина Бугари, зошто би се нарекувале Македонски...? Нема објаснување, нели? Сѐ е прекрасно јасно. Бугарите си биле Бугари а Македонците се прикривале, само за да преживеат. И многу паметно е што така се однесувале...;

❖ Сите наши дејци што живееле во Бугарија, сите биле бугарски државјани и како такви се декларирале во разни (не)прилики. Тоа нема никаква врска со нивниот национален идентитет. А, сите тие, ако само еднаш кажале дека се – Македонци, тоа е доволно! Тие се, и можат да бидат само – Македонци! Зошто би се декларирале како такви – ако биле Бугари? Нема никава логика;

❖ Со Нивици, и со договорот за (не)пријателство, ние воопшто не ги решивме нашите вековни проблеми со Грција и Бугарија, како што лажат предавниците. Напротив, ние само официјално ги легализиравме нивните историски синдроми на негирање на македонизмот, се согласивме дека се тие реални и постојат, и покажавме спремност да ги третираме и решаваме. Некој забораваше дека сите тие се сведуваат на игнорирање на македонскиот народ! Се согласивме на маса да се стават нивните ментални девијации и фантазмагории, а не нашите проблеми со нив. Пострашна комбинација на наша штета, не може ниту да се замисли. Тоа беше и намерата на тие што ни ги наметнаа и подметнаа договорите, а тоа во никој случај не беа Атина и Софија. Во тоа лежи нашиот главен, и најтежок проблем – никој од нашите врвни политичари не се осмелува јавно и гласно да каже кој е нашиот противник, кој ни ја крои судбината;

❖ Дека е така, секојдневно гледаме и се уверуваме. Со овие договори, Македонија апсолутно ништо не доби, а речиси сѐ – загуби. Целта е евидентна – преку договорите, дефинитивно треба да се затвори „Македонското прашање“, а тоа значи – бришење на Македонците! Затоа, патот за враќање во каква било нормала, ќе биде исклучително тежок;

❖ Главна историска грешка е што не се ни обидовме клучна цел на договорите да биде структурирање на заедничка иднина со соседите, преку соработка и развивање на односите. Воопшто не случајно, приоритетот беше ставен на минатото, со цел да се редефинираат нашата историја и потекло, и да се елиминираат Македонците како посебен народ;

❖ Зошто се доведовме на ова дереџе, макар делумно ни објасни извршителот на сите овие наши катастрофи, З. Заев, којшто оцени

– ако Македонија има проблеми со сите соседи, вината мора да биде наша! Поголема будалштина, сигурно не сте чуле;

❖ По Нивици, „Македонското прашање“ за Атина е само започнато да се решава. Во нивна корист се откажавме од сѐ македонско – се прекрстивме и како држава и како народ, ги „избришавме“ Македонците во Грција, ја „анулиравме“ нашата подалечна историја... Поточно, целосно им го предадовме брендот „Македонија“... Тие добија речиси сѐ што сакаа. Ама имаат потреба да допрецизираат уште бројни работи коишто само начелно ни ги наметнаа во Нивици. Намерата им е тоа да го завршат за време на нашите преговори за членство во Унијата. Тогаш ќе бидеме најранливи, а тие ќе ни ги сечат и малкуте пердуви што ни останаа во крилјата. И Бугарија тоа отворено го планира. Иако нѐ блокираат, тие одвај ги чекаат преговорите. Потврда е преговарачката рамка, направена по нивен максимален вкус. Атина и Софија тесно координираат против Македонија. Никој во земјава не го разбира тоа;

❖ Асиметричните договори со Грција и Бугарија, се тежок срам и длабоко понижување за земјата. Суверена држава не смее да потпишува такви договори. Воопшто не е случајно што и Грција, и Бугарија, и самите договори ги спроведуваат – асиметрично! Спроведуваат само тоа што им одговара. Ние молчиме, и послушно исполнуваме сѐ. Не коментираме;

❖ „Тиранската платформа“, од 2017 година, беше логично продолжение на албанската агресија, од 2001-та, и на ОРД. Таа беше од Косово, со оружје, а сега е од Тирана, со други средства;

❖ Во Македонија, тешките национални и државни порази и неуспеси, редовно се правдаат како наметнати од странците. Демек, тие нѐ присилиле на неприфатливи решенија. Тоа, апсолутно не е точно. Никој, никогаш не присилил наш политичар да прифати што било со пиштол на слепоочница! Странците секако притискале, бидејќи за тоа биле платени, ама нашите политичари прифаќале заради некадарност и неоговорност, ама и заради личен интерес и недостаток на достоинство;

❖ Толерирањето на Брисел на масовната продажба на бугарски пасоши на македонски граѓани, воопшто не е случајно. Таа е дел

од проектот за бугаризација на Македонците. Случајот мора да го отвориме во Брисел и да бараме официјална истрага. Во прашање е тежок криминал и злоупотреба на членството;
❖ Договорите за пријателство, добрососедство (кога се две соседни земји во прашање) и соработка, се врвни дипломатски и политички документи коишто ги потпишуваат државите меѓу себе. Предуслов за таков документ е меѓу двете земји да нема ниту еден отворен проблем. На Македонија ѝ беше наметнато да потпише таков договор со држава која не признава дека постои македонскиот народ, а меѓу двете земји нема ниту едно затворено прашање, камоли сите да се решени! Но, вината и одговорноста е на „нашите" што калкулираа и капитулираа;
❖ На времето, во повеќе прилики, Македонија покренуваше иницијатива за потпишување на ваков договор со Албанија. Со оглед дека ние речиси немаме отворени проблеми со нив, а тие имаат нескриени аспирации кон нашата земја, се ценеше дека на тој начин и Тирана, макар индиректно, ќе се откаже од иредентизмот. Арно ама, за разлика од нас, тие имаат искусна дипломатија, знаат што сакаат, и – не прифатија. Се правдаа дека проблемот е со нашето име. Тие до крај останаа на референцата. Воопшто не случајно;
❖ Албанските претензии кон делови од Македонија, коишто и до денес отворено ги нарекуваат – албански територии, е неспорен факт. Доказ е и еден детаљ од ООН, кога започна процедурата за наш прием во светската организација. Во јануари 1993 година, според „Фокус" од 31/7/2025, тогашниот претседател на Генералното собрание на ООН, Бугаринот Стојан Ганев, му рекол на Денко Малески декаво подготовките за нашиот прием – „посебно значење имала иницијативата за гарантирање на територијалниот интегритет на Македонија, која ја прифатиле сите, освен Албанија"! Поинаку, не е ниту – денес;
❖ Двојните стандарди се рак рана за ЕУ, САД и за меѓународната заедница во целина. Последниве години, Македонија е една од најголемите жртви на таквото однесување;
❖ За меѓународната заедница, референдумот во Каталонија, кога 39 проценти гласаа за независност, беше – неуспешен. Во

Македонија, кога исто така 39 проценти гласаа за промена на Уставот, тој беше – успешен;

❖ Во референдум во Молдавија, за членство во ЕУ, после 95 проценти преброени гласови, преку 55 проценти биле против. На крајот, 53 проценти биле – за. Броењето е поважно од гласањето;

❖ „Демократите“ тврдат дека Украина треба сама да одлучува дали ќе биде дел од НАТО. Други не требало да се мешаат. Начелно, тоа е во ред. Арно ама, дали според истото правило и Македонија треба сама да одлучува за своето име? Секако, нели? И тоа не треба да биде спорно, арно ама...;

❖ Навални, нека му е лесна земјата, мораше да биде ослободен од Русите, ама тие се „тирани“. Асанаж, пак, не смееше да биде ослободен од Британците и Американците, иако се „демократи“. Ако Асанж откриеше кинески тајни документи, а не американски, најверојатно ќе добиеше – Нобелова награда;

❖ Ангажирањето на Русија во Сирија, на повик на избраната власт, беше агресија. Бунтот пак, организиран од ЦИА против легално избраниот претседател, беше борба за човекови права;

❖ Косово може да се отцепи со сила, Крим не може да се отцепи ни со рефрендум;

❖ Ако сите членки на НАТО, денес – 32, одвојуваат само по 2,5 проценти од бруто домашниот производ (БДП) за одбрана, тоа се веќе средства поголеми од вкупниот руски БДП. А Москва, за одбрана одвојува околу 6 проценти одсвојот БДП. Сепак, таа е опасност за Европа;

❖  Од тука доаѓа и невидениот апсурд – 450 милиони жители на Европската Унија, бараат безбедносни гаранции од 350 милиони Американци – против 140 милиони Руси;

❖ Сличен апсурд е и нашата земја – ако тргнеш од северот на Европа – од Шведска, Финска, Данска... и одиш на југ, одиш на југ, одиш на југ... И, каде ќе стигнеш? Во Северна Македонија;

❖ Ветување без рок, е само претпоставка.

# ИНТЕРЕСНИ МИСЛИ

❖ Во Ресен, кога игравме на улица, еден возрасен чове редовно седеше на клупа пред неговата куќа, спротива од таа на познатото семејство Татарчеви, во центарот на градот. Тој постојано ни повторуваше – деца, немојте никогаш да тргнувате од себе бидејќи ќе згрешите. Ако вие сте чесни, има и нечесни; а ако вие сте нечесни, има и чесни;

❖ Некои земји се спремни да војуваат за една меѓа на границата а Бил Гејтс го освои светот без испукан куршум. Тој треба да биде идол на амбициозните;

❖ Политиката е уметност на можното, а дипломатијата на – неможното;

❖ Најсреќен е дипломатот што има американска плата, британска куќа, кинески готвач и Јапонка за сопруга. Најнесреќен е, пак, тој што има јапонски стан, Британец за готвач, кинеска плата и Американка за жена;

❖ Во 1970-тите години, кога службував во Кина (1972 – 1976), животот не беше лесен дури и за странците. Тешка сиромаштија имаше секаде, движењето беше ограничено, немаше концерти, кина, театри... За странците имаше само неколку ресторани и хотели... Во такви услови, дојде стопанска делегација од Југославија и еден нејзин член го прашал претставникот на големата српска фирма „Инекс“: „Како ви е тука?“ – „Добро“ одговорил тој.– „Навистина?“ – вратил гостинот и додал – „Не изгледа баш така!“ „Упорен си,“ му рекол домаќинот „и затоа точно ќе ти кажам. Сè е одлично, само наутро имаме една дилема: кога стануваме, не знаеме што е попаметно – да се ’умиеме‘ или да се убиеме“!;

❖ Британскиот премиер, Џон Мејџор, при посетата на Москва, на почетокот на 1990-тите години, го прашал претседателот, Елцин: „Борис – со еден збор, каква е ситуацијата во Русија?“ „Со еден збор – добра“, одговорил Елцин. Мејџор, меѓутоа, не бил задоволен од одговорот и продолжил – „Која е подолгата верзија?“ „Не е добра“, рекол Елцин;

❖ Некој Русин прашал дипломат од тропска Африка: „Како ја поднесувате зимата во Москва?“ – Африканецот одговорил со прашање – „На која мислите? На белата или на зелената?“;
❖ Некоја дама му рекла на Черчил „Ако бевте мој сопруг, ќе Ви ставев отров во чајот.“ – Без двоумење, Черчил ѝ вратил – „Госпоѓо, ако бев Ваш сопруг, чајот веднаш ќе го испиев.“;
❖ Веќе го спомнавме Коча Поповиќ, за средбата со Џон Кенеди. Тој беше еден од првите министри за надворешни работи на Југославија. За него има интересна приказна од Сојузниот, во негово време, Државен секретаријатот за надворешни работи (МНР). Како министер, повеќе пати му се случило да бара еден од началниците (тоа е ниво на амбасадор) и никако да го најде. Или не бил дојден или веќе си отишол. Се заинтересирал што се случува со човекот и му рапортирале дека тој секој ден сè подоцна и подоцна доаѓал на работа, и сè порано и порано си одел. Поповиќ го викнал во канцеларија и му рекол дека е многу загрижен за него. „Зошто?“ – изненадено прашал началникот. „Се плашам дека еден ден ќе се сретнеш на влезната врата“, му вратил министерот!;
❖ Павли Кеску, албански амбасадор во Лондон, и близок до тогашниот претседател, Сали Бериша, во 1996 година, кога Српската академија на науките се залагаше за поделба на Косово, на мое прашање – дали е тоа реално, директно ми одговори: „Доцна е за поделба! Тоа можеше да биде актуелно пред 10-тина и повеќе години, но не и сега. Денес, Косово е наше и нема никаква причина Албанците да отстапат дел!“;
❖ Ако зајмиш пари, зајми од песимист. Тој не очекува дека ќе му ги вратиш. Или, ако зајмиш пари, зајми на големо. Ако се соочиш со проблеми, кредиторите ќе те спасуваат;
❖ Не го сфаќај животот сериозно. Од него, никој жив не излегол;
❖ Логиката е најлесен начин, самоуверено да дојдеш до – погрешен заклучок;
❖ С. Герз, француски социолог, по рушењето на Берлинскиот ѕид: „Како систем, социјализмот е – мртов. Како движење е – во агонија. Како идеја е – најдобар.“;
❖ В. Путин – „Берлинскиот ѕид не е срушен, тој е само поместен спрема исток, кон Русија“!;

❖ Умот е спротивен на парите. Што помалку го имаш, тоа си позадоволен;
❖ Аристотел: „Мил ми е Платон (пријател и негов учител) но вистината ми е помила.“;
❖ Киро Никовски, мојот татко: „Поарно џандар зад тебе, отколку поп пред тебе.“;
❖ Само со раце, никој не стигнал далеку;
❖ Што е тоа експлоатација? Шега од време на комунизмот: Станува американскиот работник некаде кај 07.00 часот, фрла три јајца и сланина во тава, појадува, седнува во „Кадилак“ и вози да го експлоатираат. Станува Англичанец исто така во 07:30 часот, фрла две јајца и шунка во тава, доручкува, седнува во „Мини морис“, и оди на експлоатација. Станува Југословен кај 05:00 часот, фрла две јајца – на точак, и оди да самоуправува;
❖ Во капитализмот има експлоатација од човек на човек. Во социјализмот е – обратно;
❖ Зошто во САД не е можен државен удар? Затоа што кај нив нема американска амбасада;
❖ Никогаш не брзај некого да осудиш. Тоа е лесно. Обиди се прво да го разбереш, да го оправдаш;
❖ Рускиот генерал Лебед: „Кој не жали за СССР и Југославија, нема душа. Кој, пак, се надева дека тие ќе се вратат, нема разум.“;
❖ Карл Маркс: „Дури и мирисот на власта опијанува.“;
❖ Доколку нема конкуренција на идеи – власта деградира;
❖ Павел Бородин, шеф на администрацијата на рускиот претседател Борис Елцин: „Кај нас, во Руската Федерација, сам по себе, секој е – личност, ама сите заедно сме – ништо.
Во Америка, пак, сам по себе, сите се никој! Арно ама, сите заедно се – држава.“;
❖ Главното оружје во дипломатијата е – зборот. Така е и во политиката. Зборот те крева во височини, ама знае да те тресне и од земја;
❖ Кога странците инсистираат да го спроведуваме договорот за (не)пријателство со Бугарија, треба само да се прашаат – дали вие, како држава, би потпишале таков договор со друга држава, која

официјално и јавно не признава дека постоите како посебен народ? Одговорот е јасен, ама вината е наша;
❖v Кои Бугари треба да ги ставиме во Уставот? Тие што во Битола и Охрид формираа фашистички клубови?

*.*.*

За крај, и неколку трајни мудрости:
❖ Во дипломатијата, ама и многу пошироко, непишано правило е кога сте по секоја цена подготвени да постигнете нешто, а тоа не го криете и другите го знаат – нема таков степен на понижување, на кој нема да ве присилат!
(Класичен доказ за тоа е случајот на Македонија, со желбата за членство во ЕУ);
❖ Преземени политички обврски, било на домашен, било на меѓународен план – или се извршуваат, или се откажуваат. Трето – нема. (Тоа апсолутно важи и за нашиот однос со Софија, во врска со неизбежното откажување не само на вториот протокол);
❖ Ако сакаш да останеш таму кај што си, треба да се движиш напред! Во спротивно, другите ќе те престигнат;
❖ Нема безизлезни ситуации. Има само луѓе коишто така се чувствуваат;
❖ Абрахам Линколн: „Ништо не е завршено, сè додека не е праведно решено.“;
❖ Томас Џеферсон, исто така претседател на САД: „Кога неправдата ќе стане закон, отпорот е обврска.“;
❖ Ангела Меркел, германска канцеларка: „Има моменти кога непослушноста е обврска.“;
❖ Еленор Рузвелт, сопруга на американски претседател: „Запомни, никој не може да те натера да се чувствуваш инфериорен, без твоја дозвола.“;
❖ Абрахам Линколн: „Не можете да побегнете од утрешната одговорност, избегнувајќи ја денеска.“;
❖ Конфуциј: „Со луѓе што се стремат кон друга цел, не можете да правите заеднички планови“. (Токму тоа ни се случува нам, во Македонија);

❖ Џорџ Орвел: „Најефикасен начин да се уништи еден народ е да се избрише неговото сопствено сфаќање на неговата историја.“;
❖ Бранислав Нушиќ: „Знаењето има граници, а незнаењето нема.“;
❖ Волтер: „Не е сè загубено, ако честа е спасена.“;
❖ Коста Рацин: „Народ кој нема свое вчера, кој нема свое денес, не може да има ни свое национално утре!“;

На еден или друг начин, сите овие цитати директно се однесуваат на ситуацијата во којашто е денес Македонија.

Сепак, простор за песимизам – нема! Македонија ќе ус пее, а македонизмот ќе победи! Да беше можно да се уништат Македонците, и да се затвори „Македонското прашање“, тоа одамна ќе се случеше. Меѓутоа, на дневна основа мора сите одлучно и посветено да се бориме за нашите права, и за нашиот опстанок, којшто е сериозно загрозен, а нашите политички лидери да го преземат својот дел од одговорноста, и да докажат дека се дораснати да ја водат Македонија.